# ЖИВОТОТ НА МУХАММЕД С.А.В.С.

**ХАЗРЕТИ МИРЗА БАШИР-УД-ДИН МАХМУД АХМАД**

**ЖИВОТОТ НА МУХАММЕД с.а.в.с.**
*Македонски превод*
**LIFE OF MUHAMMED** SA
*Macedonian translation*

**Хазрети Мирза Башир-уд-дин Махмуд Ахмад /**
**Hazreti Mirza Bašir-ud-din Mahmud Ahmad**

*Преведувач / Translated by:*
Жаклина Реџовска / Žaklina Redžovska

*Прво издание / First edition*
*Август 2013 / August 2013*
© ISLAM INTERNATIONAL PUBLICATION LIMITED

*Издавач / Published by:*
Verlag der Islam
Genfer str. 11, 60437 Frankfurt am Main, Germany

ISBN: **978-3-944277-83-7**

Оваа книга можете да ја добиете на следната адреса:
Available from the following:

Ул. “Прохор Пчински” бр. 40
2330 Берово
Р. Македонија
Тел: 00 389 76 354 212
00 389 76 354 242

www.ahmadija.ba
www.alislam.org

# ХАЗРЕТИ МИРЗА БАШИР-УД-ДИН МАХМУД АХМАД

## ЗА АВТОРОТ

Ветениот син, р.а., на Ветениот Месија и Мехдија, а.с.; е јасен знак на Аллах, Семоќниот; Божја реч, чие доаѓање го најавил Чесниот Пратеник Мухаммед, с.а.в.с. и Ветениот Месија, а.с., како и други пратеници; ѕвезда во духовниот свод онаква каква што светот мора да ја чека со векови за да се појави; Божји човек, крунисан со духовен ореол кој зрачи со така сјајни зраци на светлина, кои можат да се всадат во духовниот живот на неговите следбеници и да го задржат вниманието на оние кои немале среќа да го пратат; говорник со така феномален квалитет што неговите говори со часови ја задржувале публиката, на дожд или на сонце, длабоко во ноќта, неговите зборови течеле како мед, доаѓале до нивните уши, ја допирале длабочината на нивните души, им давале знаење и ја оживувале нивната вера; океан на Божјо и световно знаење; глас созреан со годините, така што зборува конкретно и течно; без сомнение, најголемиот гениј на 20-от век; човек со сјајна интелегенција и помнење; пример за квалитет во лидерството; оној чија сестраност не може да биде сфатена – Хазрети Мирза Башир-уд-дин Махмуд Ахмад, р.а. (1889-1965), Муслих Мау’уд (ветениот реформатор) бил најстариот син и втор наследник (халифа) на Ветениот Месија, а.с..

# СОДРЖИНА

Животот на Мухаммед с.а.в.с....................................................1
Бракот на Пратеникот со Хатиџа ..........................................9
Пратеникот ја прима својата прва објава ..............................12
Првите приврзаници ..........................................................15
Прогонувањето на верниците ................................................16
Пораката на исламот ............................................................24
Преселувањето во Абисинија ..............................................28
Омар го прима исламот ........................................................31
Бојкотот на муслиманите ......................................................34
Пратеникот оди во Та‘иф ....................................................36
Исламот се шири во Медина .................................................41
Духовно патување Исра‘ ......................................................43
Предскажувањето за победата над римјаните ........................44
Првиот завет на Акаба ..........................................................47
Хиџра ................................................................................50
Сурака во потрага по Пратеникот .........................................52
Пратеникот пристигнува во Медина ....................................55
Абу-Ејуб Ансари како домаќин на Пратеникот ....................57
Сведочењето на Анас ..........................................................58
Доаѓање на пријателите на Пратеникот од Мека и поставување темел за џамијата ..............................................59
Несигурниот живот во Медина ..............................................59
Злите намери на меканците против муслиманите .................61
Врската помеѓу братствата ансар и мухаџир .........................62
Спогодбата помеѓу разните племиња на Медина ..................63
Почетокот на новите интриги на меканците ..........................66
Меканците се подготвуваат да ја нападнат Медина ............67

Планот за одбрана на Чесниот Пратеник ..............................68
Темелот на исламската влада во Медина ..............................69
Битката кај Бедр .....................................................................71
Величенственото претскажување е исполнето ......................79
Битката кај Ухуд .....................................................................83
Победа претворена во пораз ..................................................86
Гласините за Пратениковата смрт стасаа во Медина ............93
Забраната на алкохолот и нејзиниот ефект ...........................97
Злите планови на непријателот после Ухуд ..........................99
Случката за убиството на 70 хафизи ...................................103
Судирот со Бану-Мусталик .................................................106
Нападот на цела Арабија на Медина ...................................109
Битката кај Хендек (кај ровот) .............................................110
Борбата против големата надмоќ ........................................113
Предавството на Бану-Кураиз .............................................118
Разидување на сојузниците планот за напад на Бану-Кураиз и нивниот неуспех ...............................................................127
Казната на Бану-Кураиз за нивното предавство ..................130
Пресудата на Са‘д во склад со библијата ...........................134
Дали Пратеникот настојувал да го продолжи војувањето ..138
Учењето на јудаизмот и на христијанството за војната ......142
Учењето на исламот за војната и мирот .............................144
Пратениковите упатства за војната .....................................157
Нападите на неверниците по битката кај ровот ..................161
Пратеникот заминува во Мека со илјада и пет стотини другари ..............................................................................163
Договорот на Худебија .........................................................168
Пратениковите писма до кралевите .....................................172
Писмо до кралот на Иран ....................................................179

Писмо до кралот Негус ........................................................182
Писмо до кралот на Египет ................................................185
Писмо до главатарот на Бахреин ........................................188
Падот на Каибар ...................................................................189
Исполнување на Пратениковата визија ..............................195
Битката кај Мута ..................................................................198
Пратеникот маршира кон Мека со десет илјади следбеници ..............................................................................................205
Падот на Мека .......................................................................208
Пратеникот влегува во Мека ...............................................212
Каба исчистена од киповите ...............................................220
Пратеникот им простува на своите непријатели ................222
Икрама станува муслиман ...................................................225
Битката кај Хунеин ..............................................................228
Божјиот Пратеник ве повикува ...........................................230
Заколнатиот непријател станува предан следбеник ...........235
Пратеникот го разделува воениот плен ..............................236
Интригите на Абу-Амир ......................................................239
Експедицијата на Табук .......................................................241
Последниот хаџџ и хутба на Чесниот Пратеник ................245
Пратеникот ја навестува својата смрт ................................251
Пратениковите последни денови ........................................255
Пратеникот умира ................................................................257
Состојбата на Пратениковите следбеници по неговата смрт ..............................................................................................259
Пратениковата личност и карактер ....................................262
Пратениковата чистота на умот и чистотата на телото ......264
Пратениковиот едноставен живот ......................................265
Односот со Бога ..................................................................273

Самоказнување ........................................................................285
Односот кон своите жени ...................................................287
Неговите високи морални доблести ...................................289
Воздржаност ........................................................................291
Праведно и чесно однесување ............................................294
Почит кон сиромашните ......................................................297
Чувањето на имотот на сиромашните .................................302
Однесувањето кон слугите ..................................................304
Однесувањето кон жените ..................................................306
Ставот кон мртвите ..............................................................311
Однесувањето кон соседите ................................................312
Однесувањето кон роднините .............................................313
Грижа за доброто друштво ..................................................318
Грижа за верата на луѓето ...................................................318
Криењето на маните на другите луѓе .................................319
Трпението во несреќа ..........................................................323
Меѓусебна соработка ...........................................................324
Вистинољубивост ................................................................326
Љубопитноста ......................................................................328
Осудување на измамата .......................................................329
Песимизмот ..........................................................................330
Љубовта кон животните ......................................................331
Толерантноста во религиските работи ................................332
Храброст ...............................................................................332
Љубезноста кон неуките ......................................................333
Исполнување на заветот ......................................................334
Почит кон оние кои му служаат на човечанството ............334
Животот на Пратеникот е отворена книга ..........................335

# ЖИВОТОТ НА МУХАММЕД с.а.в.с.

Арабија во времето на раѓањето на Пратеникот.

Пратеникот е роден во Мека во август 570 А.Д. Дадено му е името Мухаммед, што значи "пофален и вреден". За да го разбереме неговиот живот и карактер, мораме да имаме некаква претстава за условите кои владееле во времето на неговото раѓање.

Кога се родил, во цела Арабија се верувало во идолопоклонство. Арапите своето потекло го прателе се до Ибрахим. Тие знаеле дека Ибрахим верувал во Божјото Единство и не бил идолопоклоник. Наспроти тоа, тие го прифатиле идолопоклонството и правеле ширк (припишување партнер на Бога). Во одбрана на своите верувања тие говореле дека некои луѓе имаат истакнат контакт со Бога; дека нивното посредување од името на другите е примено од Бога; дека на обичните човечки суштества им е тешко да ја стекнат близината на Бог, и дека тие мора да имаат други посредници за да го стекнат Божјото задоволство и помош. Така, тие се наоѓале во состојба да ја спојат својата почит кон Ибрахим со своите идолопоклонички верувања. Зборувале дека Ибрахим бил свет човек. Тој бил во состојба да му се приближи на Бога без посредување, додека обичните Меканци тоа не го можеле. Затоа луѓето од Мека направиле кипови на свети и богобојазни личности и ги обожувале и им принесувале жртви со цел преку нив да го стекнат Божјото задоволство. Овој став бил примитивен, нелогичен и полн со мани. Но, Меканците не биле загрижени поради тоа. Долго време тие

немале учител за Божјото Единство, и идолопоклонството, кога веќе еднаш фатило корен, се ширело и не знаело за граници; бројот на боговите почнал да расте. Во времето на раѓањето на Пратеникот, велат дека во Каба, во Чесната џамија на целиот ислам и во куќата на обожување која ја изградил Ибрахим и неговиот син Исмаил, се наоѓале 360 кипа. Се чини дека за секој ден од лунарниот календар Меканците имале кип. Во другите големи центри имало други кипови, и слободно можеме да кажеме дека секој дел од Арабија зачекорил во идолопоклонство. Арапите биле верни на културата на говорот. Силно биле заинтересирани за својот говорен јазик и ревносно го применувале. Меѓутоа, нивните интелектуални амбиции биле сиромашни. Тие ништо не знаеле за историјата, географијата, математиката, итн. Но, бидејќи биле пустински луѓе и морале да го најдат својот излез во пустината без помош на ознаки, тие морале да развијат длабок интерес за астрономијата. Во цела Арабија не постоело ниту едно школо. Велат дека во цела Медина само мал број на поединци знаеле да читаат и пишуваат.

Етичката страна на Арапите била полна со противречности. Страдале од многу морални гревови, но во исто време имале и некои добри одлики. Биле предадени на претерано испивање на алкохол. Да се биде пијан и да се дивее под дејство на алкохолот за нив било доблест, а не порок. Господин бил оној кој на пијанките ги забавувал своите пријатели и комшии. Богатите луѓе одржувале собири за пијанчење најмалку пет пати на ден. Коцкањето било нивниот национален спорт. Но, тие од тоа не направиле

некоја особена уметност. Не се коцкале за да станат богати. Од победникот се очекувало да направи одреден број на забави за пријателите. Во време на војна преку коцкањето се собирале донации. Дури и денес постои слична институција за да се соберат пари за војна. Европјаните и Американците треба да знаат дека ваквата традиција ја смислиле Арапите и треба да запомнат дека во оваа работа тие само ги имитираат Арапите. Кога започнувала војна, арапските племиња одржувале прослава за коцкањето. Оној кој ќе победи, го сноси поголемиот дел од трошоците на војната.

За леснотијата на цивилизираниот живот Арапите ништо не знаеле. Нивното главно занимање била трговијата и затоа своите каравани ги праќале на оддалечени места, како што се Абисинија, Сирија, Палестина па дури и Индија. Богатите помеѓу нив биле големи љубители на индиските сабји. Потребната облека воглавном ја добавувале од Јемен и Сирија. Градовите биле трговски центри. Останатиот дел од Арабија, освен Јемен и некои северни делови, го чинеле бедуини. Тие немале постојано живеалиште или место на живеење. Овие племиња земјата ја поделиле помеѓу себе и членовите на племињата слободно се движеле во својот дел од земјата. Кога залихите на вода биле истрошени, тие се селеле на друго место и таму се сместувале. Нивниот имот се состоел од овци, кози и камили. Од волната правеле облека, а од кожата шатори. Она што преостанувало го продавале на пазарот. Златото и среброто не им биле непознати, но ретко кој ги поседувал. Сиромашние и обичните луѓе правеле украси од школки и разни ароматични пријатни мириси. Очистеното семе на дињите го сушеле и од него правеле

ѓердани. Кај кралевите голем замав земал криминалот и неморалот. Кражбите биле ретки но разбојништвото било вообичаено. Меѓусебните напади и грабежи се сметале за национално право. Но, во исто време, дадениот збор го исполнувале повеќе од било кој друг народ. Ако некој поединец отишол кај некој моќен водач или племе и побарал заштита, тој водач бил обврзан со чест да го заштити тој поединец. Ако не го направил тоа, племето губело на општествената скала во цела Арабија. Поетите имале голем углед. Оддавана им е почит како на национални водачи. Од водачите се очекувало да бидат добри оратори, па дури и да бидат способни да пишуваат поезија. Гостропимството се развило до највисок степен. Кога некој беспомошен патник ќе пристигнал во племето тој бил третиран како почесен гостин. За него ќе се заколело најдоброто животно и му била придавана најголема важност. Не им било важно кој е посетител. Само било доволно тоа дека стасал посетител. Посетата значела подигање на угледот на племето. Племето имало должност да му одаде почит на гостот. Оддавајќи му почит на гостинот си оддавале почит и кон себе. Жената во арапското општество немала никакви права. Се сметало за чест да се убие новородено девојче. Меѓутоа, погрешно е да се мисли дека чедоморството било практикувано во целата земја. Толку опасен чин не можел да се рашири низ целата земја. Тоа би значело уништување на расата. Вистина е дека во Арабија – впрочем и во Индија или било која друга земја каде чедоморството постоело, тоа било ограничено само на одредени семејства. Арапските семејства кои тоа го практикувале имале или претерана идеја за својата

општествена положба или биле ограничени на друг начин. Сосема е можно дека не биле во состојба да најдат соодветни млади мажи за да ги омажат своите ќерки и, знаејќи го тоа, ги убивале новородените девојчиња. На овој чин злото се огледувало во неговата суровост и свирепост, а не во резултатите кои постоеле во термините на националното население. За убивање на новородените девојчиња биле применувани разни методи и еден од нив бил, живи да ги закопаат или да ги удават.

Во арапското општество само вистинската мајка се сметала за мајка. Мајката маќеа не се сметала за мајка и не постоела никаква забрана после смртта на својот татко синот да се ожени за маќеата. Женидбата со повеќе жени била вообичаена, и мажот можел да ожени неограничен број на жени. Исто така, еден маж во исто време можел да земе за жена повеќе од една сестра.

Најдолните постапки биле искажувани во војна, во меѓусебните судири на воините. Таму кај што омразата била силна, тие не се плашеле да ги распарчат телата на ранетите, да им ги извадат органите и да ги јадат како човекојадците. Суровоста одела до таму што ги нагрдувале телата на своите непријатели. Отсекувањето на носот или ушите, вадењето на очите била вообичаена форма на суровост која ја спроведувале. Ропството било распространето. Послабите племиња биле претварани во робје. Робот ја немал вообичаената положба. Секој господар можел со својот роб да прави што сака. Никакви мерки не можеле да се преземат против газдата кој го злоставувал својот роб. Газдата можел да го убие својот роб и да не одговара за тоа. Дури и ако

некој од нив би убил роб на друг газда, дури ни во тој случај не постоела смртна казна. Се што се барало од него била соодветна накнада на оштетениот. Жените робинки се земани за задоволување на сексуалните потреби. Родените деца од таквиот однос, исто така, станувале робови. Робинките кои станувале мајки сепак останувале робинки. Во рамките на цивилизацијата и општествениот напредок Арапите биле заостанат народ. Човекољубието и меѓусебното почитување биле непознати. Жената имала најлоша можна положба. Сепак Арапите имале и некои доблести. Поединечната храброст, на пример, понекогаш достигнувала многу висок степен.

Помеѓу таквите луѓе бил роден и Чесниот Пратеник на исламот. Неговиот татко Абдулах умрел пред неговото раѓање. За него и за неговата мајка Амина се грижел дедото, Абдул-Муталиб. Како бебе Мухаммед го доела жена од село која живеела близу до Таиф. Во тоа време имало обичај децата да им се дадат на жени од селото, чија должност била да ги подигаат децата, да ги учат да зборуваат и да им дадат добар почеток во телесното здравје. Кога Пратеникот имал шест години, на патот од Медина во Мека умрела неговата мајка и на тој пат морале и да ја погребаат. Детето во Мека го донела слугинка и го предала на дедо му. Кога имал осум години умрел и дедо му, по што негови старател станал Абу-Талиб, неговиот амица (чичко), што била желба на дедо му која ја изразил во своето завештание. Пратеникот имал две или три прилики да патува надвор од Арабија. Една од овие прилики му се укажала кога имал дванаесет години и кога во друштво на Абу-Талиб отишол во Сирија. Изгледа дека тој

пат бил само до југоисточните градови на Сирија, бидејќи во историските забелешки за овој пат не се спомнуваат местата како што е Ерусалим. Оттогаш, па се додека не пораснал, тој останал во Мека. Од самото детство им бил предаден на размислувањето и медитацијата. Не учествувал во кавгите и натпреварувањата на другите, освен со намера да ги прекине. Се зборува дека племињата кои живееле во Мека и околните области, изморени од постојаната крвна освета, решиле да направат здружение чија цел била помагање на жртвите на агресивните и неправедни постапки. Кога Чесниот Пратеник слушнал за ова, со задоволство им се придружил. Членовите на ова здружение ја давале следната заклетва:

> "*Дека ќе им помагаат на оние кои се угнетувани и ќе им ги вратат нивните права, се додека последната капка вода ќе остане во морето. Ако не направат така, на жртвите ќе им надокнадат од своите имоти.*"

(Сират Ибни-Хишам од имам Сухалија)

По сета прилика, ниту еден член на ова здружение никогаш не бил повикан да ја исполни заклетвата која свечено ја дале членовите на ова здружение. Но, за Чесниот Пратеник тоа била прилика да ја најави својата мисија. Негов најголем непријател бил Абу-Џехел, главатарот на Мека. Тој ја подржувал идејата за бојкот и јавното понижување на Пратеникот. Во тоа време во Мека од надвор дошол некој човек. Абу-Џехел му должел пари на тој човек но одбил да му ги врати. Човекот им се пожалил на луѓето од Мека. Некои млади луѓе од чиста интрига, му предложиле да оди

кај Пратеникот. Мислеле дека Пратеникот ќе одбие било што да направи од страв поради општото спротивставување кон него, а посебно од стравот да му се спротивстави на Абу-Џехел. Од друга страна, ако и отиде кај Абу-Џехел и се заложи за заемот на овој човек сигурно е дека Абу-Џехел со презир ќе го одбие. Човекот отишол кај Пратеникот и му се пожалил. Пратеникот не двоумејќи се ни минута станал и со овој човек отишол на вратата на Абу-Џехел. Абу-Џехел излегол и видел дека неговиот заемодавец стои со Пратеникот. Пратеникот му го спомнал заемот и му советувал да го врати. Абу-Џехел бил збунет и без никаков приговор веднаш го платил долгот. Кога другите главатари на Мека слушнале за ова, го прекориле Абу-Џехел и му префрлале дека се покажал слаб и дека противречел самиот на себе. Го заговарал бојкотот на Пратеникот, а сепак лично го прифатил налогот на Пратеникот и го платил долгот по неговиот совет. Во своја одбрана Абу-Џехел рекол: “Бога ми, и вие да бевте на моето место и вие така ќе направевте.” Им кажал дека, кога го видел Пратеникот како стои на неговата врата видел и две диви камили од десната и од левата страна на Пратеникот, подготвени да нападнат. Ние не можеме да зборуваме за ова искуство. Дали таа чудна појава била наменета да го збуни Абу-Џехел, или присуството на Пратеникот – кое вдахновува со стравопочит – е тоа што го предизвикало ваквото привидение. Човекот, кој целиот град го мразел и му се спротивставувал, имал храброст сам да оди кај водачот на градот и да побара враќање на долгот. Можеби овој неочекуван призор го исплашил Абу-Џехел и тој накратко заборавил на заклетва дека ќе работи против

Пратеникот, и бил приморан да направи онака како што предложил Пратеникот.

## БРАКОТ НА ПРАТЕНИКОТ СО ХАТИЏА

Кога Пратеникот имал околу дваесет и пет години добриот глас за неговата чесност, добрина и сочувство кон другите, се проширил низ целиот град. Луѓето со прст покажувале кон него и зборувале дека тоа е човек на кој може да му се верува. Ваков глас за него стасал и до ушите на една богата вдовица, која му се обратила на Пратениковиот амиџа Абу-Талиб. Од него побарала да му дозволи на својот внук да го предводи нејзиниот трговски караван во Сирија. Абу-Талиб му го спомнал ова на Пратеникот и тој се согласил. Експедицијата постигнала голем успех и донела неочекувана заработка. Богатата вдовица Хатиџа била уверена дека успехот на караванот не бил само поради состојбата на пазарот во Сирија, туку и поради чесноста и способноста на водачот на караванот. Го испрашувала својот роб Маисар што мисли за тоа и тој се согласил со неа, додавајќи дека искреноста и сочувството со кои овој млад водач на караванот ги водел нејзините работи многу луѓе не можат да ги покажат. Хатиџа била импресионирана со оваа изјава. Таа имала четриесет години и веќе два пати била вдовица. Ја пратила својата пријателка кај Пратеникот за да се распраша дали би сакал да се ожени со неа. Пријателката отишла кај Пратеникот и го прашала зошто досега не се оженил. Пратеникот одговорил дека не бил доволно богат за тоа. Жената го прашала дали би се

согласил да се ожени ако таа му најде богата и угледна жена. Пратеникот прашал за која жена станува збор и гостинката одговорила дека се работи за Хатиџа. Пратеникот се извинил говорејќи дека Хатиџа е на премногу висока позиција во споредба со него. Гостинката на себе преземала обврска дека ќе ги реши сите потешкотии. Пратеникот рекол дека во тој случај нема што да каже туку ќе се согласи. Тогаш Хатиџа пратила порака на Пратениковиот амиџа. Бракот помеѓу Пратеникот и Хатиџа бил склопен и прославен. Сиромавиот човек, сираче во детството, за прв пат се нашол во благосостојба. Станал богат. Но, начинот на кој го искористил своето богаство претставува светол пример за целото човештво. По мажењето Хатиџа чувствувала колку таа е богата а тој сиромашен, и дека оваа нееднаквост може да им наштети на нивната среќа. Затоа таа предложила својот имот и робовите да ги пренесе на Пратеникот. Откако Пратеникот се уверил дека таа навистина е сериозна, прогласил дека робовите, штом ќе станат негова сопственост, тој ќе ги ослободи. Така и направил. Освен тоа, најголемиот дел од имотот кој го примил од Хатиџа им го распоредил на сиромашните. Помеѓу робовите кои тој ги ослободил бил и еден по име Зеид. Се чини дека бил по интелигентен и по внимателен од другите. Тој му припаѓал на угледно семејство, и бил грабнат како дете и продаван од едно место во друго, се додека не стасал во Мека. Младиот Зеид, повторно слободен, наеднаш сфатил дека ропството кај Пратеникот било подобро од слободата. Кога Пратеникот ги ослободил робовите, Зеид одбил да биде ослободен и побарал дозвола да продолжи да живее со Пратеникот. Така

и направил, и како што поминувало времето неговата љубов кон Пратеникот се зголемувала. За тоа време таткото на Зеид и неговиот амица го барале Зеид и на крајот дознале дека е во Мека. Го нашле во куќата на Пратеникот. Кога дошле кај Пратеникот, од него побарале да го ослободи Зеид и понудиле да платат колку и да побара Пратеникот. Пратеникот рекол дека Зеид е слободен и ако сака може да оди со нив. Тој го повикал Зеид и му ги покажал таткото и амицата. По средбата, откако ги избришале солзите, таткото на Зеид му кажал дека тој е слободен, и бидејќи неговата мајка е во голема тага поради него, најдобро би било тој да се врати дома. Тој одговорил: “Татко! Кој не си ги сака родителите? Моето срце е полно со љубов кон тебе и мајка ми. Но јас толку го сакам овој човек Мухаммед што не можам да помислам да живеам на друго место освен кај него. Се сретнавме и мило ми е поради тоа. Но, јас не можам да ја поднесам разделбата со Мухаммед”. Таткото на Зеид и амицата се обиделе се што можеле да го убедат да се врати дома, но Зеид не се согласил. На ова Пратеникот рекол: “Зеид веќе беше слободен човек, но од денес тој ќе биде мој син.” Гледајќи ја оваа љубов меѓу Зеид и Пратеникот, таткото на Зеид и амицата се вратиле назад, а Зеид засекогаш останал со Пратеникот.

(Хишам)

# ПРАТЕНИКОТ ЈА ПРИМА СВОЈАТА ПРВА ОБЈАВА

Кога Пратеникот имал преку триесет години, љубовта кон Бог и обожувањето на Бога почнале се повеќе да го обземаат. Чувствувајќи одбојност кон интригите, злоделата и останатите пороци на луѓето од Мека, тој за својата медитација одбрал место две до три миљи подалеку од куќата. Тоа било некој вид на пештера на врвот на ридот обликувана од камен. Неговата жена Хатиџа подготвувала доволно храна за неколку дена, и тој со тоа заминувал во пештерата Хира. Во пештерата тој деноноќно го обожавал Бога. На свои четриесет години добил визија која, всушност, се случила во оваа пештера. Здогледал некого кој му наредува да чита. Пратеникот запрашал што е тоа што треба да го чита. Мелекот бил упорен и на крајот го приморал Пратеникот да го научи следниот ајет:

> "*Читај во името на Господарот свој Кој те создал, Он го создал човекот од грушка засирена крв. Читај! Господарот твој е најблагодарен. Кој го поучи човека да пишува со перо. Го поучи човека со она што не го знаеше!*"
>
> (96:2-6)

Ова се првите ајети кои му биле објавени на Пратеникот, и станале дел од Кур`анот, како и останатите кои се објавени подоцна. Нивното значење е огромно. Тие му издаваат наредба на Пратеникот да стане, и во името на Едниот Бог, Едниот Создател, да го прогласи овој Пратеник како и сите останати. Во името на Бога, кој го создал човекот

и неговата природа, го засеал семето на Својата сопствена љубов и љубовта кон другите луѓе. Пратеникот добил заповед да ја прогласи Пораката на овој Бог, и од Бога му била ветена помош и заштита во прогласувањето на Пораката. Овој ајет го претскажа времето кога светот ќе биде поучен со сите видови знаење со посредство на перо, и ќе биде поучен за нештата за кои никогаш порано не слушнал. Овие ајети го чинат Кур`анот во најкратки црти. Она со што требало да биде поучен Пратеникот во подоцнежните објави, е содржано во почетокот на овие ајети. Во нив е вграден темелот на големиот и досега непознат напредок во духовното воздигнување на човекот. Значењето и објаснувањето на овие ајети ќе го најдете понатаму во овој коментар. Ние ги спомнуваме бидејќи нивната објава претставува величенствена случка во животот на Пратеникот. Кога Пратеникот ја примил оваа објава, го обземал стравот од одговорноста која Бог ја ставил на неговите рамена. Да бил некој друг на негово место тој би бил исполнет со гордост – би чувствувал дека станал голем. Пратеникот бил поинаков. Тој можел да ги достигне големите нешта, но не можел да биде горд на своето достигнување. По ова величествено искуство, тој дома дошол потресен и со тажно лице. На инсистирање на Хатиџа тој и го раскажал целото доживување и својот страв го изразил со следните зборови: *“Слаб човек каков што сум јас, како може да ја носи одговорноста која Бог има намера да ја стави на моите рамена.”* Хатиџа без колебање одговорила:

*“Бога ми, Он не ти го пратил овој Збор да пропаднеш и да бидеш неуспешен – и потоа да те напушти. Како Бог може да направи такво Нешто, кога ти си љубезен и внимателен кон своите ближни, ги помагаш сиромавите и го носиш нивниот терет? Ти ги враќаш доблестите кои се загубија во нашата земја. Ти кон гостите постапуваш со почит и им помагаш на оние кои се во невоља. Можеш ли ти од Бога да бидеш изложен на било какво искушение?”*

(Бухари)

Откако ги кажала овие зборови, Хатиџа го одвела Пратеникот кај својот роднина Варака бин Науфал, кој бил христијанин. Тој ги ислушал и потоа кажал:

*“Сигурен сум, мелекот кој се спуштил на Муса Се спуштил и на тебе.”*

(Бухари)

# ПРВИТЕ ПРИВРЗАНИЦИ

Варака очигледно мислел на претскажувањето во Петта книга Мојсеева (18:18).

Кога овие вести стасале до Зеид, Пратениковиот ослободен роб – сега триесетогодишен - тој и неговиот амица Али - кој имал околу единаест години - прогласиле дека веруваат во него. Абу-Бакр, пријател од детството, во тоа време бил надвор од градот. Кога се вратил слушнал за Пратениковите доживувања. Му кажувале дека неговиот пријател полудел и почнал да зборува дека мелеките му донеле порака од Бог. Абу-Бакр немал ни трунка сомнеж во својот пријател. Ниту во еден момент не се посомневал дека Пратеникот сигурно е во право – тој го познавал, и добро знаел дека е со здрав разум и дека е искрен. Чукнал на Пратениковата врата и кога бил примен во неговото друштво, го запрашал што се случило. Од страв, Абу-Бакр да не го сфати погрешно, Пратеникот почнал долго да објаснува. Абу-Бакр го прекинал и му кажал дека тој само сака да знае дали Божјиот мелек се спуштил на него и му ја пренел Пораката. Пратеникот повторно сакал да објасни, но Абу-Бакр повторил дека не сака да слуша никакво објаснување. Тој само сакал одговор на прашањето дали Пратеникот примил Порака од Бога. Пратеникот одговорил со ‘Да’, и Абу-Бакр веднаш потврдил дека верува. Откако ја прогласил својата вера, кажал дека аргументот би ја намалил вредноста на неговата вера. Тој долго го познавал Пратеникот и бил близок со него. Не можел да се сомнева во него, и не сакал никаков аргумент кој би го уверил во

Пратениковата вистинитост. Оваа мала група на верници беа и првите верници на исламот: жена во своите зрели години, момче од единаесет години, ослободен роб кој живее со странци, млад пријател и Пратеникот. Ова била мала дружина, која немала никаква поткрепа, и која молкум одлучила да ја шири Божјата светлина насекаде во светот. Кога луѓето и нивните водачи слушнале за ова, се смееле и ги прогласиле за лудаци. Не постоела причина за страв или за загриженост. Но, како што времето поминувало, вистината станувала јасна и – како што пророкот Исаија (28:13) пред многу години рекол: *“заповед врз заповед, заповед врз заповед, правило врз правило, правило врз правило, тука малку, таму малку, ...”* – започнале да се спуштаат и на Пратеникот.

## ПРОГОНУВАЊЕТО НА ВЕРНИЦИТЕ

Кажано со ‘други зборови’, Бог почнал да зборува со Мухаммед. Младите во земјата станале љубопитни. Оние кои трагале по вистината станале возбудени. Од омаловажување и исмејување започнало да расте одобрување и восхитување. Робови, млади и беспомошни жени се собирале околу Пратеникот. Во неговата порака и неговото учење се појавила надеж за понижените, очајните и младите. Жените помислиле дека дошло време да им се вратат нивните права. Робовите помислиле дека дошол денот на нивната слобода, а младите луѓе помислиле дека за нив ќе бидат отворени патишта кон напредокот. Кога исмејувањето почнало да преминува во одобрување, а рамнодушноста во приврзаност,

главатарите на Мека и службениците почнале да се плашат. Се собрале и се советувале. Одлучиле дека исмејувањето не е метод со кој може да се излезе на крај со оваа закана. Морале да се применат посериозни мерки. Новото влијание морало со сила да се спречи. Одлучено е дека ќе се воведе прогонување и некоја форма на бојкот. Наскоро биле преземени конкретни чекори и Мека се кренала во сериозен судир против исламот. Пратеникот и неговата малечка дружина повеќе не биле сметани за луди, туку станале растечко влијание на кои, ако им се дозволи несметано да растат, ќе се покажат како опасност за верата, угледот, обичаите и традицијата на Мека. Исламот се заканувал да ја разниша старата структура на општеството во Мека, за да изгради ново општество, да создаде ново небо и нова Земја, а доаѓањето на тоа ново би значело исчезнување на старата Арабија и нејзиното старо срце. Луѓето во Мека повеќе не можеле да го исмејуваат исламот. Сега тоа за нив било прашање на животот или смртта. Исламот бил закана и Мека ја прифатила заканата, како што непријателите на Пратеникот секогаш ја прифаќале заканата на своите пратеници. Тие одлучиле доказот да не го оспорат со доказ, туку да ја извлечат сабјата и со сила да го урнат ова опасно учење; не одлучиле да застанат зад својот пример наспроти добриот пример на Пратеникот и неговите следбеници, љубезно да одговорат на убавите зборови, туку ги злоставувале невините луѓе и ги навредувале оние кои љубезно зборувале. Уште еднаш, повторно во светот, започнал судир помеѓу верувањето и неверувањето; силите на шејтанот прогласиле војна со мелеците. Верниците се

уште малобројни, немале моќ да се спротивставаат на силниот напад и насилството на неверниците. Започнал најсуровиот поход. Жените бесрамно биле масакрирани; мажите биле заклани. Робовите кои прогласиле дека веруват во Пратеникот биле влечени преку врелиот песок и камен. Нивната кожа била стврдната како кожата на животните. По долго време, откако исламот бил втемелен надалеку и нашироко, на еден од овие рани верници, по име Кхаббаб бин Ал-Арат, телото му било разголено. Неговите пријатели приметиле дека кожата му е стврдната како кај животните и го прашале зошто е тоа така. Кхаббаб бин Ал-Арат се насмеал и рекол дека тоа не е ништо – само сеќавање на оние рани денови кога робовите кои преминале во ислам биле влечени по улиците на Мека преку остар и врел песок и камења.

(Муснад, том 5, стр.110)

Робовите кои верувале биле од најразлична националност. Билал бил црнец, Сухаиб бил Грк. Тие им припаѓале на различни вери. Џабар и Сухаиб биле христијани, Билал и Аммар идолопоклоници. Билал бил натеран да лежи на врелиот песок, натрупан со камења а децата танцувале на неговите гради; неговиот газда Уммајја бин Кхалф, така го мачел и потоа од него побарал да се одрекне од Аллах и од Пратеникот и да ги пее песните на боговите на Мека, Лат и Узза. Билал само кажал: “Ахад, Ахад....” (Бог е Еден, Бог е Еден).

Огорчен, Уммајја го предал Билал на децата од улицата, барајќи од нив да стават јаже околу неговиот врат и

да го влечат низ градот преку остриот камен. Телото на Билал крварело, но тој продолжил да зборува: ”Ахад, Ахад...” Подоцна, кога муслимните се населиле во Медина и биле во состојба да живеат и да се клањаат во релативен мир, Чесниот Пратеник го определил Билал за муезин, оној кој оние што клањаат ги повикува на намаз. Бидејќи бил Африканец, Билал не можел да го изговори гласот ‘ш’, на арапски Аш-хаду (јас сведочам). Луѓето од Медина се смееле на неговиот погрешен изговор, но Чесниот Пратеник ги прекорил и кажал дека Билал му е драг на Бога поради цврстата вера која ја покажал пред мачењето од страна на Меканците. Абу-Бакр го платил откупот за Билал и за многу други робови, и го овозможил нивното ослободување. Меѓу нив бил и Сухаиб, успешен трговец, кого Курејшиите продолжиле да го мачат и после ослободувањето. Кога Чесниот Пратеник ја напуштил Мека и се населил во Медина, Сухаиб сакал да оди со него. Но Мекинците го оневозможиле. Кажале дека тој не може да го однесе богатството од Мека које го заработил во Мека. Сухаиб понудил да им го остави имотот и заработката и ги прашал дали во тој случај ќе му дозволат да си оди. Меканците ја прифатиле понудата. Сухаиб со празни раце стасал во Медина и го видел Пратеникот кој му честитал и рекол: “Ова е најдоброто тргување во твојот живот.” Повеќето од овие робови -верници останале цврсти во исполнувањето и исповедувањето на верата. Но, некои од нив биле и слаби. Еднаш Чесниот Пратеник го затекнал Аммар како липа од болка и ги брише солзите. Кога Пратеникот му пришол, Аммар рекол дека го тепале и дека го присилиле јавно да ја отповика верата. Пратеникот го

прашал: ”Дали ти веруваше во срцето?” Аммар рекол дека верувал, и Пратеникот му кажал дека Бог ќе му ги опрости слабостите. И таткото на Аммар, Јасир, и неговата мајка Самија, ги мачеле неверниците. Во една таква прилика Пратеникот поминувал одтаму. Полн со емоции, рекол: “Семејство на Јасир, стрпете се, бидејќи Бог за вас го подготвил Џеннетот.” Пратениковите зборови наскоро се исполниле. Јасир им подлегнал на мачењета, а малку подоцна Абу-Џехел со копје ја убил неговата жена Самија.

Робинката Зиннира го загубила окото поради суровоста на неверниците.

Абу-Факаих, робот на Сахван бин Умајја, бил оставен да лежи на врелиот песок, додека на неговите гради биле ставени тешки и врели камења и од болка му испаднал јазикот.

И останатите робови биле злоставувани на сличен начин.

Овие суровости биле неиздржливи. Но, раните верници ги поднесувале бидејќи нивните срца биле цврсти во уверувањата кои секојдневно ги примале од Бога. Кур`анот се симнал на Пратеникот, но и уверливиот Божји глас се симнал на сите верници. Да не било така, верниците не би можеле да им одолеат на маките на кои биле подложени. Оставени од својот народ, од пријателите и роднините, тие со себе немале ништо друго освен Бог, и не им било грижа дали имаат или немаат некој друг. Поради Него овие суровости изгледале ништожни, навредите звучеле како молитви, а камењата се чинеле меки.

Тие, на ист начин, сурово поставувале и со слободните граѓани кои верувале. Нивните старешини и главатари ги мачеле на различни начини. Осман бил успешен човек, на свои четриесет години. Но сепак, кога Курејшиите се одлучиле на општ прогон против муслиманите, неговиот амиџа Хакам го врзал и го истепал. Зубаир бин Ал-Аввам, храбро младо момче, кој подоцна ќе стане голем муслимански генерал, ќе биде мачен од својот амиџа кој го завиткал во ќилим, под ќилимот запалил оган и се обидел со дим да го угуши. Но, тој не порекол. Тој ја нашол вистината и не сакал да ја напушти.

Абу-Зарр од племето Гхаффар слушнал за Пратеникот и отишол во Мека да го испита тоа. Меканците го одвраќале од тоа говорејќи дека тие добро го познаваат Мухаммед и дека неговото движење е само една себична замисла. Тоа не оставило впечаток кај Абу-Зарр, тој отишол кај Пратеникот, од него ја слушнал Пораката на исламот и ја прифатил. Абу-Зарр прашал дали може во тајност да ја чува својата вера од своето племе. Пратеникот кажал дека може, но само неколку дена. Но, кога поминувал низ улиците на Мека слушнал како група мекански главатари го навредуват Чесниот Пратеник и на простачки начин го напаѓаат. Тој повеќе не можел во тајност да ја чува својата вера и наеднаш прогласил: "Јас сведочам дека нема друг Бог освен Аллах, и дека никој не Му е сличен на Аллах; и дека Мухаммед е Негов роб и Пратеник." Овој восклик, кренат на собирот на неверниците, им се сторил премногу дрзок. Станале, и во бес го тепале, се додека не паднал во несвест. Пратениковиот амиџа Абас, кој сѐ уште не го примил исламот, поминувал оттаму и застанал

во одбрана на жртвата говорејќи им: ”Вашите каравани со храна поминуваат покрај племето на Абу-Зарр, и поради вашите постапки неговите луѓе можат да ве изгладнуваат до смрт.” Следниот ден Абу-Зарр останал дома. Но, ден подоцна, повторно отишол на истиот собир каде што повторно го навредувале Пратеникот. Отишол во Каба и видел дека тоа и таму го прават. Не можел да се воздржи, станал и гласно ја прогласил својата вера. Повторно, е со него постапиле грдо. Истото се случило и по трет пат и тогаш Абу-Зарр му се вратил на своето племе.

И самиот Пратеник не бил поштеден од свирепото однесување кое го поднесувале верниците. Еднаш кога бил на намаз, група неверници му ставиле мантил околу вратот, го влечеле и за малку ќе му испаднале очите. Го спасил Абу-Бакр говорејќи: “Вие сакате да го убиете човекот бидејќи зборува: Бог е мојот Господар?” Во друга прилика, кога паднал на седџа во намаз, тие на неговиот грб ставиле дроб од камила. Не можел да стане се додека овој товар не бил тргнат. Во една прилика, кога поминувал низ улицата, го следела група момчиња кои го удирале по вратот со подсмев дека тој себе си се нарекува Пратеник. Таква била омразата и непријателството кон него, и толкава била неговата беспомошност.

Луѓето од соседните куќи ја каменувале куќата на Пратеникот. Во кујната му фрлале отпадоци и остатоци од закланите животни. Во многу прилики на него фрлале прашина додека тој клањал, и многу пати кога имале групни намази морал да се повлече на сигурно место.

Направените ѕверства против слабата и невина дружина и кон нивниот искрен, добронамерен но беспомошен водач, сепак не биле залудни. Чесните луѓе го виделе сето ова и биле привлечени кон исламот. Еднаш Пратеникот се одмарал на Сафа, на ридот кај Каба. Еден од главатарите на Мека, Абу-Џехел, Пратениковиот најлут непријател, поминал покрај него и почнал да кажува најгрди можни навреди кон него. Пратеникот ништо не кажал, само се вратил дома. Робинката од неговата куќа била сведок на оваа понижувачка сцена. Хамза, Пратениковиот амиџа, храбар човек од кого сите се плашеле, се вратил од лов во џунглата и гордо влегол во куќата, со лакот обесен на рамо. Робинката не ја заборавила утринската случка. Се згрозувала од начинот на кој Хамза влегува во куќата. Го пресретнала говорејќи му како тој мисли дека е храбар човек и наоружан оди наоколу, но не знае што тоа утро Абу-Џехел му направил на неговиот невин внук. Хамза слушнал за утринската случка. Иако не бил верник, имал благороден карактер. Можеби му се допаѓала Пратениковата Порака, но веројатно не толку за да му се придружи. Кога слушнал за постапката на Абу-Џехел не можел да се воздржи. Неговото двоумење околу новата Порака исчезнало. Почнал да чувствува дека досега бил премногу невнимателен околу тоа. Отишол право во Каба, каде што се состанувале главатарите на Мека. Ја зел својата стрела и силно го удрил Абу-Џехел говорејќи: “Од денес јас ја прифаќам Мухаммедовата вера, утрото ти го навредуваше бидејќи знаеше дека тој нема да одговори. Ако си храбар, истапи и бори се со мене.” Абу-Џехел бил запрепастен. Неговите пријатели станале да помогнат, но

поради страв од племето на Хамза, Абу-Џехел ги сопрел, бидејќи сметал дека отворената војна премногу би ги чинела. Рекол дека ја заслужил вината за утринската случка.

(Хишам и Табари)

## ПОРАКАТА НА ИСЛАМОТ

Спротивставувањето и натаму растело. Во меѓувреме Пратеникот и неговите следбеници правеле сѐ што можеле за на луѓето од Мека јасно да им ја претстават Пораката на исламот. Пораката е многустрана и е од огромна важност не само за Арапите туку и за целиот свет. Таа Порака била дадена од Бога. Во неа се вели:

“Создателот на светот е Еден. Никој друг не е вреден за обожување. Пратениците секогаш верувале во Него дека е Еден, и така ги поучувале своите следбеници. Луѓето од Мека треба да ги напуштат своите кипови и идоли. Зарем тие не гледаат дека идолите не можат ни мува да тргнат од жртвите положени на нивните стапки? Ако би биле нападнати не би можеле да го одбијат нападот. Ако би биле прашани не би можеле да одговорат. Ако им била побарана помош, тие не би можеле ништо да направат. Но, Едниот Бог им помогна на оние кои побараа помош, им одговори на оние кои му се обратија во дова, ги потчини Своите непријатели и ги воздигна оние кои се понизија пред Него. Кога светлината се симна од Него, таа ги осветли Неговите поклоници. Зошто тогаш луѓето од Мека го напуштија и се свртеа кон безживотните кипови и идоли и ги загубија своите животи?

Зарем не видоа дека нивното неверување во Едниот Вистински Бог ги направи потполно празноверни и неупатени? Тие не знаеа што е халал, а што е харам, или исправно и погрешно. Тие не ги почитуваа своите мајки. Грдо се однесуваа кон своите сестри и ќерки, им го одземаа она што им припаѓаше. Не постапуваа убаво ниту кон своите жени. Ги мачеа вдовиците, ги искористуваа сирачињата, сиромавите и слабите, се обидуваа својата благосостојба да ја изградат врз урнатините на другите. Не се срамеа ниту од лагата, ниту од кражбата. Коцкањето и алкохолот беше нивното задоволство. Не водеа грижа за културен и национален напредок. Колко долго тие ќе го занемаруваат Едниот Вистински Бог и ќе продолжат да губат и патат. Нели е подобро да се поправат? Нели е подобро да ги напуштат формите на меѓусебно искористување, да ги вратат правата на оние на кои им припаѓаат, да го трошат своето богатство за националните потреби и за поправање на состојбата на сиромашните и слабите, да постапуваат кон сирачињата како кон аманет и нивната заштита да ја сметаат за должност, да им помагаат на вдовиците и да втемелуваат и поттикнуваат добри дела во целата заедница, да негуваат и да ја делат, не само правдата и еднаквоста, туку и сочувството и милоста? Вашето доаѓање на овој свет нека не биде залудно. ‘Оставете добри дела зад себе.’

Пораката понатаму вели:

‘Тие понатаму можат да растат и да носат плодови откако вие ќе заминете. Добродетелта е во давањето на другите а не во земањето од нив. Научете да отстапувате, така ќе бидете поблиску до Бога. Практикувајте го

самоодрекнувањето поради луѓето, така ќе го зголемите својот имот кај Бога. Навистина, муслиманите се слаби, но не барајте ги нивните слабости, зошто, вистината ќе победи. Ова е одредба од Бога. Преку Пратеникот, новата правда и новите критериуми на доброто и на злото ќе бидат воспоставени во светот. Ќе завладее правдата и милоста. Никаква присила нема да биде дозволена во религијата, и никакво посредување. Свирепостите на кои жените и робовите беа изложени ќе бидат истребени. На местото на кралството на шејтанот ќе биде воспоставено кралството Божјо.”

Кога оваа Порака почна да им се проповеда на луѓето од Мека и кога таа започна да ги освојува луѓето со добро срце и оние кои размислуваат, старешините на Мека завземаа сериозен став за случувањата. Нивните избраници отидоа кај Пратениковиот амиџа Абу-Талиб и вака му се обратија:

*“Ти си еден од нашите главатари и поради тебе го поштедивме твојот внук Мухаммед. Меѓутоа, дојде време кога мораме да ја завршиме оваа национална криза, овој судир во нашата средина. Бараме да се откаже од било каков говор против нашите идоли. Нека прогласува дека Бог е Еден но нека не зборува против идолите. Ако посака да биде наш главатар ние ќе го прифатиме за својот водач. Ако сака богатство, секој од нас ќе му подари дел од своето богатство. Ако сака да се ожени со било која девојка во Мека, ние ќе го ожениме и нема да бараме никаков надомест од него. Ние не му забрануваме ништо, освен*

*приказните против нашите идоли. Ако тој се согласи со ова, нашиот судир и спор со него ќе престанат. Ние бараме од тебе да го увериш во тоа. Но, ако ти не си во состојба да го направиш тоа, тогаш едно од двете нешта ќе мора да се случат: или ти ќе го напуштиш внукот, или ние, твојот народ, ќе те напуштиме тебе.”*

(Хишам)

Абу-Талиб се соочил со тешка одлука. Претешко било да го напушти внукот, но еднакво тешко било неговиот сопствен народ да се одрекне од него. Арапите имале премногу малку во поглед на материјалните средства. Нивниот углед се одразувал преку улогата на водачот. Тие живееле за својот народ, а нивниот народ за нив. Го повикал Пратеникот и му го објаснил барањето кое му го дале старешините на Мека.

“Со насолзени очи му рекол:

‘Ако ти не се согласиш, тогаш јас ќе морам да те напуштам тебе или мојот народ ќе ме напушти мене.’

Пратеникот сочувствувал со својот амиџа. Со солзи во очите му рекол:

‘Јас не барам од тебе да го напуштиш својот народ. Јас од тебе не барам да останеш со мене. Но, Едниот и Единствен Бог е мојот сведок кога велам дека дури и Сонцето да го стават во мојата десна рака, а Месечината во левата, јас и понатаму ќе ја проповедам вистината за Едниот Бог. Тоа морам да го продолжам се додека не умрам. Ти, избери го она што го сакаш.”

(Хишам и Зуркани)

Ваквиот искрен одговор му ги отворил очите на Абу-Талиб и тој длабоко втонал во мислите. Иако немал храброст да верува, бил среќен што доживеал да го види величенствениот пример на верба и одговорност кон должноста. Свртувајќи се кон Пратеникот тој рекол:

“Внуку мој, продолжи го својот пат. Исполни ја својата должност. Нека ме напушти мојот народ, но јас тебе нема да те оставам.”

(Хишам)

## ПРЕСЕЛУВАЊЕТО ВО АБИСИНИЈА

Кога зулумот ги достигнал крајните граници, Пратеникот ги собрал следбениците и покажувајќи им кон запад, им кажал дека таму преку морето постои земја во која луѓето не се убиваат ако ја сменат верата, земја во која можат да го обожават својот Бог без вознемирување и дека таму владее праведен крал. Нека одат таму; можеби промената ќе им донесе олеснување. Група на муслимани – мажи, жени и деца, постапувајќи по овој совет, отпатувале за Абисинија. Селидбата била трогателна. Арапите себе си се сметале за чувари на Каба, а тоа навистина и биле. Напуштањето на Мека за нив претставувало голема тага, но ниеден од нив не можел да се надева дека животот во Мека е можен. Ниту Меканците не биле во состојба да ја толерираат преселбата. Тие не можеле на своите жртви да има дадат прилика да живеат на друго место. Поради тоа, групата била присилена во тајност да ги чува подготовки за патот и без поздрав со своите најблиски, пријатели и роднини, да ја напушти Мека.

Некои од нив сепак дознале за нивното заминување и тоа длабоко ги трогнало. Омар, подоцна втор халифа на исламот, се уште неверник, горчлив непријател и прогонувач на муслиманите, сосема случајно се сретнал со некои членови на оваа група. Една од нив била жена, Умми Абдуллах. Кога Омар ја видел покуќнината натоварена на животните, наеднаш му станало јасно дека овие луѓе патуваат некаде надвор од Мека за да го најдат мирот на друго место. ‘Вие си одите,’ запрашал, ‘Да, Бог ни е сведок,’ одговорила Умми Абдуллах. ‘Одиме во друга земја бидејќи вие тука со нас постапувате со крајна свирепост. Ќе се вратиме кога Аллах за нас ќе создаде некоја друга состојба.’ Омар тоа длабоко го трогнало и рекол: ‘Нека Бог биде со вас.’ Во неговиот глас имало длабоки чувства. Оваа нема сцена силно го растажила. Кога Меканците дознале за заминувањето, веднаш пратиле потера. Потерата стигнала до морето кај што видела дека муслиманите веќе се натовариле на бродот и потерата не била во состојба да ги стаса. Поради тоа одлучиле да пратат делегација во Абисинија за да го поттикнат кралот против бегалците и да го уверат повторно да им ги предаде на Меканците. Еден од делегатите бил Амр бин Ал-Ас, кој подоцна ќе го прими исламот и ќе го освои Египет. Делегацијата заминала за Абисинија, членовите се сретнале со кралот и сплеткареле со неговите дворјани. Но, кралот се покажал како решителен човек и наспроти притисокот на делегацијата од Мека како и притисокот што му го правеле неговите дворјани, тој одбил бегалците да ги предаде на нивните прогонители. Делегацијата се вратила разочарана, но во Мека наскоро смислиле друг план како муслиманите да

ги вратат од Абисинија. Меѓу караваните кои патувале во Абисинија ги рашириле гласините дека сите луѓе во Мека го примиле исламот. Кога овие гласини стасале до Абисинија многу муслимани бегалци радосно се вратиле во Мека, но набргу сфатиле дека гласините не се вистинити. Некои од нив повторно се вратиле во Абисинија а некои одлучиле да останат. Меѓу нив бил Осман бин Маз'ун, син на водечкиот главатар на Мека. Осман добил ветување дека пријател на неговиот татко, Валид бин Мугхира, ќе го штити и тој почнал мирно да живее во Мека. Гледајќи дека другите муслимани и понатаму трпат брутално прогонување тој се растажил. Отишол кај Валид и ја отповикал неговата заштита. Чувствувал дека не треба да има заштита додека другите муслимани и понатаму страдаат. Валид им објавил на Меканците дека Осман веќе не е под негова заштита.

Еднаш, еден познат арапски поет, седел меѓу главатарите на Мека и ја рецитирал својата поезија. Во една од строфите на песната се спомнувало дека сите благодати на крајот ќе исчезнат. Осман тогаш смело му се спротивставил и кажал: 'Благодетот на Џеннетот вечно ќе остане.' Лабид ненавикнат на спротивставување се разлутил и рекол: 'Курејшии, вашите гости никогаш вака не биле понижени. Кога започнала оваа новотарија?' Од публиката станал еден човек да го смири Лабид и рекол: 'Продолжи и не му обрнувај внимание на овој глупак.' Осман тврдел дека не кажал ништо глупо. Ова ги разлутило Курејшиите кои го грабнале Осман го тепале и при тоа му го извадиле едното око. Валид присуствувал на оваа сцена. Бил близок пријател на таткото на Осман и му било тешко да го гледа таквото

однесување кон синот на својот починат пријател. Но, Осман веќе не бил под негова официјална заштита и арапскиот обичај не му дозволувал да застане на нечија страна. Поради тоа не можел ништо да направи. Со нелагодност и лутина се свртел кон Осман и му рекол: Осман на тоа му одговорил:

'Јас ова го посакував. Не плачам поради загубата на едното око, бидејќи и другото го чека истата судбина. Запомнете, за мене е доволен примерот на Чесниот Пратеник – ако тој ги поднесува страдањата зошто јас да не ги поднесувам?'

(Хаибијја, том 1, стр. 348)

## ОМАР ГО ПРИМА ИСЛАМОТ

Во тоа време ќе се случи една друга важна случка. Омар, кој подоцна ќе стане вториот халифа на исламот, се уште бил еден од најголемите непријатели на исламот, од кого највеќе се плашеле. Тој чувствувал дека се уште не е превземен сериозен чекор против новото движење и одлучил да го докрајчи Пратениковиот живот. Ја земал сабјата и тргнал. Пријателот, кој го сретнал бил збунет, и го прашал каде оди и со која намера. 'Да го убијам Мухаммед,' рекол Омар. Пријателот на тоа одговорил: 'Дали ти ќе бидеш сигурен од неговото племе после тоа? Знаеш ли дека твојата сестра и твојот зет го прифатија исламот?'

Изненаден од тоа сознание Омар силно се растажил. Одлучил дека ќе оди прво да се разбере со својата сестра и со својот зет. Кога стасал до нивната куќа, слушнал дека внатре се поучува. Тоа бил гласот на Кхаббаб кој ги поучувал на

Чесната Книга. Уште по разлутен, Омар влегол во куќата. Избезумен од страв Кхаббаб бргу се сокрил. Омаровата сестра Фатима на страна ги оставила листовите од Кур`анот. Застанавујќи пред неа и нејзиниот маж Омар рекол: ‘Слушнав дека сте се одрекле од својата вера,’ и зборувајќи го ова кренал рака да го удри зетот кој, исто така, му бил роднина. Фатима се фрлила помеѓу Омар и својот маж и Омаровата рака се спуштила на лицето на Фатима, ја удрила по носот и потекла крв. Фатима тоа уште повеќе ја охрабрило и рекла: ’Да, ние сега сме муслимани и тоа и ќе останеме; прави што сакаш.’ Храбар и груб човек бил Омар, но окрвавеното лице на неговата сестра кај него предизвикало грижа на совеста. Се разбудил некој нов човек во него. Побарал да му ги покажат листовите од Кур`анот од кои учеле. Плашејќи се да не ги искине и фрли, Фатима одбила но Омар ветил дека нема тоа да го направи. Тогаш Фатима му кажала дека тој не е чист и му понудила да се избања. Чист и сталожен Омар ги земал листовите од Кур`анот во своите раце. Тие содржеле дел од сура Та-Ха и тој дошол до следниот ајет:

> *“Навистина јас сум Аллах; нема бог освен Мене. Затоа обожувај ме мене, и обавувај намаз за спомен Мој. Навистина ќе дојде Сахат; наскоро ќе го откријам, за секоја душа да добие надомест·за она за што се труди.”*

(20: 15-16)

Цврстото уверување за Божјото постоење, јавното ветување дека исламот наскоро ќе го втемели вистинското

обожување наместо вообичаеното, кое било раширено во Мека – тоа и многуте други споени идеи сигурно допреле до Омар. Веќе не можел да се воздржи. Верата се распламтувала во неговото срце и тој рекол: ‘Колку убаво и колку вдахновено.’ Кхаббаб излегол од засолништето и рекол: ‘Бог ми е сведок, уште вчера го слушнав Пратеникот како го моли Аллаха, Омар или Амр ибн Хишам да го примат исламот. Твојата промена е резултат на оваа дова.’ Тогаш Омаровиот ум одлучил. Прашал каде е Пратеникот и отишол право кај него во Дари Аркам. Во раката се уште ја држел сабјата. Кога тропнал на вратата Пратениковите асхаби можеле да го видат низ пукнатините. Се плашеле дека тој можеби има некој зол план. Но, Пратеникот рекол: ‘Пуштете го да влезе.’ Омар со сабјата во рака влегол. ‘Што те носи тука’, го запрашал Пратеникот. ‘Божји Пратениче,’ рекол Омар, ‘дојдов за да станам муслиман.’ Аллаху акбар (Аллах е најголем), воскликнал Пратеникот. Аллаху акбар, воскликнале асхабите. Ридовите околу Мека одекнале од овој восклик. Веста за ова прифаќање се раширила како нескротен пламен и од тој момент Омар, прогонителот на исламот, од кого сите стравувале, и самиот станал прогонуван заедно со другите муслимани. Но, Омар се сменил. Тој му се радувал на страдањето како што порано му се радуваше на задавањето на маките. Додека одел по улиците луѓето го тепале како и останатите муслимани.

# БОЈКОТОТ НА МУСЛИМАНИТЕ

Прогонувањето станувало се по сериозно и се по неподносливо. Повеќето муслимани веќе ја напуштиле Мека. Оние кои останале морале да поднесуваат повеќе страдања од кога и да било. Но, муслиманите ни малку не отстапиле. Нивните срца биле силни како и секогаш, и нивната вера била издржлива. Нивната преданост кон Бог растела, но растела и омразата кон идолите. Судирот станувал сериозен како никогаш порано. Меканците повикале на уште еден голем состанок. На него одлучиле сосема да ги бојкотираат муслиманите. Граѓаните на Мека не смееле да имаат никаков нормален однос со нив. Не смееле ниту да купуваат од нив ниту нешто да им продадат. Пратеникот, неговото семејство и неговите ближни, кои и не биле муслимани но биле со него, биле присилени да се засолнат на осамено место кое било во сопственост на Абу-Талиб. Без пари, без средства и без резерви, Пратениковото семејство и блиските луѓе околу него трпеле неописливи страдања под оваа блокада. Тие морале три години да живеат во таква состојба. Тогаш, пет членови од нивните непријатели се побуниле против ваквите услови. Отишле кај нив и им понудиле да го укинат бојкотот и побарале од семејството да излезе во јавноста. Абу-Талиб излегол и го прекорил својот народ. Побуната на овие петтмина станала позната низ цела Мека, и добрите чувства кај Меканците дошле до израз и тие го прекинале бојкотот. Бојкотот поминал но не и неговите последици. По неколку дена починала Пратеникова верна жена Хатица, а месец дена подоцна и неговиот амица Абу-Талиб. Чесниот Пратеник

сега ги изгубил друштвото и поткрепата на Хатиџа, а тој и муслиманите ја загубиле вредната служба на Абу-Талиб. Поради нивната смрт била изгубена и симпатијата која поради нив постоела. Се чинело дека Абу-Лахаб, другиот Пратеников амиџа, на почетокот бил подготвен да застане до Пратеникот. Шокот поради смртта на неговиот брат, и имајќи ја во предвид неговата последна желба, била се уште присутна во неговата глава. Но, Меканците наскоро успеале да создадат отпор. Ги искористиле вообичаените поплаки. Пратеникот мислел дека неверувањето во Божјото Единство преставувало престап кој ќе биде казнет на Ахирет; ова учење му противречело на сето она што тие го научиле од своите претходници. Абу-Лахаб одлучил да му се спротивстави на Пратеникот посилно од кога и да е. Односот помеѓу муслиманите и Меканците повторно станал затегнат. Тригодишниот бојкот и блокадата го зголемиле јазот помеѓу нив. Собирањето и проповедањето изгледале невозможни. На Пратеникот не му пречеле лошите постапки и прогонувањето; за него тоа било неважно се додека тој имал прилика да се сретне со луѓето и да разговара со нив. Но, сега изгледало дека таква прилика повеќе не постои во Мека. Освен општиот отпор, Пратеникот сега увидел дека е невозможно да се појави во било која улица или на јавно место. Кога би се појавил, тие на него фрлале прашина и го враќале дома. Еднаш, дома се вратил целиот прекриен со прашина. Неговата ќерка плачела додека го бришела, но Пратеникот и кажал да не плаче бидејќи е Бог со него. Лошите постапки не го вознемириле Пратеникот. Тој тоа го примил дури и срдечно, како доказ дека неговата порака го

разбудува интересот. Еден ден се случило Меканците воопшто да не му обрнат внимание. Пратеникот отишол дома разочаран но, Божјиот охрабрувачки глас го поттикнал повторно да оди кај својот народ и да го предупреди.

## ПРАТЕНИКОТ ОДИ ВО ТА‘ИФ

Се чинело дека во Мека сега веќе никој не сака да го ислуша и тоа го растажувало. Почувствувал дека не се случува никаков напредок. Одлучил да се обиде својата порака да ја пренесува на некое друго место, и го одбрал Та‘иф, мала населба околу шеесет миљи југоисточно од Мека, која била позната по овоштарство и земјоделие. Пратениковата одлука била слична како и постапките на другите пратеници. Муса проповедал и кај фараонот и кај Израелците, а понекогаш и во Мидиан. Иса, слично на тоа, некогаш бил во Галилеја, некогаш во местата од другата страна на Јордан, а понекогаш во Ерусалим. Така Пратеникот на исламот, увидувајќи дека во Мека ќе биде злоставуван и дека нема да го слушаат, се свртел кон Та‘иф. Во многубожечките верувања и во праксата Та‘иф не заостанувал зад Мека. Киповите кои се наоѓале во Каба не биле единствени, и тие не биле единствено важни идоли во Арабија. Еден од поважните кипови, Ал-Лат, можел да се сретне и во Та‘иф; бидејќи Та‘иф бил центар за аџилак. Граѓаните на Та‘иф имале крвни врски со луѓето од Мека; и многу оази помеѓу Та‘иф и Мека биле во сопственост на Меканците. По доаѓањето во Та‘иф, Пратеникот го посетиле главатарите на градот, но никој не бил подготвен да ја

прифати вистината. Обичниот свет ги слушал своите водачи и со презир ја отфрлиле Пораката. Ова не било невообичаено. Луѓето обземени од овосветските работи секогаш таквата порака ја сметаат за нешто што им пречи па дури и навредува. Бидејќи оваа Порака била без видлива подршка – како што се броевите или оружјето – тие чувствувале дека со презир можат да ја одбијат. Пратеникот не бил исклучок. Извештаите за него веќе стасале до Та‘иф, и тој сега бил тука, без оружје или следбеници, осамен, поединец со само еден пријател, Зеид. За да ги задоволат своите главатари граѓаните на Та‘иф сметале дека тој е пречка со која треба бргу да се расчисти. Тие ги поттикнале скитниците од градот и децата од улицата да фрлаат камења по него и го исфрлиле од градот. Зеид бил ранет, а Пратеникот почнал силно да крвари. Потерата продолжила се додека оваа мала група од два човека не била на неколку миљи подалеку од Та‘иф. Пратеникот бил силно растревожен и тажен кога мелекот се спуштил на него и го прашал дали сака неговите прогонители да бидат казнети. ‘Не,’ кажал Пратеникот. ‘Јас се надевам дека всушност од овие луѓе ќе се родат оние кои ќе го обожуваат Едниот Вистински Бог.’

(Бухари, Китаб Бад ал-Кхалик)

Изморен и тажен застанал кај лозјето чии сопственици биле двајца  Меканци и кои случајно тука биле присутни. Тие биле едни од неговите прогонувачи во Мека, но во оваа прилика се сожалиле. Дали тоа било поради тоа што луѓето од Та‘иф лошо постапувале со луѓето од Мека или искрата на човечката добрина наеднаш засветлела во нивните срца? Тие на Пратеникот му пратиле чинија грозје

по еден роб христијанин по име Аддас, кој му припаѓал на Ниневех. Аддас чинијата со грозјето му ја дал на Пратеникот и на неговиот пријател. Додека со меланхолија гледал на нив станал заинтересиран кога го слушнал Пратеникот како зборува: 'Во името на Аллах, Милостивиот, Давателот без барања, Сомилосниот.' Робот бил поттикнат од своето христијанско воспитание и чувствувал дека се наоѓа во присуство на хибру пратеник. Пратеникот го прашал од каде е и Аддас одговорил дека е од Ниневех, на што Пратеникот рекол: 'Јунуз, синот на Амитта, кој бил од Ниневех бил свет човек, пратеник како и јас.' Пратеникот, исто така, му ја кажал својата Порака. Аддас бил воодушевен и веднаш поверувал. Тој го гушнал Пратеникот со солзи во очите и почнал да ја бакнува неговата глава, рацете и стапалата. Средбата се завршила и Пратеникот повторно му се обратил на Аллах.

> *"Аллах, јас  Тебе ти се плачам. Јас сум слаб, без средства. Мојот народ на мене гледа со презир. Ти си Господар на слабите, сиромавите и Ти си мој Господар. На кого ќе ме препуштиш – на странците кои ме отфрлаат или на непријателот кој ме угнетува во мојот сопствен град? Ако Ти не си лут на мене, мене не ми е грижа за непријателите. Нека Твојата милост биде со мене. Јас барам засолниште во светлината на Твоето лице. Ти си Тој кој може да ја растера темнината во светот и да го даде мирот на сите, овде и на Другиот свет. Нека Твојот гнев и Твоето проклетство не се спуштат на мене. Ти*

*никогаш не се лутиш за потоа да бидеш задоволен. А нема моќ и нема засолниште освен Тебе.”*

(Хишам и Табари)

По проучувањето на оваа дова, тргнал назад во Мека. По патот, на неколку дена останал во Накхли и повторно тргнал. Според традицијата на Мека тој веќе не бил жител на Мека. Тој ја напуштил бидејќи сметал дека е непријателска и можел да се врати само со одобрување на Меканците. Затоа, пратил порака до Мут‘им бин Ади – мекански главатар, и го прашал дали Меканците ќе му дозволат да се врати. Мут‘им иако лут непријател како и секој друг, имал благородно срце. Тој ги собрал своите синови и роднините, се наоружале и тргнале кон Каба. Стоејќи во дворот, тој кажал дека на Пратеникот му одобрил да се врати. Пратеникот тогаш се вратил и обиколил околу Каба. Мут‘им и неговите синови и роднини со исукани сабји го испратиле Пратеникот до неговата куќа. Заштитата која му била дадена на Пратеникот не била заштита во вообичаена смисла. Пратеникот и понатаму се мачел а Мут‘им не го штител. Постапката на Мут‘им значела само формалност за Пратениковото враќање.

Пратениковото патување во Та‘иф остава силен впечаток дури и на непријателите на Исламот. Сер Вилијам Муир (Sir William Muir) во својата книга “Животот на Мухаммед” пишува (се однесува на патот во Та‘иф)

*“Има нешто возвишено и херојско во ова Мухаммедово патување во Та‘иф; осамен човек, презрен и отфрлен од својот народ, излегува храбро во името на Бога како Јунуз во Ниневех, и*

*го повикува идолопоклоничкиот град да се покае и да ја помогне неговата мисија. Тоа силно ја осветлува силата на неговото верување во божественото потекло на неговиот повик.”*

(“Животот на Мухаммед” од Сер Вилијам Муир, издание 1923, стр. 112-113)

Мека се вратила на своето старо непријателство. Пратениковиот роден град повторно за него станал Џехеннем. Но тој храбро и понатаму продолжил на луѓето да им ја пренесува својата Порака. Повремено на улиците на Мека можел да се слушне гласот: ‘Бог е Еден! Бог е Еден!’ Со љубов и почитување, и со сочувство кон луѓето Пратеникот бил истраен во изнесувањето на својата Порака. Луѓето ја свртувале главата, но тој повторно им се обраќал. И да им било грижа на луѓето и да не им било тој прогласувал и се чинело дека вистината полека го завземала своето место. Оние малкумина муслимани што се вратиле од Абисинија и одлучиле да останат тајно, им проповедале на своите пријатели и соседи. Срцата на некои од нив биле осветлени со верата и тие отворено ја огласиле својата вера и ја делеле маката со своите браќа. Но многумина од нив, иако во срцето биле уверени, немале храброст јавно да признаат; тие чекале Божјото Кралство да дојде на Земјата и тогаш да влезат во него.

За тоа време објавите кои Пратеникот ги примал, почнале да ја најавуваат можноста за селидба од Мека. Му била дадена некоја идеја за местото каде што требало да се иселат. Тоа бил градот на бунарите и градините на урми. Тој мислел дека се работи за Јемен но наскоро ја отфрлил таа

можност. Тој чекал во уверување дека местото што ќе биде одбрано засигурно ќе стане колевка на исламот.

## ИСЛАМОТ СЕ ШИРИ ВО МЕДИНА

Се наближувал годишниот хаџџ и започнале да пристигнуваат аџии од сите делови на Арабија. Каде и да сретнал група луѓе, Пратеникот одел до нив, им зборувал за Божјото Единство и барал да ги напуштат престапите од секаков вид и да се подготват за Божјото Кралство. Некои слушале и биле заинтересирани. Некои сакале да слушаат но Меканците ги одвратиле. Некои донеле одлука и продолжиле со исмејувањето. Пратеникот бил во долината на Мина кога видел група од шест или седум луѓе. Открил дека му припаѓаат на племето Кхазраџ, едно од оние кое е во сојуз со Евреите. Ги прашал дали би сакале да слушнат за она што тој има да им каже. Бидејќи тие слушнале за него биле заинтересирани и се согласиле. Пратеникот некое време им зборувал за тоа дека Божјото Кралство е близу, дека киповите ќе исчезнат, дека Божјото Единство ќе се втемели и дека побожноста и чистотата повторно ќе владеат. Зарем оние во Медина нема срдечно да ја дочекаат оваа порака? Ова на групата и оставило силен впечаток. Тие ја примиле пораката и ветиле дека по враќањето во Медина ќе се посоветуваат со другите и дека следната година ќе го известат дали Медина е подготвена да ги прими муслиманските бегалци од Мека. Кога се вратиле, се посоветувале со своите пријатели и блиските луѓе. Во Медина во тоа време биле две арапски и три еврејски

племиња. Арапските племиња биле Аус и Кхазраџ, а еврејските Бану-Кураиз, Бану-Назир и Бану-Каинука. Аус и Кхазраџ биле во војна. Кураиз и Назир биле во сојуз со Аус, а Каинука со Кхазраџ. Изморени од непрестаната војна тие тежнееле кон мирот. На крајот се согласиле да го признаат главатарот на Кхазраџ, Абдуллах бин Убајја бин Салул за главатар на Медина. Племињата Аус и Кхазраџ од Евреите слушнале за претскажувањата во Библијата. Слушнале за еврејските приказни за загубената слава на Израилот и за доаѓањето на пратеникот ‘налик на Муса.’ Евреите зборувале дека неговото доаѓање било близу. Тој требало да го означи враќањето на моќта на Израил и уништувањето на непријателот. Кога луѓето во Медина слушнале за Пратеникот, тоа на нив оставило впечаток и се поставило прашањето дали можеби овој мекански Пратеник е оној за кој слушнале од Евреите. Многу млади луѓе веднаш поверувале во тоа. Во текот на следниот хаџџ двнаесет мажи од Медина дошле во Мека да му се придружат на Пратеникот. Десетмина од нив припаѓале на племето Кхазраџ, а останатите двајца на племето Аус. Тие го нашле Пратеникот во долината на Мина, и држејќи ја Пратениковата рака, свечено ја прогласиле својата вера во Едниот Бог и решителноста дека ќе се воздржуваат од сите вообичаени злосторства, од чедоморството и од изнесувањето на меѓусебни невистинити обвиненија. Исто така, се заколнале дека ќе го послушаат Пратеникот во сите добри работи. Кога се вратиле во Медина почнале уште по силно да го шират исламот. Ревноста пораснала. Киповите се изнесени од нивните храмови и фрлени на улица. Оние кои

се клањале на киповите почнале усправно да ја држат главата. Одлучиле никому да не му се клањаат освен на Едниот Бог. Евреите се чуделе. Столетија на пријателство, толкувања и дебати не успееле да направат промена каква што направил тој мекански Учител за само неколку дена. Луѓето на Медина оделе кај овие се уште малубројни муслимани и се распрашувале за исламот. Но така малиот број на муслимани не можел да се носи со големиот број на прашања, ниту пак имале доволно знаење. Поради тоа одлучиле на Пратеникот да му упатат барање да им прати некој кој ќе ги поучува за исламот. Пратеникот се согласил да им го прати Мусаиб, еден од муслиманите кој се наоѓал во Абисинија. Мусаиб бил првиот мисионер на исламот кој отишол надвор од Мека.

## ДУХОВНО ПАТУВАЊЕ ИСРА‘

Овие денови Пратеникот примил величенствено ветување од Бога. Имал визија во која себе си се видел во Ерусалим, а пратениците клањале зад него. Ерусалим ја означувал Медина, која ќе стане центар на обожување на Едниот Бог. Објаснувањето дека други пратеници клањале зад Пратеникот значело дека луѓето кои ги следат разните вери ќе му се придружат на исламот, и исламот така ќе стане универзална религија.

Состојбата во Мека сега станала неиздржлива. Прогонувањето ги надминало сите граници. Меканците ја исмејувале оваа визија и ја опишувале како пуста желба. Не знаеле дека се удрени темелите на новиот Ерусалим. Нациите

на Истокот и Западот биле во движење. Тие сакале да го слушнат гласот на последниот Голем Божји Пратеник.

## ПРЕДСКАЖУВАЊЕТО ЗА ПОБЕДАТА НАД РИМЈАНИТЕ

Во времето на овие случувања Каисер (Kaiser) и Кхосреус (Chosreos) од Иран влегле во голема војна. Кхосреус бил победник. Сирија и Палестина биле прегазени од иранските војски. Ерусалим бил разурнат. Египет и Мала Азија биле покорени. На Босфор, само десет километри од Константинопол, иранските генерали ги кренале своите шатори. Меканците им се радувале на иранските победи, велејќи дека бил донесен суд Божји – идолопоклониците на Иран го поразиле Народот на Книгата. Во тоа време Чесниот Пратеник ја примил следната објава:

> *"Римјаните се поразени, во земјата блиска, а тие после овој пораз ќе победат од три до девет години. Аллаховата одредба е пред и потоа, и тој ден верниците ќе и се радуваат (на својата победа), (тоа ќе се случи) со Аллаховата помош. Он помага на оној на кого Он сака. Он е Моќен и Сомилосен. (Ова е) Аллаховото ветување. Аллах не го крши своето ветување, само повеќето луѓе тоа не го знаат."*
>
> (30:3-7)

Претскажувањето се исполнило за неколку години. Римјаните ги поразиле Иранците и ги вратиле териториите што ги изгубиле. Делот од претскажувањето, кој вели: "Тој

ден верниците ќе се радуваат со Аллаховата помош," исто така, било исполнето и исламот почнал да напредува. Меканците верувале дека го уништиле исламот зборувајќи им на луѓето да не ги слушаат муслиманите туку, наместо тоа, да покажат силно непријателство кон нив. Во тоа време Пратеникот во своите објави ја примил веста за победата на муслиманите и за уништувањето на Меканците. Пратеникот тоа го објавил со следните зборови:

> *"А тие велат: 'Зошто не ни донесе еден јасен знак од својот Господар?' Зарем доказот не им дојде за она што е во претходните скрипти? А Ние да ги уништивме со казна пред тоа, тие сигурно би рекле: 'Господару наш, зошто Ти нам не ни прати пратеник да ги следиме Твоите ајети, пред да бидеме понижени и осрамотени? Ти кажи: 'Секој чека; затоа и вие чекајте, тогаш сигурно ќе дознаете за оние кои се на Правиот пат и кој е упатен!"*
>
> (20: 15-16)

Меканците приговарале зошто знаците не им се упатени. Им било кажано дека претскажувањето за исламот и Пратеникот, кое било запишано во раните книги, требало да им биде доволно. Ако Меканците биле уништени пред Пораката на исламот да биде објаснета, тие би приговарале дека немале прилика да ги разберат знаците.

Поради тоа Меканците ќе чекаат.

Објавите кои ветувале победа на верниците и пораз на неверниците доаѓале секој ден. Кога Меканците уживале во својата моќ и благосостојба на сметка на сиромашните и беспомошните муслимани, и кога во Пратениковите

секојдневни објави слушале за ветувањата за Божјата помош и за победите на муслиманите, не престанувале да се чудат. Дали тие се луди, или Пратеникот е луд? Се надевале дека прогонувањето ќе ги примора муслиманите да ја напуштат својата вера и да им се вратат, и дека Пратеникот и неговите блиски пријатели ќе почнат да се сомневаат во Пораката. Но наместо тоа, тие ги слушале уверливите потврди на Чесниот Пратеник, како што е следната:

> *"Но, не! Јас се колнам во она што го гледате, и во она што не го гледате... тоа, навистина е, Говор објавен до пејгамберот благороден; не е говор на поет; малкумина верувате! а не е говор ни на волшебник; само малкумина се сеќавате. Тоа е Објава од Господарот на световите. А да зборуваше против нас зборови никакви, Ние ќе го фатевме за десната рака, силно, а потоа ќе му ја пресечевме вената што куца и никој меѓу вас не ќе можеше да го спаси. Кур`анот е Опомена за богобојазливите, навистина! Да, Ние знаеме дека меѓу вас има лажговци, и тој ќе биде хасрет за неверниците! Кур`анот, навистина, е Вистина, па, слави Го, со името, Господарот Голем!"*
>
> (69:39-53)

Меканците биле предупредени дека сите нивни лековерни надежи ќе бидат уништени. Пратеникот не бил ниту поет, ниту пророк, ниту лажливец. Кур‘анот бил учење за побожните. Навистина, тој има и свои тајни почитувачи, оние кои се љубоморни поради неговото учење и неговата вистина. Ветувањата и претскажувањата во него, сите ќе бидат исполнети. Од Пратеникот била побарана една работа;

да ги занемари сите спротивставувања и да продолжи да го велича својот Моќен Бог.

Стасал и третиот хаџџ. Помеѓу аџиите од Медина била голема група на муслимани. Поради меканското спротивставување овие муслимани од Медина сакале приватно да го видат Пратеникот. Пратениковите мисли се повеќе се свртувале кон Медина, како кон место во кое ќе се насели. Тоа им го спомнал на своите соработници кои се обидувале да го одвратат од таквата намера. Изгледало дека Мека, иако полна со опозиција, сепак им давала потпора од страна на неколку влијателни врски. Изгледите во Медина, се чинеле сосема несигурни, и ако таа се покаже непријателска како Мека, дали Пратениковите врски во Мека ќе бидат во состојба да помогнат? Пратеникот сепак бил убеден дека селењето во Медина било одредено. Поради тоа го одбил советот на своите пријатели и одлучил да се насели во Медина.

## ПРВИОТ ЗАВЕТ НА АКАБА

После полноќ, во долината на Акаба, Пратеникот повторно се сретнал со муслиманите од Медина. Со него бил неговиот амиџа Аббас. Од Медина дошле седумдесет и три муслимани, од кои шеесет и двајца припаѓале на племето Кхазраџ, а единаесет на племето Аус. Во групата биле и две жени, една од нив била Умми Аммара од Бен-Наџар. Нив во исламот ги воведувал Мус‘аб и тие биле полни со вера и одлучност. Во годините кои следеле тие се покажале како столбови на исламот. Умми Аммара претставува еден

исклучителен пример, која на своите деца им ја всадила вечната верност кон исламот. Еден од нејзините синови Хабиб бил заробен од измамникот Мусаилим, во еден од судирите по Пратениковата смрт. Мусаилим настојувал да ја поколеба Хабибовата вера. “Дали веруваш дека Мухаммед е Божјиот веровесник?” Го прашал. “Да,” одговорил Хабиб. “Дали веруваш дека јас сум Божјиот веровесник,” прашал Мусаилим. “Не,” одговорил Хабиб. На ова Мусаилим наредил да му отсечат еден дел и повторно го прашал. “Дали веруваш дека Мухаммед е Божјиот веровесник?” “Да,” одговорил Хабиб. “Веруваш ли ти дека јас сум Божјиот веровесник?” “Не,” одговорил Хабиб. Мусаилим тогаш наредил да му исечат уште еден дел од телото. Го секле дел по дел се додека телото не било распарчано. Хабиб умрел со сурова смрт, но зад себе оставил незаборавен пример за личен хероизам како жртва на верското убедување.

(Хаибијја, том 2, стр. 17)

Умми Аммара била со Пратеникот во неколку војни. Оваа група на муслимани од Медина наскоро добила големо признание поради својата верност и верата. Тие не дошле во Мека да бараат богатство и имот, туку само да ја пронајдат верата.

Поради семејните врски, како и поради чувството на одговорност за Пратениковата сигурност, Аббас вака и се обрнал на групата:

“О, Кхазраџ, овој мој, милиот, е почитуван од својот народ. Тие не се сите муслимани, но го штитеа. Но, тој сега одлучил да не напушти и да дојде кај вас. О, Кхазраџ, знаете

ли вие што ќе се случи? Цела Арабија ќе биде против вас. Ако го разбирате ризикот кој вашиот потег го повлекува зад себе, тогаш одведете го; ако не го разбирате, тогаш напуштете ја својата намера и пуштете го да остане овде.”
Водачот на групата А-Бара убедливо му одговорил:
“Те слушнавме. Нашата одлучност е цврста. Нашите животи се на располагање на Божјиот Пратеник. Ние одлучивме, и само ја чекаме неговата одлука.”

(Хаибијја, том 2, стр.18)

Понатаму, Пратеникот продолжил со толкувањето на исламот и неговото учење. Тогаш на групата и кажал дека тој е подготвен да оди во Медина, ако тие исламот го чуваат со љубов, онака како што си ги чуваат децата и жените. И не завршил со говорот кога оваа група од седумдесет и тројца верни повикала во еден глас: “Да, да.” Во своето одушевување заборавиле дека можат да ги слушнат и Абасс ги предупредил потивко да зборуваат. Но, оваа група била исполнета со вера. Смртта сега за нив била ништожна. Кога Абасс ја предупредил групата, еден од нив гласно кажал: ”О, Божји Пратениче, ние не се плашиме. Одобри ни, и ние веднаш ќе излеземе на крај со Меканците, и ќе ја осветиме неправдата која ти е нанесена.” Пратеникот одговорил дека се уште не му е наредено да се бори.
Групата тогаш го дала заветот на верност и заминала.

Кога Меканците слушнале за оваа случка отишле кај главатарот на Медина за да приговараат на сметка на оваа група на посетители. Абдуллах бин Уббај бин Салул – главниот главатар – ништо не знаел за случувањата. Ги уверил Меканците дека тоа што го слушнале сигурно биле

лажни гласини. Луѓето на Медина го прикажале како свој водач и не можеле да направат ништо без негово знаење и одобрување. Но, тој не знаел дека истите луѓе го отфрлиле теророт на Шејтанот и наместо тоа ја прифатиле Божјата власт.

## ХИЏРА

Групата од Медина се вратила дома, а Пратеникот и неговите следбеници започнале со подготовките за селидба. Семејствата, едно по едно, се селеле од Мека. Муслиманите, сигурни дека Божјото Кралство е близу, биле исполнети со храброст. Понекогаш, во текот на ноќта, цели улици останувале празни. Наутро, Меканците би затекнале заклучени врати и сфаќале дека жителите се иселиле во Медина. Растечкото влијание на исламот ги запрепастувало.

На крај, ниту еден муслиман не останал во Мека, освен робовите кои го прифатиле исламот, како и Пратеникот, Абу-Бакр и Алија. Меканците сфатиле дека нивната жртва наскоро ќе избега. Главатарите повторно се собрале и одлучиле дека дошло време да го убијат Пратеникот. Посебен Божји план бил, денот кој го определиле за убиство да биде денот на Пратениковата хиџра (иселувањето). Кога група Меканци се собрала околу куќата на Пратеникот, со намера да го убијат, Пратеникот во закрилата на ноќта излегол надвор. Сигурно Меканците се плашеле дека тој ќе го открие нивниот подол план, затоа внимателно оделе по својот пат и кога Пратеникот поминал покрај нив тие помислиле дека тоа е некој друг и се повлекле да не бидат откриени. Пратениковиот пријател Абу-Бакр, ден

порано бил известен за планот. Му се придружил точно на време и двајцата ја напуштиле Мека и нашле засолниште во пештерата Тхаур, околу три миљи од Мека преку ридот. Кога Меканците дознале за Пратениковото бегство, се собрале и пратиле еден одред во потера.

Потерата набргу стасала до пештерата. Стоејќи на влезот на пештерата водачот на групата кажал дека Мухаммед или е во пештерата или се воздигнал на небото. Кога Абу-Бакр го слушнал ова неговото срце се исполнило со тага. “Непријателот изгледа не фати,” прошепотел. “Не плаши се, Бог е со нас,” одговорил Пратеникот. “Не ми е страв за мене,” продолжил Абу-Бакр, “туку за тебе. Бидејќи ако јас умрам, јас сум само обичен човек; но, ако ти умреш, тоа ќе значи смрт на верата и на духот.”

(Зуркани)

“Дури и да се случи така, не плаши се,” го уверувал Пратеникот, “не сме само ние двајцата во оваа пештера. И третиот е тука – Бог.”

Било одредено меканскиот зулум да заврши. Исламот морал да добие прилика да напредува. Прогонувачите биле измамени. Ја исмејувале остроумноста на водачот. Рекле дека отворот на пештерата е преголем и никој не би влегол внатре бидејќи со змиите никој не е безбеден. Само малку да се наведнале, можеле да ги видат двајцата како седат. Но, не го направиле тоа, туку се вратиле во Мека.

Пратеникот и Абу-Бакр останале два дена во пештерата. Третата ноќ, според планот, до пештерата биле доведени две брзоноги камили, една за водачот и

Пратеникот, а другата за Абу-Бакр и неговиот слуга Амр бин Фухаир.

## СУРАКА ВО ПОТРАГА ПО ПРАТЕНИКОТ

На тргнување, Пратеникот се свртел кон Мека. Чувствата во неговото срце надоаѓале. Мека била неговото родно место. Тука тој живеел како дете, како возрасен и тука го примил Божјиот повик. Тоа било местото каде живееле неговите претци и се ширеле уште од времето на Исмаил. Со овие мисли за последен пат погледнал кон градот и тогаш рекол: “Меко, помила си ми од било кое друго место во светот, но твојот народ не ми дава да живеам овде.” На тоа Абу-Бакр рекол: “Ова место го отфрли својот Пратеник. Сега, нека го чека своето уништување.” Меканците по неуспехот на потерата прогласиле цена за главата на двајцата бегалци. Кој ќе ги фати и ќе им ги врати Мухаммед или Абу-Бакр, мртви или живи, ќе добие награда од сто камили. Веста ја рашириле меѓу племињата околу Мека. Примамен од наградата, бедуинскиот главатар Сурака бин Малик, тргнал во потерата по оваа група и наскоро ги здогледал на патот за Медина. Видел две камили со јавачите и бил уверен дека се тие. Го форсирал коњот но тој се сопнал и заедно со јавачот паднал. Сурака подоцна станал муслиман, и тој вака ја опишувал случката:

> *“Откако паднав од коњот, ја испробував својата среќа со фрлање на стрели на празноверен начин вообичаен кај Арапите. Стрелите ми прорекоа лоша среќа. Но, наградата беше примамлива. Повторно се качив на коњот и ја продолжив*

*потерата и скоро ја стасав групата. Пратеникот јаваше достоинствено и не се вртеше назад. Абу-Бакр, напротив, непрестано се свртуваше (веројатно од страв за сигурноста на Пратеникот). Кога им се приближив мојот коњ повторно се сопна и јас повторно паднав. И повторно ги испробував стрелите и тие ми навестија лоша среќа. Копитата на мојот коњ беа забиени длабоко во песокот. Се чинеше дека е невозможно повторно да го јавнам коњот и да ја продолжам потерата. Тогаш сфатив дека оваа група е под заштита на Бога. Ги повикав и љубезно ги замолив да застанат. Кога бев доволно близу им ги кажав моите зли намери, но и дека сега веќе сум ги сменил. Им кажав дека ќе ја напуштам потерата и дека ќе се вратам. Пратеникот ми дозволи да си одам, но бараше од мене да ветам дека никому нема да кажам каде се тие. Бев уверен дека Пратеникот е вистинит, и дека било предодредено да успее. Од Пратеникот побарав да ми напише гаранција за мир, која ќе ми послужи кога тој ќе стане врховен. Пратеникот побара Амир бин Фухаир да ми ја напише гаранцијата и тој ја напиша. Додека се подготвував со тоа да се вратам, Пратеникот прими нова објава за иднината и кажа: ‘Сурака, каква ќе биде твојата состојба кога на рацете ќе ги имаш златните нараквици на Кхосреус?’ Зачуден од ова претскажување запрашав: ‘Кој*

*Кхосреус? Кхосреус бин Хормизда, императорот на Иран?' Пратеникот одговори 'Да'."*

(Асад ул-Гхаба)

Шеснаесет или седумнаесет години подоцна ова претскажување било дословно исполнето. Сурака го прифатил исламот и отишол во Медина. По смртта на Пратеникот, Абу-Бакр станал халифа на исламот а по него Омар. Иранците станале љубоморни на растечкото влијание на исламот и одлучиле да ги нападнат муслиманите. Но, наместо тие да ги покорат муслиманите, муслиманите нив ги покориле. Главниот град на Иран паднал во рацете на муслиманите. Тие ги заробиле нивните ризници, вклучувајќи ги и златните нараквици кои Кхосреус ги носел на државничките обреди. По примањето на исламот, Сурака ја опишал својата потера по Пратеникот и неговата група и раскажал што се случило помеѓу него и Пратеникот. Кога пленот од војната бил ставен пред Омар, тој ги видел златните нараквици и се сетил што му рекол Пратеникот на Сурака. Тоа било величенствено претскажување дадено во време на потполна беспомошност. Омар одлучил да направи видливо исполнување на ова претскажување. Пратил по Сурака и наложил да му ги стават златните нараквици. Сурака протестирал бидејќи во исламот на мажите им било забрането да носат злато. Омар кажал дека тоа е вистина, но дека оваа прилика е исклучок. Пратеникот ги предвидел златните нараквици на Кхосреус на неговите раце; поради тоа тој треба да ги стави дури по цена на казна. Сурака приговарал поради одбраната на Пратениковото учење; впрочем тој сакал, како и секој друг, да овозможи видлив до-

каз на исполнувањето на ова величенствено претскажување. Тој ги ставил златните ракавици и муслиманите виделе како претскажувањето се исполнува.

(Асад ул-Гхаба)

Во него Пратеникот станал крал. Тој веќе не бил на овој свет, но оние кои го наследиле можеле да сведочат за исполнувањето на неговите зборови и визии.

## ПРАТЕНИКОТ ПРИСТИГНУВА ВО МЕДИНА

Да и се вратиме на приказната за Хиџра. Откако Пратеникот го испратил Сурака, без пречки продолжил да патува во Медина. Таму затекнал луѓе кои со нетрпение го очекувале. За нив не можел да осамне по убав ден, бидејќи сонцето кое заоѓало во Мека почнало да сјае над Медина.

До нив веќе стасале вестите дека Пратеникот ја напуштил Мека, и тие желно го исчекувале. И километри подалеку оделе луѓето од Медина за да го пречекаат. Оделе наутро и навечер се враќале разочарани. Кога на крајот Пратеникот стасал до Медина, одлучил накратко да застане во Куба, во блиското село. Еден Евреин видел две камили и претпоставил дека тие го носат Пратеникот и неговите пријатели. Се искачил на ридот и извикнал: “Синови на Каила, оној што го чекавте дојде.” Секој човек што го слушнал овој повик побрзал во Куба, додека луѓето на Куба воодушевени од доаѓањето на Пратеникот кај нив, пееле песни во негова чест.

Едноставноста на Пратеникот може да се објасни со случката која во тоа време се случила во Куба. Повеќето луѓе

во Медина никогаш порано не го виделе Пратеникот. Кога пак ја виделе групата што седи под дрвото, многумина од нив помислиле дека Абу-Бакр е Пратеник. Тој иако бил помлад, имал седа брада и бил поубаво облечен од Пратеникот. Поради тоа луѓето се свртеле кон него, седнале пред него и му ја укажале почитта која инаку му припаѓала на Пратеникот. Кога Абу-Бакр увидел дека него го сметаат за Пратеник, станал, ја зел наметката и ја обесил спроти сонцето и рекол: "Божји Пратениче, ти си на сонцето. Јас за тебе ја направив ова сенка."

Суптилно и љубезно, тој на луѓето од Медина им укажал на грешката. Во Куба Пратеникот останал десет дена по што луѓето од Медина го одвеле во својот град. Влегувајќи во градот сите луѓе, жени и деца излегле да го дочекаат. Меѓу песните кои пееле била и оваа:

> "Месечината во четринаесетата ноќ се појавила зад Ал-Вид. Се додека меѓу нас е оној што не повикува на Бог, обврска наша е својата благодарност да му ја даваме на Бог. На Тебе, кој си ни пратен од Бога, ние ја подаруваме својата совршена покорност."

(Халбијја)

Претеникот не влегол во Медина од источната страна. Кога луѓето го опишале како "месечина од четринаесетата ноќ," мислеле на темнината во која живееле се додека не дошол Пратеникот да ја истури својата светлина. Кога Пратеникот влегол во Медина бил понеделник. Понеделник бил и кога ја напуштил пештерата Тхаур. Во понеделник, десет години подоцна, тој ќе ја освои Мека.

# АБУ-ЕЈУБ АНСАРИ КАКО ДОМАЌИН НА ПРАТЕНИКОТ

Во Медина секој сакал да му биде домаќин на Претеникот. Додека неговата камила поминувала низ улиците, семејствата стоеле во ред за да го дочекаат. Сите во еден глас извикувале: "Ние сме тука, со своите куќи, со својот имот и со своите животи да те примиме и да ти ја дадеме нашата заштита. Дојди да живееш со нас." Многумина од нив покажувале огромна желба, оделе напред и ги држале уздите на камилата и инсистирале Пратеникот да слезе пред нивните порти и да влезе во нивните куќи. Пратеникот љубезно одбивал говорејќи: "Оставете ја на мир мојата камила. Таа е под Божјата наредба; таа ќе застане таму кај што Бог ќе посака." Камилата на крајот застанала на местото кое им припаѓало на сирачињата на Бану-Наџар племето. Пратеникот се симнал од камилата и рекол: "Се чини дека ова е местото во кое Бог сака да останеме," и прашал кому му припаѓа земјата. Повереникот на сирачињата истапил и го понудил местото за Пратениковите потреби. Пратеникот одговорил дека понудата нема да ја прифати бесплатно, туку барал да му дозволат да плати. Се договориле за цената и Пратеникот одлучил на тоа место да изгради џамија и неколку куќи. Кога ова било решено Пратеникот запрашал кој најблиску живее до ова место. Абу-Ејуб Ансари се јавил и кажал дека неговата куќа е најблиску и дека неговите слуги се на располагање на Пратеникот. Пратеникот  побарал да му подготви една соба во својата куќа. Абу-Ејубовата куќа била на кат и тој му понудил соба

на кат. Но, Пратеникот поради посетителите посакал да биде на првиот кат.

Предаността кон Пратеникот луѓето од Медина повторно ја покажале. Абу-Ејуб се согласил да му го даде долниот спрат но одбил да спие на спратот под кој живее Пратеникот. Тој и неговата жена сметале дека тоа не било во ред. Во една прилика случајно се скршила чинија со вода и водата се истурила врз подот. Абу-Ејуб плашејќи се водата да не го пробие таванот во собата во која спиел Пратеникот, го зел својот јорган и со него го исушил подот. Утрото поминал покрај Пратеникот и му ја раскажал случката од претходната ноќ и Пратеникот се согласил да се пресели на горниот спрат. Пратеникот јадел онолку колку сакал, а Ејуб го јадел она што останало. По неколку дена другите побарале да учествуваат во гостопримството кон Пратеникот. Се додека Пратеникот не се сместил во својата куќа, бил угостуван на смени кај луѓето од Медина.

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА АНАС

Една вдовица имала син единец по име Анас, кој имал осум или девет години. Таа го довела детето кај Пратеникот и го понудила за неговата лична служба. Анас останал овековечен во историските записи на исламот. Станал многу учен и богат човек. Живеел преку сто години и во времето на халифите бил многу ценет. Кога зборувал за животот со Пратеникот зборувал дека како момче отишол кај него, останал со него се до неговата смрт, дека Пратеникот секогаш љубезно му се обраќал, никогаш не го предупредил, ниту некогаш му дал задача која не можел да ја изврши. Во

текот на својот престој во Медина, Пратеникот со себе го имал само Анас. Од таа причина сведочењето на Анас всушност го открива развојот на карактерот на Пратеникот од денот на неговата растечка моќ и благосостојбата во Медина.

## ДОАЃАЊЕ НА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ПРАТЕНИКОТ ОД МЕКА И ПОСТАВУВАЊЕ ТЕМЕЛ ЗА ЏАМИЈАТА

Подоцна Пратеникот го пратил својот ослободен роб Зеид во Мека да го доведе неговото семејство и роднините. Меканците биле збунети со неговото нагло и добро испланирано бегство како и бегството на неговите следбеници. Поради тоа некое време не вршеле терор. Кога семејството на Пратеникот и на Абу-Бакр ја напуштило Мека, тие не предизвикувале никакви тешкотии. Овие две семејства непречено стасале во Медина. Во тоа време Пратеникот ги положил темелите на џамијата за која порано го купил земјиштето. За себе и за своите пријатели тој потоа изградил куќа. Сето ова го завршил во рок од седум месеци.

## НЕСИГУРНИОТ ЖИВОТ ВО МЕДИНА

Недолго, по доаѓањето на Пратеникот во Медина паганските племиња станале заинтересирани за исламот и повеќето од нив му се придружиле. Имало и такви кои во срцето не биле уверени во верата но сепак му се придружиле на исламот. Некои од нив станале вистински муслимани,

додека другите останале неискрени и продолжиле со сплеткарење против исламот и муслиманите. Оние кои не се придружиле не можеле да го поднесат големото влијание на новата вера, и поради тоа се отселиле во Мека. Медина станала муслимански град. Во неа било втемелено обожувањето на Едниот Бог. Во светот не постоел ниту еден друг град во кој тоа се случило. За Пратеникот и неговите пријатели претставувало голема радост тоа што за толку кратко време од нивното доаѓање целиот град го напуштил верувањето во киповите и на место тоа го втемелил обожувањето на Еден невидлив Бог. Но, за муслиманите се уште немало мир. Во самата Медина, група на Арапи, лицемери, која само на зборовите му се придружиле на исламот се уште биле заколнати непријатели на Пратеникот. И Евреите непрестано правеле интриги против него. Пратеникот бил свесен за овие опасности. Бил претпазлив, а тоа им го советувал и на своите пријатели и следбеници. Често останувал буден цела ноќ (Бари, том 6, стр 60). Изморен од честото бдеење еднаш побарал помош. Наскоро го слушнал звукот на оружјето. “Кој е тоа? Запрашал. Тоа е Са‘д бин Вакас, о Пратениче, дошол да стражари за тебе.” Така Пратеникот добил прилика да се одмори.

(Бухари и Муслим)

Луѓето од Медина биле внимателни кон својата голема одговорност. Тие го повикале Пратеникот да дојде да живее кај нив и така неговата заштита станала нивна одговорност. Племињата се состанале и одлучиле на смена да ја чуваат Пратениковата куќа.

Во поглед на несигурноста за неговата личност и без мирот за неговите следбеници животот во Медина не бил ништо по различен од оној што го имале во Мека. Единствената разлика била во тоа што во Медина муслиманите можеле јавно да клањаат во џамијата што ја изградиле, како и непречено за таа цел да се собираат пет пати на ден.

## ЗЛИТЕ НАМЕРИ НА МЕКАНЦИТЕ ПРОТИВ МУСЛИМАНИТЕ

Поминале неколку месеци. Луѓето од Мека се повратиле од својата збунетост и почнале да прават планови како да ги мачат и вознемируваат муслиманите. Тие биле свесни дека со создавањето на тешкотии на муслиманите во Мека и наоколу не ја оствариле целта. Било неопходно Пратеникот и неговите следбеници да се нападнат во Медина и да се истераат од нивното ново засолниште. Затоа, тие упатиле писмо на Абдуллах бин Убајј ибн-Салул, водачот на Медина, кој уште пред доаѓањето на Пратеникот бил прифатен од сите групи како главатар на Медина. Во ова писмо му кажале дека се згрозуваат од Пратениковото доаѓање во Медина и дека е погрешно што тамошните луѓе му дале засолниште. На крајот кажале:

*“Сега, кога го пуштивте нашиот непријател во вашата куќа, ние во Бога се колнеме, и прогласуваме дека ние народот на Мека ќе се здружиме во нападот на Медина, доколку вие народот на Медина, не се согласите да го*

*истерате од Медина или пак да се согласите да се борите против него. Кога ние ќе ја нападнеме Медина, ние ќе ги убиеме сите силни мажи и ќе ги заробиме сите жени."*

(Абу-Давуд, Китаб Ал-Кхараџ)

Абдуллах бин Убајј Ибн-Салул сметал дека ова писмо како од Бога да било пратено. Се советувал со другите лицемери во Медина и ги уверил дека ако на Пратеникот му дозволат да живее со нив во мир, ќе го предизвикаат непријателството на Мека. Станало извесно дека ќе започне војна со Пратеникот, само за да ги смири Меканците. Пратеникот дознал за ова. Отишол кај Абдуллах бин Убајј Ибн-Салул и се обидел да го убеди дека таквиот чекор би бил катастрофален. Многу луѓе во Медина станале муслимани и биле подготвени да го дадат својот живот за исламот. Ако Абдуллах прогласи војна со муслиманите, повеќето луѓе од Медина ќе се борат на страна на доселениците. Таквата војна скапо би го чинела и за него би можела да значи уништување. Абдуллах по овој совет се откажал од планот.

## ВРСКАТА ПОМЕЃУ БРАТСТВАТА АНСАР И МУХАЏИР

Во исто време Пратеникот превземал втор важен чекор. Ги собрал муслиманите и предложил секој од двајцата муслимани – еден ансар и еден мухаџир – да станат поврзани како двајца браќа. Оваа идеја била добро примена. Ансарите од Медина ги прифатиле мухаџирите од Мека како свои браќа. Под ваквото ново братство муслиманите на Медина им понудиле на муслиманите на Мека со нив да го

делат имотот и се она што имаат. Еден ансар од Медина понудил да се разведе од една од своите две жени и таа да се омажи за својот брат мухаџир од Мека. Мухаџирот од Мека ја одбил оваа понуда на ансарот од Медина од почит кон неговите потреби. Но, ансариите од Медина останале упорни и случајот морал да му се поднесе на Пратеникот. Ансариите од Медина упорно останувале на тоа дека меканските мухаџири се нивни браќа и поради тоа со нив треба да си го делат имотот. Мухаџирите од Мека не знаеле како да управуваат со земјата, но можеле приносот од земјата да го делат, ако не и самата земја. Мухаџирите од Мека со благодарност ја одбиле оваа понуда и останале верни на своето занимање, трговијата. Многумина мекански мухаџири станале повторно богати. Но, ансариите од Медина секогаш го помнеле својот обид имотот да го поделат со меканските мухаџири. Многу пати, кога некој ансар од Медина ќе умрел, неговите синови наследството го делеле со своите мекански браќа. Оваа пракса продолжила долго години, се додека Кур‘анот не ставил забрана на учењето на поделбата на наследството.

(Бухари и Муслим)

## СПОГОДБАТА ПОМЕЃУ РАЗНИТЕ ПЛЕМИЊА НА МЕДИНА

Покрај обединувањето на меканските и мединските муслимани во братство, Чесниот Пратеник вовел и сојуз помеѓу сите жители на Медина. Со овој сојуз и Арапите и Евреите биле обединети со муслиманите. Пратеникот им објаснил и на Арапите и на Евреите дека пред муслиманите во Медина да се развијат како група, во нивниот град биле

само две групи но сега со нив веќе се три групи. Било неопходно да се направи спогодба која за сите нив би била обврзувачака и која на сите би им осигурала извесен мир. Конечно стигнале до спогодба која гласела:

*“Помеѓу Божјиот Пратеник и верниците од една страна, и сите останати од друга страна, кои доброволно се согласуваат да влезат. Муслиманите лично ќе бидат одговорни. Одговорноста за сигурноста и ослободувањето на нивните затвореници, исто така, ќе биде нивна. Муслиманските племиња, исто така, ќе бидат одговорни за своите животи и за своите затвореници. Било кој да се побуни или да шири непријателство ќе се смета за заеднички непријател. На сите ќе им биде должност да се борат против него, дури и ако се случи тој да им е син или близок роднина. Ако неверникот биде убиен во борба од страна на верниците, неговите муслимански роднини нема да бараат освета, ниту ќе им помагаат на неверниците против верниците. Муслиманите ќе им помогнат на Евреите кои ќе се приклучат на оваа спогодба. Евреите нема да се најдат во ниту една потешкотија. На нивните непријатели нема да им се помогне во борбата против нив. Ниту еден неверник нема да даде засолниште некому од Мека. Тој нема да постапува како доверител за било каков мекански имот. Нема да учествува во војната помеѓу муслиманите и неверниците. Ако некој муслиман биде убиен без причина, муслима-*

*ните ќе имаат право да се борат против убијците. Ако заеднички непријател ја нападне Медина, Евреите ќе застанат до муслиманите и ќе ги делат трошоците за борбата. Еврејските племиња, во спогодба со другите племиња на Медина, ќе имаат права слични на правата на муслиманите. Евреите ќе се држат до својата вера а муслиманите до својата. Правата кои ги уживаат Евреите, исто така, ќе ги уживат и нивните следбеници. Граѓаните на Медина немаат право да прогласат војна без дозвола на Пратеникот. Ова однапред не го одредува правото на било кој поединец да се освети за поединечна неправда. Евреите ќе ги сносат своите трошоци, а муслиманите своите. Но, во случај на војна, ќе постапуват единствено. Градот Медина ќе се смета за свет град и неповредлив од страна на оние кои ја потпишаа ова спогодба. Кон луѓето што ќе дојдат под заштита на граѓаните на Медина ќе се постапува како кон граѓаните на Медина. Но, на граѓаните на Медина нема да им биде дозволено да воведат било која жена меѓу своите граѓани без одобрување на нејзиното семејство. Сите недоразбирања ќе им бидат поднесени на Бога и на Пратеникот. Тие ќе донесат одлука. Страните во оваа спогодба ќе немаат право да влезат во било каква спогодба со Меканците или нивните сојузници, бидејќи страните во оваа*

*спогодба се согласуваат во давањето на отпор кон своите заеднички непријатели. Страните ќе останат обединети во мирот како и во војната. Ниту една од страните нема да влезе во поединечен мир. Но, ниту една од страните нема да биде обврзана да земе учество во војна. Меѓутоа, страната која ќе направи престап ќе биде подложена на казна. Сигурно, Бог е заштитник на богобојазливите и верните а Мухаммед е Неговиот Пратеник."*

(Хишам)

Ова, накратко, е содржината на спогодбата. Таа била подготвена од деловите на пишаниот текст и подоцна влегла во историските записи. Без сомнение, спогодбата истакнува дека во решавањето на конфилктите и несогласувањата на страните, водечки принципи ќе бидат: искреноста, вистинитоста и праведноста. Оние што ќе направат неправда ќе треба да бидат одговорни за таа неправда. Спогодбата ни зборува за тоа дека Пратеникот на исламот бил решителен пристојно и љубезно да постапува со другите граѓани на Медина, да ги почитува и да постапува со нив како со браќа. Во случај подоцна да се појават несогласувања и караници одговорноста ќе ја сносат Евреите.

## ПОЧЕТОКОТ НА НОВИТЕ ИНТРИГИ НА МЕКАНЦИТЕ

Како што веќе кажав, поминале неколку месеци откако Меканците не можеле да го обноват своето планирано непријателство кон исламот. Биле во прилика кога Са'д бин

Му‘аз, главатарот на Аус племето од Медина, стасал во Мека поради посетата на Каба. Абу Џехел во таа прилика го сретнал и му рекол: “По давањето на заштитата на овој одметник Мухаммед, зарем навистина очекуваш дека можеш да дојдеш во Мека и мирно да ја посетиш Каба? Навистина мислиш дека можеш да го заштитиш и спасиш? Ти се колнам во Бога дека ти немаше да му се вратиш на семејството да не беше со тебе Абу-Суфијан.”

Са‘д Му‘аз одговорил: “Верувај ми кога ти велам, дека, ако вие Меканците ни забраните посета и обиколка на Каба, ќе немате мир на патот кон Сирија.” Во тоа време Валид бин Мугхира бил сериозно болен. Мислел дека му дошол крајот. Останатите главатари седеле околу него. Валид не можел да се воздржи и почнал да плаче. Меканските главатари биле зачудени од тоа и го прашале зошто плаче. “Мислите ли вие дека ми е страв од смртта? Не, не ми страв дека ќе умрам. Она од што ми е страв е дека верата на Мухаммед ќе се рашири и дури и Мека ќе и подлегне.” Абу-Суфијан го уверил Валид дека се додека се живи по цена на живот ќе го попречуваат ширењето на таа вера. (Кхамис, том1)

## МЕКАНЦИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ДА ЈА НАПАДНАТ МЕДИНА

Кога ќе се осврнеме на овие случувања станува јасно дека прекинот на непријателството на Меканците било само привремено. Водачите на Мека се подготвувале да ги обноват нападите кон исламот. Оние водачи кои умирале, оние после нив, со заклетва ги обврзувале на непријателство

кон Пратеникот, и ги поттикнувале на војна против него и неговите следбеници. Го подбуцнувале народот на Медина да завојуваат против муслиманите и ги предупредиле дека ако одбијат, Меканците и нивните сојузнички племиња ќе ја нападнат Медина и ќе ги убијат нивните мажи а жените ќе ги заробат.

## ПЛАНОТ ЗА ОДБРАНА НА ЧЕСНИОТ ПРАТЕНИК

Ако Пратеникот стоел на страна и ако ништо не превземал за одбрана на Медина, на себе би натоварил огромна одговорност. Поради тоа, Пратеникот вовел системот на извидување. Пратил група луѓе во околината на Мека да ги дознаат плановите и подготовките за војна. Помеѓу овие групи и Меканците се случувале тепачки и борби. Христијанските писатели велат дека овие испади ги започнал Пратеникот, и поради тоа во идните војни тој бил агресорот. Но, ние пред себе имаме тринаесет години на насилството на Меканците и нивните интриги за да го предизвикат непријателството на народот на Мека против муслиманите и заканата за нападот на самата Медина. Сите оние што го помнат ова не можат Пратеникот да го обвинат за започнувањето на овие случувања. Тоа што пратил група муслимани да извидуваат било во самоодбрана. Тринаесет години на насилството било доволно оправдување за муслиманите да се подготват за самоодбрана. Ако од тоа произлегла војната помеѓу нив и нивните непријатели од Мека, одговорноста не им припаѓала на муслиманите. Слабите темели врз кои денешните христијански нации прогласуваат војна помеѓу себе добро ни се познати.

Половина од она што Меканците им го направиле на муслиманите, ако им беше направено на некој од европските народи и тие би чувствувале дека е оправдано да тргнат во војна. Кога народот на една земја го организира убивањето на другиот, кога еден народ го присилува другиот да го напушти домот, зарем тоа на жртвите не им дава право да завојуваат? Самото иселување на муслиманите во Медина им давало за право да прогласат војна со Меканците. Но, Пратеникот не прогласил војна. Тој покажал толерантност и своите одбрамбени активности ги ограничил само на извидување. За разлика од него Меканците продолжиле да ги вознемируваат муслиманите. Тие го подбуцнувале народот на Медина против нив и им го забранувале аџилакот. Ги смениле своите вообичаени патишта на караваните кон Сирија и почнале да одат низ племенските области околу Медина, како би влијаеле на овие племиња да се здружат против муслиманите. Мирот во Медина бил загрозен; разбирливо е дека должноста на муслиманите била сериозно да ја прифатат заканата која Меканците четринаесет години им ја упатувале. Никој под овие околности не може да се сомнева во правото на муслиманите да го прифатат ова нафрлање.

## ТЕМЕЛОТ НА ИСЛАМСКАТА ВЛАДА ВО МЕДИНА

Додека Пратеникот се занимавал со извидувањето, не ги занемарил нормалните и духовните потреби на своите следбеници во Медина. Повеќето граѓани на Медина со своите постапки и убедувања станале искрени муслимани. Некои пак останале лицемерни. Поради тоа Пратеникот

почнал да воведува исламска форма на влада меѓу своите следбеници. Пред тоа Арапите за своето право одлучувале со помош на сабја. Пратеникот вовел правосудна постапка. Одредени се судии кои одлучувале во случаите на поплаки кои групи или поединци ги изнесувале едни против други. Доколку судијата не прогласи дека жалбата е праведна и вистинита, таа не била призната. Во претходните времиња (пред исламот) луѓето не посветувале внимание на образованието. Пратеникот преземал чекори да ја унапреди писменоста и љубовта кон учењето. Од оние кои знаеле да читаат и да пишуваат било барано да ги учат оние кои тоа не го знаеле. Неправдата и суровоста полека се губеле. Втемелени се правата на жените. Богатите имале обврска да им помагаат на сиромашните и да ја поправаат општествената положба на Медина. Работниците биле заштитени од искористување. За слабите и неспособните наследници одредени се доверители. Почнале да ги запишуваат заемите. Ја истакнувале важноста на исполнувањето на ветувањата и обврските. Ги снемало грдите однесувања кон робовите. Почнале да обрнуваат внимание кон хигиената и јавните санитарии. Направен е попис на населението. Премините и улиците биле проширени и водена е сметка за нивната чистота. Накратко, воведени се закони за унапредување на идеален семеен и општествен живот. На примитивните Арапи за прв пат во историјата им се дадени правила на пристојно и културно живеење

# БИТКАТА КАЈ БЕДР

Додека Пратеникот ги правел плановите за практично воведување на законите кои требало да служат не само во неговото доба туку на целото човештво за сите времиња, луѓето од Мека правеле планови за војната. Пратеникот правел план за законот кој на неговиот народ и на сите други народи требало да им донесе мир, чест и напредок; неговите непријатели од Мека правеле план за уништување на тој закон. Меканските планови на крајот довеле до битка кај Бедр. Тоа било во тринаесетиот месец од Хиџра. Трговскиот караван предводен од Аби-Суфијан се враќал од Сирија. Преправајќи се дека го штитат караванот, Меканците кренале огромна војска и одлучиле да ја испратат во Медина. Чесниот Пратеник дознал за нивните намери. Исто така, ги примил објавите од Бога кои кажувале дека дошло време на непријателот да му се возврати со иста мера. Со неколкумина од своите следбеници отишол надвор од Медина. Никој во тоа време не знаел дали ова група на муслимани ќе се соочи со караванот кој доаѓал од Сирија или со војската која доаѓала од Мека. Оваа група броела околу триста луѓе. Караванот во тоа време не се состоел само од камилите натоварени со роба, туку имал и вооружени луѓе кои го чувале караванот и го прателе во текот на патувањето. Бидејќи постоела спротивставеност помеѓу Меканците и муслиманите во Медина, меканските главатари почнале да водат посебна грижа за вооружување на придружбата. Историјата забележала факти за други два каравани кои кратко време пред тоа поминале по овој пат. Во еден од нив се наоѓале двеста наоружани луѓе како стражари и

придружба, а во другиот триста. Погрешно е она што го кажуваат христијанските писатели, дека Пратеникот имал триста следбеници и тргнал да го нападне незаштитен трговски караван. Ваквите изјави се штетни и неосновани. Караванот кој сега доаѓал од Сирија бил огромен, и земајќи ја во предвид неговата големина и вооружената придружба која одела со другите каравани, се чини разумно да се претпостави дека тој имал најмалку четирсто до петсто наоружани чувари. Да се зборува дека Пратеникот со себе водел триста слабо наоуружани муслимани за да ограбат толку добро обезбеден караван, крајно е неправедно. Само големи предрасуди и силни непријателства против исламот можат да предизвикаат таква мисла. Ако оваа мала муслиманска група излегла да се соочи со овој караван нивниот потфат не би можел да биде опишан како војна пустоловина, иако тоа била војна во самоодбрана, бидејќи групата на муслиманите од Медина била малечка и слабо наоружана, додека меканскиот караван бил огромен и добро наоружан, и поради тоа што веќе долго време воделе кампања против муслиманите од Медина.

Всушност, условите под кои оваа малечка група на муслимани тргнала од Медина биле далеку посериозни. Тие тргнале да ги разбијат интригите  раширени помеѓу племињата на Медина. Како што кажав, тие не знаеле дали ќе се соочат со караванот од Сирија или со војската од Мека. Како што Кур‘анот ни кажува, се чини дека ова бил Божји план тие да се соочат со армијата, а не со караванот. На нив, тоа на почетокот не им било кажано од причина да се провери нивната вера и нивната искреност. Откако се

оддалечиле од Медина, Пратеникот им кажал дека ќе треба да војуваат со голема меканска војска наместо со мал сириски караван. До муслиманите стасале само нејасни претпоставки за големината на меканската војска. Во најдобра варијанта се претпоставувало дека брои околу илјада војници, сите добро вооружени и искусни во војувањето. Бројот на оние кои биле со Пратеникот бил само три стотини, и повеќето од нив биле невешти, неискусни, и слабо вооружени. Повеќето од нив оделе пеш, или јавале на камили. Во целата група имало само два коња. Оваа група која била толку слабо опремена со оружје и била толку неискусна, требало да судри со сила која била три пати по бројна и која се состоела од искусни војници. Очигледно, ова е најопасната работа која воопшто била преземена во историјата. Чесниот Пратеник не сакал било кој против своја волја да оди во војна. Тој јасно и кажал на групата дека веќе не се работи за караванот со кој треба да се соочат туку се работи за меканската војска, и ги запрашал за совет. Еден по друг меканските следбеници станувале и го уверувале Пратеникот во својата верност и ревност и својата решителност да се борат со меканската војска која дошла да ги нападне муслиманите во нивните куќи во Медина. Секој пат кога ќе ги слушнал меканските муслимани Пратеникот барал уште препораки и уште совети. Муслиманите од Медина молчеле. Агресорите биле од Мека и многумина од нив имале крвни врски со овие муслимани кои со Пратеникот се населиле во Медина, и се плашеле дека со нивната ревност да се борат со меканските непријатели ќе ги повредат чувствата на нивните мекански браќа. Но, кога

Пратеникот инсистирал на се повеќе совети еден муслиман од Медина станал и рекол: "Божји Пратениче, ти имаш потполн совет кој го бараш, но и понатаму прашуваш. Можеби ти укажуваш на нас, муслиманите од Медина. Дали тоа е вистина?"
"Да," одговорил Пратеникот.

"Ти нас не прашуваш за совет," продолжил човекот, "бидејќи мислеше дека ние, кога дојде кај нас, се согласивме да се бориме на твоја страна само во случај, ти и твоите другари кои со тебе се иселија од Мека, да бидете нападнати во Медина. Но, сега се чини дека сме излезени од Медина, и ти чувствуваш дека нашата спогодба не ги опфаќа условите под кои денес се наоѓаме. Но, Божји Пратениче, кога влеговме во спогодбата ние не те знаевме како што сега те познаваме. Ние сега знаеме колку висока духовна положба имаш. Нам не ни е грижа за она во што сме се спогодиле. Ние сега стоиме до тебе, и што и да побараш од нас ние тоа ќе го направиме. Ние нема да постапиме како следбениците на Муса кои рекле: 'одете ти и твојот Бог, борете се со непријателот, ние ќе останеме тука зад тебе.' Ако мораме да се бориме ние ќе се бориме, и ќе се бориме од твојата десна страна и од твојата лева страна, и пред тебе и зад тебе. Вистина е дека непријателот сака тебе да те фати. Но, ние те уверуваме дека тој тоа нема да го направи освен ако гази преку нашите мртви тела. Божји Пратениче, ти нас не повика да се бориме. Ние сме подготвени и повеќе да направиме. Морето не е далеку од тука. Ако ни наредиш да скокнеме во него, ние нема да се двоумиме."

(Бухари, Китаб ул-Магхази и Хишам)

Ова бил духот на преданоста и жртвата која раните муслимани ја покажале, и ниту еден сличен пример не може да се најде во историјата. Напред е наведен примерот на Муса. Што се однесува до следбениците на Иса знаеме дека тие во судниот момент го напуштиле. Еден од нив го предал за ништожна цена. Другите го проколнувале, останатите десет избегале. Муслиманите од Медина кои му се придружиле на Пратеникот, го познавале само година и половина. Но, стекнале таква сила во верата, што без размислување и во морето ќе се фрлеле, само тоа Пратеникот да го побарал од нив. Пратеникот го прифатил советот. Тој воопшто не се сомневал во верноста на своите следбеници, но го прифатил советот поради оние со слаба вера за и тие да се вратат. Пратеникот сепак видел дека муслиманите и на Мека и на Медина се натпреваруваат едни со други во изразувањето на својата вера. И едни и други биле решителни дека нема да му го свртат грбот на непријателот иако тој бил три пати поброен од нив и далеку подобро опремен, вооружен и искусен. Тие ја ставиле својата вера во Божјите ветувања, ја покажале почитта кон исламот и ги дале своите животи во негова одбрана.

Уверен во верноста на муслиманите од Мека и Медина, Пратеникот тргнал напред. Кога стасал до местото наречено Бедр, го прифатил предлогот на еден од своите следбеници и им наредил на своите луѓе да се сместат близу до потокот Бедр. Муслиманите го завземале овој извор на вода, но земјата на која ја завземале положбата целата била песочна и поради тоа била неподобна за маневар. Пратениковите следбеници покажале загриженост. Самиот

Пратеник исто така бил загрижен и цела ноќ ја поминал во учење на дови. Непрекинато зборувал:

> *"Боже мој, на сето лице на Земјата сега, само овие луѓе Тебе ти се верни и одлучни да го втемелат Твоето обожување. Боже мој, ако овие луѓе денес умрат од своите непријатели во оваа борба, кој ќе остане зад нив да го велича Твоето име?"*

Бог ги слушнал неговите дови. Преку ноќ паднал дожд и песочниот дел на полето кои муслиманите го завземале станал влажен и тврд. Сувиот дел од полето кој го завземале непријателите станал калав и лизгав. Можеби Меканците го избрале овој дел на полето, а другиот го оставиле на муслиманите бидејќи нивното искусно око и дало предност на сувата почва за да го олесни движењето на нивните војници и коњицата. Но, преку Божја интервенција тие биле победени од сопственото оружје. Поради дождот кој паднал ноќта, полето во поседот на муслиманите се стврднало, а тврдата почва кај што Меканците се улогориле станала лизгава. Во текот на ноќта Пратеникот добил радосна вест од Бога во кој било кажано дека одредени поединци кај непријателот ќе бидат убиени. Исто така му било објавено местото на кое тие ќе паднат мртви. Тие умреле како што биле именувани и паднале каде што било претскажано.

Во самата борба оваа мала група на муслимани покажала восхитувачка храброст и верност. Една случка ова

го покажува. Еден од неколкуте генерали кои муслиманска војска ги вклучила бил Абдар-Рахман бин Ауф, еден од главатарите на Мека кој бил искусен војник. Кога борбата започнала, тој погледнал на својата  десна страна, па на левата за да види каков вид на помош може да добие. На свое изненадување на двете страни се наоѓале само две момчиња од Медина. Срцето му затреперило и сам на себи си рекол: "На секој генерал му требала помош од страна. Посебно денес. Но, јас имам само две незрели момчиња. Што можам да направам со нив?" Абдар-Рахман бин Ауф само што завршил со зборувањето кога едно од момчињата му го допрело бокот со лактот. Кога се наведнал да го слушне момчето, тоа кажало: "Тетин, ние слушнавме за еден по име Абу-Џехел кој го вознемирувал и мачел Пратеникот. Тетин, јас сакам да се борам со него; покажи ми каде е тој." Абдар-Рахман се уште не одговорил на ова кога неговото внимание го привлекло момчето од другата страна кое истото го прашало. Абдар-Рахман бил силно изненаден од храброста и решителноста на овие две момчиња. Еден зрел искусен војник сметал дека дури и тој би го избрал командантот на непријателот за личен судир. Абдар-Рахман го кренал прстот да им го покаже Абу-Џехел кој бил вооружен до заби и стоел зад линијата заштитен од двајца постари генерали со исукани сабји. Абдар-Рахман не го ни спуштил прстот кога двете момчиња се втурнале во редовите на непријателот со брзина на орел, право кон својата избрана мета. Нападот бил изненаден. Војниците и чуварите биле скаменети. Ги нападнале момчињата, и едното од нив изгубило рака но не се обесхрабрувале. Со таква жестина го нападнале Абу-

Џехел што тој смртно ранет паднал на земјата. Од однесувањто на овие две момчиња и нивната храброст можеме да согледаме колку покорните следбеници на Пратеникот биле предизвикани од суровото прогонување на кое тие и Пратеникот биле подвргнати. Ние за нив читаме само во историјата но сепак длабоко сме трогнати. Луѓето од Медина само слушнале за таа суровост. Можеме да ги замислиме чувствата кои тие ги имале. Тие од една страна слушнале за суровоста на Меканците а од друга страна ја знаеле попустливоста на Пратеникот. Не е чудо што нивната решителност била толку голема да се одмаздат за нанесената неправда на Пратеникот и на муслиманите од Мека. Тие само барале прилика на меканските мачители да им кажат дека муслиманите не возвратиле не поради тоа што биле немоќни, туку од причина што тоа од Бога не им било одобрено.

Колку оваа мала група на муслиманска војска била одлучна да умре борејќи се, може да се види и од една друга случка.

Битката се уште не започнала кога Абу-Џехел го пратил бедуинскиот главатар кај муслиманска страна да го извести за нивниот број. Овој главатар се вратил и го известил дека муслиманите ги има околу триста. Абу-Џехел и неговите следбеници се израдувале. Мислеле дека муслиманите се лесен плен. "Али", рекол бедуинскиот главатар, "мој совет ти е да не се бориш со овие луѓе, бидејќи секој од нив изгледа решителен да умре. Јас не видов луѓе, смртта ги јаваше камилите."

(Табари и Хишам)

Бедуинскиот главатар бил во право – оние кои се подготвени да умрат не умираат лесно.

## ВЕЛИЧЕНСТВЕНОТО ПРЕТСКАЖУВАЊЕ Е ИСПОЛНЕТО

Се наближувало времето за битката. Пратеникот излегол од малата колиба во која ги учел довите и најавил:

*“Војските сигурно ќе бидат поразени и ќе го свртат грбот.”*

На Пратеникот овие зборови му биле објавени уште во Мека. Очигледно е дека се однесувале на оваа битка. Кога свирепоста на Меканците ја поминала и крајната граница и муслиманите се иселиле на место каде што ќе го пронајдат мирот, Бог на пратеникот му ги објавил следните зборови:

> *“И навистина на фараоновиот народ дојдоа оние кои опоменуваат. Тие ги одбија сите Наши знаци. Затоа, Ние ги казнивме со казната на Силниот и Моќниот. Неверниците на вашето доба дали се подобри од овие? Има ли за вас јамство во списите ваши? Зарем тие не велат: ‘Ние сме дружина победничка.’ Сигурно овие дружини наскоро ќе бидат победени и тие ќе си го свртат грбот. Инаку, за нив е ветувањето за Сахат; и тој Сахат ќе биде најтежок и најгорчлив. Навистина, грешници ќе бидат во (состојба) на уништување и безумие. Денот во кој лицата нивни ќе бидат залепени со огнот; Вкусете го вкусот на Џехеннем.”*

(54: 42-49)

Овие ајети се дел од сурата Ал-Камер и оваа сура според сите извештаи, била објавена во Мека. Муслиманските зналци датумот на нејзината објава го ставаат некаде помеѓу петтата и дваесетата година од Пратениковото пратеништво, односно најмалку три години пред Хиџра (т.е. годината на Пратениковата селидба од Мека во Медина), и по веројатно е дека таа била објавена осум години порано. Европските стручњаци го имаат истото мислење. Според Нолдек (Noldek), целата сура била објавена во петтата година од Пратениковото пратеништво. Вери (Wherry) смета дека овој датум е малку подранет. Според него, оваа сура и припаѓа на шестата или седмата година пред Хиџра. Вредноста на меканските ајети во смисла на предскажувањето сепак е неоспорна. Од овие ајети јасно се гледа што е она што ги чека Меканците на бојното поле кај Бедр. Јасно е предскажана судбината која ќе ја доживеат.

Кога Пратеникот излегол од колибата, тој непрестано го повторувал претскажувањето содржано во оваа меканска сура. Сигурно се сетил на меканските сури додека во колибата ги учел довите. Учејќи ги еден од овие ајети, ги потсетил своите следбеници дека ветениот Сахат во меканската објава дошол.

И Сахат навистина дошол. Пратеникот Исаија (21:13-17) всушност го предскажал овој Сахат. Битката започнала и покрај тоа што муслиманите не биле подготвени за неа а на немуслиманите им било советувано да не земаат учество во неа. Триста и тринаесет муслимани, повеќето неискусни и ненавикнати на војувањето и скоро сите без опрема, стоеле пред трипати поголема и поискусна војска.

За неколку часа сите озлогласени главатари на Мека биле убиени. Токму онака како што пратеникот Исаија претскажал, славата на Кедар исчезнала. Меканската војска бедно избегала, оставајќи ги зад себе мртвите и заробените. Меѓу заробениците бил и Пратениковиот амиџа Абасс, кој секогаш стоел до Пратеникот во Мека. Абасс бил приморан да им се придружи на Меканците и да се бори против Пратеникот. Меѓу заробениците исто така бил и Пратениковиот зет Абу‘л Ас. Меѓу мртвите бил Абу-Џехел, главниот командант на меканската војска, и според сите извештаи, главниот непријател на исламот.

Победата била тука, но на Пратеникот му донела збркани чувства. Тој му се радувал на исполнувањето на Божјото претскажување, повторувано во текот на минатите четиринаесет години, на ветувањата кои биле забележани и во некои порани верски списи. Но, во исто време бил растажен над состојбата на Меканците. Колку жален крај тие дочекале. Некој друг да ја извојувал оваа победа тој би скокал од радост. Но, тажната глетка на заробениците пред него, врзани и со пранги ги соочила неговите очи и очите на неговиот пријател Абу-Бакр. Омар, кој го наследил Абу-Бакр како втор халифа на исламот, го видел ова но не можел да го разбере. Зошто Пратеникот и Абу-Бакр плачат над победата? Омар бил збунет. Собрал храброст да го запраша Пратеникот: “Божји Пратениче, кажи ми зошто плачеш кога Бог ти дал така величенствена победа? Ако треба да плачеме и јас ќе плачам со тебе, или ќе направам тажно лице.” Пратеникот покажал на бедната состојба на меканските заробеници. Еве каде непослушноста кон Бога ги довела.

Пратеникот Исаија постојано зборувал за правдата на Пратеникот, кој излегол како победник од смртоносната битка. Тука се случил величенствениот приказ за тоа. На враќање во Медина, Пратеникот една ноќ застанал да се одмори. Верните следбеници можеле да видат како тој се превртува од една на друга страна и како не може да заспие. Претпоставиле дека тоа е поради липањето на својот амиџа Абасс, кој лежел во близина, цврсто врзан како заробеник. Тие ги олабавиле оковите на Абасс и тој престанал да липа. Бидејќи веќе не бил вознемируван од гласот на Абасс, Пратеникот заспал. Подоцна се разбудил и прашал зошто веќе не го слуша Абасс. Помислил дека можеби тој се онесвестил, но оние што го чувале му кажале дека му ги олабавиле оковите на Абасс, за тој да може да заспие. "Не, не, рекол Пратеникот, не смее да има неправда. Ако Абасс е мојот роднина другите се роднини на некој друг. Олабавете ги оковите на сите или уште по силно затегнете ги на Абасс." Кога го слушнале ова одлучиле на сите да им ги разлабават оковите и самите да ја носат одговорноста за нивниот надзор. На оние заробеници кои биле писмени ветена им е слобода ако секој од нив земе обврска да описмени по десет момчиња во Медина – дека тоа ќе биде нивниот откуп за слободата. Оние кои немале никого кој можел да плати за нив добиле слобода без накнада. Оние кои имале средства да си ја откупат слободата биле ослободени откако го платиле откупот. Начинот на кој Пратеникот ги ослободил заробениците ја докрајчил праксата на претворање на заробениците во робови.

# БИТКАТА КАЈ УХУД

Кога меканската војска избегала од Бедр, најавила дека повторно ќе ја нападне Медина и ќе им се освети на муслиманите за она што го претпеле во битката; и само година подоцна, тие со полна сила ја нападнале Медина. Се чувствувале толку понижени и посрамени од поразот што меканските главатари им забраниле на роднините кои ги изгубиле блиските да плачат за загинатите. Исто така, одлучиле заработката на караваните да оди во воен фонд. Така, со полна војна опрема, војска од три илјади луѓе под команда на Абу-Суфијан ја нападнала Медина. Пратеникот се советувал со своите следбеници, дали со непријателот да се судрат во Медина или надвор од неа. Тој бил за првата можност, сметал дека е подобро муслиманите да останат во Медина а непријателот да дојде и да ги нападне во сопствените куќи. Ова на непријателот би ја натоварило одговорноста за агресија и напад. На советувањето присуствувале и многу млади муслимани кои немале прилика да учествуваат во битката кај Бедр а кои сега сакале да се борат за Бога. Тие инсистирале на отворена битка за да добијат прилика да умрат борејќи се. Пратеникот го прифатил овој совет.

(Табакат)

Додека дискутирале за тоа, Пратеникот имал визија и рекол: “Јас во визијата здогледав крава, и ја видов мојата сабја со скршен врв. Видов дека кравата е заклана и дека јас ја ставив раката внатре во оклопот. И се видов себе си како

јавам на овнот.” Асхабите го прашале да има ја протолкува визијата.

“Колењето на кравата, рекол Пратеникот, означува дека некој од моите асхаби ќе биде убиен во битката. Скршениот врв на мојата сабја покажува дека некој важен од моите роднини ќе го задеси смртта, или можеби, јас лично ќе поднесам болка или некаква повреда. Ставањето на раката во оклопот значи дека останувањето во Медина е подобро за нас. Факт дека се видов себе си како го јавам овнот, значи дека ќе го совладаме главатарот на неверниците, и дека тој ќе умре од нас.”

(Бухари, Хишам и Табакат)

Со визијата јасно било покажано дека за муслиманите е подобро да останат во Медина. Меѓутоа, Пратеникот не инсистирал на тоа, бидејќи толкувањето на визијата било негово а не дел од објавата. Го прифатил советот на мнозинството и одлучил со непријателот да се судри надвор од Медина. Кога тргнале дел од неговите следбеници ја увиделе грешката, му пришле на Пратеникот и кажале: “Божји Пратениче, патот кој ни го советуваше се чини подобар. Ние требаше да останеме во Медина и со непријателот да се сретнеме на нашите улици.”

“Не сега,” рекол Пратеникот. “Кога Божјиот Пратеник ќе ја облече војната облека, тој не ја симнува. Што и да се случи, ние сега мораме да одиме напред. Ако се покажете цвсти и истрајни, Бог ќе ви помогне.”

(Бухари и Табакат)

Го кажал тоа и отишол напред со војска од илјада луѓе. Малку подалеку од Медина поставиле логор преку

ноќта. Пратеникот имал обичај да ја одмори војската пред средбата со непријателот. Во време на сабах-намаз тргнал во обиколка. Забележил дека и некои Евреи им се придружиле на муслиманите. Тие се преправале дека имаат сојузнички договори со племињата на Медина. Пратеникот ги знаел еврејските интриги и поради тоа ги вратил назад. Штом тоа го направил, Абдуллах бин Убајј Ибн-Салул главатарот на лицемерите (дволичниците), ги повлекол своите триста следбеници. Рекол дека тоа веќе не е битка туку самоуништување, и дека Пратеникот направил грешка со враќањето на своите сојузници. Како резултат на дезертирањето само седумсто муслимани останале под команда на Пратеникот. Седумсто луѓе стоело против четири пати поголема и многу подобро опремена армија. Во меканската војска имало седумсто војници под оклоп; во муслиманска само стотина. Меканците имале коњица од двеста коњи, муслиманите имале само два коња. Пратеникот стасал до местото Ухуд. Над тесната патека под ридот поставил стража од педесетина луѓе и ги задолжил да го одбијат секој напад на преминот од страна на непријателот или било какво настојување да го освојат. Пратеникот јасно им ги кажал нивните должности – да стојат каде што биле поставени и да не се поместуваат додека не им се нареди, без оглед што ќе им се случи на муслиманите. Со преостанатите шесто и пеесет луѓе Пратеникот тргнал да се бори со пет пати поголема војска. Но, со Божјата помош, за кратко време шесто и педесет муслимани истерале три илјади искусни мекански војници.  Муслиманите се стрчале по нив. Преминот кај ридот на кој биле поставени оние пеесетина

муслимани бил во позадина. Чуварот на преминот му рекол на командантот: “Непријателот е поразен. Време е да земеме учество во битката и да си ја заработиме наградата за идниот свет.” Командантот ги сопрел, потсетувајќи ги на јасните наредби на Пратеникот. Но тие инсистирале дека Пратениковите наредби биле метафорички а не дословни. Чувањето на преминот изгубило смисла кога непријателот се дал во бег.

## ПОБЕДА ПРЕТВОРЕНА ВО ПОРАЗ

И додека се расправале го напуштиле преминот и тргнале во борба. Во меканската војска која била во бег се наоѓал Кхалид бин Валид, кој подоцна ќе стане голем муслимански генерал. Неговото остро око го забележало напуштениот премин на кој останал само мал број на луѓе. Кхалид му довикнал на другиот мекански генерал Амр бин Ал-Ас да погледне на преминот зад себе. Амр тоа го направил и сватил дека тоа му е животна прилика. Двата генерала ги сопреле своите луѓе и се качиле на ридот. Ги убиле оние неколку преостанати муслимани кои го чувале преминот и од височината почнале да ги напаѓат останатите муслимани. Кога разбиената меканската војска ги слушнала војните извици повторно се собрала и се вратила на бојното поле. Нападот над муслиманите бил изненадување. Во потерата по меканската војска муслиманите биле расфрлани преку целото поле и не можеле да се соберат и да пружат отпор на овој изненаден напад. Можеле да се видат само неколкумина муслимански војници како со непријателот се

фаќаат во бескомпромисна борба. Многумина од нив падналe борејќи се, додека другите ја напуштиле борбата. Неколкумина од нив направиле круг околу Пратеникот. Нив ги имало околу дваесетина. Меканската војска силно го нападнала овој круг. Еден по еден, муслиманите во кругот паѓале од ударите на меканските мечувалци. Од ридот стрелците фрлале буица стрели на нив. Во тоа време Талха, еден од Курејшиите и мухаџир (муслиман од Мека кој нашол засолниште во Медина) видел дека стрелите од ридот се вперени во лицето на Пратеникот. Тој ја испружил својата рака пред да стигнат стрелите до лицето на Пратеникот. Стрела по стрела ја погодувале Талховата рака, па сепак раката не паднала иако со секој удар била прободена. На крајот раката била сосема осакатена. Талха ја изгубил раката и остатокот од животот одел со бастун. Во времето на четвртиот халифа на исламот, кога имало внатрешни несогласувања, непријателите Талха го исмејувале како ‘Талха без рака.’ Еден од пријателите на Талха одговорил: “Тој е без рака, но знаете ли каде ја изгубил раката? Во битка кај Ухуд, кога ја кренал раката за да го заштити лицето на Претеникот од стрелите на непријателот.”

Долго по битката кај Ухуд, пријателите го прашале Талха: ”Зарем раката не те болеше од ударите на стрелите и како не се расплача од болка.” Талха им одговорил: “Силно ме болеше и скоро дека плачев, но им одолеав и на едното и на другото, бидејќи знаев дека ако мојата рака само малку се затресе Пратениковото лице ќе биде изложено на буица од стрели.” Неколкуте луѓе кои останале со Пратеникот не можеле да се одбранат од војската со која се соочиле. Една

група на непријателот се поместила напред и ги оттргнала. Пратеникот останал сам како планина, и наскоро неговиот шлем бил погоден со камен при што прстенот на шлемот му се забил во главата. Пратеникот се онесвестил и паднал преку мртвите луѓе кои своите животи ги дале во неговата одбрана. Уште неколку муслимани истапиле да го бранат Пратеникот. И тие паднале мртви. Пратеникот лежел меѓу овие мртви тела. Кога непријателските војници го виделе ова мислеле дека е мртов. Сигурен во победата непријателот се повлекол за повторно да ги збие редовите. Меѓу муслиманите кои го бранеле Пратеникот и кои биле со сета сила оттргнати бил и Омар. Бојното поле сега се испразнило. Омар кој сето ова го видел, бил сигурен дека Пратеникот бил шехид. Омар бил храбар човек кој тоа стално го докажувал и подоцна се борел со големата империја на Рим и Иран. Никогаш не отстапил пред тешкотиите. Сега овој Омар тажно седел на каменот и плачел како дете. За тоа време друг муслиман Малик бин Назр стасал и се чудел верувајќи дека муслиманите победиле. Тој видел како муслиманите го совладале непријателот, и бидејќи бил гладен се повлекол од бојното поле со неколку урми во рацете. Штом го видел Омара како плаче застанал запрепастен и прашал: “Омар, што ти е, наместо да и се радуваш на величенствената победа која муслиманите ја добија ти плачеш?”

Омар одговорил: “Малик ти не знаеш што се случи. Ти го виде само првиот дел од битката. Не знаеш дека непријателот ја освои стратегиската точка на ридот и жестоко не нападна. Муслиманите беа расфлани, верувајќи дека победиле. Немаше отпор на нападот на непријателот.

Само Пратеникот со неколкумина чувари стоеше наспроти непријателот и сите паднаа борејќи се.”

“Дали е тоа вистина”? Запрашал Малик. “Каква корист од седењето и плачењето? Таму кај што отишол нашиот учител таму мораме и ние да одиме.” Ја држел последната урма во рака, ја фрлил и рекол: “О, урмо, освен тебе има ли друго што стои помеѓу Малик и Џеннетот?”

Говорејќи го ова, ја извлекол сабјата и се втурнал во непријателската војска, сам наспроти три илјади. Тој не можел многу да направи, но духот кој верува е по надмоќен од многу други. Борејќи се храбро, Малик на крајот паднал ранет, но продолжил да се бори. На ова непријателските орди диво го нападнале. Велат – кога битката била завршена и мртвите идентификувани, Маликовото тело не можело да се препознае. Било исечено на седумдесет дела. На крајот сестрата го препознала по исечениот прст и кажала: “Ова е телото на мојот брат.”

Муслиманите кои ги направиле кругот околу Пратеникот но биле отргнати, кога виделе дека непријателот се повлекува повторно се собрале и потрчале напред. Го кренале Пратениковото тело кое било меѓу мртвите. Абу-Убајда бин Ал-Џарах со забите ги извлекол прстените што биле забиени во главата на Пратеникот, и при тоа изгубил два заба.

По кратко време Пратеникот се освестил. Чуварите околу него им пратиле порака на муслиманите да се соберат. Разбиената војска почнала да се собира. Тие го однеле Пратеникот до подножјето на ридот. Абу-Суфијан, непријателскиот командант го видел тоа и повикал: “Го

убивме Мухаммед!” Пратеникот го слушнал овој извик но им забранил на муслиманите да одговорат, за непријателот да не ја дознае вистината и повторно да тргне на и така истоштените и тешко ранети муслимани кои повторно би требало да се борат со оваа дива хорда. Бидејќи не добиле одговор од муслиманите, Абу-Суфијан бил сигурен дека Пратеникот е мртов. По првиот извик повторно викнал: “Го убивме Абу-Бакр”. Пратеникот и на Абу-Бакр му забранил да одговори. Абу-Суфијан по трет пат извикнал рекол: “И Омар исто така го убивме.” Пратеникот и на Омар му забранил да одговори. На ова Абу-Суфијан повикал и рекол дека ги убиле сите тројца. Сега Омар веќе не можел да се воздржи и повикал: “Ние сите сме живи, и со Божјата милост, подготвени сме да се бориме и да ви ја разбиеме главата.” Абу-Суфијан тогаш го извикнал националниот повик: “Победа на Хубал! Победа на Хубал! Хубал го унушти исламот” (Хубал бил мекански национален идол). Пратеникот не можел да го поднесе ова фалење против Едниот и Единствен Бог, Аллах, за кој тој и муслиманите биле подготвени да го дадат животот. Одбил да го порекне прогласот за својата смрт. Одбил да го порекне прогласот за смртта на Абу-Бакр и Омар од стратегиски причини. Останал само мал дел од оваа војска. Непријателската војска била огромна и полетна. Но, сега непријателите го навределе Аллах. Пратеникот не можел да поднесе таква навреда, и се разлутил. Лутито ги погледнал муслиманите кои го опкружувале и рекол: “Зошто молкум да стоиме и да не одговориме на овие навреди на Аллах, Единствениот Бог?”

Муслиманите запрашале: “Што да им возрвратиме Пратениче?” а Пратеникот им рекол: “Единствениот Аллах е Голем и Моќен! Единствениот Аллах е Голем и Моќен! Он е Висок и Почитуван! Единствениот, Он е Висок и Почитуван!”

Муслиманите така повикале. Овој повик го скаменил непријателот. Застанале на помислата дека Пратеникот и после се не е мртов. Пред нив стоел мал број на муслимани ранети и изморени. Било лесно да ги докрајчат. Но, тие не се осмелиле повторно да ги нападнат. Задоволни од победата која ја извојувале, се вратиле со голема парада на веселба.

Во Битката кај Ухуд победата на муслиманите се претворила во пораз. Но, и покрај тоа, оваа битка даде докази за вистинитоста на Пратеникот, бидејќи во неа беа исполнети претскажувања кои Пратеникот ги раскажа пред одењето во борба. Муслиманите на почетокот беа победници. Пратениковиот амиџа Хамза загина борејќи се. Командантот на непријателот беше убиен во борбата. Пратеникот лично беше ранет и многу муслимани беа убиени. Сето ова се случи како што беше претскажано во Пратениковата визија.

Покрај исполнувањето на доказите кои порано беа изнесени, оваа битка многу ни зборува за искреноста и преданоста на муслиманите. Нивното однесување било примерно, и во историјата таков пример не можеме да најдеме. Веќе наведовме одредени докази за тоа. Уште еден пример е вреден да се раскаже. Тој ја покажува сигурноста во убедувањето и преданоста која ја покажаа Пратениковите асхаби. Кога Пратеникот се повлекол во подножјето на ридот со неколкумина муслимани, пратил неколку мслимани да

внимаваат на ранетите кои лежеле во полето. Еден асхаб по долга потрага нашол ранет муслиман од Медина. Бил пред смрт. Асхабот му се доближил и рекол: “Селам.” Ранетиот муслиман ја кренал раката и држејќи ја асхабовата рака во својата рекол: “Чекав некој да дојде.” “Ти си во критична состојба,” му кажал посетителот на војникот.

“Сакаш ли нешто да им пренесеш на ближните?”

“Да, да,” рекол муслиманот пред смртта. “Кажи им селам на моите ближни и кажи им дека јас умирам тука, но зад себе им оставам драгоцен аманет да водат грижа за него. Тој аманет е Божјиот Пратеник. Се надевам дека моите ближни ќе ја чуваат неговата личност со своите животи и ќе ја помнат оваа моја последна желба.”

(Му‘атта и Зуркани)

Луѓето што умират имаат многу работи кои сакаат да им ги кажат на ближните, но овие, раните муслимани, дури и во своите последни моменти, не мислеле на своите ближни, синови, ќерки или жени, ниту за својот имот, туку само на Пратеникот. Тие се соочиле со смртта и биле сигурни дека Пратеникот е спасителот на светот. Ако нивните деца преживеат нема да постигнат многу. Ако умрат чувајќи го Пратеникот, ќе му служат и на Бога и на луѓето. Тие верувале дека со жртвувањето на своите семејства му служат на човештвото и му служат на Бога. Во повикувањето на смртта за себе тие го осигурале вечниот живот за човештвото воопшто.

Пратеникот ги собрал ранетите и мртвите. На ранетите им била пружена помош а мртвите биле закопани.

Пратеникот тогаш приметил дека непријателот постапил крајно нечовечки и дека ги унакажал телата на мртвите муслимани така што им ги сечеле носевите и ушите. Едно од унакажаните тела било телото на Хамза, Пратениковиот амица. Пратеникот бил трогнат и рекол: "Постапките на неверниците сега ги оправдуваат постапки за кои до сега мислевме дека се неоправдани." Кога го кажал ова, Бог му наредил да ги остави неверниците и да продолжи да сочувствува со нив.

## ГЛАСИНИТЕ ЗА ПРАТЕНИКОВАТА СМРТ СТАСАА ВО МЕДИНА

Муслиманската војска се уште не успеала да се врати во градот а гласните за смртта на Пратеникот и за расулото на војската веќе стасале во Медина. Жените и децата како без глава трчале кон Ухуд. Многумина од нив ги среќавале војниците кои се враќале дома и од нив ја дознавале вистината и се враќале назад. Една жена од племето Бану-Динар продолжила и стасала до Ухуд. Таа во битката го загубила мажот, таткото и братот. Во некои извори пишува дека го загубила и синот. Се сретнала со војник кој се враќал дома и тој и рекол дека татко и загинал. Таа одговорила: "Јас не се грижам за татко ми, кажи ми за Пратеникот." Војникот знаел дека Пратеникот е жив, но не и одговорил веднаш, туку продолжил да и зборува за нејзиниот брат и маж кои исто така загинале. По секоја реченица таа била потресена и повторно прашувала: "Што направи Божјиот Пратеник?" Изразот со кој оваа жена прашала за Пратеникот, бил

необичен, но кога земеме во предвид дека се работи за жена, и не изгледа толку необично. Чувствата на жените се необични. Тие често на мртвите им се обраќаат како да се живи. Ако умрените личности се роднини, тие се склони да им приговараат и да ги прашуваат зошто ги напушта и ги остава да останат без внимание и грижа. Изразот кој оваа жена го употребила поради тоа е соодветен за жена која жали над Пратениковата смрт. Оваа жена Пратеникот го сметала за драга личност и одбивала да верува дека тој е мртов дури и кога слушнала дека тој загинал. Во исто време таа не ги негирала овие вести, туку продолжила да зборува во вистинска, длабока женска жалост: "Што направил Пратеникот?" зборувајќи го ова на себе, таа си вообразила дека Пратеникот е жив, бидејќи верен водач како тој не може да им приушти таква болка. Кога војникот увидел дека не се грижела за смрта на таткото, братот и мажот, ја разбрал длабочината на нејзината љубов кон Пратеникот и рекол: "Што се однесува до Пратеникот, тој е како што сакаш, жив." Жената побарала од војникот да и го покаже Пратеникот. Тој и покажал на еден дел од полето. Женета побрзала до тој дел и кога стасала до Пратеникот, ја фатила со рака неговата наметка го бакнала и рекла: "Нека мојот татко и мојата мајка бидат жртвувани за тебе, о Божји Пратениче, ако ти си добро, не ме грижи смртта на било кој друг."

(Хишам)

Од ваквите примери можеме да видиме каква храброст и пожртвуваност муслиманите – и мажите и жените – покажале во оваа битка. Христијанските писатели со

гордост ја пренесуваат приказната за Марија Магдалена и за нејзините пријатели и ни зборуваат за нивната предаденост и храброст. Велат дека тие тајно во раните утрински часови отишле во гробницата на Исус. Но, што е ова во споредба со преданоста на оваа жена муслиманка од племето Динар.

Во историјата е забележен уште еден пример. Откако ги погребале мртвите и Пратеникот се вратил во Медина, видел дека жените и децата излегле да го пречекаат. Уздите на неговата камила ги држел Са'д бин Му'аз, главатар на Медина. Са'д ја водел камилата правејќи се важен, како да сакал на светот да му покаже дека муслиманите и после се успееле Пратеникот жив и здрав да го донесат назад. Са'д ја видел својата стара мајка како оди на кај нив. Оваа стара жена не гледала убаво и исто така го загубила синот Амар бин Ма'аз. Са'д ја препознал и свртувајќи се кон Пратеникот рекол:

"Пратениче, тука е мојата мајка."

"Нека дојде напред со Божји благослов," одговорил Пратеникот.

Жената дошла напред и со тап поглед настојувала да го најде Пратениковото лице. На крајот кога успеела да го препознае била многу среќна. Пратеникот ја видел и рекол:

"Жено, јас жалам над загубата на твојот син."

"Али, одговорила оваа посебна жена, кога те видов тебе жив и здрав, јас ја проголтав својата несреќа."

Арапскиот израз кој таа го употребила бил – "Ја испеков својата несреќе и ја проголтав."

(Хаибијја, том 2, стр 210)

Колку длабока верност покажува овој израз. Нормално, жалоста го јаде човечкото суштество, а тука се зборува за стара жена која го загубила синот – потпората за својата старост. Но рекла дека ја голтнала својата тага, наместо таа да ја голтне неа. Фактот дека нејзиниот син умрел за Пратеникот ќе ја одржува во остатокот од нејзиниот живот.

Пратеникот стигнал во Медина. Во оваа битка многу муслимани загинале и многу биле ранети. Но сепак не може да се каже дека таа завршила како пораз на муслиманите. Случувањата кои порано ги наведовме го докажуваат тоа. Тие докажуваат дека Ухуд бил величенствена победа на муслиманите како и на било кој друг. Муслиманите треба да ги погледнат страниците на оваа нивна рана историја и да извлечат поука од Ухуд.

По враќањето во Медина Пратеникот и се вратил на својата мисија. Повторно се завземал со поуката и обуката на своите следбеници. Но, како и порано неговата работа не одела без пречки. По Ухуд Евреите станале се по дрски и лицемерите повторно почнале да ги дигаат главите. Почнале да размислуваат дека уништувањето на исламот е во човечките раце и дека само треба да направат заеднички напор. Поради тоа, Евреите со новите методи почнале да го вознемируваат Пратеникот. Во стихови би објавувале подли зборови за да ги навредат Пратеникот и неговото семејство. Еднаш Пратеникот бил повикан да пресуди во една караница и поради тоа требало да оди до еврејската тврдина. Евреите планирале да фрлат камена плоча врз него и така да му го докрајчат животот. Пратеникот за ова однапред бил

предупреден од Бога. Било вообичаено да прима такви благовремени предупредувања. Пратеникот станал од својот стол и ништо не рекол. Евреите подоцна ја признале оваа своја подла интрига. Муслиманските жени биле напаѓани на улиците. Во една таква случка еден муслиман го изгубил животот. Во друга прилика еден Евреин каменувал муслиманско девојче кое умрело во страшни маки. Однесувањето на Евреите ги затегнало нивните односи со муслиманите и ги присилило мусламните да се борат против Евреите. Меѓутоа муслиманите само ги истерале од Медина. Едно од еврејските племиња се иселило во Сирија, додека другите се сместиле во Кхаибар, добро утврдена Еврејска населба, северно од Медина.

## ЗАБРАНАТА НА АЛКОХОЛОТ И НЕЈЗИНИОТ ЕФЕКТ

Во периодот помеѓу Ухуд и следната битка светот бил сведок на исклучителен пример на влијанието на исламот и на неговите следбеници. Туку мислиме на забраната на земањето на алкохол. Во описот на состојбата на арапското општество истакнавме дека Арапите биле осведочени пијаници. Пет пати дневно пиење било мода во арапската куќа. Губењето на разумот под дејство на алкохолот било вообичаена пракса и во сето тоа не постоел никаков срам. Впрочем, тоа го сметале за доблест. Кога ќе пристигнал гостин должност на домаќинката било да донесе тура пијалок. Не било лесно таквите личности да се одбијат од таквата навика. Но, во четвртата година од Хиџра, Пратеникот добил наредба од Бога да се забрани земање на

алкохол. Со пренесувањето на гласините за оваа наредба алкохолот го снемало во муслиманското општество. Забележано е – кога ја примил објавата дека алкохолот е забранет, Пратеникот пратил по еден асхаб и му наредил по улиците на Медина да ја разгласи оваа вест. Во една куќа на ансарии (муслимани од Медина) се случувала пијанка. Биле повикани многу гости и се служело вино. Бил испиен еден бокал и требало да се донесе нов. Многумина од нив веќе биле пијани а другите веќе биле на тој пат. Во таква состојба тие слушнале дека некој прогласил како Пратеникот го забранил алкохолот по Божја намера. Еден од групата станал и рекол: “Се чини дека ова е проглас за забрана на алкохолот, ајде да видиме дали е вистина.” Некој друг станал го удрил со својот стап бокалот полн со вино, го скршил во парчиња и рекол: “Прво послушај, после испрашувај. Доволно е што го слушнавме прогласот. Не можеме да и задоволиме на наредбата ако продолжиме да пиеме. Всушност, наша должност е да пуштиме виното да тече по улиците, и дури тогаш да испрашуваме за прогласот.”

(Бухари и Муслим, Китаб ул-Асхира)

Овој муслиман бил во право. Ако алкохолот бил забранет тие ќе направеле прекршок, од друга страна, ако алкохолот не бил забранет, тогаш нема многу да изгубат ако пуштат виното да тече низ улиците. По прогласот земањето на алкохол потполно исчезнало од муслиманската заедница. Не бил потребен никаков посебен труд или кампања за да се дојде до оваа револуционерна промена. Муслиманите кои ја слушнале оваа наредба се придржувале кон неа и до

седумдесет односно осумдесет години. Не постои пример дека некој кој ја слушнал оваа наредба не се придржувал до неа. Ако постоел било каков поинаков случај, сигурно се работело за поединец кој немал прилика да дојде под директно влијание на Пратеникот. Споредете ја оваа забрана со движењето во Америка и напорите кои толку години се прават во Европа да се популаризира престанокот на земањето на алкохол. Бил доволен само еден проглас на Пратеникот па да исчезне ова општествено зло длабоко вкоренето во арапското општество. Кај другите забраната била пропишана со посебни закони. Полицијата, војската, цариниците и даночните уреди, сите се напрегаат кон тоа и настојуваат да го сузбијат злото на алкохолот, но не успеваат во тоа и мора да го признаат својот неуспех. Пијаниците победуваат и злото на алкохолот не може да се порази. Велат дека нашето доба е доба на општествениот напредок. Но, кога ќе го споредиме нашето доба со времето на раниот ислам, се прашуваме, кое од овие времиња ја заслужува оваа титула – ова наше или времето во кое исламот ја извршил оваа голема општествена револуција.

## ЗЛИТЕ ПЛАНОВИ НА НЕПРИЈАТЕЛОТ ПОСЛЕ УХУД

Не било лесно да се заборават случувањата кај Ухуд. Меканците биле убедени дека Ухуд преставува нивна прва победа над исламот. Веста ја објавиле ширум Арабија и користеле секаква прилика арапските племиња да ги свртат против исламот и да ги уверат дека муслиманите не се непобедиви. Ако муслиманите продолжат да напредуваат тоа

нема да биде поради нивната сопствена сила, туку поради невниманието на арапските племиња. Ако пак арапските идолопоклоници направат заеднички напор, нема да имаат тешка работа да ги победат муслиманите. Како резултат на ваквата пропаганда се создало поголемо нетрпение кон муслиманите. Другите арапски племиња во непријателството кон муслиманите ги надминале и самите Меканци. Некои започнале отворено да ги напаѓаат, а некои кришум им нанесувале штета. Во четвртата година по Хиџра две арапски племиња Адл и Кара ги пратиле своите претставници кај Чесниот Пратеник за да му пренесат дека многу нивни луѓе му се наклонети на исламот. Побарале од Пратеникот да им прати муслимани кои се добро упатени во исламот, да живеат меѓу нив и да ги подучуваат во верата. Всушност, ова било интрига која ја смислиле луѓето од племето Бану-Лихјан, жестоки непријатели на исламот. Тие ја пратиле оваа делегација со ветување за богата награда. Пратеникот не сомневајќи се, го прифатил ова барање и испратил десет муслимани кои требало овие племиња да ги подучуваат на темелите и принципите на исламот. Кога оваа група стасала во Бану-Лихјан, нивните придружници ја пренеле веста на своите членови на племето и ги повикале, или да ја заробат групата или да ги убијат. На овој подол предлог, двеста наоружани луѓе од Бану-Лихјан тргнале во потера по оваа група и на крајот ги стасале кај местото наречено Раѓи. Се случил судир помеѓу десет муслимани и двеста непријатели. Муслиманите биле полни со вера. Непријателот немал никаква. Десетте муслимани се качиле на една височинка и ги предизвикале оние двеста. Непријателот се обидел да ги

совлада муслиманите со подла измама. Им понудиле дека ќе ги поштедат ако се симнат од височинката. Но водачот на групата одговорил дека доволно виделе од ветувањата на неверниците. Кога им го кажале тоа се свртеле кон Бог и ја кажувале довата: “Боже, Ти добро ја знаеш нашата состојба. Извести го Својот Пратеник за нашата состојба.” Кога неверниците увиделе дека оваа група на муслимани е непоколеблива, започнале напад на нив. Групата се борела без помисла на пораз. Седум од десет паднале борејќи се. На оние тројца што останале неверниците им го повториле ветувањето дека ќе им ги поштедат животите под услов да слезат од височинката. Овие тројца им поверувале на неверниците и се предале. Штом тоа го направиле, неверниците ги врзале. Еден од нив рекол: “Ова е првото кршење на вашиот ветен збор. Само Бог знае што следно ќе направите.” Кога го кажал тоа одбил да тргне со нив. Неверниците почнале да го удираат и да го влечат по патот. Но толку биле исплашени од отпорот и решителноста која овој човек ја покажувал што веднаш го убиле. Другите двајца ги земале и ги предале како робови на Курејшиите во Мека. Еден од нив бил Кхубаиб а другиот Зеид. Купувачот на Кхубаиб сакал веднаш да го убие за да го освети татко си кого Кхубаиб го убил на Бедр.

Еднаш Кхубаиб побарал брич за да се избричи и во тој момент детето од семејството му пришло со љубопитност. Кхубаиб го земал детето и го ставил на колено. Мајката на детето го видела ова и се исплашила. На памет и дошло тешкото чувство на вина, бидејќи тука е човекот што тие ќе го убијат за некој ден а тој го држи нејзиното дете со брич во

рацете. Била уверена дека Кхубаиб ќе и го убие детето. Кога тој ја видел исплашената жена рекол: “Зарем мислиш дека ќе го убијам детето? Тоа ни за момент да не го помислуваш. Јас не можам да направам толку зла работа. Муслиманите не мамат.” Жената била импресионирана од искреноста, чесниот однос и однесувањето на Кхубаиб. Тоа засекогаш и останало во сеќавање и после тоа таа често зборувала дека никогаш не видела затвореник како Кхубаиб. На крајот Меканците го одвеле Кхубаиб на отворено поле за да го прослават неговото убиство. Кога дошло закажаното време, Кхубаиб побарал дозвола да клања два реката намаз. Курејшиите се согласиле и Кхубаиб пред очите на јавноста ги изрекол своите последни дови на Бога на овој свет. Кога завршил со намазот, рекол дека сака да продолжи, но не го направил тоа за да не помислат дека му е страв да умре. Тогаш, тивко ја положил главата на крвникот. Кога тоа го направил тивко ги изговорил зборовите.

> *“Додека умирам како муслиман, не ми е грижа дали моето обезглавено тело паѓа надесно или налево. И зошто би? Мојата смрт е на Божјиот пат; ако Он сака, Он може да го благослови секој дел од моето распарчано тело.”*
>
> (Бухари)

Одвај дека Кхубаиб ги завршил зборовите кога крвниковата сабја паднала на неговиот врат и главата му паднала на една страна. Меѓу оние кои се собрале да го прослават ова јавно погубување бил и Са‘ид бин Амир кој

подоцна ќе стане муслиман. Велат, кога и да се спомнало убиството на Кхубаиб во присуство на Са‘ид тој секогаш ќе се трзнел.

(Хишам)

Другиот затвореник, Зеид исто така бил изведен да биде убиен. Меѓу посматрачите бил и Абу-Суфијан, главатар на Мека. Абу-Суфијан му се обратил на Зеид и го прашал: "Нели повеќе ќе сакаше Мухаммед да е на твоето место? Зарем, повеке не би сакал да бидеш дома сигурен, а Мухаммед да е во нашите раце?"

Зеид гордо одговорил: "Што Абу-Суфијан? Што велиш? Бога ми, јас попрво би умрел одошто Пратеникот да оди по трњето на улиците на Медина." Абу-Суфијан бил импресиониран од таквата верност. Тој со чудење го погледнал Зеид и без двоумење, со одмерен тон прогласил: "Бог ми е сведок, не познавам човек кој може да сака некој друг како што асхабите го сакаат Мухаммед."

(Хишам, том 2)

## СЛУЧКАТА ЗА УБИСТВОТО НА 70 ХАФИЗИ

Некако, во времето на овие случувања, на Пратеникот му дошле луѓе од племето Наџд кои, исто така, побарале муслимани да ги подучуваат во исламот. Претеникот не им поверувал. Но, во тоа време Абу-Бара, главатар на племето Амир, бил присутен во Медина. Тој гарантирал за племето и го уверил Пратеникот дека тие имаат чесни намери. Пратеникот избрал седумдесет муслимани кои Кур‘анот го

знаеле напамет. Кога оваа група стасала до Би‘р Ма‘уан, еден од нив, Харам бин Малхан, отишол кај главатарот на племето Амр (внукот на Бара) да му ја упати пораката на исламот. Привидно, членовите на племето убаво го примиле Харам. Но, додека тој му се обраќал на главатарот, еден човек му се доближил зад грбот и го нападнал со копје. Харам умрел на лице место. Додека паѓал го слушнале како зборува: “Бог е голем. Господарот на Каба е мојот сведок, јас ја постигнав целата.”

(Бухари)

Кога го убиле Харам на вака подол начин, племенските водачи го наговарале племето да ја нападнат групата на муслиманските учители. “Али, рекол еден од членовите на племето, нашиот главатар Абу-Бара се понудил да послужи како гаранција за сигурноста на овие луѓе, поради тоа ние не можеме да ја нападнеме групата.” Но главатарите на племињата, со помош на другите две племиња кои биле кај Пратеникот и со уште неколку племиња, ја нападнале групата на муслиманите. Зборовите, ‘Ние дојдовме да проповедаме и да подучуваме, не да се бориме,’ немале ефект. Освен тројца, сите останати шеесет и шест биле убиени. Еден од преживеаните бил хром и се качил на ридот пред да започне судирот. Другите двајца отишле во шумата да ги нахранат камилите. Кога се вратиле од шумата затекнале шеесет и шест убиени пријатели кои лежеле мртви на полето. Меѓусебно се советувале што да направат. Еден рекол: ‘Треба да се вратиме и да му поднесеме извештај на Чесниот Пратеник.’

Другиот кажал: ‘Јас не можам да го напуштам местото каде главатарот на нашата група кого Пратеникот го одредил за наш водач, е убиен.’ По овие зборови се стрчал кон непријателот и загинал борејќи се. Другиот го затвориле, но подоцна го ослободиле поради заклетвата која главатарот ја дал. Во групата на убиените бил и Амир бин Фухаир, ослободениот роб на Абу-Бакр. Неговиот убиец бил Џабир, кој подоцна станал муслиман. Џабир своето прифаќање на исламот го припишувал на овој колеж на муслиманите.

“Кога почнав да го убивам Амир, велел Џабир, го слушнав како зборува: ‘Бога ми успеав!’ Јас го прашав: ‘Амире зошто муслиманите кога се соочени со смртта така зборуваат?’ Амир објаснил дека муслиманите сметаат дека смртта на Божјиот пат е благослов и победа. На Џабир толку му се допаднал овој одговор што веднаш почнал систематски да го проучува исламот, и на крајот станал муслиман.

(Хишам и Асад ул-Гхаба)

Веста за овие случувања, во кои седумдесет муслимани поради злите интриги го изгубиле својот живот, веднаш стасале во Медина. Ова не биле обични луѓе. Тие не направиле никаква грешка и никого не повредиле. Не учествувале во борба. Тие со лагите изречени во името на Бога и на религијата биле намамени во непријателски раце. Овие случувања зборуваат колку непријателството кон исламот било силно и длабоко. Од друга страна, верноста на муслиманите кон исламот била еднакво силна и длабока.

# СУДИРОТ СО БАНУ-МУСТАЛИК

По битката кај Ухуд во Мека завладеала голема глад. И покрај сето непријателство кое Меканците имале кон него, и сите интриги со кои се користеле за да предизвикат побуна против него, Пратеникот сепак собрал фонд да им помогне на сиромашните во Мека во оваа тешка состојба. На Меканците ни овој гест на добра волја не им бил доволен. Нивното непријателство станало уште по големо. Племињата кои досега имале доза на сочувство кон муслиманите, исто така, станале непријателски расположени. Едно од тие племиња било Бану-Мусталик. Тие порано имале добри односи со муслиманите. Меѓутоа, сега започнале со припреми за напад на Медина. Кога Пратеникот дознал за нивните намери пратил луѓе да видат дали тоа е вистина. Луѓето се вратиле и потврдиле дека тие се подготвуваат за напад. Пратеникот одлучил да се соочи со овој напад. Поради тоа собрал војска и ја однел до територијата на Бану-Мусталик. Кога муслиманската војска се соочила со непријателот, Пратеникот се обидел да го убеди непријателот да се повлече од борбата. Тие одбиле. Започнала борба и за неколку часа непријателот бил поразен.

Поради тоа што меканските неверници сакале да им нанесат штета на муслиманите и што пријателските племиња преминувале на страна на непријателот, дволичниците помеѓу муслиманите, исто така, собрале храброст во оваа прилика, во битката да учествуваат на страната на муслиманите. Можеби мислеле дека ќе им се укаже прилика за безредие. Судирот со Бану-Мусталик завршил за неколку часа. Поради тоа, дволичниците немале никаква прилика во

текот на борбата да направат конфузија. Меѓутоа, Чесниот Пратеник одлучил да остане неколку дена во градот на племето Бану-Мусталик. Во текот на овој престој настанала караница помеѓу еден муслиман од Мека и еден од Медина околу вадењето на водата од бунарот. Муслиманот од Мека бил поранешен роб. Тој го удрил муслиманот од Медина кој кренал узбуна, повикувајќи ги своите пријатели од Медина, познати како ансари или помошници. Човекот од Мека исто така кренал узбуна и ги повикал пријателите од Мека, познати како мухаџири или бегалци. Настанала бркотница. Никој не знаел што се случило. Младите луѓе од двете страни ги извлекле сабјите. Абдуллах бим Убајј Ибн-Салул мислел дека тоа е од Бога дадена прилика. Одлучил на огнот да му додаде гориво: "Вие предалеку отидовте во давањето на удобноста на овие бегалци. Вашите убави постапки кон нив ги свртеле нивните глави, и тие сега настојуваат на секој начин да доминираат над вас." Овој говор можел да го постигне ефектот кој Абдуллах го посакувал. Караницата можела да добие сериозни димензии. Но, не се случило така. Абдуллах згрешил во проценката на својата интрига. Меѓутоа, верувајќи дека ансарите се наговорени, тој отишол толку далеку што кажал:

> *"Ајде да се вратиме во Медина. Тогаш најчесниот меѓу нејзините граѓани ќе го истера најпрезрениот."*
>
> (Бухари)

Со изразот ‘најчесниот граѓанин’ мислел на себе, а со изразот ‘најпрезрениот’ мислел на Пратеникот. Штом ова го изговорил, муслиманите верници дошле во состојба да ги прозрат нечесните намери. Говорот кој го слушнале не бил наивен, туку говор на шејтанот кој дошол да ги заведе. Еден млад човек станал и преку својот амиџа го известил Пратеникот за оваа случка. Пратеникот ги повикал Абдуллах бин Убајја Ибн-Салул и неговите пријатели и ги прашал што се случило. Абдуллах и неговите пријатели негирале било какво учество во случката која им ја припишувале. Пратеникот ништо не кажал. Но, вистината се раширила. И синот на Абдуллах бин Убајја Ибн-Салул слушнал за ова приказна. Младиот Абдуллах веднаш дошол кај Пратеникот и рекол: “О Пратениче, мојот татко те повредил. Смртта е неговата казна. Ако ти одлучиш, би сакал мене да ми наредиш да го убијам татко ми. Ако наредиш тоа да го направи некој друг, и мојот татко умре од раката на друг човек, можеби ќе бидам наведен на освета на својот татко и да го убијам тој човек. И можеби на тој начин ќе го навлечам Божјото незадоволство.”

“Али, рекол Пратеникот, јас немам такви намери. Јас кон твојот татко ќе постапувам со сомилост и со внимателност.” Кога младиот Абдуллах го споредил предавството и нечовечноста на својот татко со љубезноста на Пратеникот, тргнал кон Медина полн со притаен бес кон својот татко. На патот го застанал својот татко и му рекол дека нема да дозволи да оди понатаму во Медина доколку не ги повлече зборовите кои ги употребил против Пратеникот. “Устата која кажала: ‘Пратеникот е презрен а ти си

почествуван,' сега мора да изговори: 'Пратеникот е почитуван а ти си презрен.' Додека ова не го изговориш, нема да дозволам да одиш понатаму." Абдуллах бин Убајја Ибн-Салул бил изненаден и запрепастен и рекол: "Сине мој, се согласувам дека Мухаммед е почитуван, а јас сум презрен." Младиот Абдуллах тогаш го пуштил татко си да се врати во Медина.

(Хишам, том 2)

## НАПАДОТ НА ЦЕЛА АРАБИЈА НА МЕДИНА

Порано ги спомнавме двете Еврејски племиња кои беа протерани од Медина поради заверите и погубните интриги. Дел од племето Бану-Назир се иселело во Сирија а другиот дел во градот наречен Кхаибар, северно од Медина. Кхаибар бил добро утврден еврејски центар во Арабија. Евреите кои таму се иселиле почнале да ги наговараат Арапите против муслиманите. Меканците веќе биле заколнати непријатели на исламот и за нив не бил потребен никаков нов предизвик против муслиманите. Така, и племето Гхатфан од Наџда непријателски се поставило кон муслиманите поради нивниот однос со Меканците. Евреите кои се сместиле во Кхаибар веќе сметале на Курејшиите на Мека и на Гхатфан племето од Наџда. Покрај овие, направиле и план како племињатта на Бану-Сулаим и Бану-Асад да се свртат против исламот. Исто така, го наговориле племето Бану-Са'д кое било во сојуз со Евреите да им се придружат на Меканците во сојуз против исламот. По долгите преговори бил организиран сојуз на арапските племиња за борба против

муслиманите. Овој сојуз ги вклучувал: Меканците, племињата кои живеат околу Мека, племињата на Наџда и оние кои живеат на територијата северно од Медина.

## БИТКАТА КАЈ ХЕНДЕК (КАЈ РОВОТ)

Во петтата година по Хиџра била собрана голема војска. Историчарите процениле дека силата на оваа војска броела помеѓу десет и дваесет и четири илјади луѓе. Но, обединетата војска собрана од разните племиња на Арабија не можела да биде војска од десет илјади луѓе. Дваесет и четири илјади е по веројатно. Ако не толку, тогаш сигурно биле осумнаесет или дваесет илјади. Градот Медина кој овие орди сакале да го нападнат бил скромен, сосема немоќен да се брани од организиран напад на целата Арабија. Нејзиното население тогаш го чинеле околу три илјади мажи (вклучувајќи ги, постарите, младите и децата). Против оваа популација непријателот собрал војска од дваесет или дваесет и четири илјади силни мажи, искусни во војувањето; и, (бидејќи биле собрани од различни делови на земјата) тие биле војска со добро одбрани искусни луѓе во војувањето. Од друга страна, граѓаните на Медина, кои можеле да бидат повикани на пружање отпор на оваа огромна војска, ги вклучувала мажите од сите возрасти. Можеме да ја процениме надмоќта против која муслиманските граѓани на Медина требало да се борат. Тоа бил крајно несразмерен судир. Непријателот бил со дваесет и четири илјади силни луѓе, а муслиманите биле со три илјади, вклучувајќи ги, и како што кажавме, сите мажи во градот, и старите и младите.

Кога Пратеникот слушнал за подготовките на огромната војска, тој одржал советување и побарал совет. Меѓу оние од кои побарал совет бил и Салман Персианецот, како прв муслиман од Персија. Пратеникот го прашал Салман што тие правеле во Персија кога морале да се бранат од огромна војска. "Ако градот не е утврден и, ако домашната сила е многу мала, рекол Салман, тогаш обичај во нашата земја е да ископаме ров околу градот и од ровот да го браниме градот." Пратеникот ја прифатил оваа идеја. Медина имала ридови од една страна. Тие пружале заштита од таа страна. Другата страна била со улици и збиено население. На таа страна од градот можело да се очекува напад. На третата страна биле куќи и градини со палми, и на одредена одалеченост имало тврдина на еврејското племе Бану-Кураиз. Племето Бану-Кураиз потпишало договор за мир со муслиманите. Поради тоа и оваа страна, исто така, се сметала за сигурна од непријателскиот напад. Четвртата страна видливо била отворена и најверојатно било дека непријателот токму тука ќе нападне. Поради тоа таа страна најмногу ги плашела. Пратеникот одлучил ровот да го ископаат токму на оваа страна за да го спречат непријателот неочекувано да ги нападне. Задачата била поделена помеѓу муслиманите: десет мажи требало да ископаат десет метри ров. Ровот требало да биде ископан во должина од една миља и да биде доволно длабок.

Додека копањето било во тек, наишле на карпа и на муслиманските копачи им било тешко да излезат на крај со неа. Го известиле Пратеникот и тој веднаш тргнал кон ова место. Земал копач и силно удрил по карпата. Искреле искри

и Пратеникот гласно викнал: “Аллаху акбар!” Повторно удрил. Повторно се појавила светлина и Пратеникот повторно викнал: “Аллаху акбар!” Удрил и по трет пат. Светлината повторно се појавила и Пратеникот изговорил: “Аллаху акбар!” и карпата била разбиена. Асхабите го прашале Пратеникот за сето ова. Зошто неколку пати рекол “Аллаху акбар?”

“Јас карпата три пати ја удрив со овој копач и три пати ги видов сцените на идната слава на исламот кои ми беа објавени. Во искрите ги видов сириските места во Римската империја. Дадени ми се во посед клучевите на овие места. Вториот пат ги видов осветлените места на Персија на Мада‘ин, и ги имав клучевите на Персиската империја кои ми беа дадени. Третиот пат ги видов капиите на Сан‘а и ги имав клучевите на кралството на Јемен кои ми беа дадени. Ова се Божјите ветувања и цврсто верувајте во нив. Непријателот не може да ви наштети.”

(Заркани, том 2; Бари, том 7)

Со ограничената човечка сила, ровот кој го ископале муслиманите не можел да биде совршен, но од точка на гледање на воената стратегија изгледало дека ќе се заштитат против неочекуваното влегување на непријателот во градот. Дека тој не бил неопходен, следните случки во битката тоа ќе го покажат. На непријателот не му одговарала ниту една друга страна за напад на градот.

Поради тоа, од страната на која бил ровот огромната војска на арапските племиња започнала да и приоѓа на Медина. Штом Пратеникот дознал за ова, излегол да го

брани градот со дванаесет стотини луѓе, откако претходно другите ги распоредил да ги бранат останатите делови.

Историчарите различно го проценуваат бројот на луѓето кои го бранеле ровот. Некои тврдат дека таму биле три илјади луѓе, други велат дека биле дванасет до тринаесет стотини луѓе, а некои пак дека биле седум стотини луѓе. Тешко е да се направат овие пресметки а уште потешко е тие да се совпаднат. Но, по преиспитувњето на евиденцијата, ние дојдовме до заклучок дека сите проценки за бројот на муслимани вклучени во одбраната на ровот се точни. Тие се однесуваат на различни фази на битката.

## БОРБАТА ПРОТИВ ГОЛЕМАТА НАДМОЌ

Веќе се согласивме дека по повлекувањето на дволичниците кај Ухуд, бројот на муслиманите кои останале на бојното поле бил седум стотини. Битката кај ровот се случила само две години подоцна по Битката кај Ухуд. Во текот на овие две години во историјата не се забележани некакви поголеми пристапувања во исламот. Во текот на ова време, зголемувањето во бројот на војниците во редовите на муслиманите од седумстотини до три илјади не е многу веројатно. Во исто време, не е нелогично дека помеѓу времето на Ухуд и времето на ровот немало зголемување на бројот на војници муслимани. Исламот продолжил да го зголемува бројот на своите членови и нормално е да очекуваме некое зголемување помеѓу Битката кај Ухуд и Битката кај ровот. Од овие согледувања произлегува дека пресметката за бројот на војниците во Битката кај ровот,

бројот од илјада и двеста е сосема точен. Единствено прашање на кое треба да се одговори е зошто некои стручњаци го изнесуваат бројот три илјади, а некои седумстотини. Нашиот одговор на ова прашање е дека овие две цифри се однесуваат на две различити фази на битката. Битката кај ровот се водела во три фази. Првата фаза ја имаме пред непријателот да се приближи на Медина, кога муслиманите биле зафатени со копањето на ровот. Со причина можеме да претпоставиме дека веројатно во тоа време поради изнесувањето на ископаната земја како помош пристигнале и жените и децата. Поради тоа можеме да сметаме дека во времето на копањето на ровот се заедно биле три илјади души ангажирани на муслиманска страна. Овој број ги вклучува и децата и жените. Децата биле во состојба да ја разнесуваат земјата, а жените, кои секогаш се натпреварувале со мажите во учеството во сите акции на муслиманите, веројатно биле корисни во обавувањето на многу други помошни работи врзани за копањето. Постои евиденција која ја подржува оваа претпоставка. Кога започнало ископувањето, дури и од децата било побарано да дојдат. Практично, сите жители на градот земале учество во ископувањето. Но, штом непријателот стасал и битката започнала, Пратеникот им наредил на децата под петнаесет години да се повлечат од местото на борбата. На оние преку петнаесет години им било дозволено ако сакаат да се борат.

(Халбијја, том 2)

Од оваа причина изгледа дека, во времето на ископувањето, бројот на муслиманите бил поголем одошто

кога започнала битката. Во времето на битката сите момчиња под петнаесет години се повлекле. Пресметките кои зборуваат дека бројот на муслиманите во битката бил три илјади се однесуваат само на ископувањето на ровот, а оние кои зборуваат за бројка од илјада и двеста луѓе се однесува на вистинската битка во која само возрасните мажи земале учество. Една пресметка која не ја зедовме предвид е бројот од седумстотини луѓе. Дури и оваа пресметка, според нашето мислење, е точна. Овој број го предложил истакнатиот стручњак Ибн - Исхак, кого во пресметката го подржал, ништо помалку истакнатата личност, Ибн-Хазм. Тешко е да се истражи оваа пресметка. За среќа, кога ќе се осврнеме на останатите делови од битката, ни станува јасно дека и оваа бројка е точна. Постои евиденција која покажува дека, кога племето Бану-Кураиз, наспроти својот даден збор, сепак му се придружило на непријателот и одлучило од позадина да ја нападне Медина, Чесниот Пратеник откако бил известен за нивните зли намери, одлучил да постави чувари во делот на градот кој бил изложен на нападот на племето Бану-Кураиз. Овој дел на Медина на почеток бил оставен без одбрана бидејќи племето Бану-Кураиз било во сојуз со муслиманите. Се претпоставувало дека тие нема да му дозволат на непријателот да го нападне градот од нивната страна. Познато е дека, кога на Пратеникот му бил поднесен извештај за предавството на Бану-Кураиз и кога станало очгледно дека муслиманските жени, кои поради сојузот со ова племе биле засолнати во тој дел од градот, веќе не биле сигурни, Пратеникот одлучил да испрати два одреда од двеста до триста луѓе да ги чуваат овие два различни дела на

градот кои веќе не биле сигурни. Пратеникот им наредил повремено да воскликнуваат “Аллаху акбар” за главните муслимански одреди да знаат дека муслимански жени се сигурни. Поради тоа пресметката на Ибн-Исха, кој тврди дека бројот на војниците во Битката кај ровот изнесувал седумстотини луѓе, исто така, е точна. Ако петстотини мажи од вкупно илјада и двеста биле пратени да ја чуваат позадината на градот, во главната битка тогаш останале седумстотини војници. Според тоа, сите пресметки за бројот на муслиманските војници се покажаа како точни.

Значи, за одбраната на ровот Чесниот Пратеник имал само седумстотини луѓе. Вистина, ровот бил ископан. Но, да се соочиш и да одбиеш толку голема војска каква што непријателот ја имал, дури и со помош на ровот, изгледало сосема невозможно. Но, како и обично муслиманите имале верба во Својот Господар и се потпирале на неговата помош. Нивниот мал одред ја чекал непријателската војска, додека жените и децата биле пратени во два привидно сигурни дела на градот. Кога непријателот стасал до ровот, бил изненаден бидејќи оваа војна стратегија никогаш порано во битките на Арапите не била употребена. Затоа одлучиле да ги наместат шаторите од другата страна на ровот и да размислат за начинот на кој ќе нападнат и ќе влезат во Медина. Едната страна на градот била заштитена со ровот. На другата страна имало ридишта кои биле како природна заштита. На третата страна имало камени куќи со градини. Било невозможно непријателот да направи било каков неочекуван напад на било кој дел од градот. Непријателските главатари се советувале и заедно одлучиле дека е неопходно да се издвои

Еврејското племе Бану-Кураиз, кое се уште живеело во Медина после сојузот со муслиманите, и од нив да се побара да им се придружат на арапските сојузници при јуришот на Медина. Само племето Бану-Кураиз можело да им овозможи влез во градот. На крајот Абу-Суфијан го избрал Хаија бин Актаб, главатар на протераното племе Бану-Назир и главниот подбуцнувач на арапските племиња против Медина, и го одредил да преговара со Бану-Кураиз да го овозможи нападот на градот од позадина. Хаија бин Актаб отишол до еврејската тврдина да се сретне со водачот на Бану-Кураиз. Тие најпрво одбиле да се сретнат. Но, кога тој им објаснил дека ова претставува единствен момент да се поразат муслиманите, успеал да го придобие Ка‘бу, еден од членовите на Бану-Кураиз. Тој објаснил дека целата Арабија излегла да ги нападне и уништи муслиманите. Војската која се наоѓала на другата страна на ровот не била војска, туку океан на силни мажи и дека е невозможно муслиманите да пружат било каков отпор. На крајот се согласиле дека, штом војската на неверниците успее да го разбие ровот, Бану-Кураиз ќе го нападне оној дел на Медина во кој Чесниот Пратеник ги пратил сите жени и деца поради сигурност. Тие верувале дека овој план ќе го разбие отпорот на муслиманите и ова место ќе стане место на уништување на целото население - мажите, жените и децата. Овој план да успеал, скапо би ги чинел муслиманите и тие би се нашле во безизлезна ситуација. Тогаш тие не би имале начин како да избегаат од ова поразително место.

# ПРЕДАВСТВОТО НА БАНУ-КУРАИЗ

Како што кажавме, племето Бану-Кураиз било во сојуз со муслиманите. Дури и да не се придружиле во борбата на муслиманите, од нив се очекувало дека барем ќе го сопрат патот на непријателот да навлезе од нивната страна. Од тие причини, Пратеникот оваа страна потполно ја оставил незаштитена. Во племето Бану-Кураиз знаеле дека муслиманите веруваат во нивната исправна вера. Кога одлучиле да им се придружат на Арапите, се договориле отворено да им пристапат како не би предизвикале сомнеж кај муслиманите за тие да не преземат чекори во одбрана на делот од градот кај што се наоѓале Бану-Кураиз. Тоа била многу опасна завера.

Кога арапската војска одлучила да ги нападне муслиманите од двете страни, започнала со борба кај ровот. Поминале неколку дена но ништо не се случило. Тогаш им текнало своите стрелци да ги постават на височина и тие да ги нападнат муслиманите кои го бранеле ровот. Тие стоеле на работ, на кратка одалеченост. Во моменти кога муслиманската војска покажувала и најмали знаци на слабост, неверниците со помош на коњаници се обидувале да го поминат ровот. Верувале дека ако ваквите напади се повторуваат ќе успеат да го освојат местото на муслиманска страна на ровот каде што би ги сместиле своите одреди за потполн напад на градот. Поради тоа тргнал напад врз напад. Муслиманските бранители морале да се борат без прекин. Еден ден нападите биле толку жестоки што муслиманите не можеле да ги обават некои од дневните намази во одредено

време. Пратеникот поради ова бил многу тажен и рекол: "Боже, казни ги неверниците, тие ги попречија нашите намази." Оваа случка ја покажувала силата на непријателските напади. Но, тие исто така покажуваат дека Пратениковата прва и последна грижа била обожувањето на Бога. Медина била опколена од сите страни. Не само мажите туку и жените и децата биле соочени со сигурна смрт. Целиот град бил загрижен. Но, Пратеникот сепак размислувал за извршувањето на дневните намази во нивното одредено време. Муслиманите не го обожуват Бога само еднаш неделно, како Евреите, Христијаните и Хиндусите. Од муслиманите се бара да клањаат пет пати на ден. Во текот на битката тешко е да се клања дури и еден намаз, а да не зборуваме за обавувањето на пет дневни намази во џемматот. Но, Пратеникот сепак организирал пет дневни намази дури и во текот на борбата. Ако дури и еден од овие намази бил попречен од страна на непријателот, Пратеникот тоа многу го болело.

Да и се вратиме на борбата. Непријателот напаѓал од предната страна од кај ровот, а Бану-Кураиз планирале да нападнат од позадина, но не на начин кој би ги збунил муслиманите. Тие во градот сакале да влезат од задната страна и да ги убијат жените и децата кои таму се засолниле. Еден ден Бану-Кураиз испратиле шпион да истражи дали кај жените и децата биле поставении чувари и во кој број. Тука било оградено земјиште за семејствата кои непријателот ги сметал за својата посебна мета. Шпиунот дошол и почнал да се врти околу ова посебно оградено земјиште и сомнително го разгледувал. Додека тој разгледувал го забележила

Сафија, тетка на Пратеникот. Во тоа време на стража бил само еден маж кој во исто време бил и болен. Сафија го известила за она што го видела и му предложила да го грабне шпиунот пред да стаса да го извести непријателот дека во тој дел на градот жените и децата се незаштитени. Болниот муслиман го одбил предлогот и самата Сафија земала стап и почнала да го удира несаканиот посетител. Со помош на другите жени го убила. Подоцна, навистина се покажало дека овој човек бил шпион на Бану-Кураиз. Муслиманите станале нервозни и почнале да се плашат дека нападите можат да се случат и од страната која ја сметале за сигурна. Но, нападите од страната на ровот биле толку жестоки што целиот одред морал да ја брани положбата. Пратеникот сепак одлучил дел од одредот да го отстапи за заштитата на жените и децата. Како што веќе кажавме, бројот на муслимани во оваа битка бил илјада и двеста. Пратреникот за заштита на жените во овој дел од градот испратил пет стотини мажи. За одбраната на ровот останале само седумстотини луѓе кои требало да се борат со војска од осумнаесет до дваесет илјади мажи. Некои муслимани се чувствувале ослабено поради надмоќта со која морале да се соочат. Отишле кај Пратеникот и му кажале колку ситуацијата е критична и како изгледа невозможно да се одбрани градот. Од Пратеникот побарале да ги поучи на довите. Исто тако му побарале да ги поучи на посебни дови за оваа прилика. Пратеникот одговорил: “Не плашете се. Само молете го Бога да ве заштити од слабостите, да ви ги засили срцата и да ја отргне грижата.” Пратеникот, Бога го молел со овие зборови:

*“Боже, Ти ми го прати Кур‘анот. Ти брзо ја сведуваш сметката. На овие орди кои дошле кај нас да не нападнат подари им пораз. Боже, јас повторно Те молам: порази ги, направи да владееме над нив, и попречи ги сите нивни зли намери.”*

(Бухари)

*“Боже, Ти ги слушаш оние кои Ти се плачат во беда и невоља. Ти им одговараш на оние кои од грижата се погодени. Ослободи ме од мојата болка, грижата и стравот. Ти знаеш против каква сила сме јас и моите пријатели.”*

(Зуркани)

Дволичниците во одредот биле уште по нервозни од останатите муслимани. Од нивните срца исчезнала сета почит кон честа на нивната страна, а со тоа и сигурноста на градот, на жените и децата. Но, тие не сакале да бидат засрамени во присуство на својата сопствена страна. Поради тоа еден по еден почнале да ги напуштат муслиманите под неуверливи изговори. Следните ајети во Кур‘анот всушност се однесуваат на овие случки. (33:14)

*“А група од нив побараа одобрение од Пратеникот, зборувајќи: ‘Навистина домовите наши се незаштитени.’ А не беа незаштитени. Посакаа само да се дадат во бегство.”*

(33:14)

Состојбата на битката во тој момент, и состојбата во која се наоѓале муслиманите, во Кур'анот е опишана во следните ајети:

*"И кога ви дојдоа и над вас и под вас, и кога погледите ви се скаменија, и кога срцата во градите ви застанаа, и кога за Аллах секакви помисли имавте. На тоа место верниците беа ставени во искушение и беа силно потресени (со искушение). И кога дволичните и оние со заболени срца зборуваа: 'Аллах и Пратникот Негов ништо не ни ветија освен измама.' И кога една дружина од нив рече: 'О, жители на Јасриб, за вас одмор нема, затоа вратете се!' А група од нив побара одобрение од Пратеникот, зборувајќи: 'Навистина домовите наши се незаштитени.' А не беа незаштитени. Посакаа само да се дадат во бегство."*

(33:11-14)

Тука муслиманите се потсетуваат дека од предната страна биле нападнати од арапските племиња, а од задната од Евреите. Се потсетуваат на тоа колку бедни биле во тоа време. Нивните очи се скамениле а срцата се смрзнале. Тие дури почнале да се сомневаат во Бога. Верниците тогаш биле во искушение. На сите нив им бил зададен страшен удар. Дволичните и духовно болните почнале да зборуваат: 'Аллах и Пратеникот Негов ништо не ни ветија освен измама.' Група од нив дури почнала да ги обесхрабрува муслиманските

одреди зборувајќи: ‘Сега нема борба. Нема што да правиме, останува само да се вратиме.’

Како, во оваа прилика, се однесувале вистинските верници, исто така, е опишано во Кур‘анот:

> *“А кога верниците ја здогледаа групата (војската) рекоа: ‘Ова е она што ни го ветија и Аллах и Неговиот Пратеник; а Аллах и Пратеникот Негов вистината ја зборуваа;’ и верувањето и покорноста само им се зголемуваа. Меѓу верниците има мажи кои го исполнија ветувањето што му го дадоа на Аллах. И меѓу нив е и оној кој ја исполни својата заклетва (станувајќи шехид), меѓу нив е и оној што се уште чека, и тие никако не го сменија (своето однесување).”*

(33:23-24)

Вистинските верници биле поинакви од дволичните и не биле слаби. Кога го виделе непријателот во толкав број, се сетиле на она што им го кажал и Бог и Неговиот Пратеник. Овој заеднички напад на арапските племиња бил само доказ за вистинитоста на Бога и на Пратеникот. Вистинските верници биле непоколебливи. Всушност, им се зголемил духот на послушноста и силата на верата. Вистинските верници го почитувале својот договор со Бога. Некои од нив веќе ја постигнале целта на својот живот, наоѓајќи ја смртта. Некои од нив пак чекале да умрат на Божјиот пат и да ја постигнат својата цел.

Непријателот бесно и непречено го нападнал ровот. Понекогаш успевал и да помине. Еден ден, некои од

генералите на непријателот успеале да го поминат ровот. Но, толку силно биле нападнати од муслиманите што морале да се повлечат. Во овој судир Науфал, големиот водач на неверниците го загубил животот. Овој водач бил на висока положба и неверниците мислеле дека нема да бидат во состојба да поднесат било каква навреда на неговото мртво тело. Поради тоа му пратиле порака на Пратеникот дека, ако им го врати телото на главатарот ќе му исплатат десет илјади дирхеми. Тоа била висока цена за мртво тело. Оваа понуда била дадена со големо чувство на вина. Неверниците ги унакажале телата на мртвите муслимани во битката кај Ухуд и стравувале дека истото ќе го направат и муслиманите. Но, учењето на исламот било сосема поинакво. Исламот строго забранувал масакрирање на телата на мртвите.

Кога Пратеникот ја примил оваа порака и понуда рекол:

"Каква корист имаме од ова тело? Ние не сакаме ништо за возврат. Ако сакате однесете го телото."

(Зуркани, том 2, стр 114)

Извадокот од книгата на Муир "Животот на Мухамед" (Лондон, 1878, стр.322) впечатливо ја опишува силата на нападот над муслиманите. За ова што сега ќе го наведем не треба посебно извинување.

> *"Следното утро Мухаммед заклучил дека цел одред на сојузниците се построил против него. Од негова страна се барало врвна активност и непрестана будност за да го совлада маневарот*

*на непријателот. Постоела закана од општ напад, и тогаш, наеднаш, со поделба на дивиизиите, би можеле да нападнат на различни места со брз и збунувачки напад; и на крајот барајќи прилика, ќе ги сконцентрираат своите трупи на најмалку заштитеното место, и засолнувајќи се под непрекинатата стрелба на стрелите ќе настојуваат да го освојат ровот. Непрекинато биле вршени смели напади на градот, и на шаторот на Мухаммед, од важни водачи како што биле Кхалид и Амр; и тие биле одбивани само со непрекинати маршеви и маневри и неуморни стрелички. Ова се случувало цел ден; и, бидејќи војската на Мухаммед одвај да била доволна да ја чува целата линија, немале шанса за одмор. Дури и во ноќта Кхалид, со силна група на коњаници ја продолжувал заканата над линијата на отпорот, поради што биле потребни истурени стражи да се распоредат на помали растојанија. Но, сите напори на непријателот не давале резултат. Ровот не бил прегазен.*"

Битката траела два дена. Но сепак немало борба гради во гради, ниту пак некое поголемо крвопролевање. Дваесет и четири часовната борба како резултат имала само три загинати на страна на непријателот, а муслиманите загубиле пет луѓе. Са‘д бин Му‘аз, главатарот на племето Аус, и верен пријател на Пратеникот бил тешко ранет. Меѓутоа, непрекинатите напади како последица нанеле оштетување на ровот, и ова ги олеснило понатамошните напади. Сведоци

сме на величенствен призор на херојство и верност. Била студена ноќ, можеби најстудената во Арабија. По тврдење на хазрети Ајша, р.а., Пратениковата чесна сопруга, Пратеникот се будел од сонот и станувал да го чува оштетениот дел од ровот. Се изморувал. Пак би се враќал во кревет, но тогаш, откако ќе се стоплел, повторно одел да го чува ровот. Еден ден бил толку изморен што изгледало дека нема да биде во состојба да се помести. Тогаш рекол дека би сакал некој верен муслиман да дојде за тој да може да се одмори од чувањето на ровот во ледената ноќ. Тоа бил Са‘д бин Вакас. Пратеникот го прашал зошто дошол.

“За да те чувам, рекол Са‘д.”

“Нема потреба мене да ме чуваш, рекол Пратеникот, еден дел на ровот е оштетен. Оди и чувај го за муслиманите да бидат сигурни. Са‘д отишол и Пратеникот заспал.”

(Тоа не била некоја случајност. Бидејќи, кога Пратеникот стигнал во Медина постоела голема опасност по неговиот живот, и тогаш Са‘д му се понудил за чувар).

По втор пат, во текот на овие тешки денови, Пратеникот го слушнал звукот на оружјето.

“Кој е тоа?” Прашал Пратеникот.

“Ибад бин Бешир.” Се слушнал одговорот.

“Има ли некој друг со тебе?” Прашал Пратеникот.

“Да.” Одговорил Ибад.”Група асхаби. Ние ќе го чуваме твојот шатор.”

“Оставете го мојот шатор. Неверниците настојуваат да поминат преку ровот. Одете и борете се со нив.”

(Халбија, том 2)

Како што кажавме порано, Евреите настојувале во градот да влезат со измама. Нивниот шпион во тоа настојување го загубил живот. Кога виделе дека нивната измама била откриена, почнале поотворено да ги помагаат арапските сојузници. Меѓутоа, не биле во состојба да ги нападнат во позадина, бидејќи полето на оваа страна било тесно и со поставувањето на муслимански чувари на стража големиот напад не бил можен. Но, неколку дена подоцна, Евреите и паганските сојузници одлучиле да направат изненаден и истовремен напад над муслиманите.

## РАЗИДУВАЊЕ НА СОЈУЗНИЦИТЕ ПЛАНОТ ЗА НАПАД НА БАНУ-КУРАИЗ И НИВНИОТ НЕУСПЕХ

Меѓутоа, на чудесен начин овие опасни планови биле попречени од Бога. Ну‘аим, кој му припаѓал на племето Гхатфан, бил наклонет на исламот. Пристигнал со паганската војска, но чекал прилика да им помогне на муслиманите. Сам не можел тоа да го направи. Но, кога видел дека Евреите се здружиле со Арапите, и се чинело дека муслиманите се соочени со сигурна смрт и уништување, Ну‘аим одлучил да направи се што може за да ги спаси муслиманите. Отишол кај племето Бану-Кураиз и разговарал со нивниот главатар: “Ако арапските војски избегаат, што очекувате муслиманите да направат со вас? Вие имате договор со муслиманите. Зарем нема да бидат подготвени на казна која ја заслужуваат оние кои ќе го прекршат договорот?” Ова испитување ги исплашило еврејските главатари. Го прашале што да

направат. Ну‘аим ги советувал: “Ако Арапите побараат од вас да изведете заеднички напад, побарајте им седумдесет пагани како заложници да ја чуваат вашата тврдина за вие да можете да нападнете од позадина. Ако паганите бидат искрени во заедничкиот напад, нема да го одбијат ова барање.” По разговорот со Евреите отишол кај паганските водачи и ги прашал што ќе направат ако Евреите му се вратат на договорот со муслиманите, и ако побараат повеќе луѓе како заложници за да ги придобијат муслиманите и тогаш истите да им ги предадат. Зарем за нив не е важно да ја проверат искреноста на Евреите и да побараат од нив веднаш да учествуваат во заедничкиот напад?

Паганските водачи биле одушевени од овој совет и веднаш им пратиле на Евреите порака дека сакаат заеднички напад и дека следниот ден тие треба да изведат напад со својата војска. Евреите одговориле дека наредниот ден е сабота (саббат) и дека не можат тој ден да се борат. Второ, рекле дека тие и припаѓаат на Медина, додека сите арапски сојузници се од надвор. Ако Арапите избегаат од бојното поле, што ќе се случи со нив? Поради тоа Арапите треба да им дадат седумдесет заложници и дури тогаш тие ќе нападнат. Сомневањето веќе делувало. Арапите одбиле да го прифатат ова барање и Евреите кажале: “Да бевте искрени во својот сојуз со нас, не би имало смисла да се изнесува вакво барање.” Сомневањето навлегло во срцата на Евреите и во исто време сомневањата ги зафатиле и Арапите од Мека. Штом во срцето ќе се појави сомневање, духот на храброста се губи. Со ова сомневање армијата на неверниците отишла на одмор во своите шатори.

Аллах смислил уште еден начин како да им помогне на муслиманите. Тогаш се случило чудо. Започнал да дува силен ветер. Шаторите биле однесени а чиниите за готвење превртени врз огнот. Некои огнови биле изгаснати. Паганите верувале во тоа дека огновите треба да бидат запалени цела ноќ, бидејќи разбуктаниот логорски оган е добар знак, а изгаснатиот лош. Кога огнот пред шаторот би изгаснал, оние во шаторот тоа би го сметале за лош предзнак и тој ден не учествувале во борбата. Паганските водачи веке биле обземени со сомнеж. Кога некои од војниците би се повлекле, останатите мислеле дека муслиманите извеле ноќен напад. Оваа вест почнала да се шири. Сите почнале да се собираат и да се повлекуваат од полето. Велат дека Абу-Суфијан спиел во својот шатор. Веста за ненадејното повлекување на паганските дивизии стасала до неговите уши. Станал вознемирен и возбуден и ја јавнал камилата. Го подбуцнал животното но тоа не се поместило. Неговите пријатели ја одврзале камилата и Абу-Суфијан со својот народ избегал од бојното поле. Поминал поголемиот дел од ноќта и бојното поле веќе било расчистено. Војската од дваесет до дваесет и пет илјади војници и следбеници се изгубила оставајќи потполна пустелија зад себе. Токму во тоа време Пратеникот ја примил следната објава: “Ние го избркавме твојот непријател.” За да утврди што всушност се случило, Пратеникот пратил еден од своите следбеници на бојното поле да ја види вистинската состојба и да го извести за тоа. Времето било многу студено. Муслиманите немале доволно облека и им студело. Некои го слушнале Пратениковиот глас кога гласно ги повикал во ноќта. Сакале

да му одговорат но од студот не можеле. Само Хузаијфа бил во состојба да каже: “Да Божји Пратениче, што сакаш да направиме?”

Пратеникот кажал: “Барам некој друг не тебе. И повторно прашал: Дали има уште некој?” Само Хузаијфа одговорил. Пратеникот побарал од него да оди да го погледне бојното поле, бидејќи Бог го известил дека непријателот избегал. Хузаијфа отишол близу ровот и оттаму видел дека бојното поле било празно. Немало војници. Хузафија се вратил кај Пратеникот, го проучил *Калимеи шехадет* и рекол дека непријателот избегал. Утредента муслиманите ги симнале од клиновите своите шатори и тргнале кон дома. Големото искушение кое траело околу дваесетина дена завршило.

## КАЗНАТА НА БАНУ-КУРАИЗ ЗА НИВНОТО ПРЕДАВСТВО

По двесет дена опсада муслиманите сега можеле мирно да дишат. Но, сепак требале да го решат спорот со Бану-Кураиз. Бану-Кураиз го прекршиле договорот со муслиманите и преку тоа не можело да се помине. Пратеникот ја собрал својата изморена војска, и им рекол дека за нив се уште нема одмор и дека пред акшам треба да стасаат до тврдината на Бану-Кураиз. Тогаш Алија отишол до племето Бану-Кураиз да ги праша зошто го прекршиле договорот. Бану-Кураиз не покажале ниту каење ниту било каква подготвеност да побараат прошка. Наместо тоа, го навредувале Алија и останатите муслимански делегати и дофрлувале навредливи зборови на сметка на Пратеникот и

на жените од неговото семејство. Рекле дека не им е грижа за Мухаммед и дека никогаш немале договор со него. Кога Али се вратил да извести за одговорот на Евреите, го сретнал Пратеникот и асхабите како одат кон еврејската тврдина. Евреите го навредувале Пратеникот, неговите жени и ќерки, и Али плашејќи се дека Пратеникот поради тоа ќе биде повреден, му предложил да не учествува во борбата бидејќи и самите тие се доволни за борба против Евреите.

Пратеникот го разбрал Алија и кажал: “Ти Али не сакаш да ги слушнам нивните навреди?”

“Точно,” одговирил Али.

“Али зошто?” Рекол Пратеникот. “Муса бил нивниот пратеник, па сепак му нанеле повеќе навреди одошто на мене.”

Пратеникот продолжил кон нивната тврдина. Евреите ги затвориле капиите на тврдината и почнале да се борат со муслиманите. Нивните жени исто така им се придружиле во борбата. Некои муслимани седеле во подножјето на ѕидот. Една жена Еврејка ги здогледала и фрлила камен врз нив и убила еден по име Кхаллад. Оваа опсада траела неколку дена. По некое време Евреите увиделе дека нема да можат долго да се борат. Тогаш нивните главатари му пратиле порака на Пратеникот барајќи од него да го испрати Абу-Лубаб, ансари главатар на племето Аус, кој бил во пријателски однос со Евреите. Сакале да се посоветуват со него за можното решение. Пратеникот на Евреите им го пратил Абу-Лубаб и тие го прашале дали треба да го положат оружјето и да ја прифатат пресудата на Пратеникот. Абу-Лубаб одговорил потврдно, но во исто време прешол со прст

преку вратот, укажувајќи на знакот на смртта. Пратеникот до тогаш не ја изнел на виделина својата одлука. Но, Абу-Лубаб, плашејќи се дека прекршокот на Евреите не заслужува друго освен смрт, несвесно го направил овој знак кој за Евреите подоцна ќе стане причина на нивното уништување. Тие не го прифатиле советот на Абу-Лубаб и ја одбиле Пратениковата одлука. Да ја прифателе, најголемата казна ќе била протерување од Медина. Меѓутоа, тие рекле дека не се подготвени да ја прифатат Пратениковата одлука. Наместо Пратениковата одлука, рекле дека ќе ја прифатат одлуката на Са‘д бин Му‘аз, главатарот на нивните сојузници Аус и дека ќе се согласат со било која казна која тие ќе ја предложат. Започнала расправија и меѓу самите Евреи. Некои од нав почнале да зборуваат дека нивните луѓе навистина го прекршиле договорот со муслиманите. Од друга страна, однесувањето на муслиманите покажало дека тие биле коректни и искрени, и дека нивната религија била вистинита. Оние кои имале вакво мислење му се приклучиле на исламот. Амр бин Ма‘дди, еден од еврејските главатари го прекорувал својот народ зборувајќи: “Вие го прекршивте својот договор. Сега за вас единствен отворен пат е да го примите исламот и да дадете џизија (данок).”

Тие кажале: “Ние никогаш нема да го прифатиме исламот, ниту ќе дадеме џизија, бидејќи подобро е умирањето од давањето џизија (данок).” Амр одговорил дека во тој случај тој е ослободен и кажувајќи го ова ја напуштил тврдината. Го видел Мухаммед бин Муслам, командирот на муслиманската колона и го прашал кој е. Кога дознал кој е му рекол да оди во мир и гласно ја проучил довата:

“Боже, дај ми вечна сила да ги засолнувам грешките на чесните.”

Мислел на тоа дека овој Евреин покажал покајание и жалел поради однесувањето на својот народ. Поради тоа, морална должност на муслиманот била да му опрости. Пуштајќи го да си оди, тој направил добра работа и го молел Бога да му пружи прилика често да прави такви добри дела. Кога Пратеникот дознал за она што направил Мухаммед бин Муслам, тој не го прекорил што на овој еврески водач му дозволил да замине. Наместо тоа, го пофалил за она што го направил.

Само неколкумина Евреи ја прифатиле Пратениковата одлука. Како народ, тие останале непопустливи и одбиле да ја прифатат Пратениковата одлука и наместо тоа побарале одлука од Са‘д бин Му‘аз.

(Бухари, Табри и Кхамас).

Пратеникот го прифатил нивното барање и пратил порака на Са‘д бин Му‘аз, кој лежел ранет, да дојде и да ја донесе својата одлука за Еврејското кршење на договорот. Штом Пратениковата одлука била најавена, припадниците на племето Аус, кое долго време било сојузник на Бану-Кураиз, отрчале кај Са‘д и почнале да вршат притисок врз него, својата одлука да ја донесе во корист на Бану-Кураиз. Рекле како Кхазраџ секогаш настојувале да ги спасат Евреите кои им биле сојузници и дека сега на Са‘д му е доделена улога да ги спаси Евреите кои се сојузници на ова племе. Са‘д јавајќи отишол до Бану-Кураиз. Луѓе од племето трчале околу него вршејќи притисок да не го казни Бану-Кураиз. Се што

одговирил Са‘д било дека личноста која донесува пресуда треба да биде човек од доверба. Тој треба чесно да ја исполно довербата. “Затоа, јас ќе ја донесам својата одлука земајќи ги во предвид сите околности, без страв и наклонетост,” рекол тој. Кога Са‘д стасал во Еврејската тврдина, ги видел Бану-Кураиз наредени покрај ѕидот на тврдината, како го чекаат. Од другата страна биле муслиманите.

Кога Са‘д дошол до нив ги прашал: “Дали ќе ја прифатите мојата одлука?”

Тие одговориле “Да”.

## ПРЕСУДАТА НА СА‘Д ВО СКЛАД СО БИБЛИЈАТА

Свртувајќи се кон Бану-Кураиз, ги прашал истото и тие исто така се согласиле. Тогаш вознемирено покажал на страната кај што седел Пратеникот и прашал дали луѓето на таа страна ќе се држат до одлуката.
Пратеникот одговорил: “Да.”

(Табари и Хишам)

Тогаш Са‘д ја дал пресудата во склад со следната наредба на Библијата.

*“Кога ќе се приближиш до некој град, за да го преземеш, предложи му мир. Ако се согласи на мир со тебе и ти ги отвори портите, целиот народ што се наоѓа во него, ќе ти плаќа данок и ќе ти работи. Ако пак не се согласи на мир со тебе, и почне да војува против тебе, опколи го. И кога Господ твојот Бог, ќе го предаде во рацете*

*твои, погуби со мечот се што е машко кај него. Само жените и децата, добитокот и се што има во градот, запленете го за себе и користи се со пленот на непријателите свои кои Господ, твојот Бог, ти ги предал. Така постапи во сите градови, што се многу далеку од тебе, а кои не се градови на тие народи. Но во градовите на оние народи, кои Господ, твојот Бог, ти дава да ја наследиш земјата нивна, не оставај ни една жива душа, туку предај ги на заклетва: Хетејците, Аморејците, Хананејците, Ферезејците, Јевусејците, Гергејсијците, како што ти беше заповедал Господ, твојот Бог за да не ве научат да ги правите сите нивни гнасотии, какви што им правеле тие на своите богови, за да не грешите и вие пред Господа, вашиот Бог.”*

(Повторени закони, 20:10-18)

Според одлуката на Библијата, сите муслимани – мажи, жени и деца – би биле убиени ако победеа Евреите, а Пратеникот загубил. Историјата ни раскажува дека всушност тоа била намерата на Евреите. Најмалку што би направиле би било да ги убијат сите мажи, а жените и децата да ги заробат и да им го одземат имотот на муслиманите – ваквото однесување кон непријателските нации кои живеат во далечните краишта е изложено во Повторените закони. Са‘д имал пријателски односи со племето Бану-Кураиз. Неговото племе било во сојуз со нивното. Кога видел дека Евреите ја одбиле одлуката на Пратеникот, и со тоа ја одбиле полесната

казна пропишана за таквата постапка во исламот, тој одлучил на Евреите да им  додели казна која Муса ја прогласил. Одговорноста за оваа казна не се наоѓа кај Пратеникот или муслиманите, туку кај Муса и неговото учење и кај Евреите кои илјадници години така сурово постапувале со другите народи. Ним им била понудена милостива пресуда на Пратеникот. Но, наместо да ја прифатат, тие инсистирале на пресудата на Са‘д. Тој одлучил Евреите да ги казни според Законот на Муса. И покрај тоа, христијаните и до ден денешен продолжуваат да го клеветат Пратеникот на исламот и да зборуваат дека бил суров со Евреите. Ако Пратеникот бил суров кон Евреите зошто не бил суров кон нив во другите прилики или кон некој друг народ? Стотици пати непријателите му се предале на Пратеникот и секој пат Пратеникот им простувал. Ова била само една прилика кога непријателот инсистирал дека нема да ја прифати одлуката на Пратеникот, туку ќе ја прифати одлуката на друг човек. Овој човек го прифатил ветувањето на двете страни, и на муслиманите и на Евреите, потоа и од Пратеникот дека ќе ја послушаат неговата одлука. Откако страните се согласиле, тој ја донел одлуката. И што била неговата одлука? Тоа не било ништо друго освен примена на Законот на Муса за престапот на Евреите. Зошто тогаш тие тоа не го прифаќаат? Зарем тие себе си не се сметаат за следбеници на Муса? Ако и била направена било каква суровост тоа било од Евреите кон самите себе. Евреите одбиле да ја прифатат Пратениковата одлука и наместо тоа го повикале сопствениот закон како пресуда за својот престап. Ако е и направена било каква суровост, тоа било од страната на

Муса, кој ја поставил оваа казна за опколениот непријател и тоа го ставил во својата книга по Божја наредба. Христијанските писатели не треба да го истураат својот бес на Пратеникот на исламот. Тие треба да го осудат Муса, кој ја пропишал оваа сурова казна, или Богот на Муса, Кој тоа му го наредил.

Кога битката кај ровот била завршена, Пратеникот прогласил дека од тој ден паганите нема да ги напаѓат муслиманите и дека наместо тоа муслиманите сега ќе ги напаѓаат паганите. Среќата ќе се промени. Муслиманите ќе преземат офанзива против племињата и групите кои до сега без причина ги напаѓале и ги мачеле. Она што Пратеникот го кажал не била празна приказна. Во битката кај ровот арапските сојузници не поднеле никаква значителна загуба. Тие загубиле само неколку луѓе. За помалку од година тие повторно би можеле да ја нападнат Медина и тоа уште по подготвени. Наместо војска од дваесет илјади тие за новиот напад би можеле да кренат војска од четриесет или дури од пеесет илјади. Би било возможно да соберат војска од стотина и стотина и пеесет илјади луѓе. Но сега, за дваесет и една година, непријателите на исламот направиле се што можеле за да го уништат исламот и муслиманите. Постојаниот неуспех на нивните планови ја разорил нивната самодоверба. Почнале да се плашат дека она што Пратеникот го учи можеби е вистина и дека нивните национални идоли и богови можеби се лажни. Можеби Создателот е Еден, невидливиот Бог, за кој Пратеникот зборувал. Стравот дека во право бил Пратеникот а тие не, почнал да се вовлекува во нив. Меѓутоа, не бил покажан знак на страв и паника.

Физички неверниците и понатаму продолжувале со отпорот кон муслиманите. Оделе до своите кипови и ги молеле онака како што националниот обичај барал од нив. Меѓутоа, нивниот дух бил скршен. Го живееле животот на пагани и неверници, но внатре во нивните срца се чини дека одѕвонувало: Ла илахе иллаллах! (Нема Бог освен Аллах).

Како што порано кажавме, по битката кај ровот Пратеникот прогласил дека отсега неверниците нема да ги напаѓаат муслиманите, туку дека наместо тоа, муслиманите ќе ги напаѓаат неверниците. Трпението на муслиманите дошло до крајните граници. Среќата ќе се промени.

(Бухари, Китаб-ул-Магхази)

## ДАЛИ ПРАТЕНИКОТ НАСТОЈУВАЛ ДА ГО ПРОДОЛЖИ ВОЈУВАЊЕТО

Во досегашните битки муслиманите или останувале во Медина или излегувале подалеку од неа да се борат против нападите на непријателот. Муслиманите не ги започнувале судирите и не покажувале желба да ги продолжат откако започнале. Нормално е дека, откако ќе започне, војната може да заврши само на два начина; со договор за мир или со покорност на едната страна. Во судирите помеѓу муслиманите и неверниците досега не се насетувал мир, ниту некоја од страните сакала да се покори. Навистина, имало прекини во нивната борба, но никако не може да се зборува дека војната помеѓу муслиманите и неверниците била завршена. Според вообичаените правила, муслиманите имале право да ги нападнат непријателските

племиња и да ги присилат да се предадат. Но, муслиманите тоа не го направиле. Кога непријателот завршил со борбата истото го направиле и муслиманите. Тие не продолжувале со борбата бидејќи верувале дека договорот за мир е можен. Но, кога станало јасно дека не постои желба да се разговара за мирот, ниту спротивната страна помислувала да се предаде, Пратеникот сметал дека дошло време војната да заврши или со мир или со покорувањето на спротивната страна. Војната морала да заврши за да завладее мирот. По битката кај ровот Пратеникот бил одлучен да осигура една од овие две работи: мирот или покорувањето. Не доаѓало во предвид муслиманите да им се предадат на неверниците. Бог ветил победа на исламот над неверниците. Со таа цел, додека бил во Мека, Пратеникот дал проглас. Дали тогаш муслиманите можеле да подигнат тужба поради мирот? Иницијативата за мир може да биде покрената или од посилната или од послабата страна. Кога послабата страна бара мир, треба да отстапи – привремено или трајно - дел од својата територија или дел од своите вкупни приходи: или да прифати други барања кои непријателот и ги наметнува. Кога посилната страна го предлага мирот се разбира дека целта не и е потполно уништување на послабата страна, туку е подготвена да и понуди на послабата страна делумна независност, а за возврат да добие одредени отстапки кои ќе ги побара. Во битките кои до сега биле водени помеѓу муслиманите и неверниците, неверниците поднесувале пораз до пораз. Сепак, нивната сила не била скршена. Тие само не успевале да ги уништат муслиманите. Неуспехот во уништувањето на другиот не значи пораз. Тоа значи само

дека агресијата не била успешна; нападите кои не успееле можеби ќе бидат повторени. Според тоа, Меканците не биле поразени; само нивната агресија кон муслиманите не била успешна. Зборувајќи со војни термини, муслиманите несомнено биле послабата страна. Навистина, нивната одбрана сепак опстанала, но тие биле послабото малцинство кое иако било во состојба да пружи отпор, не било во состојба да преземе офанзива. Поради тоа, муслиманите се уште не ја втемелиле својата независност. Ако тие побараа мир, тоа ќе значи дека нивната одбрана е скршена и дека не се подготвени да ги прифатат условите на неверниците. Понудата за мир од нивна страна ќе беше погубна за исламот. Тоа би значело самоуништување, и на непријателот би му дало нова животна сила, кој инаку бил деморализиран од постојаните порази. Чувството на пораз би остапило место за повторна надеж и амбиција. Неверниците би биле убедени дека муслиманите, иако ја спасиле Медина, сепак би останале без надеж во својата конечна победа над неверниците. Поради тоа, предлогот за мир, не можел да дојде од муслиманска страна. Тој можел да дојде од страна на Меканците или од трета страна, ако таа воопшто можела да се најде. Меѓутоа трета страна не постоела. Во судирот кој се случил, Медина стоела против целата Арабија. Поради тоа, неверниците се тие кои можеле да ги тужат муслиманите поради мирот, но за такво нешто не станувало збор. Според тоа, војната помеѓу муслиманите и Арапите можела вечно да трае. Муслиманите не можеле да побараат мир, а Арапите не го понудиле. Поради тоа, граѓанските судири во Арабија немале крај, барем за наредните стотина години.

Ако муслиманите сакале да го докрајчат овој судир им бил отворен само еден пат. Тие не биле подготвени својата судбина да ја препуштат на Арапите, да се одрекнат од правото да ја исповедаат, практикуваат и проповедаат својата вера. Од друга страна, не постоела никаква иницијатива за мир. Муслиманите биле во состојба да го одбијат повторениот напад. На нив било да ги присилат Арапите, или да се предадат, или да го прифатат мирот. Пратеникот одлучил така да направи.

Дали војната е она што Пратеникот го барал? Не, она што тој го посакувал не било војна туку мир. Ако тој во тоа време не преземал иницијатива, Арабија ќе беше во виорот на граѓанската војна. Чекорот што тој го преземал бил единствениот пат кон мирот. Во историјата постоеле и други војни. Некои траеле и по стотина години, некои триесетина години. Долгите војни секогаш опстојувале бидејќи ниту една од страните не ја извојувала одлучувачката битка. Големата битка, како што кажавме порано, може да поприми само две форми -потполно предавање или договорен мир.

Дали Пратеникот можел да остане пасивен? Дали можел со својата мала војска да се повлече зад ѕидовите на Медина и сето останато да го препушти на случајот? Ова не било можно. Неверниците ја започнале агресијата. Сигурно не мислеле на крајот на војната туку на нејзино продолжување. То би значело дека неверниците можеле да ја нападнат Медина кога и да посакаат. Можеле да престанат и да нападнат кога ќе посакаат. Прекинот на војната не значел и крај на војната. Тоа бил само стратегиски чекор.

# УЧЕЊЕТО НА ЈУДАИЗМОТ И НА ХРИСТИЈАНСТВОТО ЗА ВОЈНАТА

Сега се поставува прашањето, дали војувањето е исправно во борбата за вистинската вера? Ајде да му се вратиме на ова прашање.

Учењета на религиите по прашањето за војната се различни. Учењето на Стариот завет го наведовме порано. На Муса му е наредено со сила да влезе во земјата на Канаан, да ги порази нејзините граѓани и да го насели својот народ во неа.

(Повторени закони, 20:10-18)

Наспроти ова учење во Книгата на Муса, и наспроти неговата подршка на практичните примери за пратениците Јошуа, Давуд и на останатите, Евреите и христијаните и понатаму ги почитуваат своите пратеници и нивните книги ги сметаат за Божји книги.

На крајот на движењето на Муса се појавил Иса. Во врска со војната неговото учење е следното:

*“Јас пак, ви велам: да не се противите на злото.*
*Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го*
*и другиот.”*

(Свето Евангелие според Матеј 5:39)

Христијаните често го цитирале ова учење на Иса и докажувале дека Иса проповедал мир. Но, во Новиот завет имаме делови кои укажуваат дека тој всушност учи нешто сосема спротивно. На пример, во еден извадок се вели:

*"Немојте да мислите дека дојдов да донесам мир на земјата; не дојдов да донесам мир, туку меч."*

(Свето Евангелие според Матеј 10:34)

А друг извадок се вели:

*И им рече: "Но сега кој има ќесе, нека си го земе, исто така и торба; а кој нема нека си го продаде облеклото и да купи нож."*

(Свето Евангелие според Лука 22:36)

Од трите извадоци последните два се спротивни на првиот. Ако Иса (Исус) е дојден да ја заговара војната, зошто учел за свртување на другиот образ? Се чини дека мораме, или да ја признаеме противречноста во Новиот завет, или на соодветен начин да го објасниме противречното учење. Тука нема да се занимаваме со прашањето дали свртувањето на другиот образ воопшто било можно. Јас сакам тука да истакнам дека низ долгата историја на христијанството ниту еден христијански народ никогаш не се двоумел да завојува. Кога христијаните ја добиле моќта во Рим, земале учество во војната, и во одбрамбената и во офанзивната. Тие денес се доминантна сила во светот; и сега се разбира водат војни, не само одбрамбени туку и офанзивни. Но, сега, страната која победува се прогласува за света од остатокот на христијанскиот свет. Тие велат дека нивната победа е победа на христијанската цивилизација. Значи сега, христијанската цивилизација е се она за што настојувала и тежнеела да биде доминантно и успешно. Кога две христијански сили одат во војна секоја од нив тврди дека е заштитник на

христијанските идеали. Силата која победува се прогласува за света, односно, како вистинска христијанска сила. Меѓутоа, вистина е дека од времето на Иса (Исус) па се до денешницата христијански свет бил вклучен, и од она што го гледаме и понатаму, ќе биде вклучен во војната. Практичниот суд на христијанските луѓе сепак е дека војната е вистинското учење во Новиот завет и дека “свртувањето на другиот образ” е, или опртунистичко учење поради беспомошноста на раните христијани, или било наменето само за поединци а не за државата или народите.

Второ, дури и ако претпоставиме дека Исус проповедал мир, а не војна, не значи дека оние кои не постапуват по ова учење не се свети и почестени. Христијански свет секогаш ги почитувал поборниците на војната како што се Муса, Јешуа и Давуд. Не само тоа, самата црква ги прогласувала за свети националните херои кои паднале во војната. Нив Папата ги прогласувал за светци.

## УЧЕЊЕТО НА ИСЛАМОТ ЗА ВОЈНАТА И МИРОТ

Учењето на исламот е поинакво од овие учења. Ова учење ја дава средината помеѓу двете крајности. Исламот не препорачува агресија како што тоа го правел Муса. Исламот, исто така, не проповеда како сегашното христијанство, да го “свртиме другиот образ” а во исто време на својот пријател да му шепоти на увото, да ја продаде облеката и да го купи мечот. Учењето на исламот се подудара со природните инстинкти на човекот и мирот го промовира на единствен можен начин.

Исламот ја забранува агресијата, но поттикнува на борба ако некој не нападне. Ако непреземањето на мерките против нападот значи искоренување на слободата на верувањето и потрага кон вистината, наша должност е да се бориме. Ова е учење врз кое на крајот може да се изгради мир, и ова е учење врз кое Пратеникот го изградил своето управување и својата пракса. Пратеникот непрекинато и еднакво го мачеле во Мека, но тој не се борел против агресијата иако бил невина жртва. Кога се преселил во Медина, непријателот се обидувал да го искорени исламот; поради тоа било неопходно да се бори со непријателот во одбраната на вистината и слободата на верувањето.

Следниот извадок од Кур‘анот зборува за темата на војната:

(1) Во 22:40-42 имаме:

> *“Дозволена им е (борба) на оние против кои војуваа, зашто врз нив зулум се прави - Аллах навистина е Кадар да им помогне - тие што беа присилени да ги напуштат своите огништа затоа што зборуваат ‘Господарот наш е Аллах.’*
> *Кога Аллах не би ги спречувал луѓето едни со други ќе беа срушени манстирите и црквите и синагогите и џамиите во кои многу се споменува името Аллахово. И Аллах сигурно не ќе му помогне на оној кој не го помага Аллаха. Аллах навистина, е Моќен и Силен. Оние кои, ако им дадеме моќ на земјава, намаз извршуваат и зекат даваат,*

*наредуваат добро и одвраќаат од зло. Но крајот на сите нешта е кај Аллах."*

(22:40-42)

Овие ајети покажуваат дека им е дадена дозвола за борба на жртвите на агресијата. Бог е во состојба да им помогне на жртвите - на оние кои се истерани од своите огништа поради своите верувања. Оваа дозвола е разумна. Ако Бог не ги разделеше суровите од богобојазните, во светот немаше да постои слобода на верата и обожувањето. Бог врз Себе ја преземал должноста да им помогне на оние кои настојуваат да ја втемелат слободата и обожувањето. Според тоа, борбата е дозволена кога луѓето патат од самоволна агресија -кога агресорот нема повод за агресија и си дозволува да се вмеша во религијата на својата жртва. Должноста на жртвата е, ако и кога ќе ја стекне моќта, да ја втемели слободата и да ги заштити сите вери и сите верски места. Својата моќ треба да ја искористи за грижата за сиромашните, напредокот на земјата и општото унапредување на мирот, а не за своето лично величење. Ова учење е беспрекорно, бидејќи е јасно и прецизно. Тоа зборува дека раните муслимани војувале бидејќи биле приморани на тоа. Агресивните војни се забранети со исламот. На муслиманите им е ветена политичка моќ, но предупредени се дека моќта мора да биде употребена не за самовоздигање, туку за подобрување на состојбата на сиромашните и за унапредување на мирот и напредокот.

(2) Во 2:191-194 имаме:

> *“На Аллаховиот пат борете се против оние кои против вас се борат, но не преминувајте ги границите; Аллах навистина не ги љуби претерувачите! И убивајте ги каде било да ги сретнете (во текот на борбата) и истерувајте ги отаде од каде тие ве истеруваат; бидејќи сплеткарењето е поголем грев од убиството. И не борете се против нив при Месџидул Харам, доколку тие не се борат против вас. А ако пак тие се борат против вас, па убивајте ги и вие; таква е казната за неверниците! А ако престанат да го прават тоа, сигурно Аллах, најповеќе опростува и милостив е. И борете се против нив се додека не исчезне сплеткарењето и верата биде само поради Аллах. А ако престанат, па престанува и непријателството, освен кон зулумќарите.”*
>
> (2:191-194)

Борбата треба да биде поради Аллах, не поради нашата лутина или воздигнување, дури не смеат да постојат ниту престапи, бидејќи со престапите Бог не е задоволен. Борбата се води помеѓу страните кои се борат. Нападите на поединци се забранети. Мачењето на луѓето поради религија е поголем грев одошто убивањето и војувањето. Муслиманите и не треба да се борат во близина на Чесниот храм доколку непријателот не ја започнал војната. Борба во близина на Чесниот храм на луѓето им го попречува правото

на хаџ (аџилак). Но, ако непријателот нападне, муслиманите имаат право да возвратат, бидејќи тоа е праведна накнада за агресијата. Ако непријателот отстапи, муслиманите исто така треба да отстапат, да опростат и да заборават на минатото. Борбата треба да продолжи се додека се случува прогонувањето поради верата и се додека не се втемели верската слобода. Верата е поради Аллах. Во верата нема присила. Ако *КАФИРИТЕ (неверници-пагани)* отстапат од тоа и ја дозволат слободата на верата, муслиманите исто така треба да отстапат од борбата со кафирите. Оружјето се зема во раце против оние кои прават престапи. Кога престапите ќе престанат и борбата мора да престане.

Безусловно можеме да тврдиме дека овие ајети подучуваат на следните правила:

Во војна се влегува само поради Бога, никако поради себични мотиви, ниту поради воздигнување или остварување на било какви интереси.

Ние во војна можеме да влеземе само против оној кој прв ќе не нападне.

Ние можеме да се бориме само против оние кои први зпочнуваат да се борат против нас. Борбата е само со оние кои учествуваат во војната.

Дури и откако непријателот ќе го започне нападот, наша должност е борбата да ја водиме во рамките на ограничувањата. Ширењето на војната, било територијално или во поглед на употребеното оружје, е погрешно. Ние треба да се бориме само со редовната војска која непријателот ја задолжил да се бори на неговата страна. Не

треба да се бориме со останатите од страната на непријателот.

Во текот на војната треба да се внимава да не се попречуваат верските обреди и обичаи. Ако непријателот ги поштеди местата каде се одржуваат верските прослави, тогаш и муслиманите мора да отстапат од борба на таквите места.

Ако непријателот ги користи местата на обожување како база за нападите, тогаш муслиманите можат да го возвратат нападот. Нема да бидат виновни ако тоа го направат. Во близината на верските објекти не е дозволена борба. Забрането е да се нападнат верски објекти и да се уништат, или да им се нанесе било каков штета. Ако непријателот го употреби верскиот објект како база за нападите, тогаш одговорноста за штетата нанесена на тоа место ќе му припадне на непријателот а не на муслиманите.

Ако непријателот ја разбере опасноста од користењето на верските објекти како бази и го смени местото на битката, тогаш муслиманите мора да се прилагодат на таа промена. Фактот дека непријателот го започнал нападот од верските објекти не треба да се земе како изговор за напад на тоа место. Од почит, муслиманите мора да ја сменат линијата на отпорот штом непријателот тоа ќе го направи.

Борбата може да продолжи само додека трае вмешувањето во религијата и религиските слободи. Кога религијата ќе стане слободна и повеќе не биде дозволено вмешување во неа и непријателот прогласи и почне да постапува во склад со тоа, тогаш војната не треба да продолжи, дури ни кога непријателот ја започнал.

(3) Во 8:39-41 имаме:

> *"Кажи им на оние кои не веруваат дека ако престанат ќе им биде простено она што поминало; а ако пак го повторат (зло дело), навистина е пример на минатите народи (слични на нив) веќе поминал. И борете се против нив се додека го снема сплеткарењето и верата потполно не биде поради Аллах. А ако престанат, навистина, Аллах добро го гледа она што го работат. А ако ги свртат плеќите знајте дека Аллах, навистина, заштитник е ваш. Колку добар Заштитник и колку добар Поддржник!"*
>
> (8:39-41)

Значи, на муслиманите војните им биле наметнати. Но, ако непријателот отстапи, должноста на муслиманите е и тие да отстапат и да го заборават минатото. Но, ако непријателот и понатаму ги напаѓа муслиманите, тогаш тие треба да се сетат на судбината на поранешните пратеници. Се додека трае религиското прогонување и се додека религијата не биде поради Бога, и не престане вмешувањето во религиските нешта, муслиманите треба да се борат. Кога агресорот ќе се повлече, муслиманите исто така треба да се повлечат. Тие не смеат да продолжат со војувањето ако непријателот верува во лажна религија. Бог добро ги знае нивните верувања и дела  и Он со нив ќе постапува онака како што Он сака. Муслиманите немат право да се вмешуваат во религијата на другите луѓе дури и ако таа религија ним им и изгледа лажна. Ако после понудата за мир непријателот продолжи да војува, тогаш муслиманите можат

да бидат сигурни дека ќе победат дури и ако се во малцинство бидејќи Бог е на нивна страна. А кој може да помогне подобро од Него?

Овие ајети се објавени во врска со Битката кај Бедр. Оваа битка била прва вистинска битка помеѓу муслиманите и неверниците. Во неа муслиманите биле невина жртва на агресијата. Непријателот одлучил да го поремети мирот на Медина и на околните територии. И покрај тоа, победата им припаднала на муслиманите и главните водачи на непријателот биле убиени. Да се возврати на ваква агресија изгледа природно, праведно и неопходно. Сепак, муслиманите поучуваат дека борбата треба да се прекине штом непријателот ќе престане. Од непријателот се бара само да не ги менува на сила верувањата и обожувањата, и да не се вмешува во религиските работи.

(4) Во 8:62-63 имаме:

> *“А ако се наклонети кон мир, па и ти биди наклонет кон мир, и потпри се врз Аллах. Навистина, Он се слуша (и) има трајно знаење. А ако тие посакаат да те измамат, тогаш навистина за тебе доволен е Аллах. Он е Тој што ти помогнал со помошта Своја а и со верниците.”*

(8:62-63)

Значи, ако во текот на битката непријателот во било кое време биде подготвен на мир, муслиманите веднаш треба да ја прифатат оваа понуда и да воспостават мир. Муслиманите така теба да постапат дури и ако постои ризик

од измама. Тие треба да се потпрат на својот Бог. Измамата нема да помогне против муслиманите, кои се потпираат на Божјата помош. Нивните победи не се поради нив, туку поради Бог. Во најтемните и најтешките времиња Бог му помогнал на Пратеникот и на неговите верници. Исто така, ќе им помогне и против измамата. Понудата за мир треба да биде прифатена. Мирот не смее да се одбие под изговор дека тоа би можело да биде само лукавство на непријателот за да да добие на време за новиот напад.

Инсистирањето за мир во овие ајети не е безначајно. Тоа е претскажување за договорот на Худебија. Пратеникот е предупреден дека ќе дојде времето кога непријателот ќе побара мир. Оваа понуда не треба да се одбие од причина што непријателот направил престапи, или поради сомневањето дека тој подоцна би можел да го прекрши договорот. Добрината од муслиманите бара да ја прифатат понудата за мир. А и побожноста и разборитоста тоа го бараат.

(5) Во 4:95 имаме:

> *“О верници! Кога ќе тргнете на Аллаховиот пат мислете јасно, и на оној кој ќе ви упати поздрав, не велете му: ‘Ти не си верник!’ Ги барате добрата од животот на овој свет, а кај Аллах е богатство големо. И вие порано бевте како нив но Аллах ви ја подари Својата благодет: затоа јасно се распрашајте! Аллах навистина е известен за она што го работите!”*

(4:95)

Значи, кога муслиманите ќе тргнат во војна, треба да бидат сигурни дека на непријателот му ја објасниле безумноста на војната, но, дека тој сепак сака да војува. Сепак, ако го прифатат предлогот за мир од поединец или од група, муслиманите тоа не треба да го одбијат под изговор дека тоа не е искрено. Ако муслиманите го одбијат предлогот за мир, тие нема да се борат во името на Бога, туку поради самовоздигнување и овосветска корист. Онака како што религијата доаѓа од Бога и овосветските средства и слава, исто така, доаѓаат од Него. Убивањето не смее да биде цел. Оној кого денес сакаме да го убиеме можеби утре ќе стане упатен. Вие, исто така, порано бевте надвор од исламот. Тогаш, поради Аллаховата добрина ја прифативте Неговата вера. Муслиманите треба да се воздржуваат од убивањето бидејќи спасените животи можат да се претворат во упатени животи. Бог е добро запознаен со она што прават луѓето и со кој мотив тоа го прават.

Овој ајет не учи дека должноста на муслиманите е, дури и ако војната започнала, добро да испитаат дали непријателот цврсто се одлучил на најголемата битка. Често се случува непријателот да не планира никаква битка, туку од вознемиреност и страв да започнува подготовки за војна. Доколку муслиманите не испитале добро дали непријателот планирал жесток напад тие не треба да одат во војна. Ако се покаже или непријателот да тврди дека овие подготовки се за самоодбрана, муслиманите треба да го прифатат ова тврдења и да се откажат од војната. Тие не треба да докажуваат дека подготовките на непријателот не покажуваат ништо друго освен намера за војна; можеби тој се подготвувал за војна но

неговите намери се смениле. Зарем порано не бевте непријатели на исламот, а сега станавте пријатели на исламот?

(6) Во 9:4 имаме:

> *“Изземајќи ги многубожците со кои склучивте договор а кои, по тоа, со ништо не го прекршија кон вас, а ниту пак некого помогнаа против вас. Затоа исполнете го договорот кон нив до денот за тоа определен. Аллах навистина, ги љуби богобоја-зливите!”*
>
> (9:4)

Кон паганите кои стапиле во договор со муслиманите и не му помагаат на непријателот треба соодветно да се постапува. Побожноста бара муслиманите да го исполнат својот дел од договорот и по форма и по содржина.

(7) За непријателот, во војната со муслиманите, кој сака да ја дознае стварноста на исламот, Ку‘ранот наредува:

> *“А ако некој меѓу многубожците побара од тебе засолниште, тогаш, згрижи го се додека на го слушне Божјиот збор; а потоа одведи го до безбедно место. Тоа е заради тоа што тие се луѓе кои, не знаат!”*
>
> (9:6)

Значи, ако било кој од оние кои се во војна со муслиманите бараат засолнинште кај муслиманите, со цел да го проучуваат исламот и да се замислат над неговата порака,

тие кај муслиманите треба да имаат засолниште толку време колко што е потребно за таа цел.

(8) За заробениците во војната Ку‘ранот вели:

> *“На пратениците не им е дозволено да имаат заробеници доколку во земјата не се случува крвопролевање. Вие ги посакувате добрата од овој свет, а Аллах (за вас) го посакува другиот свет. Аллах е Силен и Мудар!”*
>
> (8:68)

Значи, не му доликува на Пратеникот да зема заробеници од своите непријатели доколку не се работи за големо крвопролевање. Системот на земање на заробеници од непријателските племиња, без војна и крвопрелевање, кое било практикувано до доаѓањето на исламот (дури и подоцна), тука е забрането. Само војниците, и тоа после битката, смеат да се земаат како заробеници.

(9) Исто така, поставени се и правила за ослободување на заробениците. Така имаме:

> *“Потоа, или ги ослободете великодушно или со надомест - се додека војната не престане.”*
>
> (47:5)

Според исламот, најдобро е заробениците да се пуштат без барање на откуп. Бидејќи ова не е секогаш можно, исто така, овозможено е пуштање со откуп.

(10) Се дава можност за воените заробеници кои не се во состојба сами да платат, и кои немаат никого кој би сакал да плати за нив. Роднините често се во состојба да платат, но не плаќаат и своите роднини ги оставаат во заробеништво – можеби за да можат противправно да го присвојат нивниот имот во нивно отсуство. Оваа можност е содржана во Ку‘ранот:

> *“А оние кои се во сопственост ваша, кои посакуваат да ви дадат откупнина и да направат писмен договор за своето ослободување, ослободете ги со писмениот договор ако видите дека се способни и дајте им од имотот Аллахов кој Он вам ви го даде!”*

(24:34)

Значи, оние кои не заслужуваат да бидат ослободени без откуп, но немаат никого кој би платил за нив – ако сепак ја бараат својата слобода – можат да ја добијат со потпишување на обврската дека, ако им се дозволи да работат и да заработуваат ќе го платат својот откуп. Меѓутоа, тоа треба да им се дозволи само ако се способни да работат и да заработуваат. Ако се докаже нивната способност, тие, во својот напор да работат и да заработуваат, дури можат да имаат и финансиска помош од муслиманите. Поедини муслимани кои се во можност да платат треба да платат, или треба да соберат јавен придонес за овие несреќни луѓе да можат да застанат на свои нозе.

Извадоците од Кур‘анот кои напред ги наведовме го содржат учењето на исламот за темата на војната и мирот. Тие ни зборуваат во какви околности, според исламот, е

исправно да се оди во војна и до кои граници муслиманите треба да се придржуваат кога одат во војна.

## ПРАТЕНИКОВИТЕ УПАТСТВА ЗА ВОЈНАТА

Муслиманското учење не се состои само од учењето дадено во Кур‘анот. Тоа, исто така, ги вклучува и наредбите и примерите на Пратеникот. Она што тој го правел или на што подучувал во конкретни ситуации, исто така, преставува неопходен дел од исламското учење. Тука ќе додадеме одредени Пратеникови хадиси за темата на војната и мирот.
На муслиманите строго им се забранува да ги осакатуват телата на мртвите.

(Муслим)

На муслиманите им се забранува измама.

(Муслим)

Децата не смеат да се убиват, како ни жените.

(Муслим)

Не смеат да се убиват свештениците, верските службеници и верските водачи.

(Тахави)

Не смеат де се убиват, стари, изнемоштени, жени и деца. Секогаш треба да се има во предвид можноста за мир и добродетелство.

(Абу-Давуд)

Кога муслиманите ќе влезат на територијата на непријателот, не смеат да предизвикуваат страв кај цивилното население. Не смеат да постапуваат лошо кон обичните луѓе.

(Муслим)

Муслиманската војска не смее да се смести на место на кое може да предизвика нелагодност кај луѓето. Кога ќе маршираат, треба да водат сметка да не го блокираат патот, ниту да предизвикуваат нелагодност кај останатите патници.

(Абу-Давуд)

Нанесувањето на рани на лицето на непријателот не е дозволено.

(Бухари и Муслим)

На непријателот треба да биде нанесена најмала можна штета.

(Абу-Давуд)

Кога војните заробеници се ставаат под стража, оние кои се во блиска родбинска врска треба да бидат заедно.

(Абу-Давуд)

Заробениците треба да живеат удобно. Муслиманите треба повеќе да се грижат за удобноста на своите заробеници одошто за својата.

(Тирмиз)

Пратениците и делегатите од други земји треба посебно да се почитуваат. Нивните грешки и нељубезност треба да се занемарат.

(Абу-Давуд, Китаб ул-Џихад)

Ако некој грдо се однесува кон заробеникот, заробеникот треба да биде ослободен без надоместок.

Кога муслиман ја презема должноста за чување на воен заробеник, треба да го храни и облекува на ист начин како што тој се храни и облекува.

(Бухари)

Чесниот Пратеник, с.а.в.с., толку многу ги истакнувал овие правила за борба што прогласил дека оној кој не се држи до нив не се бори за Бога туку за свој низок *нафс* (своето ‘јас’).

(Абу-Давуд)

Абу-Бакр, првиот халифа на исламот, ги дополнил овие Пратениковите наредби. Една од наредбите која тука е додадена, исто така, претставува дел на муслиманското учење.

Забрането е оштетување на јавните згради и овошјето (и посевите за исхрана).

(Му‘атта)

Од зборовите на Чесниот Пратеник и наредбите на првиот халифа на исламот очигледно е дека исламот вовел чекори кои имаат за цел спречување и прекинување на

војната или намалување на нејзиното зло. Како што кажавме порано, принципите кои исламот ги истакнува не се само побожни правила; тие своето практично толкување го имаат во примерот на Пратеникот и на раните халифи на исламот. Како што целиот свет знае, Пратеникот не само што подучувал на овие принципи, туку и ги спроведувал во пракса и инсистирал на нивно спроведување.

Враќајки му се на нашето доба, мораме да заклучиме дека ниту едно друго учење не е во состојба да го реши проблемот на војната и мирот. Учењето на Муса е далеку од нашата претстава за правда и чесно однесување и денес не е можно да се постапува по тоа учење. Исто е невозможно однесувањето според учењето на Иса (Исус) и секогаш така и било. Никогаш во својата историја христијаните не се обиделе да го следат ова учење. Единствено, учењето на исламот може да се примени; учењето кое неговите поборници го проповедаат и го спроведуваат, и чија примена може да го создаде и да го одржи мирот во светот.

Во наше време, господинот Ганди привидно подучувал на концептот дека, иако војната ни е наметната, ние не треба да војуваме. Но, ова учење никогаш во историјата не е применувано. Тоа никогаш не било ставено на проба и на испит. Поради тоа, невозможно е да се зборува за валидноста на ова во термините на војната и мирот. Господинот Ганди живеел доволно долго за да види како индискиот конгрес ја добил власта. Сепак, владиниот конгрес не ја распуштил војската ниту останатите вооружени сили на Индија, туку само создавал планови за нивно зголемување. Тој, исто така, имал планови за повторно

воспоставување на индиски службеници кои се именувале во Националната војска на Индија (која била откажана од британската власт), во текот на јапонскиот напад на Бурма и Индија, во последните фази на неодамнешната светска војна. Господинот Ганди лично, во многу прилики, го кревал гласот за да се ослободат оние кои направиле престапи. Ова барем покажува дека учењето на господинот Ганди не може да се вметне во пракса, и самиот тој тоа го знае, како и неговите следбеници. Никаков, ниту еден практичен пример не му е понуден на светот за да му се покаже како неговото учење може да се примени кога ќе се случи караница помеѓу две нации или држави. Да се држат говори за запирање на војната, а да се прават дела спротивни на тоа, покажува дека е невозможно да се постапува по тоа учење. Поради тоа изгледа дека човековото искуство и човечката мудрост укажуваат само на еден метод на спречување или запирање на војната, а тој метод го подучувал и спроведувал Чесниот Пратеник на исламот.

## НАПАДИТЕ НА НЕВЕРНИЦИТЕ ПО БИТКАТА КАЈ РОВОТ

Арапските сојузници од Битката кај ровот се вратиле поразени и потиштени, но се уште биле убедени дека имаат надмоќ и дека муслиманите се помалубројни, така да, кога ќе им се пружи прилика, ќе фатат по некој муслиман, ќе го истепаат и ќе го убијат. Се надевале дека со нападите на поединци ќе го избришат чувството на поразот. Затоа, набргу по битката, почнале да ги напаѓаат муслиманите околу Медина. Некои мажи од племето Фазар, јавајќи на камилите,

ги нападнале муслиманите околу Медина. Ги грабнале камилите кои се наоѓале во тој дел, го убиле чуварот на стадото, ги заробиле жените и избегале со пленот. Една жена избегала, но групата на Фазарите сепак однела еден број животни. Месец дена подоцна, група од племето Гхатфан нападнала од север во обид од муслиманите да го грабнат стадото на камили. Пратеникот го пратил Мухаммед бин Муслим со десет асхаби на коњи за да ги извидат и заштитат муслиманските стада. Но, непријателите им поставиле заседа на групата муслимани, жестоко ги нападнале и мислеле дека сите ги убиле. Меѓутоа, Мухаммед бин Муслим бил само онесвестен. Кога се освестил и прибрал, се вратил во Медина, го известил Пратеникот и рекол дека неговите другари се убиени и дека само тој се вратил. Неколку дена покасно Пратениковиот избраник, на патот за римскиот главен град, бил нападнат и ограбен од племето Џрхам. Месец дена подоцна Бану-Фазар нападнал муслимански караван и заминал со голем плен. Можно е, овој напад да не бил предизвикан поради религиските спротивставувања. Бану-Фазар било племе на крадци кое секого ограбувало и убивало. Евреите на Кхаибар, главниот фактор во Битката кај ровот, исто така, сакале да се осветат за страшниот пораз кој им се случил во оваа битка. Оделе наоколу и ги подбуцнувале племенските населби и службениците на државата на римската граница. Бидејќи арапските водачи не биле во состојба отворено да ја нападнат Медина, тие сплеткареле со Евреите за животот на муслиманите да стане невозможен во цела Арабија. Меѓутоа, Пратеникот се уште не се одлучил за конечната битка. Мислел дека можеби

арапските водачи ќе понудат мир и граѓанската војна ќе заврши.

## ПРАТЕНИКОТ ЗАМИНУВА ВО МЕКА СО ИЛЈАДА И ПЕТ СТОТИНИ ДРУГАРИ

Во текот на овој период Чесниот Пратеник имал визија која вака е спомната во Чесниот Кур‘ан:

> *“Ако Аллах сака, вие сигурно ќе влезете во Чесниот храм, безбедни со потстрижени коси и избричени глави; и стравот ќе го немате. Но, Он го знаеше она што вие не го знаевте. Он, вам, всушност ви одреди победа блиска!”*
>
> (48:28)

Значи, Бог одлучил да им дозволи на муслиманите во мир да влезат во просторот на Каба, со избричени глави и потстрижени коси (ова е неопходно за аџиите на Каба) и без страв. Но, муслиманите не знаеле што точно Бог ќе направи за ова да се случи. Освен тоа, пред муслиманите го извршат својот аџилак на мирот, требало да имаат друга победа освен победата ветена во визијата.

Во оваа визија Бог ја претскажал конечната победа на муслиманите – нивниот мирен марш во Мека и освојувањето на Мека без употреба на оружјето. Но, Бог не го известил Пратеникот за вистинската интерпретација на оваа визија. Пратеникот разбрал дека тоа значи оти на муслиманите од Бога им било наредено веднаш да тргнат во обиколка на

Каба. Пратениковата интерпретација на оваа визија ќе стане повод за победата ‘при рака’, ветена во визијата. Имено, Претеникот, според оваа визија, веднаш го планирал маршот кон Каба. Ја огласил визијата на муслиманите и својата интерпретација на визијата и побарал од нив да се подготват. “Вие ќе одите, рекол, само да направите обиколка на Каба. Поради тоа таму нема да има демонстрации против непријателот.” Подоцна во февруари 628, илјада и петстотини аџии[1], предводени од Пратеникот тргнале на пат за Мека. Дваесет коњаници отишле на одредена одалеченост напред за да ги предупредат муслиманите ако непријателот покаже знаци на напад.

Меканците наскоро добиле извештај за овој караван. По традиција, обиколката на Каба е стара пракса. Таа не можела да им се ускрати на муслиманите. Тие јасно најавиле дека целта на нивниот марш е *таваф* (обиколка) на Каба и ништо друго. Пратеникот забранил секаков вид на препирки и караници. Наспроти тоа, Меканците започнале подготовки како за оружен судир. На сите страни поставиле одбрана, ги повикувале околните племиња за помош и, изгледа, како да биле решителни да се борат. Кога Пратеникот дошол во близина на Мека, го известиле дека Курјешиите се подготвени за битка. Биле облечени во тигрова кожа, покрај

[1] Во овој аџилак, планиран една година после Битката кај ровот, само илјада и петстотини луѓе биле со Пратеникот. Бројот на муслимански борци во Битката кај ровот бил помал, а не поголем од овој број. Според тоа, историчарите кои велат дека бројот на муслиманските борци во Битката кај ровот бил три илјади борци, не се во право. Разумно е да се работи за илјада и двеста борци.

нив стоеле жени и деца, и свечено се заколнале дека нема да им дозволат на муслиманите да поминат. Тигровата кожа била знак на дива решителност да тргнат во битка. На муслиманите им се испречила колона Меканци, која маршрирала на чело на својата војска. Од оваа позиција, муслиманите можеле да тргнат напред само со сила. Пратеникот, сепак бил решителен во никој случај да не се бори. Му наредил на водачот на муслиманите да им покаже друг пат низ пустината. Предводени од овој водич, Пратеникот и негови другари стасале до Худебија, место близу Мека. Пратениковата камила застанала и одбивала да оди понатаму.

"Камилата е изгледа изморена, о Божји Пратениче. Би било добро да ја замениш, рекол еден асхаб.

'Не,не', рекол Пратеникот. 'Камилата не е изморена. Изгледа дека Бог сака да останеме тука и да не одиме понатаму. Затоа предлагам тука да се улогориме и да ги прашаме Меканците дали ќе ни дозволат да го извршиме аџилакот. Јас, на пример, ќе ги прифатам сите услови кои тие ќе ги изберат и ќе ни ги наметнат."

(Халбијја, том 2, стр. 13)

Меканската војска во тоа време не била во Мека, туку заминала надвор на одредена одалеченост за да се сретне со муслиманите на главниот пат за Медина. Да посакал Пратеникот, можел овие илјада и петстотини луѓе да ги одведе во Мека и градот да го завземе без отпор. Но тој бил решителен во желбата само да се изврши *таваф* (обиколка) на Каба, и само во случај ако Меканците тоа го одобрат. Тој

ќе пружи отпор и ќе се бори со Меканците само во случај тие да ја започнат борбата. Поради тоа, го напуштил главниот пат и се улогорил на Худебија. Овие вести наскоро стасале до меканската војска, која тогаш се вратила и завземала положба близу до Мека. Тогаш Меканците го пратиле главатарот по име Будаијл да преговара со Пратеникот. Пратеникот на Будаијл му објаснил дека тој и муслиманите сакале само да извршат *таваф* (обиколка) околу Каба, но, ако Меканците сакаат да се борат, дека муслиманите се подготвени. Тогаш Урва, зетот на Абу-Суфијан мекански командир, дошол кај Пратеникот. Се однесувал крајно нељубезно, муслиманите ги нарекувал скитници и изроди од општеството и им рекол дека Меканците ни по која цена нема да им дозволат да влезат во Мека. Се повеќе Меканци доаѓале да разговарат, и последното што кажале било дека оваа година нема да им дозволат на муслиманите да направат *таваф* околу Каба, бидејќи тие со тоа би биле понижени. Наредната година можеби ќе им дозволат.

Некои племиња кои биле во сојуз со Меканците ги наговарале меканските главатари да им дозволат на муслиманите да извршат *таваф*. На крајот на краиштата, тоа било единственото право кое тие го посакувале. Зошто да бидат спречени уште и од ова? Но, Меканците останале непопустливи. На тоа племенските главатари околу Мека им рекле дека Меканците не сакаат мир и им запретиле дека ќе ги напуштат. Меканците поради страв сакале да постигнат спогодба со муслиманите. Штом Пратеникот дознал за ова, на Меканците им го пратил Осман (кој подоцна ќе стане трет халифа на исламот). Осман имал многу роднини во Мека.

Тие излегле, го опколиле и му понудиле да му дозволат да го направи *таваф,* но прогласиле дека истото нема да му дозволат на Пратеникот се до наредната година.

“Али, рекол Осман, јас нема да направам *таваф* без мојот Учител.”

Разговорот на Осман со главатарите на Мека се продолжил. Се рашириле злобни гласини дека е убиен. Тоа стасало до ушите на Пратеникот.

На ова Пратеникот ги повикал асхабите и рекол:

“Животот на избраникот се смета за неповредив меѓу сите нации. Слушнав дека Меканците го убиле Османа. Ако е ова вистина, ние со сила мораме да влезема во Мека, без оглед на последиците.”

Пратениковата поранешна намера мирно да влезе во Мека морала да се промени под новите околности.

Пратеникот продолжил:

“Нека истапат и дадат заклетва на баи‘ат на мојата рака оние кои свечено ветуваат дека нема, ако не треба, да одат понатаму, да го свртат грбот освен како победници.”

Само што Пратеникот го завршил говорот, сите илјада и петстотини асхаби станале и скокнале еден врз друг за да ја држат раката на Пратеникот и да ја дадат заклетвата на баи‘ат.

Овој баи‘ат имал посебна важност во историјата на раниот ислам. Тој е наречен ‘баи‘ат под дрвото.’ Кога ја примал заклетвата на баи‘ат, Пратеникот седел под дрво. Секој од оние кои дале заклетва до крајот на животот останале горди поради тоа.

Од илјада и петстотините присутни во оваа ситуација ниту еден не останал по страна. Сите ветиле дека нема да се вратат ако муслиманискиот избраник биде убиен; дека или пред Акшам ќе ја заземат Мека или сите ќе умрат борејќи се. Давањето на баи‘ат не завршило кога Осман се вратил. Ги известил дека Меканците на муслиманите не им дозволуваат обиколка до наредната година. Ги одредиле своите делегати да го потпишат договорот со муслиманите. Наскоро после тоа Сухаил, главатарот на Мека, дошол кај Пратеникот. Спогодбата е постигната и потпишана.

## ДОГОВОРОТ НА ХУДЕБИЈА

Гласи вака:

Во името на Аллах. Ова се условите на мирот помеѓу Мухаммед, синот на Абдуллах, и Сухаил Ибн-Амр, избраникот на Мека. Десет години ќе нема борба. Секој кој сака да му се придружи на Мухаммед и да влезе во било каква спогодба со него слободен е тоа да го направи. Секој кој сака да им се придружи на Курејшиите и да влезе во било каква спогодба со нив слободен е тоа да го направи. Ако млад човек или оној чиј татко е се уште жив, отиде кај Мухаммед без дозвола на својот татко или старател, ќе му биде вратен на таткото или старателот. Но, ако било кој отиде кај Курејшиите тој нема да биде вратен. Оваа година Мухаммед ќе се врати назад а да не влезе во Мека. Но, наредната година тој и неговите следбеници ќе можат да влезат во Мека, три дена да претстојуваат и да извршат *таваф.* Во текот на овие три дена Курејшиите ќе се повлечат

на околните ридови. Кога Мухаммед и неговите следбеници ќе влезат во Мека, ќе немаат оружје освен мечевите во кориците, како што патниците во Арабија ги имаат со себе. (Бухари)

Две интересни нешта се случиле во текот на потпишувањето на овој мир.

Откако ги договориле условите, Пратеникот почнал да го диктира договорот и рекол:

“Во името на Аллах, Милосниот, Дарителот без барања, Сомилосниот.”

Сухаи приговорил на тоа и рекол:

“Ние го знаеме Аллах и веруваме во Него, но што е ова ‘Милосен, Дарител без барања, Сомилосен?’ Ова е договор меѓу две групи. Поради тоа религиските верувања на двете групи треба да бидат почитувани.”

Пратеникот веднаш се согласил и му рекол на писарот:

“Само напиши, ‘Во името на Аллах.’ Пратеникот тогаш продолжил да ги диктира условите на договорот. Почетна реченица била: ‘Ова се условите за мирот меѓу луѓето на Мека и Мухаммед, Божјиот Пратеник.”

Сухаил повторно приговорил и рекол:

“Ако ние те прифатевме за Божји Пратеник, зошто би се бореле против тебе?”

Пратеникот го прифатил и овај приговор. Наместо Мухаммед, Божјиот Пратеник, предложил да пишува Мухаммед, синот на Абдуллах. Бидејќи Пратеникот прифаќал се што побарале Меканците, асхабите биле вознемирени поради понижувањето. Крвта им зоврела и

Омар, највозбуден од сите, отишол кај Пратеникот и го прашал:

“О Божји Пратениче, зарем ние не сме во право? Зарем Бог не ни кажа дека ќе го извршиме *таваф* на Каба?”

“Да, рекол Пратеникот.”

“Зошто е тогаш овој договор и зошто се овие понижувачки услови?”

“Вистина, рекол Пратеникот, Бог претскажал дека обиколката ќе ја извршиме во мир, но Он не кажал кога. Јас протолкував дека тоа ќе биде оваа година. Но, јас можам да згрешам. Мора ли тоа да биде оваа година?”

Омар замолчел.

Тогаш останатите асхаби ги изнеле своите приговори. Некои од нив прашале зошто се согласил на таткото или на старателот да им се врати младиот човек кој би се придружил на муслиманите, без истиот услов за муслиман кој би им придружил на Меканците или би отишол кај нив. Пратеникот им објаснил дека во тоа нема штета.

“Секој кој станува муслиман, рекол, го прави тоа бидејќи смета дека исламот е вистинската вера. Тој не станува муслиман само на зборови или преку следење на обичаите. Таквата личност ќе го шири исламот каде и да оди. Но, човекот што ќе се одметне од исламот повеќе не ни е од корист. Подобро да оди на некое друго место.”

Овој одговор на Пратеникот ги задоволил оние кои се сомневале во мудроста на Пратеникот. Ова е одговор за сите оние муслимани кои мислат дека во исламот казната за одметнување е смрт. Во исламот, да била пропишана смртна казна за одметнување, тогаш Пратеникот ќе инсистирал

секоја таква личност да се врати за да биде казнета за својот грев.

Кога договорот бил запишан и биле ставени потписи од двете страни, наскоро се укажала прилика која на испит ја ставила добрата вера на обете страни. Синот на Сухаил, меканскиот полномошник, се појавил пред Пратеникот, врзан, ранет и изморен. Паднал пред нозете на Пратеникот и рекол:

"О, Божји Пратениче, јас во срцето сум муслиман, и поради својата вера ги поднесов овие тешкотии од страна на татко ми. Мојот татко беше тука со тебе. Јас избегав и успеав да дојдам до тебе." Пратеникот ништо не кажал но Сухаил се вмешал и кажал дека договорот е потпишан и дека неговиот син мора да оди со него. Абу-Џендал било името на младиот човек кој стоел пред муслиманите, братот на браќата, очаен поради лошите постапки на својот татко. Да го вратат назад била обврска која не можеле да ја поднесат. Ги извлекле своите сабји и изгледале решителни да умрат или да го спасат својот брат. Абу-Џандал лично го преколнувал Пратеникот да му дозволи да остане со нив. Дали ќе го пратат назад на тираните од чии канџи успеал да избега? Но, Пратеникот бил решителен. Му кажал на Абу-Џандал:

"Пратениците не ги кршат своите договори. Ние сега го потпишавме овој договор. На тебе е да поднесуваш со трпение и да се надеваш во Бога. Он сигурно ќе ја осигура твојата слобода и слободата на другите млади луѓе како што си ти."

Откако бил потпишан мировниот договор Пратеникот се вратил во Медина. Наскоро после тоа, друг млад човек од

Мека кој го примил исламот, Абу-Басир дошол во Медина. Но, според условите на договорот, и него Пратеникот го вратил назад. На патот до дома тој и неговите чувари морале да се борат и во текот на битката тој убил еден чувар и успеал да избега. Меканците повторно отишле кај Пратеникот и приговарале.

“Али, рекол Пратеникот, ние ви го предадовме вашиот човек. Тој сега избегал од вашите раце. Веќе не е наша должност да го бараме и повторно да ви го вратиме.”

Неколку дена подоцна една жена избегала од Медина. Некои од нејзинните роднини дошле по неа и побарале да се врати. Пратеникот објаснил дека договорот налага предавање на мажите а не и на жените; така одбил да ја врати оваа жена.

## ПРАТЕНИКОВИТЕ ПИСМА ДО КРАЛЕВИТЕ

После враќањето од Худебија по адаптирањето кон секојдневниот живот во Медина, Пратеникот направил поинаков план за ширење на својата Порака. Кога планот им го изнел на асхабите, некои од нив, кои ги познавале обичаите и редот на дворовите на кралевите, му кажале на Пратеникот дека кралевите не примаат писма кои немаат соодветен печат од испраќачот. Од тие причини Пратеникот дал да се направи печат на кој биле изгравирани зборовите: *Мухаммед, Расулуаллах* (Мухаммед, Аллаховиот Пратеник). Поради почитт, зборот Аллах бил ставен на врвот, под тоа Расул и на крајот Мухаммед.

Во месец мухарем 628 година одредени избраници отишле во неколку главни града, секој со писмо на

Пратеникот, повикувајќи ги владарите да го примат исламот. Избраниците отишле кај Хераклус, римски император, потоа кај кралевите на Иран, Египет (кралот на Египет тогаш бил поданик на Каисер) и Абисинија. Исто така, отишле и кај останатите кралеви и владетели. Писмото упатено до Каисер го однел Дихја Калби, кој најпрво бил воведен кај гувернерот Буср. Кога Дихја го видел гувернерот, главниот Каисер бил во Сирија во обиколка на империјата. Гувернерот Дихја веднаш го спровел до Каисер. Кога Дихја влегол во дворот му било кажано дека, кога Каисер ќе прими некого на разговор, тој мора да падне на земјата пред него (на сеџда) - дека така постапуваат сите кои му доаѓаат. Дихја тоа го одбил, говорејќи дека муслиманите не паѓаат со лицето на тло (на сеџда) ниту пред едно живо човечко суштество. Така Дихја седнал пред Каисер без неговите пропишани наклони. На Каисер преведувачот му го прочитал писмото и тој прашал дали во градот претстојува некаков арапски караван. Рекол дека сака да ги испраша Арапите за овој арапски Пратеник кој му пратил покана да го прими исламот. Во тоа време Абу-Суфијан бил во градот со караванот. Дворските службеници го одвеле кај Каисер. На Абу-Суфијан му било наредено да стане пред другите Арапи, на кои им било кажано да се исправат ако тој изрекне лага или даде погрешна изјава. Тогаш Хераклус почнал да го испрашува Абу-Суфијан. Разговорот вака е забележан во историјата:

*Х: Го знаеш ли човекот кој тврди дека е Пратеник и кој ми го пратил ова писмо? Можеш ли да ми кажеш какво е неговото семејство?*

*А-С: Тој е од благородно семејство и еден е од моите роднини.*

*Х: Дали во Арабија имало друг кој така тврдел?*

*А-С: Не.*

*Х: Дали твојот народ некогаш го обвинил за лага пред да го најави* своето тврдење?

А-С: Не.

Х: Дали меѓу неговите предци некој бил крал или владар?

*А-С: Не.*

*Х: Како ти ја просудуваш неговата општа способност и можност за расудување?*

*А-С: Ние никогаш не приметивме никаква грешка во неговата способност и можност за расудување.*

*Х: Какви се неговите следбеници? Дали се големи и моќни или се сиромашни и понизни?*

*А-С: Воглавном сиромашни, понизни и млади.*

*Х: Дали нивниот број се зголемува или намалува?*

*А-С: Се зголемува.*

*Х: Дали неговите следбеници некогаш им се враќаат на старите верувања?*

*А-С: Не.*

*Х: Дали тој некогаш го прекршил ветувањето?*

*А-С: Досега не. Но, ние неодамна влеговме во нов договор со него. Ќе видиме што ќе направи со тоа.*

*Х: Дали со него веќе имавте борба?*

*А-С: Да.*

*Х: Каков беше резултат?*

*А-С: Како ведро на тркалото, победата и поразот се сменуваа меѓу него и нас. Во битката кај Бедр, на пример, во која јас не бев, тој не надвлада. Во битката кај Ухуд, во која јас заповедав на нашата страна, ние имавме задача да му се посветиме нему. Им ги корневме стомаците, ушите и носевите.*

*Х: Али, на што тој подучува?*

*А-С: Дека треба да обожуваме Еден Бог и да не поставуваме рамни до Него. Тој проповеда против идолите кои нашите претци ги обожуваа. Наместо тоа, тој сака да го обожуваме Единиот Бог, да ја зборуваме само вистината и секогаш да се тргаме од лошите и расипани постапки. Тој не советува да бидеме добри едни кон други, да се држиме до своите ветувања и да ги исполнуваме своите должности.*

Овој интересен разговор се завршил и тогаш Каисер рекол:

*Јас прво те прашав за неговото семејство и ти ми кажа дека тој припаѓа на благородно семејство. Навистина, пратениците секогаш доаѓале од благородни семејства. Тогаш те прашав, дали некој пред него слично тврдел и кажа: ‘Не’. Јас ова те прашав бидејќи мислев дека ако во неодамнешното минато некој изнел слично тврдење, тогаш може да се каже дека овој Пратеник го имитира тоа врдење. Потоа те прашав, дали некогаш бил обвинет за лага пред да го објави своето тврдење, и ти кажа: ‘Не’. Од ова заклучувам дека личноста која не ги лаже луѓето нема да лаже ниту за Бога. Потоа те прашав, дали меѓу неговите претци некој бил крал или владар и ти кажа: ‘Не’. Од ова*

*разбирам дека неговото тврдење не може да биде лукав план за обнова на кралството. Потоа те прашав, дали оние кои му се придружуваат, повеќето од нив се големи, успешни и моќни поединци или сиромашни и слаби. И ти одговори дека повеќето од нив се сиромашни и слаби, не се горделиви и големи, а всушност, такви се раните следбеници на пратениците. Тогаш те прашав, дали нивниот број расте или се намалува и ти ми кажа дека се зголемува. Тогаш се сетив дека бројот на следбениците расте додека пратеникот не ја оствари целата. Потоа те прашав, дали следбениците го напуштаат поради омразата и разочарувањето и ти ми кажа: 'Не'. На ова се сетив дека следбеници на пратениците обично се цврсти. Можеби отпаѓаат од други причини но никогаш поради омразата кон верата. Тогаш те прашав, дали помеѓу тебе и него имало борба, а ако имало каков бил резултатот. И ти кажа дека ти и неговите следбеници сте како ведро на тркалото, а состојбата на пратениците била таква. На почеток нивните следбеници ја поднесуваат променливата среќа и се среќават со несреќите но на крајот победуваат. Тогаш те прашав, на што подучува тој и ти кажа дека подучува на обожување на Еден Бог, да ја зборуваме вистината, подучува на добродетели и важноста на одржување на договорите и исполнувањето на должностите. Исто така те прашав, дали некогаш нечесно постапувал и ти кажа: 'Не'. Ова е патот на чесните луѓе. Јас, поради тоа, сметам дека неговото тврдење за пратеништвото е вистинито. Јас скоро го очекував неговото доаѓање во ова време, но не знаев дека тој ќе биде Арап. Ако е вистина она што ми го*

*кажа, тогаш јас мислам дека неговото влијание и превласт сигурно ќе се рашират во овие земји.*

(Бухари)

Овој говор ги возбудил дворјаните кои почнале да го обвинуваат кралот за пофалби на Учителот од друга заедница. Биле подигнати протести. Дворските службеници тогаш ги испратиле Абу-Суфијан и неговите пријатели. Текстот на писмото кое Пратеникот го пратил на Каисер може да се најде во историските белешки. Тоа гласи вака:

> *"Од Мухаммед, Божјиот роб и Неговиот Веровесник. На главатарот на Рим, Хераклиус. Кој го следи Божјото упатство, нека има мир. После ова, о Кралу, јас те повикувам во исламот. Стани муслиман. Бог ќе те заштити од сите невољи и двојно ќе те награди. Но, ако ја негираш и ја одбиеш оваа Порака, тогаш гревот, не само на твоето негирање туку и негирањето на твојот народ, ќе биде на твојата глава. 'Кажи: О луѓето на Книгата, дојдете до зборот еднаков меѓу вас и нас, дека нема да обожувате никого освен Аллах, и дека нема да Му припишувате партнер, и дека некои од вас нема да прифаќаат други господари освен Аллах.' Но, ако тие се свртаат, тогаш кажи: 'Сведочете дека ние му се покоривме на Бога'."*

(Зуркан)

Поканата во исламот била покана да се верува дека Бог е Еден и дека Мухаммед е Негов Пратеник. Кога писмото зборува дека Хераклиус, ако стане муслиман, ќе биде двојно награден, тоа повикува на фактот дека исламот верува и во Иса и во Мухаммед. Велат дека, кога ова писмо му било претставено на Императорот, некои дворјани предлагале да се скине и да се фрли. Рекле дека писмото е навреда за Императорот. Тоа не го опишувало император како император, туку само како Сахиб Ар-Румиј, односно како кралот на Рим. Меѓутоа, Императорот рекол дека не е мудро да се скине писмото пред да се прочита. Исто така, кажал дека ‘Главатарот на Римот’ не е погрешно. На крајот на краиштата, Господарот на се е Бог. Императорот бил само главатар.

Кога на Пратеникот му кажале дека Хераклиус го примил неговото писмо, изгледал задоволно и тоа му се допаднало, и затоа рекол дека поради начинот на кој се постапило со ова писмо, неговата империја ќе биде спасена. Потомците на Императорот ќе продолжат долго да владеат со империјата. Тоа всушност се и случило. Во војните кои подоцна се случиле поголемиот дел на Римската империја, во склад со второто претскажување на Пратеникот на исламот, веќе не бил во посед на Рим; сепак, шест стотини години подоцна после ова, династијата на Хераклиус останала зацврстена во Константинопол. Пратениковото писмо долго време останало сочувано во државната архива. Амбасадорот на муслиманскиот крал Менсур Кладун го посетил римскиот двор и во таа прилика му го покажале писмото. Тогаш римскиот император, покажувајќи го писмото, рекол дека

неговиот предок го примил од Пратеникот и дека до денес е сочувано кај нив.

## ПИСМО ДО КРАЛОТ НА ИРАН

Писмото до Кралот на Иран е пратено преку Абдуллах бин Хузаифа. Содржината на ова писмо гласи:

> *“Во името на Аллах, Милосен, Дарител без барања, Сомилосен. Ова писмо е од Мухаммед, Божјиот Веровесник, до Кхосреус, главатарот на Иран. Кој го следи Божјото упатство и верува во Аллах, и сведочи дека Аллах е Еден и дека нема партнер, и дека Мухаммед е Негов роб и пратеник, нека е мир над него. О Кралу, по Божјата наредба, јас те повикувам во исламот. Пратен сум од Бога како Негов пратеник на целото човештво, да ги предупредам сите живи луѓе и да ја упатам својата Порака до сите неверници. Прими го исламот и заштити се од сите несреќи. Ако го одбиеш овој повик, тогаш гревот на одбивањето на сиот твој народ ќе биде на твоја глава.”*

(Зуркани и Кхамис)

Абдуллах бин Хузаифа вели дека кога стасал до дворот на Кхосреус, се пријавил за приемот кај кралот. Го предал писмото на Императорот и тој му наредил на преведувачот да го прочита и да ја објасни содржината на писмото. Слушајќи ја содржината на писмото, Кхосреус се

разлутил. Го земал писмото и го раскинал во делчиња. Абдуллах бин Хузаифа го известил Пратеникот за оваа случка. Кога слушнал што се случило Пратеникот кажал: "Она што Кхосреус направил со нашето писмо, Бог тоа истото ќе го направи со Неговото кралство (т.е. ќе го раскине во делчиња)."

Нападите на бес кои Кхосреус ги покажал во оваа прилика биле поради интригите кои Евреите ги ширеле против исламот, оние, кои од римската територија се иселиле во Иран. Овие еврејски бегалци имале водечка улога во интригите против Рим а кои биле подржани во Иран, и поради тоа станале љубимци на иранскиот двор. Кхосреус бил полн со лутина против Пратеникот. Нему му изгледало дека извештаите за Пратеникот, кои Евреите ги донеле во Иран, се потврдени со ова писмо. Мислел дека Пратеникот бил агресивен авантурист со зли намери кон Иран. Наскоро после тоа, Кхосреус му пишал на гувернерот на Јемен дека еден Курејшија во Арабија тврди дека е пратеник. Неговите тврдења станале преувеличени. Од гувернерот било побарано да прати двјца луѓе кои ќе го фатат овој Курејшија и ќе го донесат на дворот во Иран. Базхан, гувернерот на Јемен под Кхосреус, му пратил на Пратеникот воен главатар со уште еден коњаник. Исто така, им дал писмо упатено до Пратеникот во кое рекол дека, после примањето на писмото Пратеникот треба веднаш да дојде на дворот во Иран со овие двајца делегати. Овие двајца прво планирале да одат во Мека. Тогаш, некаде во околината на Та‘иф им било кажано дека Пратеникот живее во Медина. Тогаш отишле во Медина. Кога стасале, војниот главатар му кажал на

Пратеникот дека на Базхан, гувернерот на Јемен му е наредено од страна на Кхосреус да го уапси Пратеникот и да го однесе во Иран. Ако Пратеникот одбие да ја послуша наредбата, тој ќе го уништи него и неговиот народ и ќе ја опустоши земјата. Затоа е неопходно тој да оди со нив. Откако го слушнал ова Пратеникот предложил тие да дојдат следниот ден. Во текот на ноќта Пратеникот го молел Аллах, Кој го известил дека Кхосреус оваа дрскот може да го чини живот: "Ние го подбуцнавме неговиот сопствен син против него, и неговиот син ќе го убие својот татко во понеделник, 10 џумадел-ул оваа година." Според некои извештаи, Пратеникот кажал, 'Синоќа синот го уби таткото.' Можно е дека токму таа ноќ бил 10 џумадел-ул. Утрото Пратеникот ги повикал оние двајца јеменски делегати и им кажал дека му е објавено она што се случило ноќта. Пратеникот тогаш напишал писмо за Бузхан во кое велел дека Кхосреус ќе биде убиен тој и тој ден и тој и тој месец. Кога гувернерот на Јемен го примил писмото рекол:

"Ако овој човек е вистински пратеник, тогаш ќе се случи како што тој вели. Ако не  е вистински, тогаш Господ нека им на помош на него и на неговиот народ."

Наскоро после тоа бродот од Иран стасал во пристаништето во Јемен. Тој на гувернерот на Јемен му донел писмо од кралот на Иран. На писмото бил удрен нов печат, по што гувернер заклучил дека претскажувањето на арапскиот Пратеник било вистинито. Новиот печат значел нов крал. Писмото гласело:

*"Од Кхосреус Сироес Базхан, гувернерот на Јемен. Јас го убив својот татко бидејќи неговото владеење стана расипано и неправедно. Тој ги уби благородните и сурово постапуваше со своите поданици. Штом го примиш ова писмо, собери ги сите службеници и побарај да ја потврдат својата верност кон мене. Што се однесува до наредбите на мојот татко за апсењето на арапскиот Пратеник, можете тие наредби да ги сметате за поништени."*

(Табари, том 3, стр, 1572-1574 и Хишам, стр 46)

Базхан бил толку многу импресиониран од оваа случка што тој и неговите пријатели веднаш го примиле исламот и во склад со тоа го известиле Пратеникот.

## ПИСМО ДО КРАЛОТ НЕГУС

Писмото до Негус, кралот на Абисинија, го однел Амр бин Умајја Замри. Тоа вака гласи:

*"Во името на Аллах, Милосен, Дарител без барања, Сомилосен. Мухаммед, Божјиот пратеник, му пишува на Негус, Кралот на Абисинија. О Кралу, нека е Божјиот мир над тебе. Јас пред тебе го фалам Еден и Единствен Бог. Никој друг не е вреден за обожување. Он е Крал над кралевите, извор на сите совршенства, ослободен од сите мани, Он им овозможува мир на сите Свои робови и ги штити Своите суштества. Сведочам дека Иса, синот на*

*Мерјем, бил Божји пратеник, кој дошол во исполнувањето на Божјото ветување кое и било дадено на Мерјем. Мерјем својот живот му го посвети на Бога. Јас те повикувам да се здружиш со мене и да се приврзеш кон Еден и Единствен Бог и во послушноста кон Него. Јас, исто така, те повикувам да ме следиш и веруваш во Бога, Кој ме пратил. Јас сум Веровесник. Јас те повикувам тебе и твоите слуги да и се придружите на Верата на Семоќниот Бог. Со ова јас ја исполнив својата должност. Ти ја доставив Божјата Порака, и ти ја објаснив вистинитоста на Пораката. Тоа го направив во својата искреност и верувам дека мојата искреност ќе ја почитуваш. Оној кој го слуша Божјото Упатство станува наследник на Божјите благослови.”*

(Зуркани)

Кога ова писмо стасало до Негус, тој бил многу внимателен и покажал особена почит кон тоа. Го држел кренато до висината на очите, се симнал од престолот и за него нарачал кутија од слонова коска. Тогаш го одложил во кутијата и рекол:

“Се додека ова писмо е сигурно и моето кралство е сигурно.”

Она што го рекол се покажало како вистинито. Илјада години муслиманските војски излегувале и вршеле напади за освојување. Отишле во сите насоки како морски бранови, и поминале покрај Абисинија од сите страни, но не го допреле

ова мало кралство на Негус; и тоа поради две добродетелства на Негус; заштитата која им ја дал на раните бегалци на исламот и почитта која ја покажал кон писмото на Пратеникот. Римската империја се распаднала. Кхосреус ги изгубил своите области. Кралствата на Кина и на Индија исчезнале, но ова мало кралство на Негус останало сочувано, бидејќи неговиот владар ги примил и заштитил првите муслимански бегалци и покажал внимание и почит кон писмото на Пратеникот.

Муслиманите на овој начин и возвратиле на Негусовата великодушност. Споредете ги со ова постапките кои христијаните, во ова доба на цивилизацијата, ги имаат направено над ова христијанско кралство на Негус. Тие од воздухот ги бомбардираа отворените градови на Абисинија и ги уништија. Кралското семејство мораше да најде засолниште на некое друго место и неколку години мораше да остане далеку од својата земја. Истиот народ е третиран на два поинакви начини од два поинакви народи. Муслиманите, Абисинија ја сметале за света и неповредива поради великодушноста на еден од нејзините народи. Христијнскиот народ ја нападнал и ја ограбил во името на цивилизацијата. Тоа покажува колку се спасоносни и во својата делотворност трајни, Пратениковите учења и примери. Муслиманска благодарност за христијанско добродетелство го направиле свето за муслиманите. Христијанска лакомост го нападнала истото кралство, не грижејќи се што е христијанско.

## ПИСМО ДО КРАЛОТ НА ЕГИПЕТ

Писмото на Мукаукис го однел Хатиб Ибн-Аби Балт‘а. Текстот на ова писмо е ист како текстот на писмото до римскиот император. Писмото на римскиот император вели дека гревот на одрекувањето на римскиот народ ќе биде на негова глава. Писмото на Мукаукис вели дека гревот на Коптите ќе биде на главата на владетелот. Тоа гласи вака:

> *“Во името на Аллах, Милостивиот, Дарителот без барањае, Сомилосниот. Ова писмо е од Мухаммед, Аллаховиот Веровесник, до Мукаукис, главарот на Коптите. Нека е мир над оној кој ги следи упатствата. Јас те повикувам да ја примиш Пораката на исламот. Верувај, ќе бидеш спасен и твојата награда ќе биде двојна. Ако одбиеш, гревот на одбивањето на Коптите исто така ќе биде на твоја глава. Кажи: ‘О народе на Книгата, дојдете до зборот еднаков меѓу нас и вас дека не обожуваме никој друг освен Аллах, и да не Му придружуваме никаков другар, и дека некои од нас нема да прифатат други господари освен Аллах. Но, ако тие се свртаат, тогаш кажи: ‘Бидете сведоци дека ние му се покоривме на Бога’.”*

(Халбијја, том 3 стр 275)

Кога Хатиб стасал во Египет, не го нашол Мукаукис во главниот град. Отишол кај него во Александрија, каде тој близу до морето имал двор. Хатиб отишол со чамец бидејќи

дворот бил добро чуван. Затоа Хатиб го покажал писмо на оддалеченост и почнал гласно да зборува. Мукаукис наредил да му го донесат Хатиб. Го прочитал писмо и кажал:

“Ако овој човек е вистински пратеник, зошто не моли за уништување на неговите непријатели?”

Хатиб одговорил:

“Ти веруваш во Иса. Со него неговиот народ лошо постапуваше но тој сепак никого не молел за неговото уништување.”

Кралот му оддал почит на Хатиб и рекол дека тој е мудар избраник на мудриот човек. Добро одговорил на прашањата кои му биле поставени.

На ова Хатиб поворно проговорил:

“Пред тебе, рекол, живеел крал кој бил горделив, надуен и суров. Тој бил фараон кој го прогонувал Муса. На крајот на него се спуштила Божјата казна. Затоа не биди горделив. Верувај во овој Божји Пратеник. Бога ми, Муса не претскажал толку добро како што претскажал Иса за Мухаммед. Ние те повикуваме кон Мухаммед како пратеник, токму како што вие христијаните ги повикувавте Евреите кон Исус. Секој пратеник има свои следбеници. Следбениците се должни да му се покоруваат на својот пратеник. Сега, кога се појавил пратеник во твое време, твоја должност е да веруваш во него и да го следиш. И запомни, нашата религија не забранува да веруваш во Исус. Ние дури им наредуваме на другите да веруваат во Исус.”

Кога го слушнал ова, Мукаукис рекол:

“Јас слушнав за учењето на овој Пратеник и сметам дека тој не поучува на ништо лошо, ниту забранува било што

добро. Исто така, дознав дека тој не е ниту волшебник, ниту пророк. Слушнав за некои негови претскажувања кои се обвистиниле."

Потоа, наредил да му донесат кутија од слонова коска и го ставил Пратениковото писмо во неа, ја запечатил и ја дал на девојката слугинка да ја остави на сигурно место. Исто така, напишал писмо како одговор на Пратеникот. Текстот на ова писмо е забележан во историјата. Тоа гласи вака:

> *"Во името на Аллах, Милостивиот, Давателот без барања, Сомилосниот. Од Мукаукис кралот на Коптите, до Мухаммед, синот на Абдуллах, нека е над тебе мир. После ова велам дека го прочитав твоето писмо и размислив за неговата содржина и верувањата на кои ме повикуваш. Запознаен сум дека Хибру пратеници го претскажале доаѓањето на Пратеникот во наше време. Но, јас мислев дека тој ќе се појави во Сирија. Го примив твојот избраник и му дадов подарок од иљада динари и пет кхил'ата (украсна облека) и пратив две девојки Египќанки како подарок за тебе. Кај мојот народ, Коптите, овие девојки уживаат голема почит. Едната од нив е Марија а другата Сирин. Исто така, ти пратив дваесет одела направени од египетски лен со висок квалитет. Покрај тоа, ти пратив мазга за јавање. На крајот, повторно молам да имаш мир од Бога."*

(Зуркани и Табари)

Од ова писмо јасно се гледа дека Мукаукис, иако со почит постапил со писмото, тој не го примил исламот.

## ПИСМО ДО ГЛАВАТАРОТ НА БАХРЕИН

Пратеникот пратил писмо и на Мунзир Таими, главатарот на Бахреин. Писмото го однел Ала Ибн-Хазрами. Текстот на ова писмо е изгубен. Кога писмото стасало до овој главатар, тој верувал и му одговорил на Пратеникот дека тој и многу негови пријатели и следбеници одлучиле да го примат исламот. Меѓутоа, некои од нив не го примиле исламот. Тој, исто така, кажал дека под неговата власт живеат Евреи и Магијанци. Што да направи со нив?

Пратеникот вака му напишал на главатарот:

> *“Мило ми е дека го прими исламот. Твоја должност е да бидеш послушен кон делегатите и веровесниците кои јас ќе ти ги испратам. Кој им послушен на нив послушен ми е и мене. Делегатот кој ти го донесе моето писмо многу те фалеше и ме увери во искреноста на твоето верување. Јас го молев Бога за твојот народ. Затоа, настојувај да ги подучуваш на патиштата и праксата на исламот. Заштити го нивниот имот. Никому не давај да има повеќе од четири жени. Гревовите од минатото се опростени. Доколку се држите до добрината нема да бидете тргнати од власта над својот народ. Што се однесува до Евреите и Магијанците, тие само треба да ја платат*

*таксата. Затоа, не им поставувај други услови. Што се однесува до обичните жители, оние кои немаат доволно земја да ги издржува секој треба да има четири дирхеми и нешто облека за облекување.”*

(Зуркани и Кхамис)

Пратеникот, исто така, му пишувал и на кралот на Оман, главатарот на Јемам, на кралот Гхассан, на главатарот Бену-Нахд, на племето на Јемен, на главатарот Хамдан, на другото племе на Јемен, на главаторот Бани-Алим и на главаторот на племето Хазрами. Повеќето од нив станале муслимани.

Овие писма покажуваат колку била совршена верата на Пратеникот. Тие, исто така, покажуваат дека од самиот почеток Пратеникот верувал дека е пратен од Бога не само на еден народ или територија, туку на сите народи на светот. Вистина е дека оние на кои им биле упатени писма на различен начин ги примиле истите. Некои од нив веднаш го примиле исламот. Некои само биле љубезни. Некои покажале презир и гордост. Но, исто така, вистина е – и историјата е сведок на фактите – дека примателите на овие писма или нивниот народ ги задесила судбина во склад со нивните постапки кон овие писма.

## ПАДОТ НА КАИБАР

Како што кажавме порано, Евреите и останатите противниции на исламот сега биле зафатени со подбуцнување на племињата против муслиманите. Тие биле

уверени дека Арабија сега не е во состојба да го уништи растечкото влијание на исламот и дека арапските племиња не се во состојба да ја нападнат Медина. Затоа, Евреите започнале да сплеткарат со христијанските племиња сместени на јужната граница од Римската империја. Во исто време почнале да им пишуваат на другите Евреи во Ирак против Пратеникот. Со злобната пропаганда проповедана низ преписки настојувале да го поттикнат Кхосреус од Иран против исламот. Како резултат на еврејските интриги Кхосреус се свртел против исламот и дури пратил наредба на гувернерот на Јемен да го уапси Пратеникот. Со посебни Божји посредувања и со Божјата милост, Пратеникот останал спасен, а подлиот план на Императорот на Иран бил спречен. Очигледно е дека, ако немало Божја помош која го пратела Пратеникот за време на неговата служба, кревкото движење на раниот ислам би бил задушен уште во почетокот, односно, поради непријателството и спротивставувањето на императорот на Рим и Иран. Кога Кхосреус го наредил апсењето на Пратеникот, пред наредбата да се изврши, се случило овој император да биде симнат и убиен од рака на сопствениот син и новиот владар ги поништил неговите наредби за апсење на Пратеникот. Службениците на Јемен биле импресионирани со ова чуда, поради што и провинцијата на Јемен станала дел од муслиманската империја. Поради интригите кои Евреите продолжиле да ги прават против муслиманите и нивниот град Медина било неопходно да бидат истерани подалеку од Медина. Ако им се дозволело да продолжат да живеаат во близина, нивните интриги засигурно ќе довеле до уште поголемо

крвопролевање и насилство. По враќањето од Худебија Пратеникот пет месеци чекал и тогаш одлучил да ги истера од Кхаибар. Кхаибар бил на мала одалеченост од Медина и Евреите увиделе дека е лесно оттаму да ги спроведуваат своите интриги. Со оваа намера Пратеникот, некаде во август 628 А.Д., вмаршидал во Кхаибар. Со себе водел илјада и шестотини следбеници. Кхаибар, како што кажавме, бил добро утврден град. Од сите страни бил опкружен со карпи на кои се наоѓале малечки тврдини. Да се освои такво место со така мала чета не била лесна задача. Малечките места кои се наоѓале во околината на Кхаибар паднале по кратка борба. Но, кога Евреите се собрале во централната тврдина на градот, изгледало дека сите напади на неа и сите употребени форми на стратегија се безуспешни. Еден ден Пратеникот примил објава дека Кхаибар ќе падне од раката на Али. Следното утро Пратеникот го објавил ова на своите следбеници и рекол:

"Јас денес, знамето на исламот ќе му го предадам нему, кој му е драг на Бога, на Неговиот Пратеник и на сите муслимани. Бог наредил дека нашата победа над Кхаибар ќе се случи од неговата рака."

Следниот ден пратил по Али и му го предал знамето. Наспроти фактот дека Евреите се собрале во одреди внатре во тврдината, Аллах на Али и на неговата дивизија им подарил таква моќ што тие тврдината ја освоиле пред мракот. Бил потпишан мир. Условите биле: сите Евреи, нивните жени и деца да го напуштат Кхабар и да се населат некаде далеку. Нивниот имот ќе биде пренесен на муслиманите. Секој кој ќе се обиде да сокрие дел од имотот,

или нешто погрешно изјави, нема да биде заштитен со договорот и ќе мора да плати казна која е пропишана со договорот.

Се случиле три чудни случки во оваа опсада на Кхаибар. Една од нив е Божјиот знак, а другите две покажуваат висок морален карактер на Пратеникот.

Кога подоцна, вдовицата на Кинан, главатарот на Кхаибар, се омажила за Пратеникот, тој на нејзиното лице здогледал некои знаци, траги од удар со рака.

“Што ти е тоа на лицето Сафија, ја прашал Пратеникот.”

“Вака беше, одговорила Сафија. Во сонот видов како месечината ми паѓа во скутот. Утредента му го раскажав сонот на мојот маж. Тој кажа: Ова е чуден сон. Твојот татко е голем и учен човек, ајде нему да му го раскажеме. Кога на татко ми му го раскажав сонот тој ме удри по лицето и кажа: Ти сакаш да се омажиш за кралот на Арабија.”

(Хишам) Месечината била национален знак на Арабија. Месечината во скутот означува интимна врска со кралот на Арабија. Одделена месечина или месечина која паѓа означувал раздор во арапската власт или нејзино уништување.

Сонот на Сафија е знак за вистинитоста на Чесниот Пратеник. Тоа, исто така, е знак дека Бог низ соништата го објавува невидливото на Своите робови. Верниците примаат повеќе од оваа милост од неверниците. Сафија била Еврејка кога го сонувала овој сон. Се случило нејзиниот маж да биде убиен во опсадата на Кхаибар. Оваа опсада била казна за Евреите кои го прекршиле договорот.  Сафија била заробена

и поделбата на заробениците му била дадена на еден асхаб. Тогаш установиле дека таа е вдовица на главатарот. Поради тоа чувствувале дека поради нејзината положба соодветно е таа да живее кај Пратеникот. Пратеникот сепак одлучил да ја ожени и таа се согласила. На овој начин нејзиниот сон бил исполнет.

Тука биле уште две случки. Едната зборува за пастир кој ги чувал овците на главатарот. Овој пастир станал муслиман. По преминувањето во исламот тој на Пратеникот му кажал:

“Јас не можам да му се вратам на мојот народ, о Божји Пратениче. Што да правам со овците и козите на мојот поранешен газда?”

“Исправи ги лицата на животните кон Кхаибар и подгони ги. Бог ќе ги води назад кон нивниот дом, рекол Пратеникот.”

Пастирот направил како што му било кажано и стадото стасало до еврејската тврдина. Стражарите на тврдината го прифатиле.

(Хишам, том 2, стр. 1919)

Оваа случка покажува со колкава сериозност Пратеникот гледал на прашањето на правата на поединецот и како по неговото мислење било важно доверителот да го исполни своето ветување.

Третата случка се однесува на жена Еврејка која се обидела да го отруе Пратеникот. Таа прашала еден асхаб кој дел од животните Пратеникот сака да јаде. И било кажано дека тој понајвеќе сака бут од овца или коза. Жената заклала

коза и направила котлети на врел камен. Тогаш во тоа ставила отров, посебно во парчињата исечени од бутот, верувајќи дека Пратеникот ќе ги изеде.

Пратеникот се враќал во својот шатор по акшам-намаз. Ја видел оваа жена која го чекала во близина на неговиот шатор и прашал:

“Можам ли нешто да напаравам за тебе жено?”

“Да, Абу Ал-Касим, можеш да примиш подарок од мене.”

Пратеникот му кажал на еден асхаб да го земе она што жената го донела. Кога Пратеникот седнал на маса, пред него било изнесено и ова печено месо. Пратеникот земал залак. Асхабот Бишр Ибн Ал-Бара Ибн Ал-Ма‘рур исто така земале залак. И останатите асхаби пружиле рака да земат од месото. Но, Пратеникот ги сопрел говорејќи дека смета како месото е затровено. На ова и Бишр одговорил дека и тој го мисли истото. Тој сакал да го фрли месото но се плашел дека Пратеникот ќе се вознемири.

“Кога видов дека ти зема парче, рекол, јас исто така земав едно. Но наскоро посакав ти да не го земеше.”

Бишр потоа се разболел и веднаш починал. Според други извештаи, тој по кратко боледување починал. Тогаш Пратеникот пратил по оваа жена и ја прашал дали го затровала месото. Жената го прашала Пратеникот како воопшто дознал за тоа. Пратеникот држела парче во раката и рекол:

“Мојата рака ми го кажа тоа.”

Што значи дека бил во состојба да просуди според вкусот на месото. Жената признала дека го направила тоа.

“Што те наведе тоа да го направиш, прашал Пратеникот.”

“Мојот народ беше со тебе во војна и моите роднини беа убиени во таа битка, јас одлучив да те отрујам верувајќи дека ако си измамник ќе умреш а ние ќе бидеме сигурни, а ако навистина си Пратеник, Бог ќе те спаси.”

Кога го слушнал ова објаснување, Пратеникот и опростил на жената, иако таа ја заслужила смртната казна.

(Муслим)

Пратеникот секогаш бил подготвен да опрости, и казнувал само тогаш кога казната била неопходна, односно, кога се сомневал дека таа личност и понатаму ќе прави лоши работи.

## ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРАТЕНИКОВАТА ВИЗИЈА

Седмата година по Хиџра, поточно во февруари 629, пратеникот требало да оди во Мека поради посетата на Каба. Водачите се согласиле со тоа. Кога дошло време Пратеникот да оди, тој собрал две илјади следбеници и тргнал во правецот на Мека. Кога стасал до Марр Аз-Захран, место за одмор на патот до Мека, на следбениците им наредил да ја одложат воената опрема. Таа била собрана на едно место. Во строга согласност со условите на Договорот на Худебија, Пратеникот и неговите следбеници влегле во Чесниот храм, носејќи ги само сабјите во корицитe. Враќањето во Мека по седумгодишното отсуство не била обична работа за овие луѓе, кои повторно дошле во Мека. Тие ги помнеле маките на

кои биле изложени во текот на живеењето во Мека. Во исто време, биле свесни дека Бог бил милостив кон нив и им дозволил повторно да дојдат и да го направат *таваф* во Каба. Еднакво биле и лути и весели. Луѓето од Мека излегле од своите куќи и се искачиле на повисоко да ги видат муслиманите. Муслиманите биле полни со гордост и воодушевување. Сакале на Меканците да им кажат дека сите Божји ветувања биле исполнети. Абдуллах бин Раваха почнал да пее воени песни, но Пратеникот го сопрел говорејќи:

“Нема да пееме воени песни. Само кажувај: Нема друг Бог освен Аллах.”

Тоа е Бог кој му помогнал на Пратеникот, ги издигнал верниците од понижување до чест, и ги избркал непријателите.

(Халбијја, том 3, стр. 73)

По извршувањето *таваф* околу Каба и трчањето помеѓу ридовите Сафа и Мерва, Пратеникот и неговите другари во Мека останале уште три дена. Абас имал сестра од жената, вдовица, Маимуна, и му предложил на Пратеникот да ја ожени. Пратеникот се согласил. Четвртиот ден Меканците побарале муслиманите да се повлечат од Мека. Пратеникот наредил повлекување и побарал од своите следбеници да тргнат назад кон Медина. Тој толку строго го спроведувал договорот и толку бил внимателен во почитувањето на чувствата на Меканците што својата штотуку венчана жена ја оставил во Мека. Средил таа да им се придружи со дел од каравaнот кој ги носел личните работи

на аџиите. Пратеникот ја јавнал својата камила и наскоро излегол надвор од границите на Чесниот храм. Преку ноќ Пратеникот спиел во местото наречено Сариф, и тука во неговиот шатор му се придружила Маимуна.

Можеби, во некоја друга прилика ќе го изоставевме овој безначаен детал, но оваа случка има една друга важна димензија, а тоа е; Пратеникот бил обвинуван од европските писатели бидејќи имал неколку жени. Тие сметаат дека имањето на повеќе жени е доказ за лична распуштеност и желба за задоволство. Меѓутоа, преданоста и длабоката љубов која сите негови жени ја имале кон него докажуваат дека ваквиот поим за Пратениковите бракови е лажен. Нивната предаденост и љубов докажале дека Пратениковиот брачен живот бил чист, несебичен и чувствителен. Тој толку бил единствен во овој поглед што ниту за еден друг човек не може да се каже дека својата жена ја третирал толку добро како што Пратеникот ги третирал своите жени. Ако Пратениковиот брачен живот бил мотивиран од задоволство, сигурно како резултат на тоа би била рамнодушноста на неговите жени и дури нивно непријателство кон него. Но, фактите се поинакви. Сите жени на Пратеникот му биле посветени и нивната посветеност била поради неговиот несебичен и великодушен пример. Тие на тоа му возвраќале со безрезервна посветеност. Ова е докажано со многу случки забележани во историјата. Една случка се однесува и на самата Маимуна. Таа со Пратеникот прв пат имала средба во шаторот во пустината. Ако нивните брачни односи биле телесни, ако Пратеникот повеќе сакал поедини жени во однос на другите поради нивниот физички шарм, Маимуна

својата прва средба со Пратеникот немаше да ја негува како величенствено чувство. Ако нејзиното мажење било поврзано со неубави и рамнодушни чувства, таа првата средба ќе ја заборавеше. Маимуна живеела долго години по Пратениковата смрт. Починала во подоцнежните години, но не можела да заборави што за неа значело мажењето за Пратеникот. Пред својата смрт во осумдесетата година, кога задоволството на телесното уживање се заборава, кога само трајните вредности и доблести го допираат срцето, таа побарала да биде погребана на одалеченост од еден ден на патот за Мека, на местото каде Пратеникот логорувал по враќањето во Медина, и каде таа за прв пат имала средба со него после венчавката. Светот знае за многу приказни за љубовта, и вистински и измислени, но нема многу толку убави како што е оваа.

Наскоро, по овој историски *таваф* околу Каба, двајца непријателски генерали му се придружиле на исламот. Едниот бил Кхалид бин Валид, чија надареност и храброст до темели ја стресле Римската империја и под чии заповеднички вештини муслиманите во својата империја додавале една земја по друга. Другиот бил Амр бин Ал-Ас, освојувач на Египет.

## БИТКАТА КАЈ МУТА

По враќањето од Каба, Пратеникот почнал да прима извештаи дека христијанските племиња на сириската граница, потикнати од Евреите и паганите, подготвуваат напад на Медина. Поради тоа пратил група од петнаесет луѓе

тоа да го потврдат. Тие виделе дека на сириската граница се собирала војска. Наместо веднаш да се вратаат со извештајот, тие се задржале. Нивната желба за ширење на исламот била силна, но последиците од нивните добронамерни желби, всушност, се покажале спротивни на она што тие го посакувале и очекувале.

Следејќи ги тие случки, можеме да видиме дека од оние кои поради непријателските провокации планирале да ја нападнат Пратениковата татковина, не можело да се очекува да се однесуваат поинаку. Наместо да го сослушаат учењето тие ги извадиле своите лакови и со стрели почнале да ја засипуваат оваа група од петнаесет луѓе. Меѓутоа, групата била непоколеблива. Ги примиле стрелите како одговор на аргументите, но не се свртеле. Стоеле цврсто, петнаесет против неколку илјади, и загинале борејќи се.

Пратеникот планирал експедиција за да ги казни Сиријците за оваа дива свирепост, но во исто време примил извештај дека трупите кои била насобрани околу границата си заминале. Поради тоа ги одложил своите планови.

Меѓутоа, Пратеникот му напишал писмо на Римскиот император (или на главатарот на племето Гхассан, кој управувал со Бусра во името на Рим). Во ова писмо, можеме да претпоставиме, дека Пратеникот имал приговори за подготовките кои биле видливи на сириската граница. Ова писмо го однел Ал-Харис, Пратеников асхаб. Тој на патот застанал во Мута, каде се сретнал со Сурџил, главатарот на племето Гхассан, кој служел како римски службеник.

“Дали си ти весник на Мухаммед?” Прашал овој главатар.

Откако му било потврдено тој го уапсил, го врзал и на смрт го претепал. Може да се претпостави дека овој главатар на Гхассан бил водач на непријателот кој ги убил оние петнаесетмина муслимани кои само сакале да проповедаат. Фактот дека тој на Ал-Харис му рекол: "Можеби ти носиш порака од Мухаммед," покажува дека тој стравувал оти приговорот на Пратеникот против него би можел да стаса до Каисер. Тој стравувал дека ќе треба да ја сноси одговорноста за она што се случило. Мислел дека ќе биде сигурен ако го убие избраникот на Пратеникот. Ова очекување не се исполнило. Пратеникот дознал за убиството. За да го освети и ова и оние поранешни злосторства, собрал одред од три илјади луѓе и ги пратил во Сирија под команда на Зеид бин Харис, ослободениот Пратеников роб, кој го спомнувавме во кажувањето за Пратениковиот живот во Мека. Пратеникот го одредил Џа`фар Ибн Аби-Талиб како наследник на Зеид, ако Зеид умре, Абдуллах бин Равах, ако Џа`фар умре. Ако Абудуллах бин Равах, исто така, умре, муслиманите сами требале да го изберат својот командир. Еден Евреин, кој ова го слушнал, возвикнал:

"О, Абу-Касим, ако си вистинит пратеник, овие тројца кои ги именуваше сигурно ќе умрат; бидејќи Бог ги исполнува зборовите на пратеникот."

Свртувајќи се кон Зеид, рекол:

"Верувај ми кога ти велам, ако Мухаммед е вистински Божји пратеник, вие живи нема да се вратите."

Зеид, како вистински верник, му одговорил:

"Можеби јас ќе се вратам жив, можеби нема, но Мухаммед е вистински Божји пратеник."

(Халбијја, том 3, стр 75)

Следното утро муслиманскиот одред тргнал на својот долг марш. Пратеникот и асхабите пак останале на одредена одалеченост од нив. Толку голема и важна војска како оваа никогаш порано не одела без лична команда на Пратеникот. Додека се опростувал со војската Пратеникот ги советувал и им давал упатства. Кога стасале до местото каде што луѓето од Медина вообичаено се опростувале од пријателите и ближните кои оделе во Сирија, Пратеникот застанал и рекол:

*Јас ви советувам да се плашите од Бога и праведно да постапувате со муслиманите кои одат со вас. Одете во војна во името на Аллах и борете се со непријателот во Сирија, која е наш непријател како и Аллахов. Кога ќе стасате во Сирија, ќе ги сретнете оние кои многу го спомнуваат Аллах во своите богомоли. Вие со нив не се распаравајте, ниту им правете потешкотии. Во непријателската земја не ги убивајте жените и децата, ниту слепите и старите; не сечете ги дрвјата, ниту уривајте било која зграда.*

(Халбијја, том 3)

Откако го кажал ова, Пратеникот се вратил, а муслиманската војска продолжила да маршира понатаму. Тоа била прва муслиманска војска која била пратена да се бори

против христијани. Кога муслиманите стасале до сириската граница, слушнале дека и самиот Касиер дошол на границата со стотина илјади свои војници и уште стотина илјади регрутирани од христијански племиња од Арабија. Соочени со толку голем број на непријателски војници, муслиманите посакале да застанат на патот и да му пратат порака на Пратеникот во Медина. Можеби ќе биде во состојба да го засили нивниот број или можеби ќе посака да прати некои нови наредби. Кога водачите на војската се посоветувале, Абдуллах бин Раваха станал и рекол:

"Народе мој, вие тргнавте од своите куќи да умрете како шехиди на Божјиот пат, и сега кога тоа убиство ви е пред очи, вие како да се исплашивте. Ние досега не се боревме поради сопствената моќ и бројност. Нашата главна цел беше нашата вера. Што и ако непријателот е толку недмоќен во број и опрема? Ние мораме да ја примаме една од наградите: или ќе победиме или ќе умреме како шехиди на Божјиот пат."

Војниците го слушнале Ибн-Раваха и биле восхитени. Едногласно рекле дека е во право. Одредот продолжил да маршира напред. Додека марширале виделе дека римската војска напредува кон нив. Поради тоа муслиманите ја завземале својата положба на Мута и битката наскоро започнала. Наскоро Зеид, муслиманскиот водач бил убиен и Пратениковиот роднина Џа'фар Ибн Аби-Талиб го преземал знамето и командата над војската. Кога видел дека притисокот на непријателот се зголемува и дека муслиманите поради потполната физичка подреденост не го одбиваат нивниот притисок, се симнал од својот коњ и му ги

исекол нозете. Оваа постапка значела дека барем тој нема да избега; попрво ќе избере смрт одошто да избега.

Да му се исечат нозете на коњ бил арапски обичај кога требало да се сопре паниката и безглавото повлекување. Џа`фар изгубил десната рака, но знамето го држел во левата. Исто така, ја изгубил и левата рака и тогаш знамето го држел меѓу надлактиците притиснати на градите. Искрен во своето ветување тој паднал борејќи се. Тогаш, онака како што наредил Пратеникот, Абдуллах бин Раваха го зграбил знамето и ја преземал командата. Тој, исто така, паднал борејќи се. Сега, наредбата на Пратеникот била дека муслиманите треба заедно да се посоветуваат и да изберат водач. Но, немало време за тоа. Муслиманите можеби ќе отстапеле пред толку надмоќниот непријател, но Кхалид бин Валид, прифаќајки го предлогот на пријателите, го земал знамето и продолжил да се бори се до вечерта. Следниот ден Кхалид повторно го завземал полето со својата осакатена и изморена чета, но употребил лукавост. Ја сменил положбата на своите луѓе -оние од напред ги смениле оние во позадина и оние на десното крило се смениле со оние на левото. Исто така, возвикувале некои слогани. Непријателот помислил дека муслиманите преку ноќ добиле помош и во страв се повлекле. Кхалид го спасил остатокот од својата војска и се вратил. Пратеникот преку објава бил известен за овие случувања. Ги собрал муслиманите во џамија. Кога станал да им се обрати, очите му биле влажни од солзи. Рекол:

“Сакам да ви кажам за војската која од тука отиде на сириската граница. Тие се кренаа против непријателот и се бореа. Прво Зеид, потоа Џа`фар и потоа Абдуллах бин Раваха

го држеа знамето. Сите тројца паднаа еден по друг, борејќи се храбро. Учете дови за сите нив. После нив знамето го држеше Кхалид бин Валид. Тој самиот себе се одредил. Тој е сабја меѓу Божјите сабји. Ја спасил муслиманската војска и се вратил.”

(Зад Ал-Ма‘ад, том 1 и Зуркани)

Пратениког опис на Кхалид станал популарен и бил познат како ‘Божја сабја.’

Инаку, Кхалид подоцна го примил исламот, и поради тоа останатите муслимани често го критикувале. Еднаш, тој и Абдул Ар-Рахман бин Ауф се расправале околу нешто. Абдул Ар-Рахман бин Ауф му се пожалил на Пратеникот против Кхалид. Претеникот го прекорил Кхалид и рекол: “Кхалид, ти лутиш еден, кој исламот го служи од времето на Бедр. Јас ти велам, дури и кога би дал злато во тежина на Ухуд во служењето на исламот, не би станал заслужен на Божјата награда како Абдул Ар-Рахман.”

“Но, тие мене ме провоцираат, рекол Кхалид, јас морам да одговорам.”

На ова Пратеникот им се свртел на останатите и рекол:

“Не смеете да го провоцирате Кхалид. Тој е сабја меѓу Божјите сабји, која секогаш е подготвена против неверниците.”

Пратениковит опис дословно се исполнил неколку години подоцна.

По враќањето на Кхалид со муслиманската војска некои муслимани од Медина војниците ги опишувале како се

враќат како бегалци и како немаат дух. Општо ги критикувале дека сите требало да умрат борејќи се. Пратеникот ги прекорил овие критичари.

“Кхалид и неговите војници не се бегалци, рекол. Тие се војници кои постојано се враќаат во напад.”

Овие зборови значиле многу повеќе одошто се чинело. Тие зборови ги претскажале битките кои муслиманите ќе ги водат со Сирија.

## ПРАТЕНИКОТ МАРШИРА КОН МЕКА СО ДЕСЕТ ИЛЈАДИ СЛЕДБЕНИЦИ

Осма година по Хиџра, во месецот рамазан (декември 629. А.Д.), Пратеникот тргнал во таа последна битка која конечно ќе го втемели исламот во Арабија.

На Худебија меѓу муслиманите и неверниците е договорено дека арапските племиња треба да им дозволат на оние кои сакаат да му се придружат на исламот или на неверниците тоа да го направат слободно. Исто така, е договорено, десет години ниту една страна нема да оди во војна против другата, освен ако едната страна ја нападне другата и го прекрши договорот. Под овој договор племето Бану-Бакр им се придружило на Меканците, додека племето Кхуза`а влегло во сојуз со муслиманите. Арапските неверници ретко се држале до договорот, посебно до договорот со муслиманите. Се случило, Бани-Бакр и Кхуза`а имале некои нерешени спорови. Бани-Бакр побарал совет од Меканците за решавање на овие спорови. Бидејќи бил потпишан договорот на Худебија, Кхуза`а се чувствувале

сигурни иако биле во сојуз со Пратеникот. Поради тоа Бани-Бакр чувствувале дека сега е време да им се осветат на Кхуза`а. Меканците се согласиле и со Бани-Бакр се здружиле во ноќниот напад над Кхуза`а и убиле многу нивни луѓе. Кхуза`а пратил четриесет свои луѓе на брзи камили во Медина да го известат Пратеникот за ова кршење на договорот. Тие од Пратеникот барале, според условите на договорот, тој веднаш тргне во освета и да маршира кон Мека. Делегацијата се сретнала со Пратеникот и тој недвосмислено им рекол дека ја дели тагата со нив но дека тој цврсто ќе се држи до договорот. Покажал на облак кој се движел на небото и рекол:

"Како што паѓаат капките од дождот кој го гледате таму, муслиманската војска ќе ви дојде вам во помош."

Меканците биле вознемирени поради веста за делегацијата на Кхуза`а во Медина. Го пратиле Абу-Суфијан во Медина да го спречи нападот на муслиманите. Абу-Суфијан стасал во Медина и инсистирал муслиманите да потпишат нов уговор бидејќи тој не бил присутен на Худебија. Пратеникот сметал дека не е мудро да се одговори на овој изговор. Всушност, доколку би одговорил тајната би излегнала на виделина. Абу-Суфијан станал возбуден, отишол во џамијата и најавил:

"О луѓе, јас го обновувам, во името на Меканците, нашето уверување за мирот со вас."

(Зуркани)

Луѓето на Медина не го разбрале неговиот говор и само се смееле. Пратеникот му рекол на Абу-Суфијан:

“Твојата изјава е еднострана и ние не можеме да се согласиме со неа.” За тоа време Пратеникот ја пратил веста до сите муслимански племиња. Уверен дека се подготвени да маршираат, побарал од муслиманите на Медина да се наоружаат и да се подготват. На први јануари муслиманска војска тргнала на својот марш. На патот, на разни места, им се придружувале и други муслимански племиња. Марширале само неколку дена кога војската навлегла во дивината Фаран. Нивниот број - онака како што пратеникот Сулејман претскажал пред долго време - сега се зголемил на десет илјади. Кога оваа чета марширала кон Мека, на Меканците, тишината секаде наоколу им изгледала се повеќе застрашувачка. Го наговориле Абу-Суфијан повторно да излезе и да го открие муслиманскиот план. Останало помалку од еден ден патување до Мека кога во ноќта здогледал како целата дивина била осветлена со логорски огнови. Пратеникот наредил огновите да горат пред секој камп. Впечатокот од овие пламтечки огнови во тишината и мракот бил силен.

“Што би можело ова да биде? Ги запрашал Абу-Суфијан своите пријатели. Дали од небото паднала војска? Не знам за ниту една таква голема арапска војска.”

Тие ги наведувале имињата на некои племиња и на секое име Абу-Суфијан рекол:

“Ниту едно арапско племе или народ не може да има толку голема војска.”

Абу-Суфијан и неговите пријатели уште погодувале кога гласот од темнината повикал:

“Абу-Ханзала!” (Ханзала бил син на Абу-Суфијан)

"Аббас дали си ти таму?" прашал Абу-Суфијан.

"Да, Пратениковата војска е блиску. Постапи брзо или те чека понижување и пораз, одговорил Аббас."

Аббас и Абу-Суфијан биле стари пријатели. Аббас инсистирал Абу-Суфијан да му се придружи на истата камила и да одат кај Пратеникот. Му ја зграбил раката на Абу-Суфијан го повлекол и го присилил да се качи на камилата. Ја подболе камилата и наскоро стасале до кампот на Пратеникот. Аббас се плашел дека Омар, кој го чувал Пратениковиот шатор, може да го убие Абу-Суфијан. Но, Пратеникот преземал мерки и најавил дека ако некој го сретне Абу-Суфијан не треба да го убие. Оваа средба оставила длабок впечаток на Абу-Суфијан. Бил зачуден од подемот на исламот. Тука бил Пратеникот, кого Меканците го протерале од Мека во друштво на само еден пријател. Одвај да поминале седум години од тогаш, а тој сега чука на вратата на Мека со десет илјади следбеници. Среќета потполно се свртела. Одбегнатиот Пратеник, кој пред седум години отишол од Мека поради стравот за својот живот, сега се враќа во Мека, а Мека не е во состојба да му се спротивстави.

## ПАДОТ НА МЕКА

Абу-Суфијан веројатно го мачеле тешки мисли. Зарем за седум години не се случиле неверојатни промени? И што сега, како водач на Меканците, тој да направи? Дали да се спротистави или да се покори? Измачен од таквите мисли, на луѓето кои го посматрале им изгледал како скаменет.

Пратеникот го видел возбудениот мекански водач. Му рекол на Аббас да го доведе и да го прими на гости преку ноќта, ветувајќи дека наутро ќе се сретне со него. Абу-Суфијан ноќта ја поминал со Аббас. Утрото отишле кај Пратеникот. Било време за ран сабах-намаз. Вревата и активностите кои Абу-Суфијан ги видел во овие рани утрински часови биле сосема необични за неговото искуство. Тој не знаел – ниту еден од Меканците не знаел – дека таквото рано станување настанало под дисциплината на исламот. Видел како сите муслимани кои кампувале биле дојдени поради својот сабах-намаз. Некои оделе натаму наваму во потрага по вода за абдест, други надгледувале како се редат клањачите за намаз. Абу-Суфијан не можел да ја разбере оваа утринска активност. Го обземал страв. Мислел дека ова се подготовки за нов вид на казна.

"Што тие всушност работат? Запрепастено прашал."

"Ништо од што ти би требало да се плашиш, одговорил Аббас. Тие само се подготвуваат за сабах-намаз."

Абу-Суфијан тогаш видел илјади муслимани како се поредуваат зад Пратеникот, како прават пропишани движења и покажуваат пожртвуваност на повикот на Пратеникот – наполу свиени, потполно свиени, станувајќи повторно и така натаму. Аббас бил на должност како чувар, и така можел да зборува со Абу-Суфијан.

"Што тие сега прават?, прашал Абу-Суфијан."

"Се што прави Пратеникот и тие тоа го прават."

"На што мислиш?"

“Тоа е само муслиманска молитва, Абу-Суфијан. Муслиманите ќе направат што и да заповеда Пратеникот – ќе ја остават храната и пиењето, на пример.”

“Вистина, рекол Абу-Суфијан. Јас ги имам видено големите дворови. Сум го видел дворот на Каисер, но никогаш не сум видел еден народ толку да му е предаден на својот водач како што муслиманите му се предани на својот Пратеник.”

(Халбијја, том 2, стр 90)

Исполнет со страв и вина, Абу-Суфијан продолжил и го прашал Аббас, дали би сакал да побара од Пратеникот да му опрости на својот народ – значи на Меканците.

Кога сабах-намаз бил завршен, Аббас го одвел Абу-Суфијан кај Пратеникот.

Пратеникот му кажал на Абу-Суфијан:

“Зарем тебе уште не ти станало јасно дека никој не е вреден за обожување освен Аллах?”

“Се колнам во мајката и таткото; ти секогаш беше љубезен, нежен и внимателен кон своите ближни. Јас сега сум убеден дека ако постоеше некој друг Бог, ние досега ќе имавме помош од него против тебе.”

“Зарем не ти е јасно дека јас сум Аллаховиот Веровесник, му рекол Пратеникот.”

“Се колнам во таткото и во мајката, во тоа се уште имам некои сомнежи.”

Додека Абу-Суфијан се уште се двоумел да го признае Пратеникот како Божји Веровесник, двајцата негови пријатели кои со него марширале од Мека, да дојдат во

извидница за Меканците, станале муслимани. Едниот од нив бил Хаким бин Хазам. Малку подоцна, Абу-Суфијан, исто така, им се придружил на муслиманите, но неговото внатрешно уверување изгледало поинакво до освојувањето на Мека. Хаким бин Хизам го прашал Пратеникот дали со оваа војска дошол да го уништи сопствениот народ?

"Овие луѓе, рекол Пратеникот, беа многу свирепи. Направија престапи и го прекршија договорот и свирепо го нападнаа племето Кхуза`а. Тие војуваа на чесното место на кое Бог му подари мир."

"Вистина е тоа, о Божји Пратениче, нашиот народ тоа го направи токму така како што ти кажуваш, но наместо маршираењето кон Мека, ти требаше да го нападнеш племето Хавазин; предложил Хаким."

"Хавазин, исто така, беа свирепи и диви. Се надевам дека Бог ќе ми овозможи да ги остварам сите три цели; освојување на Мека, воздигнување на исламот и пораз на племето Хавазин."

Абу-Суфијан, кој слушал, сега го прашал Пратеникот:

"Ако Меканците не извлечат сабја, дали ќе има мир?"

"Да, одговорил Пратеникот, секој што ќе остане дома ќе има мир."

"Али, о Пратениче, се вмешал Аббас. Абу-Суфијан е многу загрижен за себе. Тој сака да знае дали неговата чест и положба меѓу Меканците ќе биде почитувана."

"Се разбира, рекол Пратеникот. Кој и да најде засолниште во куќата на Абу-Суфијан, ќе има мир. Кој и да влезе во Чесниот Храм, ќе има мир. Оние што ќе го одложат оружјето, ќе имаат мир. Оние што ќе ги затворат вратите и

останат внатре, ќе имаат мир. Оние што ќе борават во куќата на Хаким бин Хизам, ќе имаат мир.”

Изговарајќи го ова го повикал Абу-Руваих и му го предал знамето на исламот. Абу-Руваих влегол во сојуз со братството на Билал, робот црнец. Предавајќи го знамето, Пратеникот рекол:

“Секој кој ќе застане под ова знаме, ќе има мир.”

Во исто време му наредил на Билал да маршира пред Абу-Руваих и на сите оние на кои тоа се однесува да им најави дека под знамето кое го држи Абу-Руваих владее мир.

## ПРАТЕНИКОТ ВЛЕГУВА ВО МЕКА

Во оваа наредба имало многу мудрост. Додека муслиманите биле прогонувани во Мека, Билал бил една од нивните мети, го влекле со конопи врзани за неговите нозе. Мека не му давала мир на Билал, туку само физичка болка, понижување и немилост. Колку само на овој ден Билал бил жеден за освета?! Било неопходно да му се дозволи да се освети за свирепостите кои ги поднел во Мека, но тоа морало да биде во границите кои исламот ги поставува. Во склад со тоа Пратеникот не му дозволил на Билал да ја извлече сабјата и со неа да удри по вратовите на своите предходни непријатели. Тоа не би било исламски. Наместо тоа, Пратеникот му дал на братот на Билал да го носи знамето на исламот и го задолжил Билал да им понуди мир на своите предходни непријатели, под знамето кое го носи неговиот брат. Во оваа освета имало убавина и повик. Треба да го замислиме Билал како маршира пред својот брат и ги

повикува непријателите на мир. Неговата страст кон осветата не можела да опстои. Таа морала постепено да се изгуби како што тој одел напред повикувајќи ги Меканците на мир под знамето кое неговиот брат го држи кренато.

Додека муслиманите марширале кон Мека, Пратеникот му наредил на Аббас да го одведе Абу-Суфијан и неговите пријатели на местото од каде што тие лесно можат да ја видат муслиманската војска и нејзиното однесување и владеење. Аббас така и направил и од таа положба Абу-Суфијан и неговите пријатели го гледале поминувањето на арапските племиња на чија моќ Меканците се потпирале сите овие години за спроведување на своите интриги против исламот. Тие тој ден марширале не како војници неверници, туку како војници верници. Тие сега ги извикувале слоганите на исламот, а не слоганите од своите пагански денови. Маршираа во строј, не да го докрајчат Пратениковиот живот, туку да ги дадат своите животи како би го спасиле неговиот; не да ја пролеваат неговата крв, туку да ја пролеат последната капка од својата крв поради него. Нивната цел кон која тежнееле тој ден не била да и се спротивстават на Пратениковата Порака и да ја спасат површната солидарност на својот народ. Нивната цел била, во сите делови на светот да ја носат Пораката на која до сега и се противеа. Целта била да се втемели единството и слогата помеѓу луѓето. Колона зад колона марширале покрај нив додека племето Ашџа не дошло во видокругот на Абу-Суфијан. Нивната предаденост на исламот и нивниот копнеж кон саможртвување можеле да се видат на нивните лица и да се слушнат во песните и слоганите.

“Кои се тие, прашал Абу-Суфијан.”

“Тие се племето Ашџа.”

Абу-Суфијан изгледал зачудено и рекол:

“Во целата Арабија никој повеќе од нив не чувствуваше непријателство кон Мухаммед.”

“Ова е Божја благодат. Тој ги сменил срцата на непријателите на исламот кога и да посакал, рекол Аббас.”

Последен стасал Пратеникот, опкружен со ансарите и мухаџирите. Мора да имало две илјади силни мажи облечени во воена опрема. Храбриот Омар го управувал нивниот марш. Оваа глетка била посебно впечатлива. Предаденоста на овие муслимани, нивната решителност и ревност бликале од нив. Кога погледот на Абу-Суфијан паднал на нив тој бил сосема обземен.

“Кои се овие? Запрашал.”

“Тие се ансари и мухаџири и го опкружуваат Пратеникот, одговорил Аббас.”

“Никаква моќ на Земјата не може да и одолее на оваа војска, рекол Абу-Суфијан и тогаш обраќајки му се на Аббас посебно рекол: Аббас, денес твојот миленик станал најмоќен крал на светот.”

“Се уште си далеку од вистината, Абу-Суфијан. Тој не е крал; тој е Пратеник, Божји Веровесник. Одговорил Аббас.”

“Така е, нека биде како ти велиш, Пратеник, а не крал, додал Абу-Суфијан.”

Додека муслиманската војска марширала покрај Абу-суфијан, командирот на ансарите Са`д бин Убада го здогледал Абу-Суфијан и не можел да се воздржи а да не

каже дека тој ден Бог им дозволил на сила да влезат во Мека и дека Курејшиите ќе бидат понизени.

Кога Пратеникот поминал покрај Абу-Суфијан тој го кренал гласот и обраќајки му се на Пратеникот рекол:

“Дали ти ги дозволи убиствата на своите роднини и пријатели? Го слушнав командирот на ансарите Са`д и неговите другари како зборуват за тоа. Тие рекоа дека ова е ден на крвопролевањето. Светоста на Мека нема да го сопре крвопролевањето и Курејшиите ќе бидат понизени. Божји Пратениче, ти си најдобар, најмногу простуваш и си највнимателен од сите луѓе. Зарем нема да заборавиш што и да направил твојот народ?”

Абу-Суфијановата жалба дошла на право место. Токму оние муслимани кои биле навредувани и тепани на улиците на Мека, на кои им бил одземен имотот и биле исфрлени од куќите почнале да чувствуваат милост кон своите поранешни прогонители.

“Божји Пратениче, рекле, можеби приказните за свирепостите и понижувањата од страна на Меканците против нас, кои ансарите ги слушнаа, ќе ги предизвикаат на освета. Ние не знаеме што можат тие да направат.”

Пратеникот ова го разбрал. Свртувајќи се кон Абу-Суфијан, рекол: “Она што Са`д го рекол е сосема погрешно. Ова не е ден за крвопрелевање. Ова е ден на простување. Бог ќе ги почести Курејшиите и Каба.”

Тогаш пратил по Са`д и му наредил знамето на ансарите да го му го предаде на синот Каис (Хишам, том 2). Командата на ансарите така била пренесена од Са`д на Каис. Тоа бил разумен чекор. Ги смирил Меканците и ги спасил

ансарите од разочарување. Каис бил побожен млад човек, во кого Пратеникот имал полна доверба. Случувањата во неговите последни денови ја објаснуваат побожноста на неговиот карактер. Лежејќи на смртна постела, Каис ги примил своите пријатели. Некои дошле, некои не дошле. Тој тоа не можел да го разбере и ги прашал зошто некои негови пријатели не дошле да го видат.

"Твојата добрина е голема, му објаснил еден. Ти им помогна на сиромашните со своите заеми. Многумина се оние кои ти должат. Некои можеби се плашат дека ако дојдат ќе им го побараш заемот."

"Тогаш јас сум причина што пријателите ги држам подалеку. Те молам, разгласи во градот дека никој веќе не му должи на Каис."

По оваа најава Каис имал толку многу посетители што скалите во неговата куќа попуштиле.

Кога муслиманската војска промарширала, Аббас му рекол на Абу-Суфијан да побрза во Мека и на Меканците да им најави дека стасал Пратеникот и да им објасни дека сите можат да имаат мир. Абу-Суфијан стасал во Мека со оваа порака на мирот за својот град, но го пресретнала неговата жена Хинд, озлогласена поради своето непријателство кон муслиманите. Иако потврден неверник, таа сепак била храбра жена. Го фатила Абу-Суфијан за брада и ги повикала Меканците да дојдат и да го убијат нејзиниот маж кукавица. Наместо да ги повика своите сограѓани да ги жртвуваат животите за одбраната и честа на градот, тој ги повикува на мир.

Но, Абу-Суфијан можел да види дека Хинд се однесува неразборито.

“Тоа време поминало, рекол. Подобро да одиш дома и да седиш зад затворена врата. Јас ја видов муслиманската војска. Ни целата Арабија сега не може да и одолее.”

Тогаш ги објаснил условите под кои Пратеникот го ветил мирот на Меканците. Кога ги слушнале условите под кои Пратеникот ветил мир, луѓето од Мека побрзале да најдат засолниште на местата кои биле наведени во Пратениковиот проглас. Од овој проглас биле иземени единаесет мажи и четири жени. Престапите кои тие ги направиле биле тешки. Нивната вина не била што не верувале, ниту што учествувале во војните против исламот; нивната вина била што направиле злосторства преку кои не може да се помине. Всушност, само за четворица била изречена смртна казна.

Пратеникот му наредил на Кхалид бин Валид дека не смее да одобри никаква борба доколку не се војува против нив или доколку Меканците први не започнат борба. Дел од градот во кој Кхалид влегол не ги слушнал условите за мир. Меканците кои биле поставени во тој дел од градот го предизвикувале Кхалид и го повикувале на борба. Настанал судир во кој дванаесет или тринаесет мажи биле убиени.

(Хишам, том 2, стр. 217)

Кхалид бил човек со жестока природа. Некој, предупреден од оваа случка, побрзал кај Пратеникот и го замолил да го сопре Кхалид во понатамошната борба. Ако

Кхалид не престане, рекол овој човек, целата Мека ќе биде заклана.

Пратеникот веднаш го повикал Кхалид и рекол:

"Зарем јас тебе не ти забранив борба?"

"Да, о Божји Пратениче, но овие луѓе нас прво не нападнаа и почнаа да не гаѓаат со стрели. Некое време јас ништо не направив и им кажав дека ние не сакаме да се судруваме со нив. Но тие не слушаа и не престанаа. Поради тоа одговорив и ги растерав."

Ова била немила случка која тогаш се случила. Освојувањето на Мека се завршило практично без пролевање на капка крв.

Пратеникот влегол во Мека. Го прашале:

"О Пратениче, дали ќе престојуваш во својата куќа?"

"Дали Акил оставил било каква куќа за мене? Прашал Пратеникот. Акил бил Пратеников амиџа. Со текот на времето, откако Пратнеикот нашол засолниште во Медина, неговите роднини го распродале целиот негов имот. Не останала ниту една куќа која Пратеникот би можел да ја нарече своја. Затоа тој кажал:

"Јас ќе останам на Ханиф Бани-Кинан."

Ова бил отворен простор. Курејшиите и Кинаните во една прилика се собрале таму и се заколнале дека, доколку Бану-Хашим и Бану Абдул-Мутталиб не им го предадат Пратеникот за тие со него да постапуваат како што сакаат, тие никакава работа нема да прават со овие две племиња. Ниту нешто ќе им продаваат, ниту нешто ќе купуваат од нив, ниту пак ќе се женат со нивните жени. По овој свечен проглас Пратеникот, неговиот амиџа Абу-Талиб, неговото семејство

и следбениците морале да се засолнат во долината на Абу-Талиб и да поднесуваат тешка блокада и бојкот кој траел три години.

Поради тоа, местото кое Пратеникот сега го одбрал за својот престој имало големо значење. Меканците некогаш таму се собирале и дале заклетва дека нема, доколку Пратнеикот не биде проследен до нив, да имаат мир со ова племе. Сега Пратеникот дошол на тоа место. Тоа било како да дошол да им каже на Меканците:

“Вие тука ме сакавте. Еве ме јас сум тука. Но, не на начин како што вие посакувавте. Вие ме посакувавте како своја жртва, потполно препуштена на вашата немилост. Но, јас тука сум во мноштвото. Не само мојот народ, туку и целата Арабија сега е со мене. Вие сакавте мојот народ да ме предаде на вас. Наместо тоа тие вас ве предадоа на мене.”

Денот на победата бил понеделник. Денот кога Пратеникот и Абу-Бакр ја напуштиле пештерата Тхаур и тргнале кон Медина бил понеделник. Тој ден стоејќи на ридот Тхаур, Пратеникот се свртел кон Мека и рекол:

“Мека! Ти си ми подрага од било кое друго место, но твоите луѓе не ми дозволуваат да живеам тука.”

Кога Пратеникот влегол во Мека, јавајќи ја својата камила, Абу-Бакр одел покрај него држејќи го стременот (узенгија). Абу-Бакр ги учел ајетите од сура Ал-Фатх, во која уште пред неколку години било претскажано освојувањето на Мека.

# КАБА ИСЧИСТЕНА ОД КИПОВИТЕ

Пратеникот веднаш отишол до Каба и ја обиколил седум пати а потоа ја јавнал камилата. Со стап во рака, отшол кај Чесната куќа, која ја изградиле прататкото Ибрахим и неговиот син Исмаил за обожување на Еден и Единствен Бог, но која неговите заведени деца ја изврталe во светилиште на киповите. Пратеникот ги удирал еден по еден триста и шеесетте кипа во Чесната куќа. Како што киповите паѓале еден по еден, Пратеникот го учел ајетот:

"Вистината дојде, лагата избега. Навистина лагата е таа што бега." Овој ајет е објавен пред Пратеникот да ја напушти Мека и отишол во Медина и преставува дел од сурата Бани-Исраил. Во оваа сура било предскажано иселувањето на Пратеникот и освојувањето на Мека. Оваа сура е меканска сура, и тоа го потврдиле и европските писатели. Ајетот кој го содржи претскажувањето на Пратениковото иселување од Мека и подоцнежното освојување на Мека гласи:

> *"И ти кажи: 'Господаре мој, воведи ме да влезот мој биде со вистината и изведи ме да излезот мој биде со вистината; и подари ми од Тебе силен поддржник.' И кажи: 'Вистината дојде и лагата избега. Навистина, лагата е таа која бега'."*
>
> (17:81-82)

Тука, освојувањето на Мека е претскажано во форма на дова во која Пратеникот е поучен. Тој е поучен да моли за влез во Мека и да излезе од неа со добра заштита, и за Божја помош во осигурувањето на конечната победа на вистината

над лагата. Ова предскажување дословно се обвистинило. Учењето на овие ајети од страна на Абу-Бакр било соодветно. Тоа ги закрепнало муслиманите, а Меканците ги потсетило на бескорисноста од нивната борба против Бога и на вистинитоста на ветувањата кои Бог му ги дал на Пратеникот.

Со освојувањето на Мека, Каба повторно е вратена на целта за која прататкото Ибрахим ја изградил пред многу илјади години. Каба повторно му била посветена на обожувањето на Еден Бог. Киповите се скршени. Еден од нив бил Хубал. Кога Пратеникот го удрил со својот стап и тој се распаднал во парчиња, Зубаир го гледал Абу-Суфијан и со насмевка го потсетил на Ухуд:

“Се сеќаваш ли кога муслиманите ранети и изморени стоеа покрај, а ти и понатаму ги повредуваше извикувајќи – ‘Слава му на Хубал, слава му на Хубал?’ Дали Хубал тој ден ти донесе победа? Денес можеш да му го видиш крајот на Хубал, му рекол.”

Абу-Суфијан бил восхитен и признал дека така се случило. Ако постоеше некој друг бог освен Богот на Мухаммед, тие денес ќе беа поштедени од срамот и поразот со кој се соочија тој ден. Пратеникот тогаш наредил да се избришат сликите на Ибрахим и на другите кои биле нацртани на ѕидовите на Каба. Откако го кажал тоа, клањал два реката намаз како благодарност на Бога. Тогаш ја повлекол отворената завеса и клањал уште два реката намаз. Задачата за бришање на сликата му била поверена на Омар. Тој ги избришал сите слики освен сликата на Ибрахим. Кога Пратеникот се вратил да прегледа видел дека оваа слика

останала и го прашал Омар зошто ја оставил сликата. Го прашал дали се сеќава на сведоштвата на Кур‘анот дека Ибрахим не бил ниту Евреј ниту христијанин, туку секогаш бил наклонет (на Бога) и покорен (на муслиманите). (3:68)

Тогаш по наредба на Пратеникот сликата на Ибрахим била избришана.

Тоа бил значаен ден, ден полн со Божји знаци. Ветувањата кои Бог му ги дал на Пратеникот, во време кога нивното исполнување било невозможно, на крајот се исполниле. Пратеникот бил средиштето на предаденоста и верата. Пратил по земзем-вода, испил малку вода и со остатокот од водата земал абдест. Муслиманите толку му биле верни на Пратеникот што не дале ниту капка вода да падне на земјата. Ја фаќале водата во своите раце и со неа ги влажеле телата; така го почитувале. Паганите кои биле сведоци на овие сцени на верност непрестано зборувале дека никогаш не виделе светски крал на кого поданиците му биле толку верни.

(Халбијја, том 3, стр.99)

## ПРАТЕНИКОТ ИМ ПРОСТУВА НА СВОИТЕ НЕПРИЈАТЕЛИ

Кога биле обавени сите обреди и должности, Пратеникот им се обратил на Меканците и рекол:

“Видовде како Божјите ветувања се обвистинија. Кажете ми сега која казна ви следува за свирепостите и ужасите кои ги направивте против оние чија единствена вина

била што ве повикувале на обожување на Еден и Единствен Бог.”

На ова Меканците одговориле:

“Ние од вас очекуваме со нас да постапите како што Јусуф постапил со своите браќа кои направиле грешки.”

Значајна подударност е дека Меканците во својата молба за опрост ги употребиле токму оние зборови кои Бог ги употребил во сура Јусуф, објавена десет години пред освојувањето на Мека. Во неа на Пратеникот му било кажано дека со своите меканските прогонители ќе постапи токму онака како што Јусуф постапил со своите браќа. Барајќи од Пратеникот да постапи онака како што Јусуф постапил со своите браќа Меканците, признале дека Пратеникот на исламот бил како Јусуф и како што на Јусуф му била дадена победа над неговите браќа, на Пратеникот му била дадена победа над Меканците. Кога ја слушнал молбата на Меканците, Пратеникот веднаш прогласил:

“Бога ми, вие денес ќе немате никаква казна ниту прекор.”

(Хишам)

Додека Пратеникот ја изразувал својата благодарност на Бога и го спроведувал вториот ибадет во Каба, и додека им се обраќал на Меканците најавувајќи ја својата одлука за опрост и заборав, кај ансарите, муслиманите од Медина, се појавил сомнеж и страв. Некои од нив биле возбудени со сцените од враќањето дома и сцените на помирување на кои биле сведоци по враќањето на меканските муслимани во Мека. Дали Пратеникот се збогува од нив, своите пријатели

во невоља, кои на исламот му подарија првата татковина? Дали Пратеникот ќе се насели во Мека, во градот од кој морал да избега за да си го спаси животот? Таквите стравувања не се чинеле далечни сега кога Мека била освоена и неговото племе го прифатило исламот. Можеби Пратеникот ќе сака да остане со него. Бог преку објава го известил Пратеникот за овие стравови на ансарите. Тој ја кренал главата, погледнал кон ансарите и рекол:

"Вие, се чини, мислите дека Мухаммед е возбуден од љубовта кон својот град, и од она што го врзува за неговото племе."

"Вистина, рекле ансарите, го мислевме тоа."

"Знаете ли вие, рекол Пратеникот, кој сум јас? Јас сум Божјиот роб и Неговиот Веровесник. Како можам да ве напуштам? Вие застанавте до мене и ги жртвувавте своите животи кога исламот беше слаб. Како јас можам да ве напуштам и да се населам на некое друго место? Не, ансари, тоа е невозможно. Јас ја напуштив Мека поради Бога и јас во неа не можам да се вратам. Јас ќе живеам и ќе умрам со вас."

Ансарите биле трогнати со овој единствен израз на љубов и верност. Жалеле поради своите сомнежи во Бога и Неговиот Пратеник, липале и барале да им биде простено. Објасниле дека не би можеле да поднесат Пратеникот да го напушти нивниот град и да се насели на друго место. Пратеникот одговорил дека нивните стравувања се разбирливи и дека после објаснувањето, Бог и Неговиот Пратеник ги ослободуваат.

Како тогаш се чувствувале Меканците? Вистина, тие не ронеле солзи на верноста, но нивните срца биле исполнети

со жалење и каење. Зарем со своите раце не го отфрлија скапоцениот камен кој се наоѓал во нивниот град? Тие имале уште повеќе причини да жалат за ова бидејќи Пратеникот и откако дошол во Мека, одлучил повторно да ја напушти и да се врати во Медина.

## ИКРАМА СТАНУВА МУСЛИМАН

На некои кои биле изземени од помилувањето, им било простено, на препорака на асхабите. Меѓу оние на кои им било простено бил и Икрама, синот на Абу-Џехел. Икрамовата жена во срцето била муслиманка. Таа побарала од Пратеникот да му прости. Во тоа време Икрама се обидел да избега во Абисинија. Неговата жена одела по него и го затекнала како влегува во бродот. Го прекорила:

“Зарем бегаш од таков благ и милостив човек каков што е Пратеникот?”

Икрама бил зачуден и ја запрашал дали таа навистина мисли дека Пратеникот ќе му прости. Жената го уверила дека дури и нему Пратеникот ќе му прости и дека, всушност, тој веќе и дал збор. Икрама го напуштил планот да избега во Абисинија и се вратил да го види Пратеникот.

“Јас од мојата жена разбрав дека дури и мене си ми простил, рекол.”

“Твојата жена е во право. Јас навистина ти простив, рекол Пратеникот.”

Икрама донел одлука дека личноста која може да им прости на своите смртни непријатели не може да биде лажна. Поради тоа ја прогласил својата вера во исламот.

“Јас сведочам дека Бог е Еден и дека му нема равен, и сведочам дека ти си Неговиот роб и Неговиот Веровесник.”

Додека тоа го зборувал Икрама засрамено ја наведнал главата. Пратеникот го утешил.

“Икрама, рекол, јас ти простив, но покрај тоа имам уште нешто за тебе – ако денес од мене побараш било што е во моја моќ јас ќе ти го дадам.”

“Икрама одговорил: Немам ништо подобро и повеќе што би можел да побарам од тебе, освен, да го молиш Бога за мене и да бараш Негово простување за сите злочини што сум ги направил против тебе.”

Кога ја слушнал ова искрена молба, Пратеникот веднаш го замолил Бога и рекол:

“Боже мој, прости му за непријателството кое Икрама го имаше против мене. Прости му за навредата која излегла од неговите усни.”

Пратеникот тогаш станал и ја ставил совојата наметка преку Икрама и рекол:

“Кој и да дојде кај мене, верувајќи во Бога, со мене е. Мојата куќа е негова колку што е и моја.”

Разговорот со Икрама го исполнил претскажувањето кое Чесниот Пратеник го дал пред многу години. Пратеникот, обраќајќи им се на асхабите во една прилика рекол:

“Имав визија дека бев во Џеннетот. Таму видов сноп од грозје. Кога прашав кому му е наменет гроздот, некој одговири: ‘На Абу-Џехел’. Повикувајќи се на оваа визија, во текот на разговорот со Икрама, Пратеникот рекол дека во прво време не ја разбрал оваа визија. Како Абу-Џехел,

непријателот на верниците, може да влезе во Џеннетот и како грозјето може да му биде наменети нему? 'Но сега', рекол Пратеникот, 'ја разбирам својата визија; грозјето е наменето на Икрама. Само, наместо синот, мене ми е прикажан таткото, замената е вообичаена во визиите и соништата."

(Халбијја, том 3-стр. 104)

Од оние, кои биле изземени од општото помилување и за кои било наредено да бидат убиени, бил и еден кој бил одговорен за суровото убиство на Зејнеба, ќерката на Пратеникот. Овој човек бил Хаббар. Он ги пресекол каишите на Зејнебината камила, по што таа паднала на земја, и бидејќи била бремена, таа пометнала. Малку подоцна и умрела. Ова била нечовечноста што тој ја направил и за која заслужувал смртна казна. Овој човек сега дошол кај Пратеникот и рекол:

"Божји Пратениче, јас избегав од тебе и отидов во Иран, но ми дојде мисла дека Бог не ослободил од нашите пагански верувања и не спасил од духовната смрт. Наместо да одам кај другите и да барам засолниште кај нив, зошто да не одам кај Пратеникот лично, да ги признаам своите грешки и своите гревови и да побарам простување од него?"

Пратеникот бил трогнат од тоа и рекол:

"Хаббар, бидејќи Бог во твоето срце ја всадил љубовта кон исламот, како можам јас да одбијам да ти простам? Јас ти простувам за се што си направил до сега."

Не можат детално да се опишат злосторствата кои овој човек ги направил против исламот и муслиманите.

Сепак, колку лесно Пратеникот ги опростил. Овој дух на простување, најтврдите непријатели на исламот ги преобратил во верни следбеници на Пратеникот.

## БИТКАТА КАЈ ХУНЕИН

Влегувањето на Пратеникот во Мека се случило неочекувано. Племињата кои живееле во близина на Мека, посебно оние од југ, некое време и не биле запознаени со овие случувања. Кога слушнале за тоа почнале да собираат војска за да се борат со муслиманите. Таму се наоѓале две племиња, Хавазин и Сакиф, исклучително горди на своја храброст. Се советувале помеѓу себе, и по долго размислување, за својот водач го избрале Малик Ибн-Ауф. Потоа, ги повикале околните племиња да им се придружат. Меѓу овие повикани племиња било и племето Бану-Са‘д. Жената која го доела Пратеникот, Халима, му припаѓала на ова племе и Пратеникот одредено време живеел кај нив. Мажите од ова племе се собрале во одред и тргнале кон Мека, а со себе ги повеле и своите семејства и сиот подвижен имот. Кога ги прашале, зошто го прават тоа, тие одговориле дека со тоа сакаат да ги потсетат војниците дека, ако го свртат грбот, нивните жени и деца ќе бидат заробени а нивниот имот ограбен – толку била силна нивната решителност да се борат и да ги уништат муслиманите. Овој одред се симнал во долината Аутас – која била најсоодветна за борба поради своите природни засолништа, со изобилство на храна и вода за добитокот и со можност за лесно движење на коњицата. Кога Пратеникот дознал за ова, го пратил

Абдуллах бин Аби-Хадрад да го извести за ситуцијата. Абдуллах го известил дека во долината е собрана војска и дека се решителни да убиваат и да бидат убиени. Ова племе било познато по своја вештина во стрелаштвото, и местоположбата што ја избрале им давала огромна предност. Пратеникот му се обратил на Сафван, богат главатар од Мека, да му позајми војна опрема и оружје.

“Сафван одговорил: Ти сакаш со сила да го присвоиш моето богатство.”

“Пратеникот одговорил: Ние не сакаме ништо да присвоиме. Ние само сакаме да ги позајмиме тие работи, и подготвени сме да дадеме одредена гаранција за нив.”

Сафван со тоа бил задоволен и се согласил да им ја позајми опремата. Тој им испорачал стотина војни облеки и одредена количина на оружје. Пратеникот, од својот амица Науфал бин Харис, позајмил три илјади копја и околу триесет илјади *дирхеми* од Абдуллах бин Раби‘а.

(Му‘тта, Мусанд и Халбијја)

Кога муслиманската војска тргнала кон Хавазин, Меканците изразиле желба да и се придружат на муслиманската страна. Тие не биле муслимани но се согласиле да живеат под муслимански режим. Околу две илјади Меканци и се придружиле на муслиманската војска. На патот го забележале арапското светилиште Зат Анват. Кога Арапите би купиле оружје, прво би оделе до Зат Анват, да го обесат во светилиштето за да ги примат неговите благослови за оружјето. Кога муслиманската војска поминала покрај ова светилиште некои војници рекле:

"Божји Пратениче, одредете и за нас еден Зат Анват."

"Пратеникот ова го осудил и рекол: Аллаху Акбар! Зборувате како следбениците на Муса."

Кога Муса влегол во Канан, неговите следбеници по патот виделе како луѓето ги обожуваат киповите и му кажале на Муса:

> *"О Муса, направи ни божество како што е божеството нивно."*
>
> (7:139)

## "БОЖЈИОТ ПРАТЕНИК ВЕ ПОВИКУВА"

Пратеникот на муслиманите им наредил да запомнат, колку Аллах е Возвишен и како Него треба да го молат да ги спаси од празноверието на поранешните народи. Пред муслиманската војска да стаса до Хунаин, Хавазин и неговите сојузници подготвиле одреден број на заседи, сличен на стрелачки заклон, за оттаму да ги нападнат муслиманите, и по принципите на современото војување ги камуфлирале артиљериските положби. Околу себе изградиле ѕидови. Зад ѕидовите лежеле војници и ги чекале муслиманите. Оставиле тесен премин за муслиманите да поминат низ него. Поголемиот дел од војската бил поставен во овие заседи, додека мал број бил нареден пред камилите. Муслиманите мислеле дека непријателот не е значително поброен од она што можеле да го видат. Така, продолжиле напред и нападнале. Кога веќе далеку одминале, скриениот непријател се уверил дека може лесно да нападне и војниците се поредиле покрај камилите, го нападнале

центарот на муслиманската војска, а скриените стрелци ги засипале по страните. Меканците кои им се придружиле на муслиманите за да ја покажат својата храброст, не можеле да го поднесат овој двоен напад на непријателот и поради тоа избегале назад во Мека. Муслиманите биле навикнати на тешки ситуации, но кога две ијади војници јавајќи на коњи и камили го пробиле патот низ муслиманската војска, муслиманските камили и коњи, исто така, се исплашиле. Во војската владеела паника. Притисокот доаѓал од три страни создавајќи сеопшта турканица. Во сета оваа ситуација само Пратеникот со дванаесет асхаби стоел непоколебливо. Не избегале сите другари од бојното поле. Околу стотина нив сепак останале, но на одредена одалеченост од Пратеникот. Само дванаесет од нив останале за да го обиколат Пратеникот. Еден од асхабите го известил дека тој и неговите другари направиле се што можат за да ги натераат животните кон бојното поле. Но, животните се исплашиле од безглавата турканица на меканските животни. Изгледало дека никаков напор не давал резултат. Тие ги повлекувале уздите но животните одбивале да се свртат. Главите им ги влечеле скоро да можат да ги допрат опашките, но, секогаш кога и да се обиделе да ги подбодат и да ги свртат кон бојното поле тие одбивале. Наместо тоа уште повеќе се враќале назад.

“Нашите срца чукаат од стравот – страв за сигурноста на Пратеникот, рекол овој асхаб, но ние не можеме ништо да направиме.”

Асхабите вака биле поставени. Пратеникот стоел со неколкумина луѓе, изложен на порој стрели од сите страни.

Пред нив се наоѓал само тесен премин низ кој можеле да поминат едвај неколку луѓе. Во тој момент Абу-Бакр се симнал од камилата и држејќи ги уздите на Пратениковата мазга рекол:

“Божји Пратениче, ајде да се повлечеме на кратко време, за да може муслиманската војска да се собере.”

“Ослободи ги уздите на мојата мазга, Абу-Бакр, рекол Пратеникот.”

Изговарајќи го ова го потерал животното напред во теснецот, каде што од двете страни се наоѓале непријателските заседи и од каде што ги исфрлале стрелите.

Кога Пратеникот ја потерал мазгата рекол:

“Јас сум Божји Пратеник. Јас не сум измамник. Јас сум син на Абдул-Мутталиб.”

(Бухари)

Овие зборови, изговорени во моменти на крајна опасност по неговата личност, се полни со значење. Тие зборови го нагласуваат фактот дека Пратеникот навистина бил Пратеник, вистински Божји Веровесник и дека кај него не постои страв од смртта или пак да стравува дека неговата цел нема да успее. Но, иако облеан од стрели, ако остане жив, муслиманите не треба да му припишуваат никаква божествена моќ. Тој е само човечко суштество, син на Абдул-Мутталиб. Ова покажува како Пратеникот секогаш бил внимателен кон своите следбеници за да им ја всади разликата помеѓу верата и празноверието. Откако ги изговорил овие зборови, Пратеникот го повикал Аббас. Аббас имал силен глас.

Пратеникот му рекол:

“Аббас, крени го гласот и потсети ги муслиманите на заклетвата која ја дадоа под дрвото на Худебија, и на она што мислеа во времето на објавата на сурата Бакар. Кажи им: Божјиот Пратеник ве повикува.”

Аббас го кренал својот силен глас. Пораката на Пратеникот паднала како гром, но не на глувите уши, туку на напнато исчекување. Тоа ги погодило како електричен удар. Токму оние асхаби кои не биле во состојба своите животни да ги насочат кон бојното поле почнале да чувствуваат дека веќе не се на овој свет, туку на Кијаметскиот ден, соочени со Бог на Судниот ден. Гласот на Аббас не звучел како негов глас, туку како глас на мелек кој ги повикува да ја положат сметката за своите дела. Тогаш, веќе не постоело ништо што можело да ги запре да се вратат на бојното поле. Многумина од нив се симнале и само со сабјата и штитот се стрчале кон бојното поле, оставајќи ги животните да одат по својот пат. Останатите се симнале, ги одсекле главите на своите животни и се стрчале кон Пратеникот. Велат дека, тој ден анасарите се стрчале кон Пратеникот со брзина со која мајката камила или мајката крава брза кон своето младунче кога ќе го слушне неговиот врисок. Наскоро Пратеникот бил окружен со огромен број на асхаби и тоа повеќето ансари. Непријателот повторно поднел пораз.

Присуството на Абу-Суфијан на Пратениковата страна тој ден бил силен Божји знак, знак на Божјата моќ, од една страна, и Пратениковиот пример кој пречистува, од друга страна. Само неколку дена пред тоа Абу-Суфијан бил крвожеден непријател на Пратеникот, наредник на

крвожедната војска која била решителна да ги уништи муслиманите. Но, тука, денес, истиот Абу-Суфијан стоел на страната на Пратеникот, како негов пријател, следбеник и другар. Кога непријателските камили безглаво итале, Абу-Суфијан како разборит и искусен генерал, приметил дека неговиот коњ најверојатно ќе подивее. Бргу се симнал и, држејќи го стременот на Пратениковата мазга тргнал пеш. Со сабја во раката, одел од страна покрај Пратеникот, решителен никому да не дозволи да му се приближи на Пратеникот, а попрво да не го нападне и да го убие. Пратеникот со воодушевување и со чудење ја гледал оваа промена кај Абу-Суфијан. Размислувал за новиот доказ на Божјата моќ. Само десет или петнаесет дена пред тоа овој човек собирал војска да го докрајчи исламското движење. Но, настанала промена. Некогашниот непријателски командант сега стоел на Пратениковата страна, како обичен пешак, држејќи ги уздите на мазгата на својот Учител, и решителен да умре за него.

Аббас ја видел вчудоневиденоста во Пратениковиот поглед и рекол: “Божји Пратениче, ова е Абу-Суфијан, синот на твојот амица, што значи твој брат. Зарем не си задоволен од него?”

“Задоволен сум, рекол Пратеникот, и му се молам на Бога да му ги опрости сите зли дела кои ги направил.”

Тогаш обраќајќи му се лично на Абу-Суфијан рекол:

“Брате! Абу-Суфијан не можел да го скрие возбудувањето кое се појавило во неговото срце. Се наведнал и го бакнал Пратениковото стапало во канапот кој го држел.”

(Халбијја)

После битката кај Хунеин, Пратеникот го вратил сиот воен материјал кој го земал на заем. При тоа, и повеќе од што било потребно, им платил надокнада на заемодавците. Оние кои дале заем биле трогнати поради грижата и вниманието кои Пратеникот ги покажал при враќањето на опремата. Чувствувале дека Пратеникот не е обичен човек, туку некој чиј морален интегритет стои високо над другите. Не е чудно што Сафван веднаш му се приклонил на исламот.

## ЗАКОЛНАТИОТ НЕПРИЈАТЕЛ СТАНУВА ПРЕДАН СЛЕДБЕНИК

Битката кај Хунеин секогаш историчарите ги потсетува на една интересна случка која се случила во текот на битката. Шаиба, граѓанин од Мека и во служба на Каба, учествувал во судирот на страната на непријателот. Се вели, дека во оваа битка пред себе имал само една цел – кога двете војски ќе се соочат, тој да добие прилика да го убие Пратеникот. Бил решителен дека, и ако целиот свет му се придружи на Пратеникот (не само цела Арабија), тој ќе остане далеку од тоа и ќе продолжи да му се спротивставува на исламот. Кога борбата се засилила, Шаиба ја извлекол својата сабја и тргнал напред кон Пратеникот. Кога стасал близу до него се обесхрабрил.

“Кога дојдов навистина блиску до Пратеникот, вели Шаиба, ми се причини дека гледам пламен кој прети да ме проголта. Тогаш го слушнав гласот на Пратеникот кој велеше: ‘Шаиба дојди блиску до мене.’ Кога дојдов поблиску, Пратеникот помина со раката по моите гради со

голема љубов. Кога го направи тоа кажа: ‘Боже, ослободи го Шаиба од сите шејтански мисли.’

Со овој мал допир на љубовта Шаиба сосема се сменил. Неговата омраза и непријателство сосема ги снемало, и од тој момент Шаиба го засакал Пратеникот повеќе од било кој на светот. Кога Шаиба се сменил, Пратеникот го повикал да дојде напред и да се бори.

“Во тој момент, вели Шаиба, јас имав само една желба: да го жртвувам својот живот за да го спасам Пратеникот. Дури и мојот татко да беше наспроти мене, немаше ни момент да се двоумам својата сабја да ја забодам во неговите гради.”

(Халбијја)

Тогаш Пратеникот марширал кон Та‘иф, градот кој го каменувал и го отфрлил. Пратеникот го опседнал градот, но, прифаќајки го предлогот на некои пријатели ја напуштил опсадата. Подоцна, луѓето на Та‘иф своеволно му се приклониле на исламот.

## ПРАТЕНИКОТ ГО РАЗДЕЛУВА ВОЕНИОТ ПЛЕН

По освојувањето на Мека и победата кај Хунеин, Пратеникот требало да направи поделба на парите и на имотот кои биле платени како откупнина или имотите кои непријателите ги оставиле на бојното поле. Вообичаено било овие пари и имоти да се расподелат помеѓу муслиманските војници кои учествувале во овие судири. Но, во оваа прилика, наместо тоа да го расподели помеѓу војниците,

Пратеникот тоа го расподелил помеѓу Меканците, и помеѓу луѓето околу Мека. Овие луѓе се уште не покажувале наклоност кон верата. Многумина од нив се уште биле неверници. Оние кои станале муслимани биле се уште нови. За нив било нешто потполно ново, народот својот имот да го подели со некој друг. Но, наместо во нивните срца да влезе добрината и богобојазноста, тие станале по тврди и по алчни од кога и да било. Нивните барања почнале да се зголемуваат. Тие направиле турканица околу Пратеникот, му досадувале со барањата и го турнале до едно место под дрво, а еден човек го влекол за наметката и му стегнал вратот поради што тој одвај дишел.

На крајот Пратеникот на собраните луѓе им рекол:

"О луѓе, да имам уште нешто јас и тоа би ви го дал. Јас не сум шкрт, ниту сум кукавица."

(Бухари, поглавјето за Фараз Ал-Кхумс)

Тогаш, одејќи покрај својата камила и влечејќи ја за косата на насобраните луѓе им рекол:

"Од овие пари и од овој имот јас ништо не посакувам, дури ни колку оваа коса што ја држам во раката. Само, морам да имам една петина, и тоа за државата, според арапскиот закон. Таа петина нема да биде потрошена на мене. Тоа ќе биде потрошено на вас и за вашите потреби. Запаметете, оној кој против правно ги присвои или ги злоупотреби јавните пари ќе биде понижен кај Бога на Судниот ден."

Злобните критичари велат дека Пратеникот сакал да стане крал и да има кралство. Дали кралот и народот имаат таков однос? Дали некој може својот крал да го турка и да го

фаќа за вратот? Само Божјите Пратеници и Веровесници можаат да постават таков пример. Целиот воен плен, парите и вредните материјали кои требало да се расподелат биле расподелени помеѓу сиромашните. Сепак, имало и такви кои останале незадоволни, кои насрнале на Пратеникот, протестирале против распределбата обвинувајќи го Пратеникот дека прави неправда.

Еден човек по име Зу‘л-Кхуваисир му се доближил на Пратеникот и рекол:

“Мухаммеде, јас сум сведок на она што ти денес го направи.”

“А што виде ти, го прашал Пратеникот.”

“Ти правиш неправда, рекол тој.”

“Тешко тебе, рекол Пратеникот. Ако јас сум неправеден, тогаш, кој на земјата може да биде праведен?”

(Муслим, Китаб уз-Закат)

Вистинските верници биле силно возбудени. Кога овој човек го напуштил собирот некои од нив рекле:

“Овој човек заслужува смрт. Дозволи ни да го убиеме?”

“Не, рекол Пратеникот. Ако се држи до нашите закони и не прави никакво видлив прекршок, како можеме да го убиеме?”

“Но, рекле верниците, кога некој вели дека прави нешто исправно, а во срцето има нешто друго, зарем таа личност не заслужува казна?”

”Јас не можам да постапувам со луѓето според она што го носат во срцето. Бог не ме задолжил за тоа. Со нив

можам да постапувам според она што го велат и што го прават.”

Пратеникот продолжил и им рекол на верниците дека еден ден овој човек и неговите пријатели ќе кренат побуна во исламот. Пратениковите зборови се обвистиниле. Во времето на Али, четвртиот халифа на исламот, овој човек и неговите пријатели кренале буна против него и станале водачи на општо осудената поделба на исламот, кои и до денес се познати како Кхавариџ.

По случувањата со Хавазин, Пратеникот се вратил во Медина. Овој ден донел една нова радост за граѓаните на Медина. Еднаш, Пратеникот дошол во Медина барајќи засолниште од лошите работи во Мека, а во овој величенствен ден Пратеникот повторно влегол во Медина, полн со радост, решителен и свесен за своето ветување дека Медина ќе ја направи како свој дом.

## ИНТРИГИТЕ НА АБУ-АМИР

Ние сега мораме да се вратиме на делата на еден човек по име Абу-Амир. Тој му припаѓал на племето Кхазраџ. Во долгата врска со Евреите и христијаните тој стекнал навика на немо медитирање и правење на некој вид зикр. Поради оваа навика тој општо бил познат како Абу-Амир, пустиник. Меѓутоа, тој по вера не бил христијанин. Кога Пратеникот отишол во Медина по Хиџрс, Абу-Амир избегал од Медина во Мека. Кога на крајот и Мека му се покорила на растечкото влијание на исламот, тој почнал да создава нови завери против исламот. Го сменил името и вообичаениот начин на

облекување и се населил во Куба, село близу Медина. Бидејќи долго време бил отсутен и го сменил изгледот и облеката, луѓето на Медина не го препознавале. Го препознале само оние дволичници со кои одржувал тајни врски. Својата тајна ја поверил на лицемерите на Медина, дека планира да оди во Сирија и христијанските влади и арапските христијански племиња да ги поттикне и предизвика на напад на Медина. Додека бил преокупиран со својата злобна мисија на север, планирал да го рашири незадоволството во Медина. Неговите другари, лицемери, требало да ги рашират гласините дека Медина ќе биде нападната од сиријските војски. Абу-Амир се надевал дека поради оваа двојна завера муслиманите и сириските христијани ќе влезат во војна. Ако ова завера не успее, тој се надевал дека самите муслимани ќе бидат предизвикани да ја нападнат Сирија. Можеби, војна и онака ќе започне помеѓу муслиманите и сиријците, и Абу-Амир ќе има причина да се радува. Така неговиот план бил потполн и тој отпатувал во Сирија. Додека тој бил отсутен, лицемерите во Медина, според планот почнале да шират гласини како луѓето од поедини каравани зборувале дека сириската војска се подготвува за напад на Медина. Утредента, повторно ги раскажувале приказните за караваните во кои се зборува за нападот.

## ЕКСПЕДИЦИЈАТА НА ТАБУК

Овие гласини станувале се почести поради што Пратеникот сметал дека би било добро тој лично да ја води муслиманската војска во војна со Сирија. Ова биле тешки времиња. Во Арабија владеела глад. Жетвата од предходната година била сиромашна и немало доволно жито ниту плодови. Се уште не било време за новата жетва. Бил крај на септември или почеток на октомври кога Пратеникот тргнал на оваа мисија. Лицемерите знаеле дека овие гласини се плод на нивните интриги. Знаеле дека нивниот план бил да ги предизвикаат муслиманите да ги нападнат Сиријците ако Сиријците не ги нападнат муслиманите. Во секој случај, судирот со величенствената Римска империја требало да доведе до уништување на муслиманите. Пред нив била битката кај Мута. На Мута муслиманите морале да се соочат со толку голема војска што одвај успеале да се повлечат со огромни губитоци. Лицемерите се надевале дека ќе видат втора битка кај Мута во која можеби и самиот Пратеник ќе го изгуби животот. Додека лицемерите ги ширеле гласините за сириски напад на муслиманите, направиле се што можеле за да влеат страв кај муслиманите и да ги испровоцираат дека тие не се во состојба да се соочат со толку голема војска и поради тоа не треба да одат во војна. Нивниот план, од една страна бил да ги предизвикат муслиманите за напад на Сирија, а од друга страна, да ги обесхрабрат да не одат во голем број. Тие сакале муслиманите да отидат во Сирија и да доживеат сигурен пораз. Но, штом Пратеникот ја прогласил својата намера да води нова експедиција, воодушевувањето зоврело помеѓу муслиманите. Се понудиле во војната и

жртвувањето заради верата. Муслиманите немале доволно војна опрема. Државната каса била празна. Само побогатите муслимани можеле да ја платат војната. Муслиманите се натпреварувале еден со друг во жртвувањето поради верата. Хазрети Омар го дал поголемиот дел од својот имот. Велат дека неговиот придонес вредел околу илјада златни динари, што е еднакво на износот од двеста и пет илјади рупији. Останатите следбеници, исто така, дале придонес според своите можности. На сиромашните муслимани им биле овозможени животни за јавање, сабји и копја. Завладеало воодушевување. Во тоа време во Медина била група на муслимани кои се иселиле од Јемен. Тие биле многу сиромашни. Некои од нив отишле кај Пратеникот и му ја понудиле својата служба за оваа експедиција.

"Ние не сакаме ништо друго освен средства за да можеме да одиме."

Кур'анот ги спомнува овие муслимани и нивните понуди со следните зборови:

> *"...Ниту на оние кои, кога ти дојдоа да им дадеш животни за јавање (поради џихад) а ти им рече: 'Не можам да најдам животните за јавање за вас', тие се вратија а очите им беа полни со солзи, од тага што немаа ништо што можеа да потрошат (на Божјиот пат)."*
>
> (9:92)

Значи, нема вина за оние кои не учествуваат во војната поради тоа што биле без средства и кои од

Пратеникот побарале да им овозможи средства за превоз до бојното поле. Пратеникот не бил во состојба да го осигура овој превоз, поради што тие биле разочарани чувствувајќи дека се сиромашни и дека не се во состојба да придонесат во војната помеѓу муслиманите и Сиријците. Абу-Муса бил водач на оваа група.

“Кога го прашале што побарал, тој рекол: Ние не баравме ниту камили ниту коњи. Ние само кажавме дека немаме обувки и не можеме да превалиме долку долг пат боси. Ако имавме обувки, ние пеш ќе отидевме и ќе учествувавме во војната заедно со нашите муслимански браќа.”

Кога оваа војска тргнала кон Сирија, а муслиманите се уште не ги заборавиле маките кај Мута, секој од нив бил загрижен за личната сигурност на Пратеникот. Жените од Медина, исто така, ја чувствувале оваа опасност. Ги поттикнувале своите мажи и синови да тргнат во војната. Еден асхаб бил надвор од Медина и се вратил кога Пратеникот веќе бил тргнат со војската. Овој асхаб влегувајќи во својата куќа очекувал жената да го пресретне со возбудување и желба по долго време. Тој ја затекнал својата жена во дворот и отишол да ја гушне и бакне. Но жената кренала раце и го турнала назад.

Зачудениот маж ја погледнал жената и рекол: “Дали вака се постапува со оној кој дома си доаѓа по долго време?”

“Зарем не ти е срам, рекла жената, Божјиот Пратеник оди на опасно место, а ти сакаш да ја милуваш жена си. Твојата прва должност е да одиш на бојното поле. За останатото ќе видиме.”

Велат дека овој асхаб веднаш излегол од куќата, го впрегнал коњот и со полн кас се стрчал кон Пратеникот. На раздалеченост од околу три дена ја стасал муслиманската војска. Неверниците и лицемерите веројатно мислеле дека Пратеникот, постапувајќи според гласините, веднаш без размислување ќе тргне на сириската војска. Тие заборавиле дека Пратеникот се грижел за тоа да остави морален пример на генерациите на следбениците за сите идни времиња. Кога Пратеникот се доближил до Сирија, застанал на местото Табук, и ги пратил своите луѓе во разни насоки за да ги дознаат вистинските факти. Луѓето се вратиле и го известиле дека не постојат никакви собирања на Сирijците. Пратеникот одлучил да се вратат, но останал неколку дена, во текот на кои потпишал договори со некои од племињата на границата. Немало ниту војна ниту борба. Патувањето на Пратеникот му одземало околу два и пол месеца. Кога лицемерите во Медина увиделе дека нивната замисла за предизвикување на војна помеѓу муслиманите и Сирijците не успеала и дека Пратеникот се вратил жив и здрав, почнале да се плашат дека нивната интрига ќе биде разоткриена. Стравувале од казната која сега им припаѓала. Но, тие не престанувале со своите подли планови. Опремиле група и ја поставиле на двете страни од тесниот премин, на одредена одалеченост од Медина. Преминот бил толку тесен што низ него можело да се помине само во колона еден по еден. Кога Пратеникот и муслиманската војска се доближиле до ова место, тој преку објава добил предупредување дека непријателот е во заседа од двете страни на тесниот премин. Пратеникот им наредил на своите другари да извидат. Кога

стасале на ова место, виделе дека луѓето се кријат со очигледна намера за напад. Меѓутоа, овие луѓе штом ја виделе извидницата веднаш избегале. Пратеникот одлучил да не ги прогонува. Кога Пратеникот стасал во Медина, лицемерите кои не учествувале во оваа битка почнале да изнесуваат разни изговори. Пратеникот сите ги прифатил. Во исто време чувствувал дека е дојдено време нивното лицемерство да се разоткрие. Преку објава добил наредба од Бога дека џамијата во Куба, која лицемерите ја изградиле поради тајно состанување, треба да биде срушена. Лицемерите биле приморани своите намази да ги клањаат во други џамии со другите муслимани. Никаква друга казна не била предложена.

Враќајќи се од Табук, Пратеникот дознал дека луѓето на Та‘иф, исто така, се покориле. По ова и другите племиња на Арабија се обратиле за преминување во ислам. Во кратко време целата Арабија била под знамето на исламот.

## ПОСЛЕДНИОТ ХАЏ И ХУТБА НА ЧЕСНИОТ ПРАТЕНИК

Во деветата година по Хиџра Пратеникот отишол на аџилак во Мека. На денот на аџилакот примил објава кој го содржела познатиот ајет од Кур‘анот кој вели:

> *“Денес јас за вас ја усовршив вашата вера и го исполнив благодетот Мој кон вас и избрав за вас исламот да ви биде вера.”*

(5:4)

Овој ајет, всушност, значи дека Пораката, која Чесниот Пратеник ја пренел од Бога и која со зборови и со делата ја толкувал сите овие години, е довршена. Секој дел од Пораката бил благословен. Оваа, сега совршена Порака, ги втемелува највисоките благодети кои човекот може да ги прими од Бога. Оваа Порака е содржана во името ‘ал-ислам’ што значи покорност. Покорноста е религија на муслиманите, религија на човечкиот род. Чесниот Пратеник го примил овој ајет во долината на Муздалиф, кај што се собрале аџиите. Враќајки се од Муздалиф, Пратеникот застанал кај Мина. Тоа бил единасетиот ден од месецот на зул-хиџе. Пратеникот стоел пред огромниот собир на муслиманите и одржал говор, во историјата познат како прошталн говор на Пратеникот. Во текот на овој говор рекол:

*“О луѓе, внимателно слушајте ме. Не знам дали повторно ќе стојам пред вас во оваа долина и дали повторно ќе ви се обратам како сега. Вашите животи и вашите имоти Бог ги направил заштитени од меѓусебните напади до Судниот ден. Бог секому му одредил дел од наследството. Никаков ‘тестамент’ кој е штетен за законитите наследници сега нема да биде признаен. Дете, родено во било која куќа ќе се смета за дете на таткото во таа куќа. Кој и да го оспорува родителството на тоа дете ќе биде подложен на казна по Законот на исламот. Секој кој ова раѓање ќе го препише на некој друг татко, или лажно ќе посведочи дека некој друг е негов газда, Бог и Неговите мелеки и целото човештво ќе го проколнува.*

*О луѓе, вие имате одредени права кон вашите жени, но, и вашите жени, исто така, имаат одредени права кон вас. Вашето право кон нив е дека тие треба да живеат чесен живот, да не ги прифаќаат патиштата кои можат на мажот во очите на луѓето да му донесат срамота. Ако вашите жени не живеат според ова, тогаш имате право да ги казните. Можете да ги казните откако ќе биде спроведено истражување од страна на надлежниот орган и вашето право да ги казните да биде потврдено. Дури ни тогаш, казната во тој случај не смее да биде преостра. Но, ако вашите жени не направат такво нешто, и нивното однесување не нанесува срам на нивните мажи, тогаш ваша должност е да им осигурате храна, облека и засолниште според вашите можности. Запомнете дека секогаш со вашите жени треба да се однесувате убаво. Бог ви ја поверил должноста да внимавате на нив. Жената е слаба и не може да си ги заштити правата. Кога ќе се ожените, Бог вас ве одредува за чувари на овие права. Вие своите жени сте ги довеле во вашите куќи по Божјиот Закон. (Поради тоа не смеете да ја повредите довербата која Бог ви ја дал во вашите раце)*

*О луѓе, вие се уште во ваша сопственост имате некои воени заробеници. Јас , затоа, ве советувам да ги храните и облекувате со она што вие го јадете и со она што вие го облекувате. Ако направат нешто грешно, што вие не можете да го опростите, тогаш продадете ги на некој друг. Тие се Божји слуги. Никогаш не им причинувајте болка и тешкотија, тоа не исправно.*

*О луѓе, ова што ви велам, морате да сослушате и да запомните. Секој муслиман му е брат на другиот. Сите сте еднакви. Сите луѓе, на која нација или племе и да и припаѓаат, и било каква положба во животот да имаат, се еднакви .”*

Додека ова го зборувал Пратеникот ги кренал рацете и ги споил прстите на едната рака со прстите на другата рака и тогаш рекол:

*“Токму како што прстите на овие две раце се еднакви, така и луѓето се еднакви еден на друг. Никој нема никакви права, никаква предност над другиот. Вие сте како браќа.”*

Продолжувајќи Пратеникот рекол:

*“Знаете ли кој месец е? На кое место сме ние? Знаете ли кој ден е денес?”*

Муслиманите одговориле дека знаат дека е свет месец, света земја и дека е денот на хаџ.
Тогаш Пратеникот рекол:

*“Токму како што овој месец е свет, оваа земја е света и овој ден е свет, така и Бог ги направил свети животите, имотите и честа на секој човек. Да се одземе живот на било кој човек или неговиот имот, или да му се нападне неговата чест, неправедно е и погрешно како и да се повреди светоста на овој ден, овој месец и ова место. Ова што јас денес ви наредувам не е наменето само за денес. Тоа е наменето за сите времиња. Од вас се очекува тоа да го*

*запомните и по тоа да постапувате се додека не го напуштите овој свет и додека не отидете на Другиот свет да се сретнете со својот Создател.”*

Во заклучокот рекол:

*“Она што вам ви го кажав треба да го пренесете во сите делови на светот. Можеби, оние кои не ме слушнаа подобро ќе постапат од оние кои ме слушнаа.”*

(Синах Ситта, Табари, Хишам и Кхамис)

Пратениковиот говор е кратка содржина на целото учење и духот на исламот. Тој покажува колку Пратеникот се грижел за добробитта на човекот и за мирот во светот; исто така, покажува колку се грижел за правата на жените и на другите послаби. Пратеникот знаел дека неговиот крај е близу. Тој од Бога имал наговестувања за својата смрт. Помеѓу грижите и немирите кои ги покажувал била грижата за односот на мажот кон жената. Тој се грижел да не отиде од овој свет на Ахирет а на жените да не им ја осигура положбата која по правило е нивна. Од постанокот на човекот жената се сметала за роб и слугинка на мажот. Оваа била Пратениковата прва грижа. Неговата друга грижа била за воените заробеници. Тие биле бесправно затварани и третирани како робови и биле подвргнати на суровости и престапи од секаков вид. Пратеникот чувствувал дека не смее да го напушти светот а да не им осигура на воените заробеници права кои во Божјите очи им припаѓале. Нееднаквоста меѓу луѓето, исто така, го мачела Пратеникот. Разликите понекогаш биле толку големи што не можеле да се

толерираат. Некои луѓе биле воздигани до ѕвездите а некои понижувани до крајност. Состојбите кои придонеле на оваа нееднаквост придонеле и за создавање на непомирливи спротивности и војни помеѓу нациите и земјите. Пратеникот, исто така, мислел на овие разлики. Доколку духот на нееднаквоста не биде отклонет и доколку состојбите кои еден народ го наведуваат на посегнување по правата на другиот и на нападите на нивните животи и имоти – значи, доколку овие услови, кои стануваат несопирливи во време на морално опаѓање, не бидат отклонети, мирот и напредокот на светот не можат да бидат осигурани. Тој бил убеден дека човековиот живот и човековиот имот ја имаат истата онаа света одлика која им припаѓа на светите денови, светите месеци и светите места. Ниту еден човек никогаш не покажал таква грижа за добробита на жените, правата на слабите и за мирот меѓу нациите како што тоа го направил Пратеникот на исламот. Ниеден човек никогаш не направил толку колку што направил Пратеникот за да ја унапреди еднаквоста меѓу луѓето. Ниеден човек не се грижел за доброто на човекот како што тој се грижел. Поради овие причини жената во исламот и денес има право да го наследи имотот. Од друга страна, Европа до овој степен дошла дури илјада и триста години подоцна од доаѓањето на исламот. Секоја личност која ќе влезе во исламот станува еднаква со секој друг, без оглед колку и да е неразвиена нацијата од која доаѓа. Слободата и еднаквоста се карактеристични придонеси на исламот во светската цивилизација. Поимите кои другите религии ги имаат во врска со слободата и еднаквостта се далеку зад оние кои исламот ги проповеда и

практикува. Во муслиманската џамија, кралот, верскиот водач и обичниот човек имаат иста положба; не постои никаква разлика помеѓу нив. На местата на обожување на другите религии и другите нации овие разлики постојат до ден денес, иако овие религии и нации тврдат дека направиле повеќе одошто исламот за слободата и еднаквоста.

## ПРАТЕНИКОТ ЈА НАВЕСТУВА СВОЈАТА СМРТ

На враќање Пратеникот повторно ги известил асхабите дека неговата смрт се наближува. Рекол:

"О луѓе, јас сум човек како и вие. Наскоро можеби ќе ми дојде избраник и јас ќе морам да му одговорам на повикот."

И тогаш рекол:

"О луѓе, мојот Добар и Милостив Господар ме извести дека Пратеникот ќе живее половина век од претходниот пратеник.[2] О, мои драги асхаби, јас морам да му одговорам на Бога, и вие исто така ќе морате. Што тогаш ќе кажете?"

На ова асхабите рекле:

"Ке му речеме дека добро си ја доставил Порака на исламот и дека целиот свој живот си го посветил на служењето на Верата. Ти си имал најсовршено чувство за

[2] Ова не е наменето како општо правило. Тоа се однесува само на Чесниот Пратеник. Хадисот на Иса му припишува околу сто и дваесет години. Бидејќи Пратеникот веќе имал шеесет и две или шеесет и три години, мислел дека веројатно се приближува неговата смрт.

добробит на човештвото. Ќе речеме: ‘Аллах подај му ги најдобрите награди’.”

Тогаш Пратеникот прашал:

“Дали вие сведочите дека Бог е Еден и дека Мухаммед е Неговиот роб и Пратеник, дека Џеннетот и Џехеннемот се стварност, дека смртта е стварност, дека постои живот после смртта, дека Судниот ден мора да дојде и дека сите мртви ќе бидат воздигнати од своите гробови и ќе бидат вратени во живот и собрани?”

“Да, рекле асхабите. Ние сведочиме за сите овие вистини.”

Обраќајки му се на Бога, Пратеникот рекол:

“Ти, исто така, биди сведок на ова – дека јас ги пренесов начелата на исламот.”

По овој аџилак Пратеникот му се посветил на поучувањето и обуката на своите следбеници, настојувајќи да го крене нивниот морален стандард и да го подобри нивното однесување. Неговата смрт му станувала честа тема и тој муслиманите ги подготвувал за тоа.

Еден ден, станувајќи да им се обрати на верните, рекол:

“Денес примив објава.”

> *“Кога ќе дојде помошта и победата од Аллах, ќе ги видиш луѓето како влегуваат во верата Аллахова во дружини, величај Го со благодарноста Господарот Свој, и барај прошка од Него. Навистина, Он многу прима покајанија.”*

(110:2-4)

Тоа значело дека доаѓало време кога со Божја помош многумина ќе влезат во исламот. Тогаш должноста на Пратеникот - и на неговите следбеници – е да Го фалат Господа и да Го молат да ги отклони сите пречки на патот на втемелувањето на Верата.

Пратеникот во оваа прилика употребил парабола:

“Бог на еден Свој роб му рекол: Ако сакаш дојди кај Мене, или можеш уште да останеш.”

Тој Божји роб рекол дека повеќе сака да му се врати на својот Господар. Абу-Бакр бил меѓу присутните. Го слушал овој Пратениковиот говор и се расплачал. Останатите асхаби кои не размислувале подлабоко за она што го слушале, се чуделе зошто Абу-Бакр плаче, а Пратеникот зборувал за победите на исламот кои доаѓаат. Омар посебно му бил лут на Абу-Бакр. Пратеникот давал радосни вести а овој човек плаче. Но, само Пратеникот разбирал што се случува. Знаел дека само Абу-Бакр го разбрал. Само тој разбрал дека ајетите кои ја ветувале победата на исламот, исто така, ја навестувале смртта на Пратеникот.

Пратеникот продолжил:

“Абу-Бакр ми е многу драг. Да беше дозволено да сакаме некого онолку колку го сакаме Бога, јас така би го сакал Абу-Бакр. О луѓе, сите врати кои се отворени кон џамијата денес треба да бидат затворени освен вратата на Абу-Бакр.”

Немало сомневање дека ова последно упатство претскажувало дека после Пратеникот Абу-Бакр ќе биде следниот халифа. За да ги предводи верните во намаз, ќе треба пет пати дневно да дојде до џамијата и поради тоа

треба да ги држи отворени вратите на својата куќа кон џамијата. Неколку години по тоа, кога Омар бил халифа, ги прашал некои од присутните за значењето на ајетот:

"Кога ќе дојдат Божјата помош и победата."

Веројтно се сеќавал на околностите во кои Пратеникот ги поучувал муслиманите на ова и на Ајетите кои следат. Сигурно се сеќавал дека тогаш само Абу-Бакр го разбрал значењето на овие ајети. Омар настојувал да ги испраша муслиманите колку знаат за овие ајети. Тие во времето на нивната објава не ги разбрале; дали сега го разбираат нивното значење? Ибн-Аббас, кој тогаш имал десет или единаесет години во време на нивната објава а кој сега има седумнаесет или осумнаесет години, се јавил да одговори. Рекол:

"О Амирул му'минин!"

Овие ајети содржат предскажување за смртта на Чесниот Пратеник. Кога Пратениковата работа завршила, тој не сакал повеќе да живее на светот. Овие ајети зборуваат за очекуваната победа на исламот. Таа има тажна страна, а тоа е скорешното заминување на Пратеникот од овој свет. Омар рекол:

'Вистина е', и го пофалил Аббас за неговото разбирање.

# ПРАТЕНИКОВИТЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ

Конечно се приближил денот со кој секој човек мора да се соочи. Пратениковата работа била завршена. Се што Бог му објавил, објавено е за доброто на човекот. Духот на Мухаммед втемелил нов живот во неговиот народ. Се воздигнал нов народ, нов поглед на животот и нови институции; накратко, ново небо и нова Земја. Положени се темелите на новиот поредок. Земјата е изорана и залиена и е фрлено семето за новата жетва. И сега плодовите на жетвата се појавија. Меѓутоа, не било судено тој да ги собере. За него било одредено само да заоре, засади и залие. Тој дошол како работник, останал работник и сега требало да си оди како работник, бидејќи неговите награди не биле овосветските нешта, туку задоволството и одобрувањето на Својот Бог, Својот Создател и Господар. Кога дошло време за жетва, тој поитал да оди кон Него, оставајќи ги другите да жнеат.

Чесниот Пратеник се разболел. Неколку дена без престанок доаѓал во џамија и правел намаз. Тогаш повеќе немал сила да доаѓа во џамија. Асхабите толку многу биле навикнати на ова секојдневно дружење што не очекувале дека тој ќе умре. Но, тој стално им зборувал за својата смрт. Еден ден додека бил во друштво на своите следбеници, рекол:

“Ако човек направи грешка, подобро да ја исправи на овој свет, за да нема никакво каење на Ахирет. Затоа, ако не знаејќи сум направил било каква вина некому од вас, нека истапи и нека побара од мене тоа да го исправам. Ако, дури некого од вас и несвесно сум го повредил нека истапи и нека

се освети. Не сакам да бидам посрамен кога ќе се соочам со Својот Господар.”

Асхабите биле трогнати. Во очите им навирале солзи. Кои маки тој ги поднел и кои таги ги истрпел поради нив? Поднесувал и глад и жед за другите да имаат да јадат и да пијат. Сам си ја крпел облеката и ги крпел своите обувки за другите да имаат облека. А ете тој е тука, желен да ја исправи и најмалата вина која можеби им ја направил на другите; толку ги почитувал другите.

Сите асхаби Пратениковата понуда ја примиле со достоинствено молчење. Но, еден асхаб истапил и рекол:

“О Божји Пратениче, јас еднаш задобив повреда од тебе. Се редевме за борба кога ти помина покрај мене и го забоде лактот во мојот колк. Тое беше несвесно, но ти кажа дека можеме да се осветиме и за најмала повреда. Јас сакам да се осветам за оваа повреда.”

Асхабите, кои Пратениковата понуда ја примиле во достоинствено молчење, биле толку лути поради оваа дрскост и тврдоглавост на човекот кој воопшто не го разбрал духот на Пратениковата понуда и сериозноста на ситуацијата. Но, овој асхаб изгледал непопустлив – решителен Пратеникот да си го одржи зборот.

Пратеникот рекол:

“Добро е, имаш право да се осветиш.”

Му го свртел грбот и рекол:

“Дојди и удри ме како што јас тебе те удрив.”

“Али, објаснувал овој асхаб, кога ти мене ме удри, мојот колк беше гол, бидејќи во тоа време немав кошула.”

“Крени ми ја кошулата, рекол Пратеникот, и удри го мојот колк со својот лакт.”

Тој така направил но, наместо да го удри голиот колк на Пратеникот, овој асхаб се свиткал напред и со солзи во очите го бакнал Пратениковото голо тело.

“Што е ова, го прашал Пратеникот.”

“Зарем не ни кажа дека твоите денови со нас се изброени? Колку уште прилики можеме да имаме за да те допреме во живо и ја да изразиме својата љубов и наклоност кон тебе? Навистина, ти ме удри со лактот, но како јас би можел да мислам на освета. Мене сега ми падна на памет оваа идеја. Ти ни понуди да се осветиме. Јас себе си реков – дај да те бакнам под изговор на освета.”

Асхабите, до тогаш полни со лутина, посакале и нив да им текнало такво нешто.

## ПРАТЕНИКОТ УМИРА

Но, Пратеникот бил болен и изгледало дека болеста напредува. Изгледало дека смртта е се поблиску и тага и меланхолија се всадиле во срцата на асхабите. Сонцето над Медина сјаело посветло одошто некогаш, но, на асхабите им изгледало се по темно. Осамнал ден како и секој друг, но изгледало како да носи темнина а не светлина. На крајот, дошло времето кога душата на Пратеникот морала да го напушти овој свет и да се сретне со Создателот. Неговото дишење станувало се потешко. Пратеникот, кој своите последни денови ги поминувал во одаите на Ајша и рекол:

“Крени ми ја малку главата и приближи ја кон себе. Не можам добро да дишам.”

Ајша така направила. Седела и ја држела неговата глава. Смртните болки биле видливи. Видно вознемирен, Пратеникот се вртел де на едната де на другата страна. Постојано зборувал:

“Тешко им на Евреите и на христијаните. Тие, гробовите на своите пратеници ги направија места на обожување.”

Ова, можеме да кажеме, бил последниот совет на неговиот уммет. Додека лежел на смртната постела, тој на своите следбеници им рекол:

“Ќе научите мене да ме сметате за повисок од сите други пратеници, и поуспешен од било кој од нив. Но, водете сметка мојот гроб да не го направите место на обожување. Нека мојот гроб остане само гроб. Другите, можеби, ги обожуваат гробовите на своите пратеници и ги претвораат во места за аџилак, места кај што можат да се обратат и да добијат опрост, да принесуваат жртви и благодарности. Можеби другите ова ќе го прават, но не и вие. Морате засекогаш да ја запомните својата една и единствена цел – а тоа е обожување на Еден и Единствен Бог.”

Откако ги предупредил муслиманите на нивната должност, да го чуваат тешко стеченото сознание за Еден Бог и разликата помеѓу Бог и човекот, неговите капаци почнале да паѓаат. Очите почнале да му се затвораат. Последното што тогаш го рекол било:

“На мојот Пријател, Највисокиот од Високите – на мојот Пријател, Највисокиот од Високите,” што очигледно

значи дека одел кон Бога. Кога го рекол ова, ја испуштил душата.

## СОСТОЈБАТА НА ПРАТЕНИКОВИТЕ СЛЕДБЕНИЦИ ПО НЕГОВАТА СМРТ

Вестите стасале до џамијата. Таму се биле собрале многу асхаби, напуштајќи ги своите работи. Очекувале дека ќе слушнат радосни вести за оздравување на Пратеникот, но наместо тоа ја слушнале веста за Пратениковата смрт. Тоа дошло како гром од ведро небо. Абу-Бакр  поради некаква работа бил надвор. Омар бил во џамијата, но потполно бил скаменет од болка. Кога слушнал како луѓето зборуваат дека Пратеникот умрел, ја извлекол својата сабја и запретил дека ќе ги убие оние кои лажат дека Пратеникот умрел. Останале многу работи кои Пратеникот требало да ги направи, поради тоа не можел да умре. Навистина, неговата душа излегла од телото, но тој само заминал да се сретне со својот Создател. Онака, како што Муса отишол на некое време само за да се сретне со својот Создател и се вратил, Пратеникот, исто така, сега мора да се врати да ги казни лицемерите. Омар одел како луд со сабјата во рака. Како одел, зборувал:

“Кој и да каже дека Пратеникот умрел, сам ќе умре од раката на Омар.”

Асхабите се чувствувале немоќни и скоро да верувале во она што го зборувал Омар. Пратеникот не можел да умре. Сигурно е грешка.

За тоа време некои асхаби тргнале во потрага по Абу-Бакр, го нашле и му кажале што се случило. Абу-Бакр

отишол право до џамијата во Медина, и ништо не зборувјќи влегол во Ајшината соба и ја прашал: “Дали Пратеникот умрел?”

“Да, одговорила Ајша.”

Тогаш тој отишол кај што лежело телото на Пратеникот му го открил лицето и го бакнал во чело. Солзи исполнети со љубов и болка му се сливале од очите и тој рекол:

“Бог е наш сведок. Аллах нема да ти даде две смртти.”

Тоа била реченица полна со значење. Тоа бил одговорот на Абу-Бакр на она што Омар зборувал во своето лудило. Пратеникот еднаш умрел. Тоа била негова физичка смрт – смрт со која секој мора да умре. Но нема да има друга смрт. Нема да има духовна смрт – смртта на верувањата кои ги зацврстил кај своите следбеници и за чие втемелување поднел толку маки. Едно од овие верувања – едно од поважните верувања – кои ги подучувал, било и тоа дека, дури и пратениците се луѓе и дека и тие мора да умрат. Муслиманите не требало ова да го заборават толку бргу по Пратениковата смрт. Откако го рекол ова, Абу-Бакр излегол пробивајќи се низ редовите на верните, и тивко се доближил до мимбера. Кога застанал на мимбера, Омар стоел покрај него и неговата сабја била извлечена како и пред тоа, и бил решителен дека ако Абу-Бакр прозбори дека Пратеникот е мртов, да му ја отсече главата. Кога Абу-Бакр почнал да зборува, Омар го повлекол за кошулата, сакајќи да го запре во говорот, меѓутоа, Абу-Бакр ја тргнал кошулата назад и одбил да застане.

Тогаш го цитирал ајетот од Чесниот Кур‘ан:

*“А Мухаммед е само пратеник. Навистина, и пред него имаше пратеници. Ако тој пак умре или биде убиен, зарем вие ќе се свртите на своите пети?”* (3:145)

Тоа значи дека Мухаммед бил човек со Порака од Бога. Имало и други луѓе со порака од Бога и сите умреле. Ако Мухаммед умре, дали тие ќе му го свртат грбот на сето она на што беа подучени и што научиле? Овој ајет е објавен во врмето на Ухуд. Тогаш се пренеле гласини дека непријателот го убил Пратеникот. Тогаш многу муслимани се обесхрабриле и се повлекле од борба. Овој ајет дошол од небото за да ги засили. Тој го имал истиот ефект и во оваа прилика. Кога го проучил овој ајет, Абу-Бакр додал и свои зборови. Тој рекол:

“Оние меѓу вас кои го обожуваат Бога, нека знаат дека Бог е жив, и ќе остане жив. Но, оние меѓу вас кои го обожувале Михаммед, нека знаат дека Мухаммед е мртов.”

Самиот Омар се променил кога слушнал како Абу-Бакр го учи наведениот ајет. Му се вратил разумот и просудувањето и сфатил дека Пратеникот навистина умрел. Но, штом тоа го разбрал нозете почнале да му се тресат и тој се затресол. Паднал преморен. Човекот, кој со своја сопствена сабја сакал да го убие Абу-Бакр бил променет, со говорот на Абу-Бакр. Асхабите чувствувале дека овој ајет за прв пат е објавен токму на овој ден, и истиот им оставил голем впечаток. Во нападот на болка тие заборавиле дека овој ајет веќе се наоѓа во Чесниот Кур‘ан.

Многумина од нив ја изразиле својата болка која ги совладала муслиманите по смртта на Пратеникот, но,

содржајниот и длабок израз кој на тоа му го дал Хасан бин Сабит, поет на раниот ислам, во своите строфи до ден денешен останал најдлабок и најтраен. Тој рекол:

“Ти беше зеница на моето око. Сега кога ти умре, моето око ослепе. Мене не ми е грижа кој сега умира. Јас стравував само од твојата смрт.”

Оваа строфа ги изразува чувствата на сите муслимани. Со месеци, мажи, жени и деца оделе по улиците на Медина изговарајќи ја оваа строфа на Хасан бин Сабит.

## ПРАТЕНИКОВАТА ЛИЧНОСТ И КАРАКТЕР

Откако, накратко ги опишавме исклучителните случки во животот на Чесниот Пратеник, сега ќе се обидеме да дадеме краток приказ на неговиот карактер. Во врска со ова го имаме сведочењето на неговиот народ, кое тие го изнесоа и пред неговото пратеништво. Тој, во тоа време, во својот народ бил познат како ‘Верен’ или ‘Вистинољубив’. (Хишам). Во светот постојат многу луѓе против кои никогаш не било изнесено обвинение за неискреност. Исто така, постои огромен број на луѓе кои никогаш не биле изложени на искушение или предизвик, и во обичните работи и животните случувања тие се однесуваат искрено и предано, но сепак од својот народ не добиваат некаков посебен назив. Посебни одликувања се даваат само кога личноста покажува одредени морални доблести кои и даваат предност над другите. Секој војник кој оди во битка го ризикува својот живот, но секој таков британски војник не е сметан за вреден за наградата на Викториниот крст, ниту пак секој германски

војник не е вреден за Железниот крст. Има на стотини луѓе во Франција кои се занимаваат со интелектуална работа, но секој од нив не е закитен со Легија на честа. Самиот факт дека човекот е вреден за доверба и дека е вистинољубив не покажува дека тој поседува висока положба во овој поглед, но, кога целиот народ ќе се здружи и на поединецот ќе му даде титула ‘Верен’ и ‘Вистинољубив’, тоа е доказ дека тој поседува исклучителни доблести. И да било пракса кај луѓето од Мека, да даваат такви одликувања на поединци во секоја генерација, дури и тогаш, тоа за таквиот примател би се сметало дека тој има висока положба. Но, во историјата на Мека и на Арабија не постои никаков показател дека за Арапите било вообичаено, вакви или слични титули, да им даваат на угледни поединци во секоја генерација. Напротив, низ вековите на арапската историја наоѓаме дека ова бил случај само со Чесниот Пратеник на исламот – неговиот народ некому да му даде титула ‘Верен’ и ‘Вистинољубив’. Тоа е доказ дека Чесниот Пратеник ги поседувал овие одлики на толку возвишен степен што во знаењето и во сеќавањето на неговиот народ ниту еден друг поединец, во тој поглед не можел да се смета за нему рамен. Арапите не биле добро познати по својата остроумност и она што тие ќе изберат, како реткост, мора навистина да биде ретко и единствено. Кога Чесниот Пратеник бил повикан од Бога да го прими товарот и одговорноста на пратеништвото, неговата жена Хатиџа сведочела за неговите високи морални доблести – случка наведена во биографскиот дел на уводот. Ние сега ќе ги прикажеме некои од неговите високи морални доблести,

така што читателот ќе може да ги почитува и оние аспекти на неговиот карактер кои општо биле непознати.

## ПРАТЕНИКОВАТА ЧИСТОТА НА УМОТ И ЧИСТОТАТА НА ТЕЛОТО

За Чесниот Пратеник е пренесено дека неговиот говор секогаш бил чист и како (за разлика од повеќето свои современици) не си дозволувал употреба на клетви (Тирмизи). Ова нешто било исклучително за Арапите. Не мислиме дека Арапите во времето на Чесниот Пратеник, по навика, себе си дозволувале грд говор, но нема сомнение дека имале навика на голема употреба на клетви, навика која и до ден денес опстојува кај нив. Меѓутоа, Чесниот Пратеник имал толкава почит кон Бога што никогаш не го спомнувал Неговото име во несоодветни ситуации.

Бил многу загрижен и многу чувствителен во поглед на физичката чистота. Неколку пати дневно ги миел забите и тоа во толкава мера тоа го практицирал што понекогаш зборувал дека тој лично таквата навика би ја направил задолжителна за сите муслимани и тоа пред намаз, само се плашел дека наредбата би била претешка. Секогаш рацете ги миел пред и после јадење; откако би јадел нешто варено секогаш би ја измил устата и сметал дека е пожелно секој кој јаде било што варено треба да си ја измие устата пред да дојде на намаз (Бухари).

Во исламот, џамијата е единственото место за собирање, кое е пропишано за муслиманите. Затоа, Чесниот Пратеник посебно ја истакнувал чистотата на џамијата,

посебно во прилики кога луѓето во неа требало да се соберат. Тој наредил , во таквите прилики, во џамијата да се запали темјан за да го прочисти воздухот (Абу-Давуд). Исто така, дал насоки никој да не оди во џамија ако јадел нешто што може да произведе непријатни мириси (Бухари).

Бил упорен во тоа улиците да се одржуваат чисти и да нема гранчиња, камчиња или било какви други предмети кои би можеле да пречат или да предизвикаат неугодност. И кога лично ќе најдел такво нешто или некаков предмет фрлен надвор, тој тоа би го собрал и зборувал дека личноста, која помага улиците и патиштата да останат чисти и сигурни, има духовна заслуга во Божјите очи. Пренесено е дека наредил како јавните премини не треба да се употребуваат за предизвикување на пречки ниту нечисти и несакани предмети или работи да се фрлаат на улица, ниту улиците да се загадуваат на било кој друг начин, бидејќи таквите постапки не му се мили на Бога. Настојувал сите доводи на вода наменети за човековите потреби да се одржуваат чисти. На пример, забранил било што да се фрла во изворите што може да ги загади, и секој резервоар со вода да се користи соодветно (Бухари и Муслим, Китаб ул-Бирр вас-Силах).

## ПРАТЕНИКОВИОТ ЕДНОСТАВЕН ЖИВОТ

Пратеникот бил исклучително едноставен во однос на храната и пиењето. Никогаш не изразил незадоволство поради лошо подготвената храна или слабо вареното јадење. Ако морал да јаде таква храна, тој јадел за да не го повреди оној кој го подготвувал јадењето. Меѓутоа, доколку јадењето

не можело да се јаде, тој само се воздржувал и никогаш не осудил такво нешто. Кога седнувал да јаде посветувал внимание на храната која била ставена пред него, и зборувал дека не сака кога некој не покажува интерес кон храната. Кога и да му било дадено нешто за јадење, секогаш тоа го делел со присутните. Во една прилика некој му дал урми. Тој погледнал наоколу и откако го проценил бројот на луѓето, ги поделил еднако помеѓу нив; секој добил по седум урми. Абу-Хуреира пренесува дека Чесниот Пратеник никогаш не се прејадувал дури ни со лебот од јачмен (Бухари).

Еднаш кога поминувал низ улицата, приметил дека некои луѓе се собрале околу печено јаре и се подготвувале да уживаат во гозбата. Кога го виделе Чесниот Пратеник, го повикале да им се придружи но тој одбил. Тоа не било затоа што тој не сакал печено месо, туку поради тоа што тој гозбите на отворено не ги одобрувал бидејќи можеле да ги видат луѓето кои немале доволно за јадење. Пренесено е дека во друга прилика земал печено месо. Ајша пренела дека Чесниот Пратеник ниту до денот на својата смрт, ниту во една прилика, не се прејадувал три последувателни дена. Посебно внимавал на тоа дека не треба да се оди неповикан на јадење во друга куќа. Во една прилика некој го повикал на ручек и го замолил со себе да поведе уште три лица. Кога стасал до куќата на домаќинот, приметил дека петто лице и се придружило на дружината и Чесниот Пратеник му скренал внимание и рекол:

“Вие поканивте пет луѓе, а ние сме шест; ако сакате дозволете му на шестиот да влезе, а ако не сакате вратете го.”

Се разбира, домаќинот со задоволство го повикал и шестиот.

(Бухари, Китаб ул-Ат‘има)

“Кога Пратеникот седнувал на масата за јадење, секогаш почнувал со: ‘Бисмиаллах’, (во името на Аллах) и штом ќе завршил со јадење ја изразувал благодарноста со овие зборови: ‘Алхамдулиаллах’, (сета благодарност му припаѓа на Аллах), кој ни дал да јадеме; благодарноста, обилна и искрена, и секогаш поголема; благодарност, која на човековиот ум не му остава впечаток дека доволно се заблагодарил, туку му создава чувство дека не изразил доволно благодарност која никогаш не се прекинува и која чини секоја личност да мисли дека секоја Божја постапка е вредна за благодарност и дека треба да се заблагодарува. О Аллах, исполни ги нашите срца со овие чувства.”

Понекогаш ги употребувал следните зборови:

“Сета благодарност му припаѓа на Аллах, Кој ја задоволи нашата глад и жед. Нека нашите срца секогаш копнеат кон неговата благодарност и никогаш да не Му бидат неблагодарни.”

Секогаш своите следбеници ги советувал да престанат со јадење пред да почувствуваат дека се сити и зборувал дека храната за еден човек треба да задоволи двајца. Во неговата куќа кога и да било подготвено некое посебно јадење, тој ги советувал домашните, дел од тоа да го пратат на соседите; и подароците со храна и други нешта постојано биле испраќани од неговата куќа во соседните куќи.

(Муслим и Бухари, Китаб ул-Адаб)

Секогаш, од лицата на своите следбеници знаел дали некој од нив е гладен. Абу-Хуреира ја пренесува следната случка:

Во една прилика три дена тој бил без храна. Стоел на влезот во џамијата и го посматрал Абу-Бакр, кој поминувал во близина. Го прашал Абу-Бакр за значењето на ајетот од Кур‘анот кој наредува да се нахранат сиромашните. Абу-Бакр го објаснил значењето на ајетот и заминал. Кога ја пренел ова случка, Абу-Хуреира со горчина рекол:

‘Дали, Абу-Бакр подобро го знае Кур‘анот од мене?’ Тој го прашал Абу-Бакр за значењето на ајетот од причина што бил гладен и очекувал Абу-Бакр да го нахрани. Наскоро после тоа поминал Омар, и Абу-Хуреира, исто тако, го прашал да му го објасни значењето на ајетот. Омар, исто така, објаснил и заминал. Абу-Хуреира, како и сите асхаби на Чесниот Пратеник, не сакал директно да бара и кога разбрал дека овие индиректни обиди на свртување на внимание кон својата состојба не успеале, почнал да чувствува истоштеност. И тогаш слушнал како некој го повикува неговото име со нежен и мек глас. Свртувајќи се на страната од кај што доаѓал гласот, видел дека Чесниот Пратеник го гледа од прозорецот на својата куќа и се смее. Го испрашувал Абу-Хуреира:

“Дали си гладен, на што овој одговорил:

Навистина, Аллахов Веровесниче! Јас сум гладен.

Чесниот Пратеник рекол:

И во нашата куќа нема храна, но некој токму сега донесе шоља млеко. Оди во џамијата и види дали има уште некој гладен како тебе.”

Абу-Хуреира понатаму зборува:

“Јас во себе си мислев дека толку многу сум гладен што можам сето млеко од шољата да го испијам, а сепак Чесниот Пратеник од мене бара да ги повикам и другите луѓе, што значи дека ќе добијам многу малку млеко. Но, јас морав да ја спроведам Пратениковата наредба, така што отидов во џамијата и таму најдов шест луѓе како седат и ги доведов со себе на Пратениковата врата. Тој на еден од нив му ја даде шољата со млеко и му рече да пие. Кога овој заврши и ја тргна шољата од устата, Пратеникот му кажа да се напие и по втор пат, па и по трет пат додека не се напие доволно. Исто така, на сите шесторица им зборуваше да пијат млеко додека не се заситат. Секој пат кога ќе побараше на еден од нив да пие, јас се плашев дека за мене ќе остане малку. Откако шестмината се напија млеко, Пратеникот ми ја даде шољата мене, и јас видов дека во неа има уште многу млеко. И додека јас пиев, тој ми зборуваше дека треба да пијам додека не се заситам и ме натера да пијам и втор и трет пат и на крајот самиот Пратеник го испи она што преостана во шољата и му се заблагодари на Бога и ја затвори вратата.”

(Бухари, Китаб ул-Рикак)

Чесниот Пратеник млекото последен му го понудил на Абу-Хуреира, што веројатно имало за цел да му покаже како треба да се поднесуваат тешкотии со глад, верувајќи во Бога, и дека никако не треба да го свртуваш вниманието на својата страна, дури ни индиректно.

Секогаш јадел и пиел со десната рака и секогаш застанувал три пати да земе воздух додека пиел. Една од

причините можеби била и таа дека постои веројатност жедно лице, ако водата ја пие во еден здив, дека ќе испие премногу што може да го поремети процесот на варењето. Правилото кое го следел по прашањето на храната било да земе од сите нешта кои се чисти и здрави, но тоа да не изгледа како препуштање на желби или пак да не си дозволи останатите да ги лиши од нивниот дел кој им припаѓа. Како што зборувавме, неговата нормална храна секогаш била едноставна, но ако некој би му дал нешто посепно подготвено, тој тоа не го одбивал. Меѓутоа, не копнеел кон добрата храна, иако имал посебна наклоност кон медот и урмите. За урмите зборувал дека постои посебен однос меѓу верниците и дрвото на урмата, чии лисја, кора и плод – и зрели и незрели – дури и семките можаат да бидат корисни. Таков треба да биде и совршениот верник: ниту едно негово дело не смее да биде без цел и се што ќе направи треба да го унапредува и да биде за добробит на човештвото.

(Бухари и Муслим)

Чесниот Пратеник ја сакал едноставноста и во облекувањето. Неговата облека нормално би се состоела од кошула и изар[3] или кошула и неколку пиџами. Секогаш го носел својот изар или пиџама, така што облеката го покривала неговото тело до точка над чланците. Не сакал коленото или било кој дел од телото да биде изложен без крајна потреба. Тој не сакал облека на која имало извезени или испечатени фигури, посебно ако фигурите биле

[3] Дел од облека замотан околу струкот и кој виси до чланците.

преголеми и можеле да се интерпретираат како на нив да биле претставени богови или богињи, или други предмети на обожување. Во една прилика во својата куќа затекнал обесена завеса на која биле големи фигури и веднаш наредил да се тргне. Меѓутоа, го сметал за штетно употребата на облека на која биле мали слики кои не можат да бидат така интерпретирани. Тој лично никогаш не облекувал свила, ниту сметал дека на муслиманите тоа им е допуштено. Со цел, за веродостојност на писмата кои ги пишувал на одредени владари повикувајќи ги да го примат исламот, наредил да се направи прстен со печат, но наредил тоа да се направи од сребро а не од злато, бидејќи златото, рекол, им е забрането на мажите од мојот уммет. (Бухари и Муслим)

На жените муслиманки им е дозволено да носат свила и злато, но и во нивниот случај не смеат да претеруваат. Во една прилика повикал на давање придонес за сиромашните и една жена ги симнала своите нараквици и ги ставила пред него како придонес. Обраќајки и се, тој рекол:

"Зарем и твојата втора рака не заслужува да биде спасена од Огнот?" На тоа жената ја симнала нараквицата и од другата рака и ја дала за целта која тој ја имал на ум. Ниту една од неговите жени немала некој посебен накит а и останатите муслимански жени ретко имале украси. Во склад со учењето на Чесниот Кур'ан, го осудувал трупањето на пари, злато или сребро, бидејќи сметал дека тоа е на штета на сиромшните слоеви на заедницата и доведува до пореметување на економијата на заедницата, и затоа, тоа е грев.

Омар, во една прилика на Чесниот Пратеник му предложил да дозволи за него да се направи богата наметка од кожа, бидејќи понекогаш било потребно да ги прими амбасадорите од големите монархии и таа наметка да ја облекува во таквите прилики. Слушајќи го предлогот на Омар Пратеникот се разлутил и рекол:

"Нема да го задоволи Бога ако ги прифатам таквите предлози. Јас со секого ќе се сретнам во облеката која нормално ја носам."

Во една прилика му била испратена свилена облека и тој му ја пратил на Омар. Утре дента, Пратеникот облеката ја видел на Омар и се разлутил. Омар му рекол:

"Божји Пратениче! Ти ова ми го прати."

Чесниот Пратеник рекол:

"Секој предмет не е наменет за лична употреба."

Тоа значело дека Омар оваа облека од свила требало да ја даде на својата жена или ќерка или да ја искористи во некоја друга цел. (Бухари, Китаб ул-Либас)

Пратениковата постела, исто така, била едноставна. Никогаш не користел кревет или кауч, туку секогаш спиел на подот. Постелата се состоела од парче кожа или парче сукно од влакна од камила.

Ајша пренесува:

"Нашата постела беше толку мала и кога Чесниот Пратеник стануваше ноќе за намаз, јас легнував на едната страна од постелата и ќе ги протегнев нозете додека тој беше во состојба на намаз и повторно ќе ги свиев назад кога тој требаше да падне во сеџда."

(Муслим, Тирмизи и Бухари, Китаб ал-Ат‘има)

Истата едноставност ја имал и во поглед на куќниот распоред. Неговата куќа нормално ја сочинувала една соба и мал двор. Кога имале посетители растегнувале коноп во собата и преку него обесувале платно за дел од собата да ја претвори во просторија за прием, која на тој начин станувала одвоена од делот кај што живеела неговата жена. Неговиот живот бил толку едноставен што Ајша пренела како во текот на животот на Пратеникот често живееле на урми и вода и дека на денот на неговата смрт во куќата немало никаква друга храна освен неколку урми. (Бухари)

## ОДНОСОТ СО БОГА

Секој аспект од животот на Пратеникот бил во склад со неговата преданост и љубов кон Бога. Наспроти тешката одговорност која му била натоварена, најголемиот дел од своето време во текот на денот, како и во текот на ноќта, тој го проведувал во обожувањето и благодарноста на Бога. Во текот на ноќта би ја напуштал својата постела и би се предавал на ибадет на Бога додека не дошло време да оди во џамија поради сабах-намаз. Понекогаш, до доцна во ноќта, толку долго стоел во намаз што стапалата му отекнувале и оние кои го гледале во таа состојба биле силно возбудени.
Во една прилика Ајша му рекла:

"Бог те почестил со Својата љубов и близина. Зошто тогаш, самиот себе си се изложуваш на толкава неудобност и тешкотија?"

Тој одговорил:

“Ако Бог, со Својата милост и сомилост, мене ми ја подарил Својата љубов и близина, зарем не ми должност секогаш да Му бидам благодарен? Благодарноста треба да се зголемува сразмерно на примените благодати.”

(Бухари, Китаб ул-Кушуф)

Никогаш не наредил никаква работа без Божја наредба или одобрување. Веќе е наведено во биографскиот дел на книгата дека, наспроти острите прогонувања на кои бил изложен во Мека, не го напуштил градот додека не ја примил Божјата наредба за тоа. Кога прогонувањето станало неиздржливо и кога на своите асхаби им дал одобрение да се иселат во Абисинија, некои од нив изразиле желба и тој да им се придружи. Тој тоа го одбил бидејќи не примил Божја наредба за тоа. Така, во текот на овој период на тешкотии и прогонувања, кога луѓето своите роднини и пријатели сакале да ги држат блиску до себе, тој на асхабите им наредил да побараат засолниште во Абисинија, а тој останал во Мека, бидејќи Бог не му наредил да ја напушти.

Секогаш кога би ги слушнал учењата на Божјите зборови, бил совладан од емоции и солзи му текле низ лицето, посебно кога ги слушал ајетите кои ја истакнувале неговата должност. Абдуллах бин Мас‘уд пренесува дека во една прилика Чесниот Пратеник му рекол да учи некои ајети од Чесниот Кур‘ан. Тој рекол:

“О Аллахов Веровесниче! Тебе ти е објавен Кур‘анот (т.е., ти го знаеш подобро од сите). Како јас тебе ќе ти го толкувам?”

Но, Чесниот Пратеник рекол:

"Јас сакам да слушнам како другите го учат."

После тоа, Абдуллах бин Мас'уд почнал да ги учи ајетите од сура Ан-Ниса. Кога го учел ајетот:

*"А како ќе биде со нив кога Ние ќе донесеме сведок од секој народ, а тебе ќе те донесеме како сведок против нив..."*

(4:42)

Чесниот Пратеник возвикнал:

"Доста! Доста!"

Абдуллах бин Мас'уд го кренал погледот и видел дека од очите на Чесниот Пратеник течат солзи. (Бухари, Китаб Фада'ил ул-Кур'ан)

Тој толку бил грижлив во обавувањето на намази во џемматот што дури и во ситуација на тешка болест, кога е дозволено намазите не само да се обавуваат во соба туку дури и во лежечка позиција, тој сепак одел во џамија лично да ги предводи во намазите.

Во една прилика кога не бил во состојба да оди во џамија, му наредил на Абу-Бакр да ги предводи намазите. Малку подоцна му било подобро и побарал од него да му помогне до џамијата. Се држел за рамињата на двајца луѓе, но толку бил изнемоштен што, како што пренела Ајша, стапалата му се влечеле по земјата. (Бухари)

Вообичана пракса е плескање со рацете кога сакаме да го свртиме вниманието на некоја посебна случка. И Арапите ја имале таа пракса. Меѓутоа, Чесниот Пратеник толку го сакал спомнувањето на Бога што ракоплескањето го заменил со пофалба и спомнување на Бога.

Во една прилика, додека бил преокупиран со некоја работа, се наближувало времето за следниот намаз и тој му наредил на Абу-Бакр да го предводи намазот. Наскоро по тоа, тој ја завршил работата со која бил преокупиран и веднаш продолжил во џамијата. Абу-Бакр го предводел намазот, но собраниот народ видел дека Чесниот Пратеник стасал и почнале да ракоплескаат за да ја изразат радоста за неговото доаѓање и да му свртат внимание на Абу-Бакр на фактот дека Пратеникот стасал. На тоа Абу-Бакр исчекорил чекор назад и му направил место на Чесниот Пратеник за да го предводи намазот. Кога намазот завршил, Пратеникот му се обратил на Абу-Бакр и рекол: "Зошто ти исчекори назад кога јас ти наредив да го предводиш намазот?"

Абу-Бакр одговорил:

"О Аллахов Веровесниче! Зарем му приличи на синот на Абу-Кахаф да го предводи намазот во присуството на Аллаховиот Веровесник." Тогаш, обраќајки му се на собирот, Пратеникот рекол:

"Зошто ракоплескавте? Не е пристојно да ракоплескате додека сте зафатени со спомнувањето на Бога. Ако се случи во текот на намазот да морате да свртите внимание на нешто, наместо ракоплескање треба гласно да го изговорите Божјото име. Тоа ќе го сврти вниманието кон она што сакавте."

(Бухари)

Пратеникот не одобрувал намазите или ибадетот да се обавуваат како покајание или казна.

Во една прилика кога се вратил дома приметил дека помеѓу два столба виси коноп. Прашал каква му е намената и

бил известен дека неговата жена Зејнеб кога е изморена се придржува за конапот во текот на намазот. Тој наредил конопот да се исфрли и рекол дека намазот треба да продолжи само доколку личноста се чувствува удобно и ведро а ако се измори треба да седне. Намазот не треба да е наметнат, и, ако се обавува и откако телото ќе се измори, не ја исполнува целта. (Бухари, Китаб ул-Кушуф)

Ја презирал секоја постапка и пракса која и најмалку потсетувала на идолопоклонство. Кога му се приближувал крајот и кога бил во смртна агонија, се вртел од една на друга страна повторувајќи:

“Нека Божјото проклетство се спушти на ниие Евреи и христијани кои гробовите на своите пратеници ги претворија во места на обожување.”

(Бухари)

Тој на ум ги имал оние Евреи и христијани кои паѓаат на земја на гробовите на своите пратеници и светители и своите молитви ги упатуваат до нив, и сметал дека, ако и муслиманите почнат со слични навики, дека нема да ги заслужат неговите дови, туку наспроти тоа, ќе се одалечат од него.

Во биографскиот дел веке го спомнавме неговото исклучително чувство за почит кон Божјата чест. Луѓето на Мека се обидувале на патот да му постават најразлични искушенија за да го убедат да отстапи од своето спротивставување на идолопоклонството. (Табари)

Неговиот амиџа Абу-Талиб, исто така, се обидувал да го одврати и го изразил својот страв дека доколку продолжи со своето јавно прекорување на идолопоклонството, Абу-

Талиб ќе мора да избере помеѓу него и горчливото спротивставување на својот народ. Единствениот одговор кој Пратеникот му го дал на својот амиџа во таа прилика бил:

"О амиџа! Кога овие луѓе би го ставиле сонцето на мојата десна рака а месечината на левата рака, јас сепак нема да отстапам од прогласувањето на Божјото Единство."

(Зуркани)

Потоа, во текот на Битката на Ухуд, кога остатокот на ранетите муслимани се поредил околу него во подножјето на ридот, а нивните непријатели победоносно возвикнувале и си давале одишка на чувството на славење што ги пробиле муслиманските редови, и кога нивниот водач Абу-Суфијан возвикнал:

"Нека е возвишен Хубал (еден од киповите кој Меканците го обожувале)! Нека е возвишен Хубал!"

Чесниот Пратеник, наспроти разбирањето дека поради неговата сигурност и сигурноста на малата група на муслимани кои собрани околу него морале да молчат, повеќе не можел да се воздржи и им наредил на асхабите во одговорот да воскликнат:

"Единствено на Аллах му припаѓа победата и славата! Единствено на Аллах му припаѓа победата и славата!"

(Бухари)

Меѓу следбениците на разните религии, пред појавата на исламот, владеело погрешното сваќање дека небеските и земските манифестации се случуваат за да ги означат тагата и радоста за пратениците, светителите и останатите големи

луѓе, и тоа дека тие дури можат и да го контрлираат движењето на небеските тела. На пример, за поединци се зборувало дека тие можеле да направат Сонцето да остане неподвижно во својата патека или пак да го сопрат движењето на Месечината, или водата што тече да ја направат неподвижна. Исламот поучува дека таквите претстави се неосновани и дека феномените од овој вид во религиските скрипти се само метафори кои, наместо значењето да им се интерпретира исправно, тие всушност довеле до празноверие. Меѓутоа, и некои помеѓу муслиманите биле наклонети овие феномени да ги припишуваат на случките од животот на големите пратеници. Во доцните години од животот на Чесниот Пратеник неговиот син Ибрахим умрел кога имал две и пол години. Случајно, истиот ден се случило помрачувањето на Сонцето. Некои муслимани во Медина прошириле вест дека Сонцето се помрачило токму во времето на смртта на Пратениковиот син како знак на Божјото сочувство. Кога ова му било спомнато на Чесниот Пратеник, тој изразил големо незадоволство и остро го осудил таквото размислување. Им објаснил дека Сонцето, Месечината и останатите небески тела се управувани од Божјиот закон и дека нивното движење и феномените поврзани со нив немаат никаква врска со животот или смртта на било кој човек. (Бухари)

Арабија е многу сува земја и дождот секогаш е добродојден и желно се исчекува. Арапите замислувале дека доаѓањето на дождот е контролирано од движењето на ѕвездите. Секогаш кога некој би изнел таква идеја Чесниот Пратеник би се налутил и го опоменувал својот народ дека

благодетите кои им ги дава Опслужувачот да не ги припишуваат на други. Божјите закони, а не задоволството или незадоволството на било кој бог или божица или било кои други моќи.

(Муслим, Китаб ул-Иман)

Тој имал совршена доверба во Бога, која никакви неповолни околности не можеле да ја променат.

Во една прилика, еден негов непријател го затекнал како спие без чувар, застанал над неговата глава и со извлечена сабја се заканил дека наеднаш ќе го отпреми на Другиот свет (ќе го убие). Пред да го направи тоа прашал:
“Кој може да те спаси од мене?”
Чесниот Пратеник возвикнал:
“Аллах.”

Тој, овие зборови ги изговорил со совршено уверување, па дури и срцето на овој непријател било приморано да ја признае возвишеноста на неговата вера и довербата во Бога. Сабјата му паднала од рацете и тој, кој пред малку бил решителен да го убие, стоел пред него како обвинет виновник кој ја чека пресудата. (Муслим, Китаб ул‘Фада‘ил и Бухари, Китаб ул-Џихад)

Од дуга страна, постоело неговото совршено чувство за понизност пред Бога.
Абу-Хуреира пренесува:

“Еден ден слушнав како Чесниот Пратеник вели дека ниту еден човек нема да се спаси преку своите сопствени дела. На тоа јас кажав:

'О Аллахов Веровесниче! Сигурно е дека ти ќе влезеш во Џеннетот преку своите сопствени добри дела,' на што тој одговори:

'Не, јас, исто така, не можам да влезам во Џеннетот преку сопствените дела освен ако не ме обвие Божјата милост и сомилост'."

(Бухари, Китаб ул-Рикак)

Секогаш ги предупредувал луѓето да изберат и да го следат правилниот пат и да бидат вредни во својата потрага за средствата со кои можат да ја достигнат Божјата близина. Тој подучувал дека ниеден човек не смее да ја посакува сопствената смрт, бидејќи ако е добар, ќе живее подолго, ќе биде во состојба да постигне поголемо добро; а ако е лош можеби ќе му биде дадено време да се покае за своите лоши постапки и да започне нов пат. Неговата љубов и преданоста на Бога се изразени на многу начини.

На пример, кога после долгата суша почнале да паѓаат првите капки дожд, тој го исплазил јазикот за да фати капка дожд и возвикнал:

"Ова е свежа благодат од мојот Господар." Непрестано ги учел дови, молејќи за Божјиот опрост и благодат, посебно кога седел меѓу луѓе, така да оние кои биле во негово друштво или кои биле поврзани со него, и воопшто муслиманите кои можеле да се спасат од Божјиот бес и да го заслужат Божјиот опрост. Непрестано бил свесен дека е во присуство на Бога.

Кога легнувал да спие зборувал:

"Во името на Аллах јас умирам (одам на спиење) и во името на Аллах уживам."

Кога ќе станел зборувал:

"Сета благодарност му припаѓа на Бога кој ме врати во живот по смртта (спиење) а еден ден сите ние ќе бидеме собрани пред Него."

(Бухари)

Непрестано копнеел кон Божјата близина и една од неговите често повторувани дови била:

"О Аллах! Направи моето срце да биде исполнето со нура (Твојата светлина) и исполни ги моите очи со Својата светлина, и исполни ги моите уши со Својата светлина, и стави ја Својата светлина на мојата десна и стави ја Својата светлина на мојата лева страна и стави ја Својата светлина над мене и стави ја Својата Светлина под мене и стави ја својата светлина зад мене, и Ти, о Аллах, целиот преврти ме во Својата светлина."

Ибн-Абас пренесува дека, напосредно пред смртта на Чесниот Пратеник, Мусаилим (лажен пророк), дошол во Медина и рекол дека е подготвен да го прифати Мухаммед ако тој го одреди за свој наследник. Со Мусаилим биле многу луѓе и едно од најголемите племиња на Арабија со кое тој бил поврзан. Кога Чесниот Пратеник бил известен за неговото доаѓање, во друштво на Сабит бин Каис Шамас отишол да се сретне со него. Во раката носел сува палмина гранка. Кога стасал до кампот на Мусаилим отишол кај него и застанал пред него. За то време дошле уште некои асхаби и

се поредиле околу него. Обраќајки му се на Мусаилим тој рекол: "Слушнав како зборуваш, дека, ако те одредам за свој наследник, ќе бидеш подготвен да ме следиш, но јас не сум подготвен дури ни оваа сува палмина гранка да ти ја дадам ако тоа Бог не ми нареди.Твојот крај ќе биде онаков каков што Бог го одредил. Ако ми го свртиш грбот, Бог ќе те уништи. Јас многу јасно гледам дека Бог ќе ти го додели токму она што мене ми го објави."

Тогаш додал:

"Јас сега ќе си одам. Ако има што да кажеш, можеш да зборуваш со Сабит бин Каис бин Шамас кој е мој претставник."

Тогаш се вратил. Абу-Хуреира исто така бил со него. Некој го прашал Пратеникот што мислел со тоа дека Бог на Мусаилим ќе му го додели она што му го објавил. Чесниот Пратеник одговорил:

"Јас во сонот видов две нараквици околу своите раце кои не ги сакав. Во сонот Бог ми нареди да дувнам во овие нараквици. Кога дувнав во нив и двете ги снема. Јас разбрав дека ова значи како после мене ќе се појават двајца кои лажно ќе тврдат (пратеништво)."

(Бухари, Китаб ул-Магхази)

Оваа случка се случила пред крајот на Пратениковиот живот. Последното и најголемото племе на Арабија, кое се уште не го прифатило, било подготвено да се покори и единствениот услов кој го изнеле бил, Чесниот Пратеник нивниот поглавар да го прифати за наследник. Ако Чесниот Пратеник имал и најмали лични мотиви, сега ништо не му

стоело на патот да го осигура единството на цела Арабија, со ветувањето дека неговиот наследник ќе биде главатарот на најголемото племе на Арабија, посебно од причина што тој самиот немал машко дете. Но тој никогаш, ни најмалото нешто не го сметал за свое и дека тоа му е потполно на располагање. Тој поради тоа не можел да се занимава со водството на муслиманите, кога тоа бил негов дар. Сметал дека тоа е света Божја доверба и верувал дека водството, Бог ќе му го даде на соодветна личност. Поради тоа, со презир ја одбил понудата на Мусаилим и му рекол дека тој не е подготвен дури ни сува палмина гранка да му даде а не водство на муслиманите.

Секогаш кога се повикувал на Бога или зборувал за Него, на посматрачите им изгледало како целото негово битие да било во занесна љубов и преданост кон Бога.

Секогаш бил едноставен во обожувањето на Бога. Џамијата, која тој ја изградил во Медина, во која секогаш ги предводел намазите, имала само земјен под без никаква покривка или простирка и со покрив од палмини гранки и лисја, кој прокиснувал секогаш кога паѓал дождот. Во таквите прилики Чесниот Пратеник и остнатите биле мокри до кожа од дожд и кал, но тој секогаш продолжувал до крај со намаз и ниту еднаш со ништо не покажал дека ќе го одложи намазот или дека ќе го премести на некое суво место. (Бухари, Китаб ус-Саум)

Исто така, бил внимателен кон своите асхаби. Абдуллах бин Омар бил посебно побожен човек и водел чист живот. Во поглед на него Чесниот Пратеник еднаш рекол:

“Абдуллах бин Омар би бил уште подобар човек ако беше по редовен во своите тахаџуд намази.”

Кога го слушнал ова Абдуллах бин Омар никогаш повеќе не ги пропуштил тие намази. Забележено е дека кога Чесниот Пратеник бил во куќата на својата ќерка Фатима, ја испрашувал неа и нејзиниот маж Али дали се редовни во своите тахаџуд-намази. Али одговорил: “О Аллаховиот Веровесниче! Ние настојуваме да станеме поради тахаџуд намаз, но во прилика кога Бог не сака да се разбудиме, ние не станеме на време и ги пропуштаме.”

Тој се вратил назад и по пат неколку пати го повторил ајетот од Чесниот Кур‘ан кој зборувал дека во многу прилики човекот е најсовадлив од сите (нешта), што значи дека човек често не сака да ја признае грешката и настојува да ја прикрие со изговори. (Бухари, Китаб ул-Кушуф)

Пратеникот сметал дека Али не треба својот пропуст да го припишува на Бога, зборувајќи дека тие, кога Бог не сака да се разбудат, не стануваат на време, туку требало да ја признае својата слабост во оваа работа.

## САМОКАЗНУВАЊЕ

Меѓутоа, Чесниот Пратеник строго го осудил формалното обавување на ибадет и ги прекорувал сите видови на самоказнувања како форма на обожување. Тој подучувал дека вистинското обожување се состои во слободното користење на особините кои Бог му ги дал на човекот. Бог на човекот му дал очи за тој со нив да може да гледа, и ако ги затвори или склони, тоа нема да биде

обожување, туку дрскост. Несоодветната и лоша употреба на видот е грев. Неблагодарноста е на страна на човекот ако себе се лиши од способноста на сетилата, и за него ќе биде грев ако таа способност ја употребува за озборување и клеветење. Воздржувањето од храна (освен во прилики кога тоа е пропишано или на некој друг начин пожелно) може да значи самоубиство и поради тоа таквото нешто е неопростив грев за човекот, а од друга страна, ако себе си потполно се посвети на храна и на пиење или земе забранети и непожелни работи, тоа исто така, претставува неопростив грев. Ова е златен принцип на кој не подучил и кој го истакнувал Чесниот Пратеник, и овој принцип секој претходен пратеник го всадувал.

Правилната употреба на природните способности чини високи морални доблести; злоупотребата и попречувањето на овие доблести е глупост. Она што е зло и погрешно е нивната несоодветна употреба. Нивната соодветна употреба е доблест. Ова е суштината на моралните учења кои ги втемелувал Чесниот Пратеник на исламот и ова накратко е слика на неговиот живот и на неговите однесувања.

Ајша пренесува:

"Кога Чесниот Пратеник бил пред избор во однесувањето, секогаш го избирал полесното, под услов тоа да било ослободено од сите гревови. Ако постоело сомневање за грев, Чесниот Пратеник тоа го избегувал повеќе од сите други луѓе."

(Муслим, Китаб ул-Фаза'ил)

Ова, навистина, е највисокиот и најсовршен пат за луѓето. Многу луѓе, намерно, сами на себе си нанесуваат болка и предизвикуваат тешкотии за да го измамат светот, а не за да го заработат Божјото задоволство, бидејќи Божјото задоволство не се задобива со нанесување на бесмислената болка и воздржување. Таквите луѓе поседуваат малку вродени доблести и сакаат да ги прикријат своите грешки и да ја стекнат заслугата во очите на други луѓе претставувајќи лажни доблести. Меѓутоа, целта на Чесниот Пратеник на исламот била постигнување на вистинска доблест и здобивање на Божјото задоволство. Тој поради тоа, никогаш не се преправал ниту се истакнувал. Сеедно му било дали светот ќе го смета за лош или ќе го оцени како добар. Само му било важно како тој себе си се поставува и како Бог ќе го оцени и за каков ќе го смета. Доколку, со сведочењето на својата совест и Божјата потврда, исто така, добие вистинско сведоштво од луѓето, бил благодарен, но, доколку луѓето на него гледале со завист, му било жал поради нив и не му придавал важност на нивното мислење.

## ОДНОСОТ КОН СВОИТЕ ЖЕНИ

Чесниот Пратеник до крајност бил љубезен и чесен кон своите жени. Доколку во некоја прилика некоја од нив не се однесувала со должна почит кон него, тој само би се насмевнал и би поминувал преку тоа. Еден ден и рекол на Ајша:

"Секогаш кога си ми лутна јас тоа го знам."

Ајша прашала:

“Како тоа?”
Тој рекол:

“Забележав дека, кога си задоволна со мене и во текот на муабетот треба да се повикаш на Бога, ти на Него се повикуваш како на Господар на Мухаммед. Ако си незадоволна со мене ти на Него се повикуваш како на Господар на Ибрахим.”

На ова Ајша се насмеала и рекла дека е во право. (Бухари, Китаб ун-Никах)

Хатиџа била прва негова жена и дала голема жртва за него. Таа била многу постара од Пратеникот. По нејзината смрт тој оженил помлади жени, но, никогаш не дозволил сеќавањето на Хатиџа да избледнее. Секогаш, кога пријатели на Хатиџа доаѓале да го посетат, тој станувал за да ги дочека. (Муслим)

Ако случајно здогледал некој предмет кој бил врзан со Хатиџа, секогаш го совладувале емоции. Меѓу затворениците, кои муслиманите ги земале во Битката кај Бедр, бил и Пратениковиот зет. Тој немал ништо што можел да понуди за откуп. Неговата жена Зејнеб (Пратениковата ќерка) пратила во Медина ѓердан кој и припаѓал на нејзината мајка (Хатиџа) и го понудила како откуп за својот маж. Кога Пратеникот го видел ѓерданот, го препознал и бил силно погоден. На своите асхаби им рекол:

“Јас немам никакво овластување за да ви дадам било каква наредба за ова, но знам дека Зејнеб овој ѓердан го негуваше како последен спомен на своја починатата мајка и, ако ви ја даде јас ви предлагам да не ја лишите од него и да и го вратите.”

Тие рекле:

“О Божји Пратениче! За нас нема поголема радост од тоа.”

И ѓерданот и го вратиле на Зејнеб. (Халбијја, том 2)

Тој често ја фалел Хатиџа на своите други жени и ги истакнувал нејзините доблести и жртви кои таа ги направила на патот на исламот. Во една таква прилика Ајша била навредена и рекла:

“О Аллахов Веровесниче, зошто и понатаму зборуваш за таа старица? Бог ти дал подобри, помлади и поубави жени.”

Чесниот Пратеник бил навреден и рекол:

“О не, Ајша! Ти не знаеш колку Хатиџа мене ме служеше.”

(Бухари)

## НЕГОВИТЕ ВИСОКИ МОРАЛНИ ДОБЛЕСТИ

Тој во невоља секогаш бил трпелив. Никогаш не се обесхрабрувал во неповолни ситуации, ниту дозволувал да го совлада било какава лична желба. Веќе кажавме дека татко му починал пред неговото раѓање, а мајка му починала додека тој се уште бил мало дете. До осмата година за него се грижел дедото, а по неговата смрт грижата ја преземал негоивот амиџа Абу-Талиб. И поради природната љубов, и поради тоа што посебно го предупредил неговиот татко, Абу-Талиб секогаш грижливо внимавал на својот внук, но, на неговата жена не и било многу грижа. Често се случувало да подели нешто меѓу своите деца а внукот да го заборави. Ако,

Абу-Талиб во таква ситуација случајно се затекнал дома, забележувал како неговиот внук седи одвоено, оддавајќи совршена слика на достоинство без тронка лутина или тага на лицето. Амицата, од љубов и свесен за својата одговорност, ќе му се приближел и ќе го стиснел на своите гради говорејќи:

“Посвети му внимание и на ова мое дете! Посвети му внимание и на ова мое дете!”

Таквите случки не биле невообичаени и оние кои им биле сведоци се едногласни во своето сведочење дека младиот Мухаммед никогаш не покажал дека бил навреден или во било која смисла љубоморен на своите роднини. Подоцна, во текот на животот, кога бил во состојба тоа да го направи, преземал грижа на себе за воспитување на двата сина на својот амица, Али и Џафер, и оваа должност ја исполнил на извонреден начин.

Чесниот Пратеник целиот свој живот морал да се соочува со низа тешки искуства. Роден како сираче, мајка му умира додека тој се уште е мало дете, а дедото го губи на осум години. По женидбата морал да го издржи губитокот на неколку деца, едно по друго, а потоа умрела и неговата сакана и предана жена Хатиџа. Некои од жените кои ги оженил по смртта на Хатиџа починале во текот на неговиот живот и пред крајот на својот живот морал да ја поднесе смртта на својот син Ибрахим. Сите овие загуби и несреќи ги поднел со ведрина и ниту една од нив, ниту до најмал степен, не ја погодил неговата решителност и пристојност на неговиот карактер. Својата тага во личните работи никогаш не ја покажувал во јавност и секогаш секого го пречекувал со

добронамерен израз на лицето и сите ги третирал со иста благонаклоност. Во една прилика забележал жена која го изгубила детето и гласно жалела над детскиот гроб. Тој и советувал да биде трпелива и да ја прифати Божјата волја. Оваа жена не знаела дека и се обратил Чесниот Пратеник и одговорила:

"Кога ти, како јас, би изгубил дете, би разбрал колку е тешко да се биде трпелив во таква несреќа."

Пратеник и рекол:

"Јас изгубив не едно туку неколку деца, и отишол по својот пат." Освен во случаи, кога се повикувал на своите сопствени загуби и несреќи на ваков индиректен начин, тој никогаш не сакал на долго да расправа за нив, ниту дозволувал тоа да се меша со неговото непрестано служење на луѓето и сакал со ведрина да го дели нивниот товар.

## ВОЗДРЖАНОСТ

Секогаш се држел со потполна воздржаност. Дури и кога станал владетел, секогаш, секого го слушал со внимание, и, ако некоја личност со него се однесувала со нетрпение, тој со неа имал трпение и никогаш не настојувал било како да и одврати. На Истокот постои начин на изразување на почит, така што, кога му се обраќаш на човек не му се обраќаш со личното име. Муслиманите му се обраќале на Чесниот пратеник со:

'О Аллахов Веровесниче', а немуслиманите му се обраќале со: 'Абу'л-Касим' (т.е., таткото на Касим, што значело дека Касим бил еден од неговите синови).

Во една прилика дошол некој Евреин во Медина и започнал расправа со него. Во текот на расправата постојано му се обраќал со: ‘О Мухаммед, о Мухаммед’. Пратеникот не обраќал внимание на оваа форма на обраќање и стрпливо продолжил да ја толкува работата за која расправале. Меѓутоа, асхабите станувале лути поради неучтивата форма на обраќање која нивниот соговорник ја прифатил, додека еден од нив кој веќе не бил во состојба да се воздржи, го предупредил Евреинот да не му се обраќа на Пратеникот со неговото лично име туку да му се обраќа како Абу‘л-Касим. Евреинот рекол дека ќе му се обраќа само со името кое му го дале неговите родители. Пратеникот се насмеал и им рекол на асхабите:

“Тој е во право. Кога сум се родил мене ми е дадено името Мухаммед и нема причина да бидете лути што тој ми се обраќа со тоа име.”

Понекогаш луѓето го пресретнувале по патот и започнувале муабет со него објаснувајќи ги своите потреби и изнесувајќи му ги своите барања. Тој секогаш стрпливо ги оставал да завршат и продолжувал откако тие ќе си заминале.

Во една прилика некои луѓе долго ја држеле неговта рака додека се ракувале со него, и ако тој ова го сметал за непристојно и, исто така, значело губење на драгоцено време, тој никогаш прв не ја повлекувал рака. Луѓето му приоѓале слободно и ги изнесувале своите проблеми и тешкотии и барале помош. Ако бил во состојба да помогне никогаш не одбивал. Понекогаш го опсипувале со барања кои биле неразумни но тој продолжувал да ги исполнува колку што бил во состојба. Понекогаш, откако би исполнил некое

барање, би ја советувал дотичната личност дека треба да има повеќе доверба во Бога и да избегнува другите да ги прашува за совет.

Еднаш некој предан муслиман повеќе пати барал пари од него, и секој пат тој му одговарал на барањето но на крајот рекол:

“Најдобро за човек е да се ослонува на Бога и да избегнува да бара.” Овој човек бил искрена личност. Од почит кон чувствата на Пратеникот, тој не понудил да врати она што веќе го земал, но прогласил дека понатаму веќе никогаш ни под било какви околности нема да побара од никого ништо. Неколку години подоцна учествувал во битка, јавнал на коњ и во жарот на борбата кога звекот, турканицата и звекот на оружјето биле најсилни, и кога бил опкружен со непријателите, од раката му испаднала канџија. Муслимански војник пешак, ја здогледал оваа ситуација и се наведнал да му ја фати канџијата, но кога тој тоа го видел рекол:

“О брате мој, во името на Аллах, не допирај ја канџијата.”

Тогаш се симнал од коњот и сам ја фатил канџијата објаснувајќи му на војникот дека недолго пред тоа му ветил на Чесниот Пратеник дека никогаш ништо нема да побара ни од кој и ако му одобреше да му ја подаде канџијата тоа би значело дека индиректно тоа го побарал и со тоа би бил виновен што го прекшил своето ветување кон Чесниот Пратеник.

# ПРАВЕДНО И ЧЕСНО ОДНЕСУВАЊЕ

Арапите биле пристрасни и применувале различни мерила според различните личности. Дури и меѓу таканаречените цивилизирани нации не гледаме склоност истакнати поединци, или оние кои се на висока положба или служба, да се повикуваат на одговорност, иако законот за обичните луѓе строго се спроведува. Меѓутоа, Чесниот Пратеник бил единствен во спроведувањето на еднакви мерила на правда и чесно однесување.

Еднаш му бил поднесен некој случај во кој било востановено дека некоја млада жена, која му припаѓала на угледно семејство, сторила кражба. Ова предизвикало големо запрепастување, бидејќи, ако на оваа млада жена и се изрекне нормална казна, ова истакнато семејство ќе биде понижено и осрамотено. Многумина биле подготвени да посредуваат кај Пратеникот во името на обвинетата, но се плашеле тоа да го направат. На крај, го убедиле Усам да ја преземе оваа мисија. Отишол кај Чесниот Пратеник, но во моментот кога Пратеникот ја разбрал целта на неговта молба, бил силно лут и рекол: “Подобро да престанеш. Пред вас, предходните нации биле уништуване бидејќи внимавале на големите, а свирепо постапувале со обичните луѓе. Исламот ова не го дозволува и јас тоа сигурно нема да го направам. Во името на Аллах, и мојата ќерка Фатима да направи таков прекршок јас нема да се двоумам да и доделам соодветна казна.”

(Бухари, Китаб ул-Худуд)

Веќе зборувавме за случката кога Пратениковиот амица Абас бил заробен во Битката кај Бедр, и бил врзан со коноп како и останатите заробеници, за да не избега. Конопот бил толку цврсто врзан што тој во текот на ноќта болно липал. Пратеникот ги слушал неговите болки и не можел да заспие. Пратениковите асхаби, кога го забележале тоа, ги олабавиле конопите со кои Абас бил врзан. Кога Пратеникот дознал за ова наредил сите заробеници да се третираат еднакво и дека немало причина да му се покажува наклонетост на неговиот роднина. Тој инсистирал, дека мораат на сите заробеници да им ги олабават врските или на Абас да ги затегнат како и на другите. Бидејќи Пратениковите асхаби не сакале да се изложат на неугодност поради неговиот амица, внимавале на заробениците и на сите им ги олабавиле врските.

(Зуркани, том 3, стр.279)

Дури и во текот на воена состојба тој крајно бил прецизен во исполнувањето на сите прифатени правила и договори.

Во една прилика испратил група асхаби на извидувачка експедиција. Тие последниот ден на светиот месец реџеп се судриле со некои непријатели. Мислејќи дека е опасно да им дозволат да избегаат и во Мека да ја однесат веста за групата која се наоѓала толку близу, тие ги нападнале и во борбата еден од нив бил убиен. Кога групата се вратила во Медина, Меканците почнале да протестираат поради убиството на еден од нив, и тоа во светиот месец. Меканците често биле виновни за кршењето на светоста на

светите месеци кон муслиманите, секогаш кога тоа им одговарало, и сосема било нормално на нивниот протест да им се каже дека немаат право да инсистираат на тоа муслиманите да се придржуваат кон договорот, бидејќи самите Меканци не воделе сметка за договорот кој се однесувал на светите месци. Меѓутоа, Пратеникот не дал таков одговор. Тој остро ги прекорил членовите на групата, одбил да прими откупнина, и според некои извештаи дури и платил за убиената личност, додека објавата од сура Ал-Бакара, 2:218 не ја објаснила целата работа.

(Табари и Халбијја)

Луѓето општо внимавале да не ги повредуваат чувствата на своите пријатели и роднини, но, Чесниот Пратеник бил многу прецизен во своето почитување дури и кон луѓето кои му се спротивставувале.

Во една прилика му дошол некој Евреин и му приговарал како Абу-Бакр ги повредил неговите чувства зборувајќи дека Бог, Мухаммед го воздигнал над Муса. Пратеникот го повикал Абу-Бакр и го прашал што се случило. Абу-Бакр објаснил дека Евреинот го започнал муабетот колнејќи се во Муса, кој Бог го воздигнал над целото човештво, и дека тој (Абу-Бакр) на тоа возвратил заколнувајќи се со Мухамммед, кој Бог го воздигнал над Муса. Пратеникот рекол:

“Не требало тоа да го зборуваш, бидејќи чувствата на другите луѓе треба да се почитуваат. Не ми давај предност над Муса.”

(Бухари, Китаб ут-Теухид)

Тоа не значело дека Чесниот Пратеник себе си не се сметал над Муса, туку дека таквите тврдења можат да ги повредат чувствата на Евреите и поради тоа треба да се избегнуваат.

## ПОЧИТ КОН СИРОМАШНИТЕ

Чесниот Пратеник секогаш се грижел за подобрување на состојбата на сиромашните слоеви на заедницата и подобрувањето на нивната положба во општеството.

Во една прилика додека седел со своите асхаби, поминал некој богат човек. Пратеникот прашал еден од своите асхаби што мисли за него. Тој одговорил:

“Тој е богат човек со добри врски. Ако побара рака на девојка за женидба, барањето благонаклоно ќе биде уважено, ако би посредувал во името на било кој, неговото посредување ќе биде примено.”

Кусо време потоа поминал друг човек кој изгледал сиромашно и без имот. Пратеникот повторно го прашал истиот асхаб што мисли за него. Тој одговорил:

“О Аллахов Веровесниче! Тој е сиромашен човек. Ако тој би побарал рака на девојка за женидба, барањето не би било благонаклоно примено и ако тој би посредувал во името на некој, неговото посредување не би се уважило и ако би настојувал да започне муабет со некого, никакво внимание не би му било посветено.”

Кога го слушнал ова Пратеникот рекол:

“Вредноста на овој сиромашен човек е многу поглема од вредноста на златото доволно да ја исполни целата вселена.”

(Бухари, Китаб ур-Рикак)

Една сиромашна муслиманка ја чистела џамијата на Чесниот Пратеник во Медина. Пратеникот не ја видел неколку дена во џамијата  и се распрашал за неа. Му кажале дека починала.

Тој рекол:

“Зошто не ме известивте за нејзината смрт? Со почит ќе присутвував на нејзиниот џеназил, и додал: Можеби вие не ја сметавте вредна за почит бидејќи беше сиромашна. Ова не е во ред. Одведете ме на нејзиниот мезар.”

Тогаш отишол на нејзиниот гроб и учел дови за неа. (Бухари, Китаб ус-Салат)

Зборувал дека постојат луѓе со замрсена коса и чии тела се покриени со прашина и кои не се срдечно примени од богатите, но, толку високо се ценети од Бога што, ако се заколнат во Аллах, Аллах ќе ја исполни нивната заклетва. (Муслим, Китаб ул-Бирр ваис-Сила)

Во една прилика, додека некои асхаби на Чесниот Пратеник, кои биле ослободени робови, седеле заедно, случајно поминал Абу-Суфијан (кој бил главатар меѓу Курејшиите и се борел со муслиманите се до предавањето на Мека и во таа прилика го примил исламот). Овие асхаби обраќајки му се го потсетиле на победата која Бог ја дал на исламот. Абу-Бакр, исто така, го слушнал ова и не одобрувал главатарот на Курејшиите да го потсетуваат на неговото понижување и ја укорил оваа група асхаби. Тогаш отишол кај Чесниот Пратеник и му ја пренел случката.

Пратеникот рекол:

“О Абу-Бакр! Се плашам дека ти си ги повредил чувствата на овие Божји робови. Ако е тоа така Бог на тебе ќе се лути.”

Абу-Бакр веднаш се вратил кај овие луѓе и ги прашал:

“Браќа мои! Дали вие се лутите поради она што го кажав?”

На тоа тие одговориле:

“Не сме лутни, брату наш, поради она што го кажа. Бог нека ти опрости.”

(Муслим, Китаб ул-Фаза‘ил)

Пратеникот инсистирал сиромашните луѓе да се почитуваат и да не се повредуваат нивните чувства, и дека сите треба да настојуваат да ги исполнат нивните потреби. Тој, исто така, настојувал во нив да всади чувство на самопочит и ги подучувал да не бараат помош. Зборувал дека сиромав не е лице кое го задоволуваат една или две урми или еден или два залака; сиромав е оној кој не поминува ниту низ една тешкотија а да не бара. (Бухари, Китаб ул-Кушуф)

Од друга страна, зборувал дека ниту една гозба не може да биде благословена ако на неа не се повикани и сиромашни луѓе.

Ајша пренесува дека во една прилика дошла некоја сиромашна жена со своите две ќерки. Ајша во тоа време немала ништо друго освен една урма која и ја дала на жената. Жената ја поделила меѓу своите две ќерки и заминала. Кога Пратеникот се вратил дома Ајша му ја раскажала случката и тој рекол:

“Ако сиромашен човек има ќерки и со нив постапува внимателно, Бог ќе го спаси од казната на Огнот, и додал: Бог на оваа жена ќе и го даде Џеннетот поради постапките кон своите ќерки.”

(Муслим)

Во една прилика му било кажано како еден од неговите асхаби, Са‘д, кој бил богат, се фалел за својата претприемливост кон другите. Кога Пратеникот го слушнал ова, рекол:

“Нека ниту еден човек не замислува дека неговиот имот, положбата или моќта се заради неговите сопствени напори или потфати. Тоа не е така. Вашата моќ, положбата и имотот, сите се заработени преку сиромашните.”

Една од неговите дови била:

“О Боже! Направи ме сиромашен додека сум жив и да останам сиромашен кога ќе умрам, и нека моето оживување на Судниот ден биде во друштво на сиромашни.”

(Тирмизи, Адваб ал-Зухд)

Во една прилика, додека било топло време поминувал низ улицата и забележал како многу сиромашен муслиман носи тежок товар од едно место на друго. Бил неугледен, а лицето му било уште по непривлечно поради тешкиот слој на пот и прашина. Имал тажен поглед. Чесниот Пратеник му пришол зад грб, и како што тоа понекогаш го прават децата, ги испружил рацете и со нив му ги покрил очите очекувајќи да погодува кој е. Човекот ги ставил рацете station наназад и допирајќи го телото на Пратеникот, погодил дека тоа е

Чесниот Пратеник лично. Веројатно претпоставувал дека никој друг нема да покаже така блиска љубов кон човек во таква состојба. Бил задоволен и охрабрен, се стиснал до телото на Пратеникот трлајќи го своето прашливо и со пот покриено тело од облеката на Пратеникот, сакајќи да види колку долго Пратеникот ќе има волја да му угодува. Пратеникот продолжил да се смее и не побарал да престане. Кога човекот бил потполно среќен Пратеникот му рекол:

“Јас имам роб; има ли некој купувач?”

Човекот разбрал дека веројатно немало никој на целиот свет, освен самиот Чесен Пратеник, кој би бил во состојба да види било каква вредност во него и со наведант поглед одговорил:

“О Аллахов Веровесниче! Нема никој на овој свет кој би бил подготвен да ме купи. “

Пратеникот рекол:

“Не! Не! Не смееш тоа да го зборуваш. Ти имаш голема вредност во Божјите очи.”

(Шарх ас-Сунна)

Не само што тој бил внимателен кон сиромашните, туку ги предупредувал и другите, и тие да бидат такви. Абу-Муса Аш‘ари пренесува – ако сиромашно лице би пришло кај Пратеникот и нешто би побарало, тој на оние околу себе би рекол:

“Вие, исто така, треба да помогнете во неговото барање за да ја стекнете заслугата и да станете соучесник во унапредувањето на доброто дело.”

(Бухари, Муслим)

Неговата цел, од една страна била да во умовите на асхабите создаде чувство на желба за помош на сиромашните, а од друга страна, умовите на сиромашните да ја осознаат љубовта и сожалувањето кое кон нив го имаат нивните богати браќа.

## ЧУВАЊЕТО НА ИМОТОТ НА СИРОМАШНИТЕ

Кога исламот почнал да донесува победи во поголемиот дел на Арабија, Чесниот Пратеник често добивал голема количина на добра и пари, кои веднаш ги делел меѓу оние кои биле сиромашни.

Во една прилика му дошла ќерката Фатима и покажувајќи му ги рацете кои станале суви и грди од мелењето на жито со камен, побарала да и додели слуга за да и ја олесни работата. Претеникот и одговорил:

“Јас ќе ти кажам нешто што има поголема врдност од слуга. Кога ноќе одиш во кревет, треба да изговориш Елхамдулилах (фала му на Бога) тиесет и три пати, и Субханаллах, исто толку пати, и Аллахуакбар триесет и четири пати. Ова повеќе ќе ти помогне одошто поседувањето на слуга.”

(Бухари)

Додека делел пари, во една прилика, еден динар му паднал од рака и се стркалал на страна. Откако завршил со распределбата, отишол во џамија и предводел намаз. Неговата пракса било да остане седејќи кратко време по намазот, во спомнувањето на Бога и потоа на луѓето да им

даде прилика да му пријдат, да му поставуваат прашања и да му изнесуваат барања. Во оваа прилика, откако намазот бил завршен, станал и бргу отишол дома. Го барал динарот кој недостасувал и кога го нашол, се вратил назад и го дал на некој сиромав објаснувајќи му дека динарот му паднал од рака во текот на распределбата на парите и дека тој заборавил, но дека наеднаш се присетил додека го водел намазот и се вознемирил при помислата дека, ако умре пред да го најде динарот и го даде на некоја сиромашна личност, ќе биде одговорен за то пред Бога; од таа причина ја напуштил џамијата, во брзањето да го најде динарот.

(Бухари, Китаб ул-Кушуф)

Во својата грижа во потполност да го сочува имотот на сиромашните и бедните, отишол толку далеку што поставил правило, дека на неговите потомци никогаш не треба да им се дава било каква садака, стравувајќи дека муслиманите од љубовта и преданоста кон него, би можеле неговите потомци со време да ги направат главни приматели на садака и така да ги лишат сиромашните и бедните од делот кој им припаѓа.

Во една прилика некој донел многу урми и ги понудил како садака. Тогаш со Пратеникот седел неговиот внук, имам Хасан, кој тогаш имал само две ипол години. Тој земал една урма и ја ставил во устата. Пратеникот веднаш го ставил прстот во неговата уста ја исфрлил урмата и рекол:

“ Ние немаме право на ова. Меѓу Божјите суштества ова им припаѓа на сиромашните.”

(Бухари, Китаб ул-Кушуф)

# ОДНЕСУВАЊЕТО КОН СЛУГИТЕ

Тој непрестано ги опоменувал оние кои имале слуги, со нив да се однесуваат љубезно и добро. Наредил, ако некој сопственик го удри својот слуга или го навреди, единствен откуп за таквата постапка треба да биде ослободување на слугата. (Муслим, Китаб ул-Иман)

Тој пронашол средства за ослободување и го поттикнувал ослободувањето на слугите на секој начин. Рекол:

“Ако некој го ослободи слугата кој го има, Бог како надоместок ќе го спаси од Огнот, секој дел од неговото тело сразмерно на секој дел од телото на слугата.”

Потоа, инсистирал на тоа дека од робот треба да се бара да ги извршува само оние задачи кои со леснотија може да ги направи и кога ќе добие задача неговиот газда треба да му помогне за робот да не почувствува понижување и срам. (Муслим)

Ако газдата отиде на патување во друштво на роб, неговата должност е да го дели коњот со робот или двајцата наизменично да јаваат.

Абу-Хуреир, кој сето свое време откако станал муслиман, го поминувал во друштво на Пратеникот и кој непрестано ги слушал Пратениковите наредби во поглед на однесувањето со робовите, рекол:

“Го повикувам Бога за сведок, во Чии раце е мојот живот, ако немав прилика да учествувам во џихад и да извршам аџилак, и, ако немав прилика да и служам на мојата стара мајка, јас би сакал да умрам како роб, бидејќи Чесниот

Пратеник непрестано ни зборува кон робовите да постапуваме убаво.”

(Муслим)

Ма‘рур бин Суваид пренесува:

“Го видов Абу-Зар Гаффар (асхаб на Чесниот Пратеник), кој носи облека сосема иста како и неговиот роб. Го прашав зошто тоа го прави и тој ми кажа: Во текот на животот на Чесниот Пратеник јас еднаш прекорував еден човек зошто неговата мајка била робинка. На ова Чесниот Пратеник ме предупреди и рече: Ти си личност која се уште го држиш џахалијатот (предисламските обичаи). Што се робовите? Тие се ваши браќа и извор на вашата моќ. Бог во својата мудрост ви дава привремена моќ над нив. Оној кој има таква власт над својот брат треба да го храни со храна која и самиот тој ја јаде, да го облекува во облека која и самиот тој ја носи и не треба да му дава задачи повеќе одошто тој може да ги направи, и треба лично да му помогне во се она што тој од него бара.”

Во друга прилика Пратеникот рекол:

“Кога вашиот слуга ќе ви подготви јадење и ќе го постави пред вас, треба да побарате од него да седне со вас да јаде или барем да земе дел од тоа во ваше присуство, бидејќи, тој го стекнал тоа право подготвувајќи го јадењето.”

(Муслим)

# ОДНЕСУВАЊЕТО КОН ЖЕНИТЕ

Чесниот Пратеник посебно се грижел за подобрување на статусот на жените во општеството, да им осигура чест, почит и еднаквост. Исламот е првата религија која на жените им дала право на наследство. Кур‘анот одредил, и ќерките заедно со синовите да бидат наследници на имотот кој нивните родители ќе го остават. На ист начин, на мајката и е дадено правото да го наследи имотот од синот или ќерката, како и сопругата да биде наследник на имотот на својот маж. Кога братот станува наследник на имотот на својот покоен брат и сестра, исто така, станува наследник на истиот имот. Ниту една религија пред исламот не ги втемелила толку здраво и цврсто правата на жената во однос на наследството и правото на жената да поседува имот. Во исламот, жената во целост е сопственик на својот имот и мажот нема право да се вплеткува во тоа. Жената може слободно да располага со својот, онака како што таа сака.

Чесниот Пратеник бил толку внимателен во љубезното однесување кон жените, што на оние околу него кои не навикнале на жените да гледаат како на сопруги и партнерки, им било тешко да им се прилагодат на стандардите кои Пратеникот сакал да ги види изградени и одржливи.

Умар пренесува:

“Мојата жена, понекогаш со своите совети, се мешаше во моите работи и јас ја прекорував говорејќи дека Арапите никогаш не им одобрувале на жените да се вплеткуваат во нивните работи.”

Таа ми возврати:

“Тоа е минато. Оди и види како Пратениковите жени го советуваат и тој не ги спречува во тоа. Зошто ти не го следиш неговиот пример?” Мојот одговор беше:

“Што се однесува до Ајша, Пратеникот и е посебно наклонет, а што се однесува до твојата ќерка (Хавза), ако таа тоа го направи, еден ден ќе мора да ги поднесе последиците на своето нетрпение.”

Набргу се случи, Чесниот Пратеник да им се налути на своите жени и да одлучи да помине одреден период одвоено од своите жени. Кога дознав за ова, и реков на жена ми дека се случило токму она од што се плашев. Тогаш отидов во куќата на мојата ќерка Хавза и ја затекнав како плаче. Ја испрашував за тоа што се случило и дали Пратеникот го раскинал бракот со неа.

“Таа кажа: Не знам за развод, но Пратеникот одлучил некое време да не доаѓа дома. Јас и кажав: Често ти зборував да не си даваш слобода онаква каква Ајша ја има со него, а ти изгледа го навлече на себе она од што се плашев.”

Тогаш отидов кај Чесниот Пратеник и го затекнав како лежи на груба простирка. Во тоа време тој на себе немаше облека и на телото му беа останале траги од простирката.

Седнав блиску до него и реков: “О Аллахов Веровесниче! Каисер и Хросреус не ги заслужуваат Божјите благодати, па сепак своите животи удобно ги проведоа, а ти, Неговиот Веровесник, своите денови ги поминуваш во таква неудобност.”

Тој ми одговори: “Тоа не е така. Од Аллаховите веровесници не се очекува да го поминуваат времето во удобност. Таков вид на живот одговара само на световните владетели.”

Тогаш му раскажав за случките помеѓу мене, жената и ќерката.

Кога ме ислуша се насмевна и рече: “Не е вистина дека сум се развел од жените. Само од одредени причини одлучив извесно време да поминам подалеку од нив.”

(Бухари, Китаб ун-Никах)

Тој толку бил внимателен во поглед на чувствата на жените, што во една прилика кога го предводел намазот, го слушнал плачот на детето и брзу го завршил намазот, објаснувајќи како замислувал дека мајката на детето ќе биде потресена и ќе биде во невоља поради плачот на детето, и поради тоа го завршил намазот, за мајката да може да оди кај детето и да внимава на него.

Кога во текот на патувањето и жените биле со него, тој секогаш давал наредба караванот да се движи полека и по полесните делови на патишта.

Во една таква прилика кога мажите сакале да побрзаат, тој рекол: “Водете грижа за стаклото! Водете грижа за стаклото!”

Мислел на тоа дека и жени имало во караванот и дека ќе бидат повредени ако коњите ги потераат во галоп. (Бухари, Китаб ул-Адаб)

Во текот на една битка избила турканица во редовите на војниците, па коњите, камилите и животните станале

несовладиви. Чесниот Пратеник и неколку жени паднале од коњите. Еден од неговите асхаби кој јавал на камила веднаш зад Пратеникот скокнал од камилата и се стрчал кај него.

"Нека јас бидам жртвуван наместо тебе Аллахов Веровесниче." Пратениковото стопало се уште било заглавено во стременот.

Тој набргу го ослободил и му рекол на асхабот: "Остави ме мене и оди помогни им на жените."

Токму пред својата смрт еден од советите кои ги упатил на муслиманите било и тоа, со своите жени тие да се однесуваат љубезно и со почит. Често зборувал дека човекот кој на своите ќерки ќе им осигура образование и ќе се намачи во нивното одгледување, Бог ќе го спаси од казната на Џехеннемот.

(Тирмизи)

Кај Арапите постоела пракса и за најмала грешка жените најстрого да бидат казнувани. Чесниот Пратеник подучувал дека и жените, како и мажите, се Божји суштества и дека не им се робови на мажите, и поради тоа не треба да се тепаат. Кога жените дознале за ова отишле во друга крајност и почнале да им се спротивставуваат на мажите во се, што довело до тоа семејниот мир во многу домови да биде нарушен. Умар му приговарал за ова на Чесниот Пратеник и рекол дека, доколку жените повремено не бидат казнувани, ќе станат непослушни и нема да можат да се држат под контрола. Бидејќи детално, исламското учење за жените се уште не било објавено, Пратеникот рекол дека доколку жената биде виновна за сериозен прекршок може да

биде казнета. Ова, во многу случаи значело дека мажите можат да и се вратаат на старата Арапска пракса. Сега на жените им бил редот за приговор и тие својата тужба ја изнеле пред Пратениковите жени. На тоа Пратеникот ги предупредил мажите и им рекол дека оние кои со жените постапуваат нељубезно никогаш нема да ја заслужат Божјата наклонетост. Набргу после тоа, правата на жените биле втемелин и за прв пат жените слободно дишеле. (Абу-Давуд, Китаб ун-Никах)

Му‘ав Ал-Кушаири пренесува: “Јас го прашав Чесниот Пратеник: ‘Какво право мојата жена има кај мене’?, и тој одговори: ‘Храни ја со она што Аллах ти го дал, облекувај ја со облеката што Бог ти ја дал, и не ја шамарај, ниту псуј и не ја терај од куќата.”

Тој толку бил внимателен со чувствата на жените што секогаш ги предупредувал оние кои требало да одат на пат, брзо да ги завршат своите работи и што по бргу да се вратат дома за нивните жени и деца да не тагуваат поради долгото раздвојување. Кога се враќал дома секогаш доаѓал во текот на денот. Ако ноќта се наближувала тој ќе се улогорел близу градот и се враќал сабајлето. Исто така, на асхабите им рекол изненадно да не се враќаат домна туку секогаш тоа да го најавуваат.

(Бухари, Муслим)

Кога наредувал вакво нешто, тој на ум го имал фактот дека чувствата во голема мера влијаат на односот меѓу половите. Можеби жените често ги занемаруваат своите тела во отсуство на мажот и ако мажот неочекувано се врати

дома, тоа може да им наштети на префинетите чувства на жената и мажот. Давајќи ја наредбата, дека мажите дома треба да се вратат во текот на денот и по најавата на членовите на своето семејство, тој сметал дека членовите на семејството ќе имаат прилика подготвени да го пречекаат оној кој се враќа од пат.

## СТАВОТ КОН МРТВИТЕ

Чесниот Пратеник секогаш опоменувал, секој треба да направи тестамент после неговата смрт, за ближните да немаат потешкотии.

Наредил дека никој не смее да зборува лошо за починатата личност, туку секогаш да се истакнуваат добрите особини на починатиот, бидејќи, никој никаква корист нема од спомнувањето на слабостите или пороците на умрениот, туку со истакнување на неговите доблести луѓето ќе се наклонети да учат дови за него. (Бухари)

Тој внимавал долгот на умрениот да биде исплатен пред да биде погребан. Многу често самиот ги исплатувал долговите на умрениот, но ако не бил во состојба ги советувал наследниците и роднините на умрениот, или други луѓе, да ги исполнат неговите парични обврски, или пак, не клањал џеназа над умрениот се додека долгот не бил исплатен.

# ОДНЕСУВАЊЕТО КОН СОСЕДИТЕ

Кон соседите секогаш се однесувал крајно љубезно и внимателно. Зборувал дека мелекот Џебраил постојано му наредувал добро да се однесува кон соседите, што понекогаш си помислувал дека соседот ќе може да биде меѓу законските наследници.

Абу-Зарр пренесува дека Чесниот Пратеник му рекол:

“Абу-Зарр, додека манџата се вари за твоето семејство, стави малку повеќе вода и твојот сосед да има дел од тоа.”

Ова не значи дека соседот не треба да биде повикан да учествува и во другите нешта. Бидејќи Арапите повеќето биле номадски луѓе и нивното нај омилено јадење било манџа, Чесниот Пратеник го спомнал ова јадење како карактеристично и подучувал дека не треба премнугу да се размислува за вкусот на јадењето туку дека треба да се мисли и на комшијата.

Абу-Хуреира пренесува:

Во една прилика Чесниот Пратеник возвикна: “Се колнам во Бога дека тој не е верник! Се колнам во Бога дека тој не е верник!”

Асхабите го прашале:

Кој не е верник, о Аллахов Веровесниче?, а тој одговорил: “Оној чии комшии не се сигурни од злото или од неговото лошо однесување.”

Исто така, и на жените им советувал да внимаваат на своите комшии. Во една прилика кога им се обраќал на жените рекол:

“Ако некој најде само нога од коза и ја свари, тоа треба да го подели со своите комшии.”

Тој од луѓето барал да не им забрануваат на комшиите своите шајки да ги заковат во нивните ѕидови или да имаат било каква друга потреба која не предизвикува нелагодност.

Абу-Хуреира пренесува:

“Пратеникот рекол: Оној кој верува во Аллах и во Судниот ден не смее да предизвикува никаква нелагодност на својот сосед; оној кој верува во Аллах и во Судниот ден не смее да предизвикува никаква нелагодност на својот гостин, и оној кој верува во Аллах и во Судниот ден треба да зборува убави зборови или да молчи.”

(Муслим)

## ОДНЕСУВАЊЕТО КОН РОДНИНИТЕ

Повеќето луѓе, кога ќе се оженат и се вдомат, повеќе водат грижа за жената и децата, а ги занемаруваат своите родители. Поради тоа, Чесниот Пратеник, за да ја отклони оваа грешка, често ги истакнувал заслугите на своите родители, и нашата должност кон нив да се однесуваме внимателно и љубезно.

Абу-Хуреира пренесува:

“Еден човек дошол кај Пратеникот и го прашал да му каже кон кого треба најубаво да постапува. Пратеникот одговорил: ‘Кон твојата мајка’. Човекот прашал: ‘А покрај неа’? Пратеникот одговорил: ‘Повторно кон твојата мајка’. Човекот прашал по трет пат: ‘А по мојата мајка’? А Пратеникот повторно одговорил: ‘Твојата мајка’. Кога

човекот го прашал и по четврти пат, тој рекол: ‘По неа кон твојот татко и по него кон најблиските роднини, а по нив кон делчните роднини.”

Пратениковите родители и дедовци и баби починале додека тој се уште бил дете. Родителите на некои негови жени биле живи и тој секогаш кон нив се однесувал внимателно и ги услужувал.

При освојувањето на Мека, кога Чесниот Пратеник во градот влегол како победнички генерал, Абу-Бакр го довел својот татко да се сретне со него. Тој на Абу-бакр му рекол:

“Зошто го вознемири твојот татко да дојде кај мене? Јас со задоволство самиот ќе одев кај него.”

(Халбијја, том 3, стр. 99)

Еден од неговите говори бил:

“Несреќен е човек чии родители ќе ја достигнат староста, а тој пропушти прилика дури и тогаш да го заработи Џеннетот.”

Служењето на своите стари родители ја привлекува Божјата милост, и поради тоа на личноста на која ќе и се пружи прилика да ги служи своите стари родители и оној кој во целост ќе ја искористи ова прилика, потврдува дека е на вистински пат и дека е примател на Божјата милост.

Еднаш некој човек му се жалел на Чесниот Пратеник, како неговите роднини се повеќе се непријателски расположени колку што тој се повеќе покажува добрина кон нив, и колку тој се повеќе покажува љубезност кон нив тие се повеќе му се лутат.

Пратеникот рекол:

“Ако тоа што го зборуваш е вистина, ти си среќен човек, бидејќи секогаш ќе бидеш примател на Божјата потпора.”

(Муслим, Китаб ул-Бирр Василах)

Во една прилика, кога Чесниот Пратеник ги советувал луѓето да даваат садака, му дошол еден од неговите асхаби Абу-Талих Ансар и му го понудил овоштарникот за садака. Пратеникот бил многу задоволен и возвикнал:
“Колку убава садака! Колку убава садака! Колку убава садака! И додал: Ти веке даде во вакуф  овоштарник за садака, а јас  сакам  ти тоа сега да го поделиш помеѓу своите сиромашни роднини.”

(Бухари, Китаб ут-Тафсир)

Еден човек во некоја прилика му пришол и рекол:

“О Аллахов Веровесниче! Јас сум подготвен да дадам завет за хиџрат и подготвен сум да дадам завет дека ќе учествувам во џихад, бидејќи сум подготвен да го заработам Божјото задоволство.”

Чесниот Пратеник го прашал дали неговите родители се живи и човекот му кажал дека се живи. Тогаш му рекол:

“Дали ти навистина сакаш Бог да биде задоволен со тебе? И на потврдниот одговор Пратеникот рекол: Врати им се на родителите и служи ги добро.”

Тој истакнувал, дека и роднините кои не се муслимани имаат еднакво право кон нив да се однесуваат љубезно и внимателно како и со роднините кои се муслимани.

Една од жените на Абу-Бакр која не била муслиманка ја посетила својата ќерка Асма која го прашала Чесниот Пратеник дали може да ја служи и да и дава подароци, на што Чесниот Пратеник одговорил: “Сигурно, бидејќи таа ти е мајка.” (Бухари, Китаб ул-Адаб)

Тој со голема почит се однесувал, не само кон своите блиски роднини, туку и кон подалечните роднини и нивните пријатели. Кога и да заклал некое животно, секогаш испраќал по парче на пријателките на Хатиџа (неговата починатa жена) и секогаш им зборувал на своите жени да не ги заборавaат во вакви прилики. Многу години по смртта на Хатиџа, кога седел со некој од своите асхаби, сестрата на Хатиџа, Халах, дошла да го види и побарала дозвола да влезе. Нејзиниот глас во ушите на Пратеникот звучел како гласот на Хатиџа и кога го слушнал рекол:

“О Господару! Ова е Халах, сестра на Хатиџа.”

Навистина, вистинската љубов секогаш се покажува во наклонетоста и вниманието кон сите оние кои на некој начин се поврзани со личноста што се сака или високо почитува.

Анас бин Малик пренесува како во текот на патувањето се нашол во друштво на Џарир бин Абдуллах и забележил дека овој се посветил на тоа да го чува, како што слугата го чува својот газда. Бидејќи Џарир бин Абдуллах бил постар од Анас, овој бил засрамен и ја изразил својата нелагодност и рекол дека Џарир тоа не треба да го прави. Џарир одговорил:

“Јас гледав како ансарите предано го служеа Чесниот Пратеник и, бидејќи сум импресиониран од нивната

преданост и љубов кон Чесниот Пратеник, си ветив, дека ако некогаш се случи да бидам во друштво на некој ансар, ќе го служам како слуга. Поради тоа јас сега ја извршувам својата решителност и не ме запирај во тоа.”

(Муслим)

Оваа случка потврдува дека љубовта кон некоја личност која некој ја сака се пренесува и на оние кои таа ги сака. На ист начин, оние кои навистина ги почитуваат своите родители, секогаш се попустливи и внимателни кон оние кои биле поврзани со нивните родители низ врските на љубов или однос.

Во една прилика Чесниот Пратеник нагласил дека највисока доблест за човекот е да ги почитува пријателите на својот татко. Меѓу личностите на кои им се обраќал бил и Абдуллах бин Умар. После многу години, додека одел на аџилак, се сретнал со некој бедуин, му го предал својот коњ и му го подарил својот турбан. Еден од неговите пријатели видел дека тој бил претерано великодушен, бидејќи бедуинот ќе бил задоволен и со помала работа. Абдуллах бин Умар рекол:

“Овој човек беше пријател на татко ми и јас слушнав од Чесниот Пратеник како вели дека човековата највисока доблест е да ги почитува пријателите на својот татко.”

## ГРИЖА ЗА ДОБРОТО ДРУШТВО

Тој секогаш сакал да се држи до друштво на честити и ако забележал било каква слабост кај некој од своите асхаби, тој благо и дискретно би го предупредил.
Абу-Муса Аша‘р пренесува:

“Чесниот Пратеник ги навел примерите на добрите пријатели и доброто друштво и на лошите пријатели и на лошото друштво и рекол: Човекот кој се држи до друштвото на честити луѓе е како личност која со себе носи мирис. Ако земе од тоа, извлекува корист; ако го продаде, остварува заработка од тоа, и ако само го чува, ужива во неговиот мирис. Човекот кој се држи до друштво со лоши личности е како оној кој дува во печка со дрвен јаглен; се што може да се очекува е да излета искра на неговата облека и сите да ги запали или гасот што дрвениот јаглен го испушта да го помати неговиот разум.”

Тој зборувал дека човековиот карактер ги поприма особините на друштвото до кое се држи и поради тоа треба да водиме сметка времето да го поминуваме во друштво на добрите. (Бухари, Муслим)

## ГРИЖА ЗА ВЕРАТА НА ЛУЃЕТО

Чесниот Пратеник водел грижа да се заштити од морално опаѓање.

Во една прилика неговата жена Сафија дошла да го види во џамијата. Кога дошло време да се врати дома, се стемнило и Пратеникот одлучил да ја испрати до нејзината

куќа. На патот поминал покрај двајца луѓе и сакајќи да избегне било каков сомнеж тој ги сопрел и кревајќи го велот од нејзиното лице рекол:

„Погледнете, ова е Сафија, мојата жена."

"Тие рекле: О Аллахов Веровесниче, зошто воопшто си помислил дека имавме било какво погрешно разбирање за тебе?"

"Пратеникот одговорил: Шејтанот (т.е. зли мисли) често чепка во човечката крв. Јас се исплашив тоа да не влијае на вашата вера."

(Бухари, Абваб ул-и'тикаф)

## КРИЕЊЕТО НА МАНИТЕ НА ДРУГИТЕ ЛУЃЕ

Тој никогаш не сакал да се ширaт гласини за пропусти и недостатоци на другите, и ги советувал луѓето своите пропусти да не ги изнесуваат во јавноста. Тој зборувал:

"Ако некој ги прикрие туѓите гревови Бог ќе ги прикрие неговите на Судниот ден."

И: "Секој од моите следбеници може да ги избегне последиците од своите грешки (т.е., со вистинско покајување и поправање) освен оние кои самите ги огласуваат своите престапи."

Тој вака тоа го објаснил: "Човекот, гревот го прави ноќе и Бог тоа го прикрива; наутро тој ги среќава пријателите и се фали пред нив; Јас минатата ноќ го направив ова, јас минатата ноќ го направив ова; и така самиот го разоткрива она што Бог го прикрил."

(Бухари и Муслим)

Одредени луѓе неразборито размислуваат дека откривањето на гревовите им помага да се покајат; вистина е само дека тоа понатаму ја поттикнува бесрамноста. Гревот е зло, и кој се лизне во тоа и стане жртва на срамот и грижата на совеста, има прилика низ покајание да се искачи назад на патот на чистотата и богобојазноста. Неговиот пример е пример на личност која била заведена од злото, но е гонета од богобојазноста и штом ќе се укаже прилика, злото бива надвладеано и грешникот се искачува назад кон добродетелта. Тие пак, што ги разгласуваат своите гревови и се гордеат со тоа го губат секое чувство за добро и зло и стануваат неспособни за покајание.

Во една прилика кај Чесниот Пратеник дошол некој човек и рекол: “Јас сум виновен за блуд.”

(Ова, според исламскиот закон се казнува, кога со соодветни докази се утврди дека е точно).

Чесниот Пратеник го слушнал човековото признание но се свртел и се занимавал со нешто друго. Мислел да му каже дека во таков случај соодветен лек е покајанието, а не јавното признавање. Но, човекот ова не го разбрал и мислејќи дека Чесниот Пратеник не го слушнал, застанал пред него и го повторил истото. Чесниот Пратеник повторно се свртел, но човекот уште еднаш застанал пред него и повторно признал. Кога ова го направил и по четврти пат, Пратеникот рекол:

“Би сакал овој човек да не го прогласеше својот грев додека Бог не ја покаже Својата волја што се однесува до него, но бидејќи тој четири пати го повтори истото, јас сум приморан да преземам мерки.”

(Тирмизи)

Тогаш додал: "Овој човек самиот призна а не беше обвинет од жената за која зборува. Треба да се праша и жената, и ако таа ја отфрли вината, ништо не и кажувајте и само овој човек треба да биде казнет во склад со признанието, но ако и таа признае и таа исто така треба да биде казнета."

Чесниот Пратеник практикувал да го следи законот на Тевратот за нештата за кои во учењето на Кур'анот се уште не било објаснето и, бидејќи Тевратот пропишува дека блудникот треба да биде каменуван до смрт, тој за тој човек прогласил казна која била соодветна. Кога казната требало да се спроведе човекот се обидел да избега, но луѓето го стасале и казната била извршена. Кога Пратеникот дознал за ова ја осудил постапката. Рекол дека човекот бил казнет според сопственото признание. Неговиот обид да избега било всушност отповик на признанието и поради тоа не требало да се подвргне на казна која му била изречена само на сметка на неговото признание.

Пратеникот наредил Шеријатот да се однесува само на очигледни постапки.

Во текот на војната еден немуслиман непрестано седел во заседа на осамени места, и секогаш кога би наишол на осамен муслиман, тој го напаѓал и го убивал. Во една прилика група на муслимани се нашла наспроти него. Во таа прилика Усама бин Зид го гонел и откако го стасал извлекол сабја да го убие. Кога човекот увидел дека нема излез и дека не може да избега го повторил првиот дел од муслиманското

толкување на верата ‘Ла илахе илаллах’ (Нема друг Бог освен Аллах), и со тоа покажал дека го примил исламот. Усама на ова не обрнал внимание и го убил. Кога оваа случка од воените случувања му била пренесена на Чесниот Пратеник тој пратил по Усама и го испрашувал. Откако тој го потврдил изнесеното од оваа случка, Пратеникот рекол:

“Што ќе биде со тебе на Судниот ден кога неговото ‘Ла илахе илаллах’ (Нема друг Бог освен Аллах), ќе сведочи против тебе.”

Усама одговорил: “О Аллахов Веровесниче, тој човек беше убиец на муслиманите и неговото прогласување на верата беше само поради стравот од смртта.”

Но, Пратеникот продолжил да повторува: “Што ќе биде со тебе на Судниот ден кога неговото ‘Ла илахе илаллах’ (Нема друг Бог освен Аллах) ќе сведочи против тебе.”

Со тоа сакал да каже дека Бог ќе бара одговорност од Усама за смртта на овој човек, бидејќи, иако бил виновен за убиство на муслимани, неговото сведочење ‘Ла илахе илаллах’ (Нема друг Бог освен Аллах) било доказ дека се покајал за своите недела.

Потоа Чесниот Пратеник рекол:

*“Зошто не му го отвори срцето да видиш дали зборува вистина или не?, и тогаш продолжил да зборува: ‘Како ти ќе одговориш на Судниот ден кога неговото* ‘Ла илахе илаллах’ (Нема друг Бог освен Аллах) *ќе сведочи против тебе’? Усама рекол: ‘Кога го слушнав Пратеникот како ова го повторува неколку пати, сакав јас да бев тој*

*што тој ден ќе го примеше исламот и да не бев виновен за она што беше обвинение против мене'."*

(Муслим, Китаб ул-Иман)

Чесниот Пратеник секогаш бил подготвен на луѓето да им ги опрости нивните пропусти и престапи. Постоела една жена која зависела од финансиската помош на Абу-Бакр. Ајша, Пратениковата жена, била ќерка на Абу-Бакр. Жената која примала милостина од Абу-Бакр ја наклеветила Ајша. Кога лагата за обвинението против Ајша била јасно утврдена, Абу-Бакр престанал да и дава помош на жената. Што, некој друг ќе направеше во аква ситуација? Можеби ќе ја убиеше. Но, Абу-Бакр одлучил само да не и дава помош. Кога Пратеникот дознал што направил Абу-Бакр, разговарал со него и истакнал дека на личноста како што е Абу-Бакр не и приличи некого да го лиши од материјални средства, колкав и да бил неговиот грев. (Бухари, Китаб ут-Тафсир)

## ТРПЕНИЕТО ВО НЕСРЕЌА

Чесниот Пратеник зборувал:

"За верникот на овој свет животот е само добро: бидејќи ако успее, тој му е благодарен на Бога и станува примател на поголеми наклонетости од Него. Од друга страна, ако поднесува болка или несреќа, тој тоа го поднесува со трпение и така повторно себе се прави заслужен за Божјите благодати."

Кога му се приближила смртта, тој и дал одушка на својата болка, а неговата ќерка Фатима возвикнала дека не може да поднесе да го гледа во таква состојба. На тоа тој кажал:

“Имај трпение! Твојот татко веќе нема да има никаква болка по овој ден, мислејќи дека сите тешкотии се ограничени на овој свет и дека тој ден тој ќе отиде кон својот Господар и ќе нема никакви болки и тешкотиии.”

Во времето кога епидемијата ќе земала замав, тој сакал луѓето да не одат од погоденото место во друго, бидејќи на тој начин болеста се ширела и на друго подрачје. Зборувал дека во времето на епидемија луѓето треба да останат во својата населба и да се воздржат од пренесувањето на заразата во подрачјата кои не се погодени и ако некој умре од заразата ќе биде сметан за Шехид. (Бухари, Китаб ат-Тибб)

## МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Тој подучувал дека една од најдобрите исламски одлики е не мешањето на човекот во нештата кои не се негова работа и тоа дека човекот не треба да оди наоколу и да ги критикува другите. Кога овој принцип воопшто би се прифатил и би се спроведувал, тоа би било доволно за сигурноста на мирот и редот во светот. Огромен дел од проблемите се случувале поради желбата на луѓето несоодветно и прекумерно да се мешаат во туѓите работи, и поради немањето желба за соработка и не давањето на помош кога таа е потребна.

Чесниот Пратеник секогаш ги советувал своите следбеници взаемно да се помагаат. Поставил правило – доколку некој биде повикан да плати одреден износ на пари поради казна а не е во состојба да понуди цел износ, неговите соседи и сограѓани или членовите на племето треба да го надокнадат овој износ со собирање на прилози. Понекогаш луѓето доаѓале и се сместувале близу до Пратеникот посветувајќи го своето време на служење на исламот на најразлични начини. Секогаш ги советувал нивните роднини да ја преземат одговорноста и да ги осигураат нивните скромни барања.

Пренесено е од Анас, дека во текот на животот на Чесниот Пратеник двајца браќа го примиле исламот и дека еден од нив престојувал кај Чесниот Пратеник, додека другиот продолжил со својата нормална работа. Овој другиот, по некое време, му приговорил на Чесниот Пратеник дека неговиот брат залудно го троши врмето. Чесниот Пратеник му одговорил:

“Не зборувај така. Бог те заштитува и тебе преку твојот брат и поради тоа треба да му служиш и да го оставиш да ја служи верата.”

(Тирмизи)

Во текот на едно патување, кога Пратениковата дружина стасала на местото на логорување, неговите асхаби меѓу себе си ги распределиле должностите и со ништо не го обврзале Чесниот Пратеник. Чесниот Пратеник им рекол:

“Вие мене не ми доделивте задача. Отидов јас да соберам дрва за готвење.”

Неговите асхаби одговориле: “О Аллахов Веровесниче, зошто ти да се занимаваш на тој начин кога сите ние сме тука да направиме се што треба?”

Тој пак им одговорил: “Не, не. Мојата должност е да имам свој удел во се што треба да биде направено“, и од шумата собрал дрва за готвењето на храната. (Зуркани, том 4, стр. 306)

## ВИСТИНОЉУБИВОСТ

Како што е пренесено, Чесниот Пратеник бил строг во своите стандарди на вистинољубивоста и меѓу своите луѓе бил познат како ‘Верен’ и ‘Вистинољубив’. Тој еднакво водел грижа муслиманите да ги прифатат истите стандарди на вистинољубивоста која можеле да ја видат кај него. Вистината ја сметал за основа на сите добродетели, основа на доброто и правилно однесување. Подучувал дека вистинољубива личност е онаа која толку е потврдена во вистината што од Бога е вбројана како вистинита.

Во една прилика на Чесниот Пратеник му довеле некој затвореник кој бил виновен за убиство на многу муслимани. Умар, кој исто така бил присутен, верувал дека овој човек потполно ја заслужува смртната казна и непрестано гледал во Чесниот Пратеник, очекувајќи тој во секој момент да даде знак да го убијат човекот. Кога човекот заминал, Умар понизно дал примедба дека овој човек требало да биде убиен бидејќи само тоа била соодветната казна.

Пратеникот му одговорил: “Ако е така зошто ти не го уби?”

Умар одговорил: “О Аллахов Веровесниче, ако ти само дадеше знак дури и со трепнување на очниот капак, јас тоа ќе го направев.”

На ова пратеникот одвратил: “Пратеникот не мами. Како со окото можам да укажам на смртна казна за човекот со кого мојот јазик мирољубиво зборува?”

(Хишам, том 2. стр. 217)

Еднаш некој човек дошол кај Чесниот Пратеник и рекол:

“О Аллахов Веровесниче! Јас болувам од три зла: лажењето, опивањето и блудот. Се трудев колку што можев за да се ослободам од нив но не успеав. Дали би бил волен да ми кажеш што да правам?” Пратеникот му одговорил: “Ако ми ветиш дека ќе го оставиш едното од нив, јас ти ветувам дека ќе бидеш ослободен од сите три.”

Човекот ветил и побарал од Пратеникот да му каже кое од трите зла да го остави.

Пратеникот му рекол: “Остави ја лагата.”

По некое време човекот се вратил и му рекол на Чесниот Пратеник дека благодарејќи на неговиот совет сега од сите трите зла се ослободил.

Пратеникот го прашал за деталите на неговата борба и човекот рекол: “Еден ден посакав да пијам и само што не го направив тоа кога се сетив на своето ветување кое тебе ти го дадов и сфатив да ако само еден од пријателите ме праша дали пиев алкохол, ќе морам да признаам бидејќи повеќе не смеам да лажам. Ова ќе значеше дека ќе го нарушам угледот

кај пријателите и тие ќе ме избегнуваат. Размислувајќи така, се уверив себе си дека пиењето треба да го одложам за некоја друга прилика и бев во состојба да му одолеам на искушението во тоа време. На ист начин, кога видов дека сум склон на блудот, се уверив себе си дека, доколку го направам тој грев ќе ја изгубам почитта на своите пријатели, бидејќи ќе морам, ако ме прашаат да изречам лага и така повторнао ќе го изневерам моето ветување на тебе или ќе морам да го признаам гревот. На овој начин продолжив да се борам помеѓу својата решителност да го исполнам ветувањето и желбата да им се препуштам на пиењето и блудот. Кога помина извесно време, почнав да го губам интересот за овие гревови и решителноста да се држам подалеку од лагата ме ослободи од сите гревови.”

## ЉУБОПИТНОСТА

Чесниот Пратеник секогаш ги советувал луѓето да не бидат љубопитни и да мислат добро едни за други.

Абу-Хуреира пренесува:

Пратеникот кажа: “Спасете се себе си од лошото мислење за другите бидејќи тоа е најголема лага, и не бидете љубопитни и не употребувајте прекари за луѓето, и не чувствувајте ништо лошо за другите; нека секој од вас себе се смета за Божји роб и другите нека ги третира како браќа, како што Бог наредил.”

Исто така, кажал: “Запомнете дека секој муслиман му е брат на другиот муслиман. Ниту еден муслиман не треба да му прави неправда на другиот или да го напушти другиот во

несреќа, или со презир да го гледа другиот поради имотот, или помалата ученост, или било кое друго нешто. Богобојазноста потекнува од срцето и срцето на човекот нема да биде чисто ако тој на братот гледа со понижување. За секој муслиман нападот на животот, честа и имотот на другиот муслиман е забранет. Бог не ги гледа вашите тела, ниту вашиот изглед, ниту вашите надворешни однесувања, туку гледа во вашите срца.”

(Муслим, Китаб ул-Бирр Василах)

## ОСУДУВАЊЕ НА ИЗМАМАТА

Тој водел грижа муслиманите да не се впуштаат во било какви врски на измама во своите работи.

Поминувајќи низ пазар во една прилика, забележал куп жито кое било ставено на јавна распродажба. Тој ја ставил раката во житото и забележал дека житото внатре било влажно иако надворешниот слој бил сув. Го прашал сопственикот за причината. Човекот објаснил дека изненадно паднал дожд и го навлажил житото. Пратеникот му рекол дека во тој случај влажниот слој треба да се отстрани за потенцијалниот купувач да може да ја оцени неговата вистинска состојба.

И, исто така, рекол: “Оној кој ги измамува луѓето никогаш нема да стане користен дел на општеството.”

(Муслим)

Инсистирал трговијата и прометот да бидат потполно ослободени од секаков сомнеж за измама. Ги предупредувал

купувачите секогаш да ја испитаат стоката и предметите кои им се понудени за купување и забранувал отворени преговори за продажба додека преговорите со другата страна се во тек. Исто така, забранувал складирање на стока и нејзино не изнесување на пазар во очекување на пораст на цената и сметал дека пазарот треба редовно да биде снабден.

## ПЕСИМИЗМОТ

Чесниот Пратеник бил противник на песимизмот. Зборувал дека оној кој е виновен за ширењето на песимизам меѓу луѓето е одговорен и за пропаст на својот народ, бидејќи песимистичките идеи имаат намера да ги обесхрабруваат луѓето и да го успоруваат напредокот. (Муслим, дел II стр. 2)

Тој го предупредил својот народ да се чува од гордоста и фалењето, од една страна, и од песимизмот, од друга страна. Ги предупредувал да одат по средниот пат, помеѓу овие две крајности. Муслиманите треба да работат грижливо во уверувањето дека Бог ќе ги благослови нивните напори со најдобар резултат. Секој треба да се бори и да оди напред и треба да настојува да го унапредува општеството и напредокот на заедницата, но треба да се ослободи од секаков вид на горделивост и фалење.

# ЉУБОВТА КОН ЖИВОТНИТЕ

Тој ги предупредувал луѓето да не бидат сурови кон животните и наредил љубезен однос кон нив. Го наведувал примерот на една жена Еврејка, која Бог ја казнил бидејќи мачката ја изгладнувала до смрт. Исто така, ја раскажувал приказната за жена која видела пес исцрпен од жедта, и тоа близу до длабок бунар. Ја симнала обувката, ја спуштила во бунарот и извлекла малку вода и ја дала на жедниот пес. Со ова заработила добар дел на Божјиот опрост за сите минати гревови.

Абдуллах бин Мас‘уд пренесува: “Додека со Чесниот Пратеник бевме на пат видовме два млади гулаби во гнездо и ги фативме. Тие беа се уште многу малечки. Кога нивната мајка се врати во гнездото и не ги затекна младите во него, почна диво да лета околу нас. Кога Чесниот Пратеник стаса на тоа место, ја забележа гулабицата и рече: ‘Ако некој од вас ги фатил нејзините млади веднаш нека ги ослободи за да ја утеши гулабицата’.”

(Абу-Давуд)

Абдуллах бин Мас‘уд, исто така, пренесува дека во една прилика забележале мравјалник и на него ставиле слама која ја запалиле; поради таквата постапка Чесниот Пратеник ги прекорил. Во една прилика, Пратеникот забележал дека некое магаре било жигосано на лицето. Прашал за причината и му било кажано дека Римјаните ја имале оваа пракса со цел на препознавање на квалитетниот вид на животното. Пратеникот рекол дека животното не треба да биде жигосано на лицето, бидејќи лицето е чувствителен дел од телото, и

ако тоа треба да се направи, тогаш животното треба да се жигоса по страните. (Абу-Давуд и Тирмизи)

Оттогаш муслиманите своите животни ги обележуваат на бедрата и подоцна и Европјаните ќе ја преземат оваа пракса.

## ТОЛЕРАНТНОСТА ВО РЕЛИГИСКИТЕ РАБОТИ

Чесниот Пратеник, не само што ја истакнувал толеранцијата во религиските работи, туку покажувал и високи стандарди во тоа. Еднаш пратениците од христијанското племе Наџран го посетиле Пратеникот во Медина за да разменат мислењета за религиските теми. Пратеништвото вклучувало и неколку црквени достоинственици. Разговорот се одвивал во џамијата и се оддолижил на неколку часа. Во еден момент водачот на пратениците побарал дозвола да излезе од џамијата за да ја одржи својата верска служба на некое посоодветно место. Чесниот Пратеник рекол дека нема потреба да одат надвор од џамијата, која и самата била посветена за обожување на Бога, и дека службата можат да ја одржат во неа. (Зуркани)

## ХРАБРОСТ

Неколку примери на неговата храброст и одважност ви се изложени во биографскиот дел на книгата. Тука е доволно да наведеме само еден пример. Едно време во Медина се рашириле гласини дека Римјаните подготвуваат

огромна војска за напад на Медина. Во тој период муслиманите ноќе секогаш биле внимателни. Една ноќ од пустината се слушнале гласови. Муслиманите бргу излегле од своите куќи а некои од нив се собрале во џамијата и чекале да се појави Чесниот Пратеник и да им издаде наредби да се соочат со непредвидените околности. Малку подоцна го виделе Чесниот Пратеник како на коњ доаѓа од местото од кај што ги слушнале гласовите. Тогаш откриле дека Чесниот Пратеник на првиот звук на узбуната го јавнал коњот и отишол до местото од каде што допирал звукот за да види дали им прети било каква опасност а не почекал да се соберат луѓето и тоа да го направи заедно со нив. Кога се вратил, ги уверил своите пријатели дека немало причина за узбуна и дека можат да се вратат дома на спиење. (Бухари, поглавје за Шуџа‘ат фи‘л Харџ)

## ЉУБЕЗНОСТА КОН НЕУКИТЕ

Чесниот Пратеник исклучително бил внимателен кон оние кои поради недоволното културно воспитание не знаеле како да се однесуваат. Во една прилика жител на пустината кој неодамна го примил исламот седел во друштво на Чесниот Пратеник во џамијата и во еден момент станал и отишол неколку метри подалеку во аголот на џамијата за да изврши мала нужда. Некои од Пратениковите асхаби станале да го запрат во тоа. Пратеникот ги запрел истакнувајќи дека, било каква расправа со тој човек во него ќе предизвика нелагодност и можеби ќе му нанесе повреда. Им рекол на

асхабите да го остават на мир и подоцна да го исчистат местото.

## ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАВЕТОТ

Чесниот Пратеник бил доста точен во поглед на исполнувањето на заветот. Во една прилика му дошол пратеник кој донел некоја посебна порака и откако останал неколку дена со Пратеникот бил уверен во вистинитоста на исламот и предложил да го прогласи своето пристапување во исламот. Пратеникот му рекол дека тоа нема да биде прикладно бидејќи тој е тука во својство на пратеник и негова задача е да се врати во седиштето на своја влада без нова заклетва на верност. Откако ќе се врати дома, ако се уште биде уверен во вистината за исламот, може да се врати како слободен поединец и да го прогласи своето прифаќање на исламот. (Абу-Давуд, поглавје за Вафа би‘л Ахд)

## ПОЧИТ КОН ОНИЕ КОИ МУ СЛУЖААТ НА ЧОВЕЧАНСТВОТО

Чесниот Пратеник посебно внимавал на оние луѓе кои му служеле на човечштвото. Едно арапско племе, Бану-Таи, се борело со Пратеникот и некои од нив биле заробени. Меѓу нив била и ќерката на Хатим Та‘и, познат доброчинител меѓу Арапите. Кога таа пред Чесниот Пратеник рекла дека е ќерка на Хатим, тој со неа се однесувал со големо внимание и

почит, и поради нејзината молба му опростил на целиот нејзин народ. (Халбијја, том 3, стр. 227)

Карактерот на Чесниот Пратеник бил толку сестран што не е можно се да се собере во неколку станички.

## ЖИВОТОТ НА ПРАТЕНИКОТ Е ОТВОРЕНА КНИГА

Животот на Чесниот Основач на исламот е како отворена книга. На било кој дел човек да се осврне, тој наоѓа интересни детали. Животот на било кој друг учител или пратеник не е толку добро забележан и толку достапен за проучување како животот на Чесниот Пратеник. Навистина, ова изобилие на сочуван материјал на злобните критичари им дало прилика за клевета. Но, вистина е дека, кога овие критики се испитаат и се отфрлат, верата и преданоста не можат да бидат всадени во ничиј друг живот. Сомнителните животи можат да ја избегнат критиката, но тие не успеваат да го всадат уверувањето и верата кај своите следбеници. За некои разочарувања и тешкотии е одредено да продолжат. Но, живот толку богат и забележан во детали, како Пратениковиот, вдахнува со размислување и верување. Кога критиката и лажните толкување ќе се тргнат, за таквиот живот е предодредено само да ни се омили - потполно и за секогаш.

Очигледно е, меѓутоа, дека приказната за животот која е толку отворена и толку богата не може дури ниту накратко да се раскаже. Можно е само да се даде нејзин летимичен приказ. Но, дури и летимичен приказ е вреден за работа. Религиската книга, како ние велиме, ретко на кој

може да му се допадне доколку покрај нејзиното проучување нема и приложено знаење на нејзиниот Учител. Оваа точка ја пропуштиле многу религии. Хинду религијата, на пример, ги чува Ведите, но за Ришиси кои од Бога ги примиле Ведите, не е во состојба за нив било што да ни раскаже. Потребата да ја дополниме пораката со раскажувањето за нејзиниот веровесник, изгледа не им оставила впечаток на хинду поборниците, евретските и христијанските зналци, кои од друга страна не се плашат јавно да ги прекорат своите сопствени пратеници. Тие заборавaат дека објавата која не успеела да го поправи и воспита својот примател не може на другите да им биде од голема корист. Ако примателот е тврдокорен, се поставува прашањето, зошто Бог го одбрал? Дали Он морал така да направи? Ниту една претпоставка не е разумна. Да се мисли како објавата не успева да ги поправи примателите толку е неразумно колку и мислењето дека Бог нема избор освен да избере неспособни приматели за некои од своите објави. Сепак, овие идеи го нашле својот пат во разни религии. Можно е, тоа да се случило поради оддалеченоста која сега ги дели од нивните основачи или поради тоа што човечкиот интелект, до појавата на исламот, не бил во состојба да ги разбере грешките на овие идеи. Во исламот рано било разбрано колку е важно и вредно заедно да се чуваат и книгата и нејзиниот Учител. Една од Пратениковите чесни сопруги била Ајша. Таа имала тринаесет или четринаесет години кога се омажила со него. Кога Пратеникот починал, таа имала дваесет и две години. Била млада и неписмена. Но, сепак знаела дека учењето не може да биде одвоено од Учителот. Кога ја прашале да го

опише карактерот на Пратеникот, таа веднаш одговорила дека неговиот карактер бил Кур‘анот (Абу-Давуд). Она што тој правел, било она што Кур‘анот го подучувал; она што Кур‘анот подучувал, не било ништо друго туку она што тој правел. Тоа придонесува на славата на Пратеникот, што младата и неписмена жена ја разбрала вистината која им избегала на хиндуистичките, еврејските и христијанските зналци.

Ајша ја изнела големата и важна вистина во јасна реченица: Не е можно вистинит и искрен Учител да подучува едно нешто, а да практикува друго, или да практикува едно нешто а да подучува друго. Пратеникот бил вистинит и искрен Учител. Очигледно, токму тоа Ајша сакала да каже. Тој го практикувал она што проповедал и го проповедал она што практикувал. Тој да се запознае, значи, да се запознае Кур‘анот и да се запознае Кур‘анот, значи, да се запознае тој.

Ова е популарно издание за извонредниот приказ за животот на Пратеникот на исламот опишан како највлијателниот човек во историјата на светот. Како сирак е повикан на пратеништвото, прогонуван од соседите, истеран од својот дом по цена проценета за неговата глава. Брзо основа силна заедница на верници подготвени да го дадат својот живот за неговото учење и конечно се враќа како победник само за да им прости на своите мачители. Оваа биографија не само што ги признава главните случувања и пресвртници во животот на Мухаммед, туку и му помага на читателот за себе да извлече правила од многуте животни патишта кои ги поминал Мухаммед. Никој не може да го прочита овој детален и восхитувачки приказ, а притоа тој да не остави силен впечаток на него. Сепак, животот на Мухаммед секогаш претставувал отворена книга која ја составиле неговите следбеници, кои биле сведоци на се она што тој го направил. Оваа книга на извонреден и прекрасен начин го открива неговиот живот.